

А АЦЕСКИ

# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ

I

Д-р Илија АЦЕСКИ

# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА
## (Македонскиот случај)

Д-р Илија АЦЕСКИ

Општеството и човекот во транзиција

(Македонскиот случај)

Издавач:

"ЕКОПРЕС" Скопје

Директор:

Љупчо Ашкилов

Рецензенти:

Проф. Д-р Ристо ЉУБОТЕНСКИ

Проф. Д-р Ристо ХРИСТОВ

Лектура:

Ванчо МЕАНЏИСКИ

Коректура:

Нада ГАЛЕВСКА

Компјутерска обработка

"Веда" д. о. о. Скопје

Печати "Сак-стил" Скопје

---

CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје

316.423.2/.3(497.17)"1989/94"

АЦЕСКИ, Илија

Општеството и човекот во транзиција/ Илија Ацески. - Скопје: Екопрес, 1995.- 289стр.; 24 см

Прилози стр. 262 - 283.-Summary. ISBN 9989-9758-0-9

а) Социјална транзиција - Македонија - 1989-1994

---

Според Мислењето на Министерството за култура бр. 08-2476/2 од 04.04.1995 год. за книгата "Општеството и човекот во транзиција" се плаќа повластена даночна стапка.

Д-р Илија АЦЕСКИ

# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА

## (МАКЕДОНСКИОТ СЛУЧАЈ)

ЕКОПРЕС 1995
СКОПЈЕ

# *ПРЕДГОВОР*

*За општеството во транзиција има сосема малку студии кои во центарот на вниманието го земаат човекот и неговите претстави и сфаќања за сè она што непосредно го доживува. Најчесто тие започнуваат и завршуваат во рамките на политичката сфера и во хаосот на политичките и економските превирања, како и во борбата за власт.*

Нашата цел во истражувањето на ризиците на општествениот развој не е инспирирана од некои однапред утврдени политички или идеолошки претпоставки, ниту пак од некоја јасно формирана теоретска позиција која, денес тешко може да биде јасно идентификувана. Целта произлезе од зачудувачкиот факт кој е содржан во сознанието дека само неколку години по распаѓањето на социјализмот, што беше дочекано со воодушевување од мнозинството , настапи период на брзо „заладување“ *за промените, а говорот за демократијата почна да се претвора во „збир на фрази“ кои целосно ја изгубија мобилизаторската улога и значење. Основното прашање кое произлезе од таа состојба се однесува на причините што доведоа до тоа. За кусо време се случи нешто „важно“, за да дојде до забрзано трошење на уривачката творечка сила против институциите на социјалистичкиот систем.*

*Во истражувањето тргнавме од претпоставката дека Македонија, како и другите земји во транзиција, се наоѓа во фаза на крупни про-*

*мени, пред сè во сферата на формирањето на новите институции на политичкиот и економскиот систем и во духот на тоа, и промените во вредносниот систем и на односите меѓу луѓето.*

*Она што денес најчесто предизвикува недоразбирање и за што нашето истражување се обиде да понуди адекватен емпириски материјал и аргументи се однесува на длабочината на промените кои започнаа радикално да ја рушат структурата на стариот систем. Формално, некои процеси завршија, но суштински се покажува дека, сè уште, се на почетокот, па дури има појава на враќање назад, на повикување на одамна наджививеани форми и појава на јакнење на традиционализмот и колективизмот, што секако доведува до непредвидливи ситуации, ирационално однесување на луѓето и состојби на хаос во сите сфери од општествениот живот.*

*Во истражувањето тргнавме со убедување дека не само површно, туку и суштински луѓето ги прифаќаат промените, особено оние што се однесуваат на економската сфера како што се воведувањето на пазарните принципи на сто-панисување, приватизацијата и слично.*

*Она што е интересно за емпириското истражување е фактот што тоа се остварува во една изразито конфузна ситуација, во која промената на ставовите се чини дека ќе биде побрза од нашата можност да дојдеме до некои пообјективни сознанија. Она што е посебно важно да го истакнеме е формирањето на свест за нужноста од постоење на нов систем на демократски институции и создавање на претпоставки за поефикасно стопанство, а што долго време останува во сферата на „празната реторика". Долго време се зборува за приватизацијата, за пазарното стопанство, за повисокиот животен стандард и сл., а практично луѓето се убедуваат дека приватизацијата е кражба, се соочуваат со падот на животниот сандард, пазарното стопан*

*ство останува далечен сон и слично. Секако дека за таа состојба не се заслужни само политичките партии, кои во борбата за власт заборавија дека изградбата на новите институции е долгорочна работа, дека реализацијата на проектот на новото општество бара голема мобилизација на широките маси, дека приватизацијата е чин од фундаментално значење за развојот на општеството итн. Всушност, проблемите кои длабоко ја зафатија економијата, го доведоа во прашање брзото надоаѓање на демократското општество.*

*И колку новиот систем во претставите на луѓето да изгледа демократски, напреден и безусловно да ветува излез од кризата, важно прашање е како да се дојде до него и да започне процес на изградба на институции кои ќе бидат својствени на неговата суштина. Патот на изградбата на институциите во услови на повеќепартиски систем и пазарно стопанство суштински се разликува од оној во општеството во кое тие не постојат. Ситуацијата, уште повеќе, се усложнува кога тие треба да се разградат со методи кои не се секогаш демократски. „Новиот систем“ во себе не ја содржи „телеолошката“ димензија на трпеливост, односно дека граѓанинот „еден ден“ ќе биде награден со побогат живот.*

*За поголем дел од населението социјализмот ја отелотвори идејата за еднаквост, но се покажа погубен за подолг временски период го, уништи мотивот за работа и луѓето ги претвори во забушанти и мрзливци. Во либералната економија, за разлика од командната (непазарна) економија, го нема идеолошкиот камшик, но затоа таа вешто се користи со камшикот на економската принуда. Во неа почесто се умира од глад за разлика од општеството со социјалистичка економија. Оттаму се јавува и стравот од промени, од несигурност, од враќање*

*кон колективизмот, од јакнење на семејната и етничката солидарност и слично.*

*Всушност, нашето истражување општествената реалност ја зема во „преработена“ форма, онака како што луѓето ја разбираат или онака како што имаат изградено субјективни ставови и мислења за неа.*

*На прв поглед, се чини дека истражувањето на мислењето и ставовите на луѓето, во услови на брзи промени е залудна работа и не покажува ништо конкретно за суштината на општествените процеси. Зад „крупните“ промени и хаотичната општествена состојба се регистрирани цврсто формирани ставови кои, не само што не се промениле, или не се менуваат, туку покажуваат една тенденција на зацврстување на колективистичката вредносна ориентација, а на која и се придружуваат уште неколку битни компоненти, како што се етнорелигиозната идентификација, семејната солидарност и авторитарноста.*

*Суштинското прашање гласи: во која мера човекот кој е завиен во овие вредносни и идеолошки обвивки може успешно да се вклучи во изградбата на една либерална демократска заедница? Нашите наоди се песимистички. Луѓето се чувствуваат како да се фатени во стапица и за да се ослободат од неа од нив се бара возможното на невозможен начин, се бара самите да се ослободат, зашто ако некој друг тоа го направи (дали воопшто е тоа можно) цената која ќе треба да ја платат е далеку повисока.*

*Илустративен пример за тоа е процесот на приватизација. Тој е препуштен на самите претпријатија кои треба да се вклучат во пазарната економија, да создадат профитно претпријатие, а цената за тоа, најчесто е отпуштање на голем број вработени, ниски плати, губење на бенефициите.*

*Нашата намера на почетокот не беше да правиме една „статистичка рационализација на хаосот“, на она што се случува во општеството, туку тоа беше неизбежно во недостиг на сознанија од една поширока теоретска елаборација, како и од фактот дека правиме емпириска студија во која податоците „сами по себе“ ќе проговорат нешто, без постојано да бараме нивна меѓусебна поврзаност и смисла!*

*Најилустративен пример за тоа повторно се согледувањата на ставовите и мислењата на вработените за значењето и примената на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Вработените едноставно не се обидуваат да го разберат. За нив законот е неприфатлив концептот на платена приватизација, бидејќи тој ги демотивира и со еден потез го уништува сето она кое повеќе децении беше составен дел на нивната колективна свест дека тие се сопствнеици на капиталот. Не станува збор за тоа дали се работи за добар или за лош закон, и дали тој навистина ќе создаде услови за излез од кризата или не..*

*Нашата идеја не е да го оценуваме Законот или приватизацијата во однос на други закони или модели на приватизација кои се применуваат во другите земји во транзиција, туку едноставно да ја „регистрираме“ реакцијата на вработените, а посебно реакцијата на раководствата на фирмите за тоа, што мислат тие и како се однесуваат кон неговата примена. Тоа што за нив многу нешта се неразбирливи и неприфатливи во процесот на приватизацијата не произлегува само од фактот како е направен Законот ниту пак, кој модел на приватизација се применува.*

*Она што навистина е загрижувачко е сознанието што многу малку се земаат за сериозно проблемите кои произлегуваат од социо-психолошките аспекти на приватизацијата. Не е прете-*

*рано ако се каже дека тие понекогаш можат да бидат од пресудно значење за позитивно завршување на овие процеси и би било пожелно за нив да се зборува отворено и без предрасуди.*

*Скопје,* *Авторот*

*Ноември,1994 година*

# I. СОЦИЈАЛИЗМОТ Е МРТОВ, ИДЕЈАТА ЗА ЕДНАКВОСТ ЖИВЕЕ!

Она што се случуваше деведесеттите години на XX век веројатно уште долго време ќе биде предмет на најразлични научни опсервации. Социјализмот се распадна како никогаш и да не постоел. За него не беа заинтересирани и оние кои беа на власт, никој не тагуваше. Дали луѓето ја сфатија сопствената „иронија на историјата", дека експериментот наречен „социјализам" не успеа. И не само тоа, дека таков експеримент повеќе не е можен. Се губи вербата во него, а за што некои сметаат дека било пострашно од губењето на верата во Бога, „зашто Господ во социјализмот се здоби со форми кои беа видливи, немаше скриени тајни, кои беше можно да се создадат само во некој втор живот, а ветената реализација на социјалистичката идеја не беше можно да биде одложувана во бескрај. Социјализмот ветуваше сосема специфични резултати кои никогаш не ги оствари. (Jemes M. Buchanen, 1990 год.). [1)]

За да се одговори на прашањето „Зошто пропадна социјализмот" и зошто се напушти вербата во него, треба навистина длабоко да се нурне во општеството на XX век и да се стигне до главните причини на распаѓањето.

Ако се покаже дека „дефектот" уште на почетокот бил вграден во социјалистичката идеја, а пропаста морала да следи по некое време, тогаш на науката и останува „многу" лесна задача.

---

1) Литературата е дадена на крајот од книгава.

Најадекватниот одговор на прашањето зошто пропадна социјализмот се содржи во сфаќањето за социјализмот како економски и политички промашено општество. Односно дека слободната пазарна економија се покажала многу поефикасна од диригираната, или планска економија. Или уште поедноставно: „дека централизираните стопанства на СССР, Кина и на дугите источноевропски земји не се поуспешни во производството на материјални добра и услуги".

Локацијата на потеклото на злото „социјализмот" ја остави на приватната сопственост, односно се сметаше дека со остранувањето на приватната сопственост ќе завладее правда на земјата, луѓето ќе бидат еднакви и среќни. Но како што социјализмот се „развиваше" така се повеќе стануваше јасно дека токму приватната сопственост, слободната иницијатива, пазарната економија се подобри од социјалистичката планска или командна економија, и со која се создава повеќе материјални богаства, обезбедува поголема слобода на поединецот, се постигнува поправедна распределба!.

Кога деведесеттите години започна почетокот на крајот на социјализмот, сè уште е неразбирливо зошто тоа се случуваше со воодушевување на сите, како од страна на широките маси населението, така и на голем дел од оние кои беа на власт. Судирите ја изгубија смислата. Едноставно, како на сите да им беше јасно дека враќање нема, револуцијата има само победници, пораженните веќе беа на нејзина страна!.

Во нашата анализа беспредметно е да се навлегува во одговори на прашањата кои се однесуваат на системот на еднопартиската демократија и командната економија. Но она што е посебно важно и треба да се има секогаш во вид, е фактот што во Македонија речиси половина век се реализираа социјалистичките идеи и тоа во

општество кое сосема малку го искусило системот на пазарната економија. Македонија, можеби тоа е претерано да се каже од една полуфеудална неразвиена земја со помош на „социјалистичките принципи во економијата и политиката“, за неколку децении создаде солидна основа за натамошен развој.

Тоа е важно да се истакне, зашто по веќе неколку генерации, како резултат на интензивниот развој „го заборавија“ минатото и се свртеа кон еден систем кој беше на некој начин „прифатлив“ и „нормален“. За Македонија истиријата немаше „фази“, последните децении се прескокнуваа векови.

Македонското општество содржи повеќе специфичности од другите земји кои изградуваа социјализам, и денес содржи оргиналност во неговата разградба!.

Прво „социјализмот дојде како нормална последица од ослободителната војна, која во себе ги вгради идеите на едно „бескласно“ општество, и се вклопи во рамките на Југославија како заедница на рамноправни народи во групата на земји што се определија за социјализам. Во тој поглед Македонија никогаш не одлучувала сама не во смисла на некоја волја на народот или „мудроста“ на политичарите, туку во смисла на „историската нужност“.

Поновата историја на Македонија секогаш била некако „срекна“ или „несрекна“ околност која најчесто произлегувала од односот на силите кои биле повеќе или помалку заинтересирани за неа. Зошто е ова важно да се истакне кога се говори за враќање на системот кон пазарната економија и повеЌпартискиот систем? Важно е дека не станува збор на враќање назад од едноставна причина што она што би требало денес да се изградува и никогаш не постоело на овие простори во еден поразвиен вид.

Ако некаде, како на пример, во Чешка или Словачка, Полска, се уште во сеќавањето на луѓето живеат некои односи, идеи, и сеќавања за системот кој бил присутен пред четириесетина години, и денес меѓу останатото се работи на обнова на сеќавањето не би било чудно нешто да изгледа „нормално“, да се почуствува како свое, но кое е изгубено; за луѓето од овие простори, тоа не мора да значи дека е „нормално“. Носталгијата по она што е изгубено за луѓето од овие простори живее само како апстракција, дека нешто е навистина подобро затоа што доаѓа од развиениот свет. Но тоа кога конкретко ќе се лоцира на овој простор изгледа многу лошо и неподобно. Таа ситуација мораше да влијае на „идеолозите“ на новиот систем, не во изборот на патиштата каде да се насочи општеството (тоа нужно се наметна), туку во начините како тоа да се постигне, (што најмногу зависи од оние кои го изградуваат тој систем).

Втората димензија на посткомунистичките промени во Македонија произлегува како резултанта на однесувањето на главните политички субјекти. Во Македонија немаше политички потреси во текот на промената „на власта и системот“. „Престројувањето“ настана како нормален процес и однос, едната партија на демократски промени во рамките на десетина други партии. Сè беше „нормално“, и новите избори и повеќепартискиот систем. Во однос на приватизацијата речиси сите имаат исто мислење, треба да се изврши приватизација и се изгради пазарно стопанство. Целта беше да се освои власта, а потоа е лесно. И така беше и веројатно така и ќе биде. И тоа се смета за нормално.

Антикомунистичкото движење во Македонија практично започна деведесетите години „кога социјализмот беше мртов“. Тоа започна како воодушевување од промените и беше прифатено од сите, но, освен во редовите на неколку соци-

јални движења и партии, не беше јасно кон што конкретно промените се насочени. Во суштина националните движења послужија како платформа за критика на власта. Комунистите беа директно обвинувани дека извршиле „предавство на националните интереси", дека ја довеле економијата до „колапс" и дека се виновни за многу злодела кои се направени во минатото со нивни благослов. Но, во Македонија, за разлика од другите земји се појави еден чуден „континуитет", „левите" сили не беа поразени туку едноставно се трансформираа и продолжија да играат значајна улога во политичкиот живот.

Во Македонија во 90-те години немаше речиси никакво алтернативно движење (на пример, движење на зелените, мировни движења и сл.). Дури ни еколошкото движење кое живуркаше во другите федерални единици на Бивша Југославија, во Македонија не беше познато. Подоцна тие движења се вклучија во менувањето на власта. За Македонија промените станаа „разбирливи" по сè она што се случи во „социјалистичкиот свет".

Во многу земји против комунистичката власт постоеше „организирана борба", во Македонија ја немаше од проста причина што немаше кој да ја организира! Се јавуваа разни протести, штрајкови кои имаа најчесто ограничени барања и брзо се растураа.

## СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА И ГРУПНИТЕ ИНТЕРЕСИ

Кога промените ги посматраме од аспект на социјалната структура, идеологија, интереси и сл., во деведесеттите години во Македонија може да се говори за неколку јасно препознатливи групации, и колку тие да беа различни во однос на позициите во структурата на власта и сопстве-

носта, заедничко им беше незадоволството од системот.

Најнезадоволна социјална групација беа младите кои без разлика на семејното потекло, во смисла на економска ситуираност, речиси сите беа симпатизери на уривањето на социјализмот. Најголем дел од младите беа надвор од дофатот на „комунистичката идеологија". Тоа го покажуваа многу истражувања во средината на осумдесеттите години.

Чувството на бесперспективност, апатичност, аполитичност се припишуваше на стерилноста на социјалистичкиот систем. Од редовите на младите се формираа најогорчените противници на социјализмот.

Следната социјална групација, за која не може да се каже дека поседува некоја заедничка карактеристика, освен дека е „средна класа", која не припаѓа „никаде", која во процесот на трудот најчесто врши спејалистички занимања и живее од своето знаење, во сферата на образованието, информациите и услугите. Во рамките на оваа групација (или средна класа) исто така, се јави голем отпор спрема социјалистичкиот систем, пред сѐ, како последица од „ограничените можности" што тој ги даваше за напредување.

Најголемиот дел од претставниците од оваа група живееја со убедувањето дека со уривањето на социјализмот ќе се отвори нова перспектива за нив и дека тоа е единствениот излез од ќорсокакот во кој западнало општеството.

Третата социјална група која што ја понесе воодушевувањето беа работниците, кои, иако можат да се поделат на повеќе подгрупи, сепак во однос на „омразата" на социјализмот беа единствени. Како останатите социјални групи и работниците имаа „своја" причина за омраза спрема социјализмот. Работничкото незадоволство беше парцијално изразувано. Во нивните

редови сè повеќе созреваше убедувањето дека единствен пат кон излез од кризата е уривањето на социјализмот. Но, никогаш, на овие простори не беа извикувани „анти комунистички пароли“.

Впрочем, работничката класа во Македонија беше „чедо“ на социјализмот. Повеќе децении работничкиот стандард се градеше на сметка на селанството и земјоделието. Кога по осумдесеттите години се почуствува и кризата во градовите, работниците почнаа да изразуваат отворено незадоволство од сопствената ситуација. Она што е важно да се истакне за формирањето на работничката класа во Македонија се дека тоа се изведе во услови на апсолутна доминација на државата, односно општествената сопственост каде работникот беше промовиран во „идеолошки сопственик“ на капиталот и носител на власта и самоуправувањето во претпријатијата! Подоцна по „ општото воодушевување “ од промените, работниците се тие кои меѓу првите ќе ги почувствуваат „благодетите“ на новото време. Но, за нивниот однос кон приватизацијата на сопственоста се уште не може да се рече дека има „идеолошка“ основа.

## II. ИСТОЧНО-ЕВРОПСКИОТ ОДГОВОР ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Во процесот на транзиција (поим за сè она што се случува во бившите социјалистички источно-европски земји) трансформацијата на сопственоста има централно место. Таа е интересна барем од неколку причини:

**Прво,** во сферата на економијата сè се врти околу прашањето, дали економските реформи, во кои приватизацијата е главна компонента водат во насока на ефикасно стопанство, односно пазарна економија, или за такво нешто сèуште не може да се говори.

**Второ,** кое содржи социо-психолошка димензија, во која се сместени повеќе компоненти, меѓу кои како најважни се сметаат: човечкиот фактор во процесот на транзиција и во тие рамки се говори за „социјалните ризици" во развојот, системот на вредности, организацијата на општествените институции, моралот и слично, а кои се подложни на интензивни промени, и се во функција на „ефикасноста" на новиот систем.

Ако за економската страна на процесот на приватизација веќе неколку години се расправа и во науката и во политиката, за социо-психолошките аспекти сеуште срамежливо се говори.

Наша цел е да презентираме некои поважни аспекти на приватизацијата на сопственоста во повеќе земји во транзиција без да извлекуваме поопшти заклучоци за тоа. Се чини, дека секоја земја е „случај за себе" но, она што е заедничко за сите е целта која се очекува да се постигне, а

тоа е што е можно за пократок рок да се изврши трансформација на сопственоста, односно да се стигне до титулар на сопственоста. Не навлегувајки подлабоко во моделите на приватизација, во оделни земји се обидовме да истакнеме и дел од резултатите од социолошките анализи за приватизација, за последиците кои таа ги предизвикува во општеството, за формирањето на новите групи, промената на вредностите и сл.

## ЧЕШКОСЛОВАЧКА: ДИСТРИБУЦИЈА НА МОЌТА И БОГАСТВОТО.

Во секоја од посткомунистичките земји, како конечен резултат од трансформацијата ќе се создаде една сосема нова прераспределба на моќта и богаството, смета Душан Триска (Voucher privatization in Czechoslovakia-1992 г.). За него во Чешко-словачка се одвиваат два процеса, и тоа: дистрибуција на моќта и дистрибуција на богаството, кои по повеќе од две години, по ноемвриската револуција од 1989 г., добиваат сè поголема корелација. За него не може да постои сомнение, дека на крајот структурата на моќта целосно ќе биде определена од новосоздадените слоеви во општеството.

Во сите посткомунистички земји сè уште не е јасно кој на која категорија ќе биде принуден да се приклони. Во сите зем,ји во транзиција постои еден широко распространет спектар на политички групи и партии. Распределбата на структурата на моќ може да претставува опасност за поли-тичката стабилност на земјата. Во исто време, долго очекуваната концентрација на политичките сили може да произлезе само како резултат на паралелен развој на дистрибуцијата на богатството. „Колку побрзо ќе се случи ова, толку е

подобро за земјата во транзиција. Одложувањето само ја зголемува опасноста од нестабилност.“

## ПРИВАТИЗАЦИЈА СО ВАУЧЕРИ

Транспарентноста на промените треба да биде во функција на се поголемото учество на граѓаните во процесот на приватизацијата.

Програмата за приватизација со ваучери е замислена да ги има следните карактеристики.

**Прво,** да послужи како компензација за недостиг од домашен капитал,

**Второ,** да им овозможи на сите граѓани, а не само на „оние внатре“ (се мисли на вработените во претпријатијата) да учествуваат во приватизацијата,

**Трето,** да се создаде атмосфера на јавна поддршка на приватизацијата бидејќи гласачите ќе добијат „нешто за ништо“ (getting something for nothing) од неа.

**Четврто,** да се овозможи раководството да донесува програми бидејќи ако не му се предаде проектот за приватизација на надлежното министерство автоматски ќе биде ваучеризирано,

**Петто,** да ја промени формата на ризикот на поединечните акционери со содржини на многу инвестициони фондови. Секој граѓанин добива по 1000 инвестициони поени (ваучерите не примаат пари). Секој треба да плати околу 30 американски долари за да го добие својот дел на ваучери, кој е еднаков на сите.

Во Чешка се основани околу 400 инвестициони фодови со минимум капитал од 34000 американски долари за секој посебно. Две третини од граѓаните ги вложија своите ваучери во фондови-

те, 50 насто ги држат нај големите фондови, а еден фонд не може повеќе од 20 насто да апсорбира од било кое поединечно претпријатие.

Чешкословачката програма за приватизација се смета за една од најпровокативните и најконтроверзните програми за 1992 г. Моделот за приватизација создаде услови за забрзан старт на пазарот за акции и целокупниот систем на хартии од вредност.

Она што е интересно да се потенцира, кога се говори за инвестиционите фондови е фактот што само десетина од нив се позначајни и можат да се појават како холдинг-компании.

Како резултат на аукциите и подоцна трговијата со акции, еден фонд може да се координира со другите главни акционери во претпријатието за да може ефикасно да управува со него преку советот на директори. Ова на некој начин дава надеж дека системот на ефективна корпоративна управа за некои од главните претпријатија природно ќе изникне од игрите на пазарните сили.

Во Чешкословачка и во останатите постсоцијалистички земји постои проблемот со менаџерите кои основаат фирми често како имитација на веќе постојните каде работат. Тие фирми се најчесто од сферата на трговијата, кои или продаваат суровини или купуваат готови производи од државните претпријатија по нереални цени и на тој начин целиот профит го собираат за себе. Ако корпоративното управување ослабе, како резултат на продажбата на акциите на надворешни лица во размена на ваучери, тогаш процесот кон докапитализација може да се забрза.

За Триска постојат два основни мита, или заблуди кои поттикнуваат дискусија за приватизацијата.

**Прво,** дека приватизацијата има било какви врски со се поголемата ефикасност на прет-

пријатијата. Тој смета дека целта на приватизацијата е да се отстрани државата, за да можат ефикасните претпријатија да просперираат, а неефикасните да изумрат во еден нормален дарвинистички прицес во економијата.

Критиката на масовната приватизација од страна на Триска е една од најразорните „критики на Чешката програма за приватизација".

**Второ,** тој смета дека Чешката програма никогаш немала за цел да ја зголеми ефикасноста на претпријатијата, за разлика од оние кои ја бранат програмата, не е убеден дека ефикасноста на претпријатијата ќе се подобри преку корпоративно управување, кое го обезбедуваат инвестиционите фондови.

## УНГАРИЈА - ПРИВАТИЗАЦИЈА НА РАТИ

Процесот на приватизација во Унгарија, почнувајЌи уште од 1990 г. главно се базира на следното:

**Прво,** промената на сопственоста треба да се постигне како резултат на процесот на приватизација, но не со една постапка и во еден замав и за кратко време, и не преку реприватизација. (Lajos Csepi, and Elrsebet Lu kacs, 1992 г.)

Наместо реприватизација, односно враќање на имотот на поранешните сопственици парламентот одлучува да даде делумна компензација за конфискуваниот имот, во вид на компензациони коти (добра) кои можат да се користат за купување на имот (акции, станови, деловен простор, земја).

**Второ,** процесот на приватизација треба да се приспособува на карактеристиките на пазарот, на домашната и надворешната побарувачка и понуда. Но, кај одделни стратегиски подрачја,

потребна е државна интервенција, како на пример, во ликвидацијата на монополите.

**Трето,** со примената на разните методи на приватизација би требало да се овозможи вклучување на поширок круг инвеститори.

**Четврто,** Владата треба да ја поттикнува продажбата на имотот на странци, давајЌи им предност преку разни попусти во текот на приватизацијата. Со тоа ќе се овозможи увоз на капитал, кој ќе ја поттикне модернизацијата на фабриките, средствата за производство, како и менаџерството и управувањето.

**Петто,** во текот на приватизацијата државата треба да изврши трансфер на дел од државниот имот на локалните власти, на социјалната заштита и разните фондации и асоцијации кои го помагаат населението. Државниот имот може да биде даден (бесплатно) или продаден само ако дотацијата дадена од буџетот за проектите од заеднички интерес биде симултано пропорционално намалена.

Во промената на овие критериуми државната агенција за приватизација ги применува следните принципи:

**Прво,** да се осигури и реализира публицитет и обезбеди јавност, јавна понуда и проценка на имотот.

**Второ,** да се разбијат монополите и да се зајакне конкуренцијата.

**Трето,** за време на процесот на приватизација мислењата од министерството, вработените, и менаџерите на претпријатието мора да се усогласат пред донесување на конечната одлука.

**Четврто,** Агенцијата за приватизација ја иницира приватизацијата на поголемите компании, кои се значајни за националната економија.

Во случај кога се приватизираат мали и средни фирми, вообичаено е приватизацијата да биде иницирана од страна на фирмите.

## РОМАНСКИОТ КОНЦЕПТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Суштината на Романската програма за приватизација е приватизација преку ваучери. Оние претпријатија со државна сопственост кои треба да се приватизираат ќе бидат трансформирани во фодови, и тоа 30 насто во петте POF-u (private ownership funds) фондови за сопственост кои ќе имаат регионална и секторска специјализација и 70 насто во единствен SOF (state ownership funds) фонд на државна сопственост. Фондовите се привремени холдинг-компании, односно фирми со имот чија задача е да ги приватизираат своите претпријатија во период од седум години. Посебните планови за приватизација би биле работени за време од една година меѓу SOF, i POFs и Владата.

Ваучерите или COSs (certificate of ownership) хартии за сопственост ќе им бидат поделени на граѓаните на Романија. (До октомври 1992 г. три-четвртини од овие хартии беа распределени). Нивната улога и поврзаност со фондовите можат да организираат јавни понуди на акциите во portfolio companies и да ги прифатат хартиите за сопственост како платежно сретство. Но, не е јасно дали акциите во самите фондови ќе се распределуваат со помош на хартиите за сопственост.

## ПОЛСКА ПРОГРАМА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Полската програма за приватизација може да се подели на два дела и тоа: договори за акции (share deals) и договори за имот (asset deals). На договорите за акции им претходи здружување за да се утврди вредноста на имотот на државните

или компаниите со ограничена одоворност. Договорите за акции можат да се поделат на оние кои ќе бидат третирани врз основа на поединачни случаи и оние кои ќе бидат вклучени во предложените програми за масовна приватизација.

Договорите за имот се именувани како „приватизација преку ликвидација“, бидејЌи државната компанија формално ги ликвидира откако имотот ќе го продаде или изнајми на некој приватен бизнис. Ликвидацијата во овој случај не значи банкротство.

Договорите за имот се главно проследени низ следните опции:

- продажба на имотот на SOE (state owned enterprise) фирми во државна сопственост како бизнис што се развива (може да биде директна продажба, или јавна понуда)- тендер, и
- инвестирање на имотот во заеднички ризик (joint venture)

Во рамките на овие опции целокупниот имот мора да биде отуѓен, така што SOE може да биде избришан од списокот на фирми во државна сопственост. Овие методи првенствено се применуваат врз мали фирми со помалку од 200 вработени, и средни фирми до 1000 вработени. Во преговорите со заинтересираните страни обично кои следат по една јавна понуда, Министерството за приватизација ги предлага следните елементи кои мора да се земат предвид: Тоа се: цената, инвестиционите обврски, бројот на задржаните и ново создадени работни места, обврските кон заштитата на околината и сл. Не навлегувајЌи подлабоко во концептот на приватизацијата во Полска за кој се смета дека претставува еден од поразвиените и поуспешните, сосема накратко ќе се осврнеме на некои од социолошките аспекти на тој процес, за кој се верува дека единствено

во Полска од земјите во транзиција посериозно му се пристапува.

Во рамките на социолошката мисла на полската трансформација на сопственоста сѐ издвјуваат два пристапа. (Lena Kolarska - Bobinska, 1994, стр. 109-126)

Првиот пристап го нагласува привремениот и флуиден карактер на социоекономската ситуација во Полска и недостигот на критериуми за кристализација на групните интереси.

Имено, промената на сруктурата на сопственоста во индустријата и видот на производи што ги произведуват претпријатијата, потоа се поголемата невработеност заедно со рапидното зголемување на бројот на нови претпријатија и банкротства и невиден бум на комерцијалниот сектор, како и приливот на странски капитал, сите тие моменти го обликуваат новиот карактер на целокупната економија и ја формираат позицијата на разните групи на берзата на трудот.

Променливата ситуација, како и се уште неразвиените нови социо-економски стуктури, се одговорни за недостигот на кристализација на групните интереси. На мнозинството од припадниците на социјалните групи им е тешко да проценат кој вид на промени за нив би бил корисен, не само во долгорочен, туку и во краткорочен период. Во таа ситуација поединецот не може лесно да ги идентификува сопствените интереси. „Некои социолози се сомневаат дека интересите имаат суштинска улога во обликувањето на ставовите во периодот на транзиција. Според нив, се истакнуваат вредностите, идеите и идеологиите, а не интересите" (Lena Kolarska-Bobinska, 1994 стр. 118)

Според вториот пристап, групните интереси што се одржуваат за време на транзицијата се едноставно продолжение на оние интереси кои постоеле за време на реалниот социјализам.

Социо-економската структура, која во минатото го одредуваше статусот на поединци и групи влијаеше врз нивното мислење и начин на кои тие го доживуваа системот, сè уште немаа доживеано некои суштински промени. За време на комунистичката власт се формира еден тип на човек суи генерис „Homo Sovieticus” кој преживува и денес.

Homo Sovieticus или „деформиран човек“ од страна на комунизмот, не само што мисли на стариот начин, туку има интереси кои се формирани од централно-командната економија. „Поради овие две причини, овој Sui generis од практични цели и интереси останува отпорен на новиот пазарен систем и покрај тоа што теоретски и вербално ги прифатил.

Основниот заклучок на Л. К. Бобинска е дека интересите сè повеќе ги одредува ситуацијата hic et nunc и личното искуство, отколку надежта и стравот.

## БУГАРИЈА НА ПАТОТ КОН ПАЗАРНОТО СТОПАНСТВО

Концептот на приватизацијата во Бугарија, посматран од аспект на „техничката“ реализација главно се сведува на следното: приватизација преку тендери (јавна понуда, проценка, конкурентска продажба) вклучувајЌи ги цените, инвестициите, задржувањето на работните места, екологијата и сл. Тука влегува и намената на приходот што претпријатието го остварува од продажбата и правото на првенство во инвестирањето.

Предлозите за приватизација ги подготвуваа неколку владини тела зависно од големината на претпријатието. Овие предлози се основа за годишниот план за приватизација кој го подготвува Агенцијата за приватизација, а го одобрува

Министерскиот совет. Во текот на 1992 г. имало 94 редлози за приватизација, од кои 12 потекнувале од Агенцијата за приватизација, а другите на предлог од разни министерства. Во текот на 1993 г. се планира приватизација на околу 12 големи претпријатија и 150 помали. Ова се само дел од 1000 големи претпријатија со постојан капитал со вредност од 10 милиони лева и 5000 претпријатија од државниот сектор.

За концептот на приватизација во Бугарија се водат плодни расправи во кои се вклучени и социолози, кои освен во Полска и делумно во Русија, во дргите земји не се чувствува нивното присуство (Стефан Дончов, Спартак Керамидчиев, Улвие Ходжа и др., Социологически проблеми 4/1994 г.).

Во продолжение на нашето истражување на приватизацијата на источно-европските земји накратко ќе се задржиме на социолошките анализи на приватизацијата на примерот на Бугарија и Русија.

Во анализата на бугарските социолози се сретнуваат и критички забелешки на концептот на приватизацијата воопшто и се огледуваат промените на социјалната структура, како резултат на промените на сопственичките односи и промените на центрите на моќта во управувањето со државата.

За Стефан Дончев на пример конкретната социолошка анализа не може да се задоволи единствено со констатациите за „преминот кон пазарна економија, а да го констатира крајот на една епоха и нејзините цели од кој социолозите се само еден дел од општествената стварност".

Согледувањата на Бугарските социолози главно се движат околу откривањето на процесите на „незаконската" и „спонтаната" приватизација. Според Спартак Керамидчиев во услови на одлагање на примената на законот за приватизација, незаконската (спонтана) приватизација

претставува единствен начин за трансформација на државната сопственост. Овие начини на приватизација се толку развиени во Бугарија што сите не би можеле да бидат анализирани, смета Керамидчиев. Се смета дека 10-15 насто од капиталот „спонтано" е приватизиран не само во Бугарија, туку и во Полска и во Унгарија. Резултатите до кој дошле бугарските социолози можеме да ги сведеме на следното:

**Прво** Приватизацијата нема никакво влијание врз стабилизацијата на биугарското општество и економија.

**Второ** Процесот на приватизација го карактеризира голема централизација и етатизација, се одвива низ непотребна бирократска процедура и тој е во голема мера исполитизиран.

**Трето** Приватизацијата се одвива бавно и тоа во голема мера ги девалвира позитивните ефекти што треба да се постигнат со нејзината реализација.

За следните неколку години како последица на приватизацијата вредноста на државниот сектор ќе се намали само за 13 проценти. Фактот што приватизацијата се смета за клуч на реформите, од ова плоизлегува дека нејзиното значење не е така големо како што се смета.

**Четврто** За приватизацијата нема многу заинтересирани. Сите нови сопственици повеќе би сакале наместо да приватизираат, да ги експлоатираат касите на државните претпријатија. Политичките партии немаат интерес за промени на социјалната структура, зашто тоа би довело до прераспределба на гласачите, за разлика од сегашното расположение, кога се уште важи принципот: „Секоја партија ги заштитува сите граѓани"

Во продолжение на анализата на прашањата поврзани со процесот на приватизација сосема накратко ќе укажеме на резултатите од едно, можеби и единствено социолошко истражување реализирано пред неколку години (1991 г.), под

наслов: „Однесувањето и реакцијата на социјалните групи кон формите на приватизацијата", на примерок од 1750 испитаници, работници, службеници и раководители. (Улвие Ходжа 1994, Социологически проблеми 4/94). Во истражувањето се поаѓа од ставот дека успехот на реформата зависи од тоа како населението ја замислува приватизацијата, какви ставови формира за неа, и какви се можностите за масовно учество во неа.

Во зависност од тоа каков став испитаниците заземаат спрема приватната сопственост, авторот издвоил девет групи и тоа: групи кои ја посакуваат државната сопственост, работничко акционерство групи кои ја посакуваат чистата приватна сопственост, странската приватна сопственост, мешовитата сопственост, арендна сопственост, потоа утилитарно насочени групи, групи кои претпочитаат приоритети и техники на приватизација и најпосле групи кои се подготвени за лично учество во приватизацијата.

Во рамките на првата група регистрирани се две подгрупи и тоа: група на „идеолошко обременети" и група на т.н. „практично-рационални". Процентот на оние кои ја подржуват државната сопственост изнесува околу 1/5 од фкупната испитувана популација. Се смета дека тоа е резултат на присуството на старите стереотипи, како и сравот од неизвесноста што го носи со себе трансформацијата, пред сè, губењето на работното место, укинувањето на социјалните придобивки, заострувањето на работната дисциплина и сл.

За работничко - акционерската сопственост се изјасниле околу 1/4 од испитаниците што претставува највисок процент и прифаќање на еден тип на сопственост, но, на прашањето каде би сакале да работат се јавува еден парадокс: приврзениците на работничкото акционерство не сакаат да работат во фирма во која доминира таа сопственост! Резултатите од истражувањето покажуваат една сложена противречна ситуација

која, сигурно дека не е карактеристична само за Бугарија.

Во гупата која претпочита „чисто“ приватна сопственост (околу 14 насто) се наоѓаат и оние кои се „средно платени“, потоа помладите, кои во сите случаи, како што констатира авторот, изразуваат спремност за промени.

Во останатите шест групи, најинтересни се оние кои претпочитаат „странска приватна сопственост“ (околу 10 насто) и групите кои прифаќаат еден или друг начин на приватизација на општествената сопственост. Од предложените начини на приватизација, најприфатен е начинот: „Работниците што работат во претпријатијата да имаат првенство при купување на акции“, со околу 2/3 од одговорите, и начинот „распродажба на претпријатието“. Најбројни се оние кои сметаат дека акциите треба бесплатно да се поделат на работниците.

Што се однесува до тоа кој треба да има најголемо влијание врз одлуката на приватизацијата на прво место се наоѓа „работниот колектив“.

Околу 1/3 од работниците се готови да купат акции со сопствени средства, а тој процент се зголемува (за околу 15%) ако за тоа им се овозможи бескаматен кредит. Бројот на оние кои се спремни да купат акции од претпријатијата основани од странци е минимален. Вложувањето во домашните претпријатија е помалку ризично, на работникот му овозможува да учествува во контролата и управувањето, што не е случај со странските фирми.

Интересна е и групата на испитаници која смета дека сите имаат „еднакви права“ при купувањето на акциите од претпријатието. За оваа група најприфатлив начин е „слободна продажба на акциите“, а продажбата треба да ја реализира „специјализиран независен орган“.

Не навлегувајќи подетално во резултатите од истражувањето,(реализирани сè уште неколку минатата и оваа година) можеме да констатираме дека тие се интересни и упатуваат на проблемите на приватизацијата не само за Бугарија, туку и во другите земји во транзиција. На крајот да наведеме една мисла која и на најадекватен начин го изразува „бугарскиот пат“ во приватизација. „Борбата за приватизација во Бугарија е најмногу борба со самите себе, со нашите сопствени заблуди и грешки и кога тоа го признаваме со една нога сме напред кон успехот“, заклучуваат Свилен Првулов и Христо Памукчиев.

## РУСКИОТ ЕКСПЕРИМЕНТ ВО ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

За рускиот концепт за приватизација ќе кажеме само толку дека е реализиран со ваучери. Целта на нашата анализа не е да го изложиме тоа како тој е поставен и која е целта на неговата реализација онака како што е дефинирана од страна на државата, туку преку едно социолошко истражување да дојдеме до некои аспекти, во смисла како тоа Русите го доживуваат, прифаќаат, одосно што воопшто мислат за реформите на руската економија. Истражувањето е реализирано во текот на јуни-јули 1993 г. на примерок од 1975 испитаници од страна на Рускиот центар за истражување на јавното мнение. (Richard Rose, The Russian response to privatization 1994)

## ШТО СЕ СЛУЧИ СО ВАУЧЕРИТЕ?

Програмата за приватизација во Русија се сведува на поделба на ваучери на сите полнолет-

ни граѓани. Вредноста на ваучерот е 10.000 рубљи. Што оваа сума значи во услови на висока инфлација не е тешко да се претпостави. На испитаниците им било поставено прашањето за тоа што мислат колку вреди ваучерот? Скоро 1/6 одговориле дека не знаат! Овде се мисли колку вреди неговата номинална вредност. Од оние кои ја процениле нивната вредност повеќе од 1/5 одговориле дека вреди 10.000 рубљи.

Повеќе од 2/3 формирале „разумна претставка колку вреди ваучерот, определувајки се за номинална вредност меѓу 5000 и 15000 рубљи. Само еден од осум ја преценил вредноста на ваучерот, сметајки дека вреди над 100 000 рубљи.

Секако дека вредноста на ваучерот зависи и од тоа дали носителот има високи примања или не. Средната вредност на месечната заработувачка на едно семејство (1993-лето) изнесувала 50.000 рубљи. Кога ќе се спореди просечната заработувачка со просечната вредност на ваучерот (се разбира, двете добиени како резултат на субективната процена) се покажува дека еден ваучер вреди околу 20 насто од просечната месечна заработувачка по домаќинство.

Во една оптимистичка проценка ваучерите на „обичниот" Русин му нудат шанса да купи државен имот по ниска цена за време на економската криза и да добие кога неговата вредност ќе порасне за време на воспоставивањето на пазарна економија. Иако 2/3 од испитаниците се надеваа дека ваучерот ќе биде од финансиска корист, само 1/3 мислат дека со него можат да купат автомобил или некој по вреден предмет за домаќинството.

За ваучерот е создадена погрешна претстава како за средство „за брзо богатење".

Ваучерите на секој поединец му нудат предност: или да го продаде, да го инвестира, да го подари, или да го задржи за извесно време. Ре-

чиси сите начини се присутни кај оние кои ги поседуваат. Најголем дел од 42 насто сѐ уште не одлучиле што ќе прават со нивните ваучери, односно ги чуваат со надеж дека на нив ќе заработат многу повеќе. Со оглед на тоа каква е состојбата на руската индустрија и воопшто стопанството, ова се чини е и најрационалната реакција на граѓаните.

На прашањето, од каде ги добиваат информациите за тоа што да прават со ваучерите, помалку од 10 насто наведуваат член од семејството, помалку од 16 насто колеги од работа, а само 25 насто пријатели или роднини. Финансиски институции како извор за инфирмации многу ретко се спомнуваат. Телевизијата е најомилен извор на инфирмации за приватизацијата за речиси 2/3 од испитаниците. Околу 1/5 ја решиле својата несигурност, продавајќи го својот ваучер за готови пари, или заменувајќи го за потрошувачка стока, 10 насто го дале на член од семејството, а 38 насто или го замениле својот ваучер со акции во инвестиционен фонд, или го инвестирале во сопственото работно место. Само 13 насто од оние кои одговориле на прашањето: Што ќе прават со својот ваучер, изјавиле дека „не знаат".

Успехот на приватизацијата многу зависи од тоа како неа ќе ја доживеат вработените. Од оние кои се вработени, 20 насто изјавиле дека нивните фирми се веќе приватизирани, а 12 насто очекуваат дека наскоро тоа ќе бидат. Што се подразбира под тоа, навистина е тешко да се претпостави. (Македонскиот случај со Законот за општествен капитал (1990 год.) е нешто слично) Но, тоа не значи дека сите тие работат во приватниот сектор, како што тоа се подразбира во пазарната економија.

Што може да се случи со работното место по извршената приватизација. Околу 14 насто од испитаниците изјавиле дека немаат претстава што ќе се случи со нив лично!

Работниците кои веќе ја искусиле приватизацијата искажуваат голема индиферентност спрема неа и помалку негативен однос. Една четвртина изјавиле дека таа (приватизација) ќе го подобри нивното работно место, 1/3 дека ништо нема да се промени, додека помалку од 10 насто веруваат дека приватизацијата ќе ги направи работите уште полоши.

„Постои повеќе веројатност Русите да мислат дека приватизацијата нема да промени ништо во нивното работно место отколку да се надеваат на полошо, или да се плашат. Ова покажува дека од страна на обичниот работник ќе има малку или воопшто ќе нема отпор кон воведувањето на приватизацијата.

Мнозинството од испитаниците веруваат дека приватизацијата ќе влијае врз начинот на кој економијата функционира. Повеќе од половина се на мислење дека „приватизацијата ќе донесе повеќе стока во продавниците“ и ќе ја направи економијата по продуктивна, а нешто повеќе од една третина сметаат дека ќе им овозможи на работниците да имаат по големо влијание во нивните претпријатија. Но, околу 80 насто сметаат дека промените во стопанството ќе доведат до по високи цени во продавниците, додека 75 насто сметаат дека ќе ја зголеми невработеноста. „Па, така и без многу проучувања на учебниците по економија мнозина Руси изгледа дека ги сфатиле компромисите кои најверојатно ќе ја следат приватизацијата“.

Во просек секој испитаник наведува барем две позитивни и три негативни последици од приватизацијата. Само 28 насто од испитаниците се релатвно позитивно убедени во последиците од приватизацијата врз економијата. Од нив најголемиот дел се млади.

Истражувањето на ставовите на луѓето со ваучери, на примерот на Русија, покажува дека кај нив сѐ уште нема јасно издеференцирани гледишта за тоа.

Тие се соочени со тешкотиите што ги носи во себе приватизацијата и можеби тоа е оној момент кој може да има решавачко влијание врз целокупниот процес на транзиција на руското општество.

# III. МАКЕДОНСКИОТ ОДГОВОР ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

Процесот на приватизацијата во Македонија може да се подели на неколку периоди и тоа: Период пред донесувањето на Законот за општествен капитал (јули 1990 г.); период на примена на споменатиот закон; Период на „беззаконие", до донесувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, и најпосле, период на примена на овој закон. Практично, се работи за два периода, и тоа, период кога се донесе Законот за општествен капитал и период на примена на новиот Закон.

Времето до донесувањето на Законот за општествен капитал (1990 г.) можеме да го сметаме за „предисторија" на приватизацијата. На некој начин, секој тип на приватизација беше надвор од правните норми, а особено идеолошките сфаќања за социјализмот и сопственоста. „Приватизацијата" беше споменувана како узурпација на општествената сопственост, како кражба или распределба надвор од законските норми, најчесто преку најразлични шпекулации и малверзации. Тоа е период кога еден дел од „високите слоеви" се стекна со солидна материјална основа, која, секако дека во новите услови ќе послужи за земање на добри стартни позиции во процесот на приватизација врз нови правила. Што се случуваше на планот на „ отуѓувањето на сопственоста" на злоупотребите на власта и моќта, за тоа постои солидна социолошка литература.

**Прво,** недвосмислено е докажано дека беше присутно прелевање на општествен капитал во приватна сопственост; **второ,** беа присутни големи неправди од аспект на принципите врз кои беше организирано социјалистичкото општество и сопственичките односи посебно; **трето,** постоеше само формална моќ на работниците во претпријатието; **четврто,** се повеќе созреваше свеста дека излезот од кризата што го зафати социјализмот е можен само како укинување на социјализмот! Реформите на социјализмот завршија како тотална пропаст на еднопартиската демократија и планската економија.

Во контекст на промените во Источно-европскиот социјалистички свет, а посебно во рамките на СФРЈугославија, Македонија немаше избор, освен да прогласи независност и го прифати моделот на радикална трансформација на политичкиот и економскиот систем по примерот на земјите во транзиција.

Промените на сопственичката структура, она што е предмет на нашата анализа, би било попожелно да се анализираат во контекст на глобалните процеси, што делумно е направено во првиот дел. Тоа особено има значење зашто Македонија се соочува со истите проблеми со кои се соочуваат земјите во транзиција, ако не во сите домени, тогаш сигурно со проблемите кои се резултат на приватизацијата. Факт е дека постојат разлики, но и многу сличности. Во суштина, сите оние земји кои се определија за слични или исти модели на приватизација, се судруваат со проблеми за кои може да се рече дека се заеднички. На пример, моделот на масовна приватизација создава тип на проблеми различни од моделот на „платена приватизација".

Специфичностите на приватизацијата во Македонија започнаа со примената на Законот за општествен капитал (1990 г.), кој психолошки делуваше позитивно, но на економски план се по-

кажа непродуктивен. Тој само ги „загреа" страстите за промени и беше сфатен како акт кој требаше да го заврши процесот на предавање на „фабриките на работниците" и, формално-правно, да ја разреши дилемата за титуларот за сопственоста! Таа требаше фиктивно да се „плати", со што претпријатието станува сопственост на вработените. Уште долго време треба да помине за да се согледаат сите релевантни елементи на тој процес.

Нашата намера не е да ги анализираме сите важни аспекти на примената на Законот за општествен капитал, туку да укажеме само на некои кој се смета дека се значајни за социолошката опсервација, но и за оние аспекти кои се значајни за примената на новиот Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. [1)]

Кои се основните карактеристики на сопственоста по Законот за општествен капитал (1990 г.), и какви последици настанаа со неговата примена во структурата на сопственоста?

Едно од прашањата кое излегува од рамките на нашиот интерес се однесува на карактерот на околностите (политички и економски) под кој се применуваше овој Закон, со кој речиси 1/5 од општествениот капитал се трансформира во акционерски. Во Македонија, за разлика од другите федерални единици на Бивша СФРЈ, тој беше нај доследно спроведуван.

Основните карактеристики на приватизацијата според Законот за општествен кипетал (1990 г.) можеме да ги сведеме на следното:

Прво, приватизацијата се одвива децентрализирано и е целосно препуштена на претпријатието, без било какво мешање на државата. Се работи за еден тип на „самоприватизација". Тоа

---

1) Солидна студија за приватизацијата на општествениот капитал се појави во издание на Правниот факултет во Скопје, во 1991 година.

во голема мера подоцна ќе придонесе за сфаќањето на приватизацијата како грабеж, што ќе остави големи негативни ефекти во „јавното мнение", и отрезнувачки ќе делува на сите натамошни чекори на тој план.

**Второ,** приватизацијата според Законот за општествен капитал е неселективна и започнува во повеќе стопански претпријатија, со различна големина, гранки на дејност, но најприсутна е во големите претпријатија што имаат монополска положба, кои може да функционираат исклучиво како јавни претпријатија.

**Трето,** она што најмногу предизвика недоразбирање е утврдувањето на вредноста на капиталот на претпријатијата. Во отсуство на пазарни услови на стопанисување и длабока економска, социјална и политичка криза беше применет единствениот можен начин: вредноста на капиталот е еднаква на книговодствената вредност, и тоа за сите, без разлика на големината, успешноста и сл. Тоа е важен момент кој практично ќе ја замагли претставата за пазарна економија кај мнозинството од вработените. Се случуваше нешто како „доизградба на социјализмот".

Со примената на Законот за општествен капитал се создадоа поволни услови на „законски начин" да се прави нешто што пред тоа беше можно со други, незаконски постапки. Ова е важен момент, затоа што тој „бран на приватизација", кој беше изведен надвор од логиката на пазарните механизми, создаде привид на пазарно стопанство. Со новиот Закон, практично, приватизацијата се најде на почеток.

**Четврто**, приватизацијата на капиталот според Законот за општествен капитал главно се реализира преку еден единствен модел, а тоа е издавање на интерни акции. Мотивот за издавање на овие акции беше прибирањето свеж капитал за развој на претпријатието. Но фактот што само 3,7% од отплатениот дел од акциите (до јули 1991

г.) значи прилив на свеж капитал, говори нешто друго, имено дека тој бил единствен начин да се избегнат законските обврски за уплаќање на средства остварени со приватизацијата во фондот за развој.

Примената на Законот за општествен капитал, практично немаше никакво економско значење во смисла на промени во односите и продуктивноста на трудот и заживување на производството. По кратко време Законот беше укинат, по што настапи еден период на „беззаконие", на регулација на економијата во од и интензивна „подготовка" на новиот закон.

Периодот од укинувањето на стариот и донесување на новиот Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал е карактеристичен по тоа што тогаш се одвиваше еден вид „спонтана", „незаконска" приватизација, на прелевање на општествениот капитал во приватни раце. Некои сметаат дека постојат толку многу начини за прелевање на капиталот, колку што постојат луѓе кои се занимаваат со тоа! Што значи, секој формира сопствена „стратегија". Тоа во голема мера влијае врз сфаќањата и ставовите на луѓето за состојбите во општеството, како состојба на отсуство на правни норми, присуство на криминал, беззаконие, паѓање на моралните норми, состојба во која „човек на човека е волк".

## ПЛАТЕНА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Целта која во анализата си ја поставивме не е детална разработка на Законот за трансформација и воопшто на т.н. „платена приватизација", туку да укажеме на некои значајни аспекти на овој концепт, кои во голема мера ќе ни овозможат „поадекватно" да ги интерпретираме ре-

зултатите од анкетното истражување кое беше реализирано на примерок од осум претпријатија, со близу 600 испитаници. Под поимот „платена приватизација“ во новиот концепт на трансформација се подразбира, пред сѐ, еден сплет на правни одредби кои имаат една единствена цел: сѐ она што е предмет на приватизацијата „реално“ и да се плати.

Значи се работи за концепт кој е спротивен на концептот присутен во Законот за општествен капитал.

**Прво**, со новиот модел не се толерира остаток на општествениот капитал по извршената трансформација.

**Второ**, се заговара концепт на автономна приватизација, се разбира, во рамките на Законот, што значи, приватизација контролирана од страна на државата (односно Агенција за трансформација).

**Трето,** бидејЌи се работи за платена приватизација, проценката на капиталот ја прават лица кои се овластени од страна на Агенцијата

За разлика од Законот за општествен капитал, во кој приватизацијата на претпријатијата остана надвор од дометот на државата, ситуација кога „купувачот“ и „продавачот“ беа еден ист субјект, во новиот концепт продавачот „во овој случај државата) ги контролира постапките на купувачот, кој се чини, ќе треба да го плати она што го поседува и смета дека е негово (или на општеството!), но не и на државата. [1)]

Во суштина, новиот концепт, кој иако се уште е во фаза на „заживување“ година ипол по неговото донесување, предизвикува многу недо-

---

1) За правните и некои други аспекти на приватизацијата: „Прирачник за примена на Законот за претпријатијата со општествен капитал во издание на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на општествениот капитал, во 1993 година.

разбирања во претпријатијата, особено овие кои останаа надвор од дејството на Законот за општествен капитал. Но, и кај оние кои делумно се приватизираа односно во кои сопственоста премина во рацете на вработените, се разбира, само на хартија.

Во конктекст на она што е предмет на нашето истражување, пожелно е да укажеме на методите на проценка на капиталот. Се претпоставува дека тоа има влијание врз ставовите на вработените за приватизацијата воопшто.

## МЕТОДИ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Претпријатијата според големината се поделени на три дела и тоа, на мали, средни и големи. Со Законот се предвидуваат разлики во начините на приватизацијата меѓу големите и малите претпријатија. За малите претпријатија се предвидени два модела (техники) на трансформација и тоа: со откуп на претпријатието од страна на вработените и со продажба на идеален дел од претпријатието. Од овие два модела може да се избере само еден.

Во откупот на претпријатието учествуваат само актуелно вработените под еднакви услови за сите. Се откупува најмалку 51 насто од проценетата вредност на претпријатието. Неоткупениот дел се пренесува на Агенцијата во вид на удел, за што се издава потврда. Агенцијата како имател на удел има право на фиксна дивидента од 2 насто годишно соодветен дел од остатокот на имотот. Вториот начин „техника“ се состои во продажба на идеален дел од претпријатието со јавен повик на прибирање на понуди и со непосредна спогодба.

За продажба на средното претпријатие, покрај наведените два, кои се применуваат за

малите претпријатија, Законот предвидува уште три начини и тоа: продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето со откупени 20 насто од проценетата вредност на капиталот, со издавање на акции заради дополнителни вложувања и претворање на побарувањата на доверителите во траен влог. Некои од овие методи можат да се комбинираат, освен во оние случаи кога претпријатието се зема во закуп.

Трансформацијата на големите претпријатија е слична како и трансформацијата на средните, со таа разлика што уделот за добивање на управувачкиот пакет од 20 насто се намалува на 10 насто, одлуката за трансформација ја донесуваат во согласност со Агенцијата со што се формира Одбор врз паритетна основа.

При откуп на претпријатието (за големите и средните) се издвојува 15 насто за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од вкупната вредност, 30 насто од акциите се предвидени за откуп од вработените со попуст, и 55 насто за откуп од страна на домашни и странски лица.

Она што е заедничко за овој Закон и за претходниот (Закон за општествен капитал), е фактот што не постои пазар, а сметководствената вредност е единствена со која може да се оперира. За „пазарна вредност" не може да се говори. Претпријатието не може реално да се проценува во услови кога механизмите на пазарот не дејствуваат. За него не постои објективна вредност. Почетната вредност е повеќе резултат на „способноста" на проценителот, отколку на некои објективни законитости!

## ШТО Е ЗНАЧАЈНО?

Кога концептот на приватизацијата се зема во неговиот „чист" вид, се чини, дека недоразбирања не постојат, или сè се сведува на некое

„техничко“ прашање, на што постојано се инсистира од страна на оние кои проблемот го гледаат само во тесните рамки на Законот и можностите за неговата реализација.

Она што Македонскиот концепт го издвојува од друите, е фактот што идниот сопственик треба да ја плати проценетата вредност на капиталот. Врз тој факт е изграден концепт, за кој се уште не може да се каже колку одговара на условите во Македонија, односно дали воопшто ќе започне да се спроведува. Се разбира, се би било во ред доколку трансформацијата на капиталот започнува како „пазарна операција“, што секако дека ќе има позитивно влијание врз процесите во периодот на транзиција. Во оваа прилика, нормално е да ги претпоставиме „идеолошките димензии“ на концептот на платената приватизација и на целите за кои се смета дека ќе се постигнат, и да одговориме на прашањето, дали тој концепт ќе придонесе за излез од кризата, односно ќе го доведе општеството на патот на пазарната економија и на повисок степен на демократија.

Суштината на концептот за приватизацијата на општествениот капитал во Македонија главно се формира во консултација со странските финансиски институции, и се чини, тоа беше една „експертска“ операција, која македонското општество треба да го извлече од кризата во која западна.

Еден од главните креатори на Програмата и Законот за трансформација ќе рече, дека „првенствена цел на приватизацијата во Македонија е создавање ефикасно стопанство“, а ефикасно стопанство е можно само со препознатлив сопсвеник на капиталот. На прв поглед, се чини, дека концептот на платена приватизација е најправеден и може полесно, побезболно да доведе до излез од кризата и до заживување на стопанството.

**Прво,** ако државата навистина успее во нејзините фондови да се концентрира свеж капитал од продажбата на претпријатијата, прашање е колку овие средства таа може рационално да ги користи, освен за социјални програми, сѐ до оној момент кога тоа ќе стане бесмислено да го прави.

Концептот на „платена приватизација“ државата ја става наспроти идните сопственици на капиталот и пролетерите. Таа за себе си ја зема клучната улога не само на посредник, туку и на сопственик, наемодавач. Што од оваа ситуација ќе се изроди, тешко е да се претпостави, но, сепак, едно е сигурно, дека ќе се создаде непотребно администрирање, тромава и неефикасна бирократија, кои секако нема позитивно да делуваат во развојот на општеството.

Општеството истовремено навлегува во два паралелни и меѓу себе противречни процеси: процес на воспоставување на пазарно стопанство и неизбежна етатизација. Имено, ќе се јави конфликт меѓу економската ефикасност и социјалната рационалност, што единствено државата може да го решава, но под одредени услови. Економската ефикасност се постигнува со развиено пазарно стопанство, каде што законите на пазарот слободно делуваат, а социјалната рациолналност (сигурност, праведност, заштита, еднаквост и сл.) се постигнува со помош на државата.

Прашање е што да се прави за да не дојдат до израз овие две крајности, за да не дојде до непотребно администрирање, кое може да го уништи рационалното јадро на ефикасноста на сметка на социјалната заштита, праведноста, и да ги запостави на сметка на економската ефикасност. Тоа покажува дека периодот на транзиција е во постојана опасност, меѓу овие две крајности, на кои им одговара и „соодветната“ политичка ситуација, на нестабилност, меѓует-

ничка нетрпеливост,што резултира едно изразито нестабилно општество, кое е лесно подложно на екстремизам и ирационалност.

Кога говориме за општество кое се базира на законите на пазарното стопанство, мора да сметаме на тоа дека ова општество, за разлика од општествата кои се базираат на државната сопственост, или командната економија, е многу понестабилно и подинамично, и мудроста на управувањето е како најголем дел од енергијата да се насочи кон повеќе рационални цели. Слично нешто се случува и во процесот на приватизацијата. Ако најголем дел од луѓето не ја разберат суштината на проблемите, или се убедени дека ништо не е во нивна корист и се исклучени од главните процеси, прашање е колку таа може да успее! Сметам дека реформата на социјализмот, на општеството кое се изградуваше со децении, може да успее само под еден услов: ако секој на почетокот се почуствува дека е ставен во рамноправна положба, а не исклучен, а да се бара да биде субјект на промените.

И колку да сме убедени дека само оној што може да купи акции е тој што ќе има најголема улога во процесот на приватизација, сепак, не смее да ги запоставиме и оние кои приватизацијата ја доживуваат само како чин на губење на нивните права.

**Второ,** концептот ја нема потребната транспарентност, повеќе или помалку, непотребно ги фаворизира само некои групи за кои се смета дека ќе бидат доволно предизвикани безрезервно да се вклучат во процесот на приватизација.

Она што сѐ уште останува нејасно за мнозинството, е што ќе се случи со вработените (со дел од нов) по извршената трансформација. Сопственоста и по примената на Законот за општествен капитал (1990 г.) остана и понатаму „сечија и ничија“, односно на вработените, кои треба

рамноправно да ја делат добивката, а само еден дел да ја носи одговорноста. Кај вработените веќе се јавува една оправдана дилема: која е смислата на повисоката продуктивност ако само еден дел ќе присвојува профит, како што се јавува дилемата кај оние што ќе го земат ризикот и кои се ставени во ситуација да го делат со оние што не сносат никаков ризик!

И колку да сме убедени дека ќе проработи чувството за праведност и одговорност кај сите, сепак мораме да признаеме и да се сочиме со очигледната вистина дека приватизацијата ја нагласува егоистичката димензија, ѓо развива само чуството за добивка. Општествената сопственост тоа чувство го уништи, или го деформира, но со тоа ја уништи и ефикасноста на системот!

Основното прашање, кое веројатно уште долго ќе чека поцелосен одговор се однесува на влијанието на пазарното стопанство врз промените на ставовите и вредностите на луѓето. Ако целите на трансформацијата, кои треба да се постигнат се јасни од еден правно-нормативен и економски аспект, многу прашања остануваат отворени, посматрани од една социо-психолошка и вредносна димензија. Кога трансформацијата се посматра „дел по дел", „аспектски", или тесно специјалистички, се чини, дека промените кон пазарно стопанство и плуралистичка демократија целосно се разбирливи, но, кога се посматраат во еден тоталитет, се јавуваат многу прашања на кои не е едноставно да се одговори.

Предметот на нашата анализа, во суштина, не е „објективната" страна на приватизацијата, како таа е осмислена и проектирана, ниту пак, интересот е насочен кон одговори на прашања од типот дали тој концепт, наспроти некој друг, повеќе или помалку одговара за македонските прилики. Нашата анализа не е „критичка процена" на концептот од аспект на некоја претпоставена позиција, без разлика на тоа што во неа преов-

ладува, „идеолошката“ или „научната“ компонента!

Едноставно се обидовме да го сондираме „јавното мнение“ на вработените, од што претпоставуваме, дека можат да се извлечат некои критички забелешки за тоа дали концептот одговара или не на потребите на луѓето. Се работи за пристап кој се обидува да продре до тоа како луѓето ја доживуваат приватизацијата, дали нешто се менува во нивните сфаќања, вредности, и што е можеби најважно, дали постои подготвеност да се прифатат промените како нужни, а не само како наметнати однадвор.

Поаѓаме од една очигледна вистина, за која не е потребна неопходна теоретска елаборација, а која се содржи во следното: дека остварувањето на целите на приватизацијата се постигнува само ако постои мобилизација, концентрација и рационализација на општествените сили. Во конкретниот случај, остварување на концептот на приватизација, кој е проектиран во Законот и остварлив за две години е можен под претпоставка само ако се мобилизира најголем дел оние кои, на некој начин, директно се зафатени со тој процес, а тоа значи вработените. Потоа најголемиот дел од енергијата се насочи кон реализација на тој проект, и тоа во рационални односи каде нема да дојдат до израз непомирливите противречности, кои најчесто водат во стихија и го девалвираат целиот процес. „Демонтажа на системот“ се случи во еден миг, но надоаѓањето и изградбата на новото е единствено можно како долгорочна и трпелива активност.

Кога говориме за трансформација на сопственоста како „концепт на платена приватизација“, мораме да го потенцираме фактот, дека уште на старт тој до максимум го изостри идеолошкото чувство на пролетеризираните слоеви, а со тоа изврши мобилизација на најголем дел од населението против таквиот начин на трасфор-

мација на сопственоста. Со тоа, еден од клучните сегменти на промените воопшто во периодот на транзиција ја загуби популарноста и транспарентноста, и што е уште потрагично ја уништи претставката кај луѓето, дека идното општество може да биде поправедно, а тоа мора, барем како такво да живее во претставите кај луѓето, и да се доживува како општество на еднакви шанси за успех.

Тоа не значи дека целите на приватизацијата се погрешни. Тоа може да значи само дека нема цели кои можат да бидат бесконечно одложувани за иднината, дека ќе ги остварат идните генерации, и дека само треба малку да се почека!

Луѓето живеат со чувство дека пред нивни очи исчезнува надежта за успех, дека тоа е резервирано само за малкумина, дека сите напори се залудни, дека не може да се живее само од сопствениот труд дека „среќата" е однапред определена, дека трудот не е тој кој ги дели луѓето, туку нешто друго, кое не е дадено од Бога, ниту пак државата може да го контролира.

Можеби овој концепт ако го посматраме како концепт на едно општество кое се наоѓа во фаза на преиспитување е во ред, но тогаш станува опасно тоа да го наречуваме пат кон пазарно стопанство. Можеби и зборот приватизација, кој е „убав" а се употребува за толку грди работи би требало да се замени со некој друг, како на пример, со „грабеж", „кражба", или нешто слично, кое ќе одговара на она што реално се случува. Неспорен е фактот дека јавното мнение е нешто што брзо се менува, некои сегменти остануваат подолг временски период и постојано вршат притисок врз сфаќањата на луѓето.

Се чини дека некои елементи во вредносниот систем, не само што не се промениле во „пожелна" насока од аспект на вкупните промени, туку се чувствува потреба од враќање на авторитаризам, егалитаризам, традиционализам, етатизам и слични состојби.

На пример да го земеме егалитаризмот. Луѓето во принцип се против еднаквоста која се јавува како резултат на државната интервенција, односно е наметната со сила, а дека се за нееднаквост како резултат на некои „природни“ состојби, како способност на еден а неспособност на друг и сл. Се прашуваме, што на глобален план може да предизвика една состојба кога мнозинството се еднакви во сиромаштијата и се однапред исклучени од можноста да ја сменат својата позиција на немоќ? Дали тоа не го раѓа „авторитарниот тип“ на човек, кој бара водство, силни личности, водачи!

Се уште најголемиот дел од луѓето се убедени дека силната држава е таа што ги решава проблемите, водачите се тие кои ја креираат иднината, некој друг мора да им обезбеди сигурност и егзистенција. Напротив, човекот кој прифаќа нешто од Филозофијата на пазарното стопанство и индивидуалната иницијатива, таквото сфаќање на животот му е неприфатливо. А, се чини, дека такви има многу малку.

Од аспект на колективната идеологија сè она што се базира на некои „егоистички“ пориви се смета дека е неприфатливо, личноста е само дел од групата и само во неа може да ги реализира сопствените потреби и да биде од полза за државата и општеството. Веројатно и оттаму произлегува и стравот од промени, за сите оние кои ќе останат без работа кои никако не можат да се помират со фактот, дека сепак ќе мораат „сами“ да си ја кројат судбината.

Системот на пазарната економија во тој поглед е суров, но на луѓето многу поедноставно им го обезбедува заслуженото место на општествената скала, многу полесно им ги урива илузиите дека се нешто повеќе или нешто помалку од она што навистина можат да бидат, нуди сосема различна вредносно-морална позиција од системот на колективистичката идеологија и ед-

ноставно човекот го принудува да се докажува себеси во „рамноправни“ услови а за тоа биде материјално стимулиран!

Во нашето истражување тргнавме без однапред цврсто формулирани хипотези. Нашата цел е да докажуваме дека луѓето со воодушевување ги прифаќаат, или со резигнација ги отфрлаат принципите и методите на приватизација на општествената сопственост. Целта беше да ја видиме и „другата“ страна на приватизацијата, онаа што можеби јасно не се изразува, која тлее кај вработените, кај оние кај кои најчесто ставот за тоа останува секогаш замаглен и условуван од многу фактори. Во таа смисла сепак, некоја вредност има одговорот на прашањето: Дали сте за приватизација на начин како таа се одвива, или би требало да се одвива (по Законот), и да претпоставиме дека мнозинството е „против“. Што тоа значи? Што тоа може да значи? Дали тоа може да влијае на реализацијата на Законот? Тоа се на прв поглед многу лесни прашања, а некои ги сметаат дури и за непотребни. Но, искуствата од повеќе земји говорат нешто сосема друго.

Контекстот на социолошката анализа не би требало да се базира и впушта во процена на поја-вите од било кој идеолошки или морален аспект. Критичноста не мора секогаш да „забраздува“ непотребно во исправање на неправдата, но мо-ра да ја разобличува класната позиција на новоформираните групи, мора да ја лоцира моќта и нејзината злоупотреба.

Една критички насочена социолошка експертиза која настапува без идеолошки предрасуди, да суди што е „праведно“ и што е „морално“ има свое место и може да одигра значајна улога во општеството што се наоѓа во транзиција. Не знам дали постои нешто што заслужува поголемо внимание од приватизацијата, или од Феномените кои директно или индиректно се поврзани со неа. Одговорноста на социологијата денес е поголема од било кога за земјите во транзиција.

## IV. ХИПОТЕЗИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НЕ СЕ МОЖНИ!

Во нашето истражување немаме за цел да конструираме било какви хипотези, од причина што не можеме да ја дефинираме нивната функција. Она што би било предмет на докажување и на цел на анализа се уште се наоѓа во сферата на интензивно формирање. Врз распаѓањето на социјалистичката идеја, „или тоталитаризмот од комунистички тип" се уште немаме препознатливи облици на „нормално" живеење. Во политиката се целосно измешани „левото и десното", граѓанско и националното, патриотското и националистичкото, и слично во таа насока. Во економијата, опаѓање на производството, невработеност, ниски плати, излез не се гледа, пораст на криминалот, одсуствува правна регулатива и што не се во таа насока. Во меѓунационалните односи постои пораст на нетрпеливоста.

Тоа е накратко социјалната атмосфера во која се промовира концептот на приватизацијата и вредностите на новото општество. За разлика од тоа, раѓањето на комунизмот во Македонија и неговиот развој се случуваше во еден изразито динамичен период на пораст на производството и излез од вековната заостанатост.

Секоја сличност на работникот од педесеттите или шеесеттите години со работникот од крајот на деведесеттите години е погрешна и неоправдана, но и за работникот од деведесеттите години се уште е силно чувството дека сопственоста на претпријатието му припаѓа нему, таа

не е на државата или на било кој друг. За работникот од деведесеттите години ќе биде значајно да ја зачува сопствената позиција на „сопственик“ и се потврди како субјект во сопственичкото преструктурирање.

## СТАРАТА НОМЕНКЛАТУРА И ПРОЦЕСОТ НА ТРАНЗИЦИЈА

Периодот од неколку години е сосема краток за да може да говориме за препознатливи знаци на промени на социјалната структура. Ако на процесот на промените му пристапиме од еден „социо-психолошки аспект“, тогаш е сигурно дека во рамките на некои од социјалните групи се присутни драматични поместувања на системот на вредности, како во насока на прифаќање, така и во насока на одбивање на „новите промени и односи“ во општеството.

Основна претпоставка е дека денес не може да се говори за доминантна позиција, нема јасни и издеференцирани ставови внатре во секоја од социјалните групи, дури се среќаваат и спротивставени гледишта за повеќе фундаментални вредности, дека сѐ уште владее „вредносно слепило“ во однос на приватизацијата. Процесот на освојувањето на „новите вредности“ е процес кој се наоѓа на почеток, со многу недоречености, недоразбирање и заблуди. Она што периодот на транзиција го разликува од другите периоди во историјата каде што се случувале фундаментални промени во општеството, власта, сопственоста, културата на однесување и слично, е тоа што се сѐ случува без поголеми потреси.

Прашањето за тоа дали постои промена во поимањето на праведноста, еднаквоста и законитоста во корист на новиот систем е многу значајно, од причина што промените добиваат

сосема поинакво значење. Ако промените се доживуваат како ескалација на неправдата, на хаосот, беззаконието, од оние кои новиот систем го замислуваа сосема спротивен на тоа, тогаш и колку намерите за промени да се „чесни и искрени“, во јавноста добиваат сосема спротивно значење. Дали „јавноста“ е во право ако реагира спротивно на постапките на државната власт? Каде започнува демократијата, а каде завршува самоволиeто на власта?

## КАКО СЕ ДОЖИВУВА РЕАЛНОСТА

Непосреден предмет на нашето истражување не се промените, разбрани како објективни процеси, појави, дејствија во правно-политичка, социјална или економска смисла, туку како тие промени се доживуваат, се прифаќаат или одбиваат, како се менува вредносниот систем и сл. На пример, да ја земеме приватизацијата. Нашата цел не е критичко преиспитување на моделот на приватизацијата од аспект на неговата применливост или адекватност во македонски услови. Суштинска цел е ако одговориме на дел од прашањата кои произлегуваат од ставот на испитаниците за приватизацијата. За нас е интересно да се согледа како и кои групи го прифаќаат повеќе, а кои помалку, дали оние што работат во претпријатијата кои се веќе „приватизирани“ по Законот за општествен капитал (1990 г.) и мислат поинаку од оние што работат во чисто „општествени“ фирми. Едноставно, целта е да се допре до „работничкиот“ одговор на приватизацијата како реакција на промената на моделот на „платена приватизација“.

Кога би се обиделе да го дефинираме заедо поопшто предметот на нашето истражување, тогаш наједноставно можеме да го определиме ка-

ко сфера на „социјален ризик“ односно, што е она што го доведува во прашање надоаѓањето на новото општество од аспект на „човековата“ димензија на промените. „Социјалниот ризик“ непосредно се доведува во врска со човекот како производ на системот на колективната идеологија на која и е спротивставена друга, сосема поинаква по вредностите и значењето што во себе ги носи за поединецот. Значи, „социјалниот ризик“ можеме да го сместиме во било каде во општеството, а притоа да не ја запоставиме „субјективната компонента“: вредностите, ставовите, убедувањето на луѓето за проме-ните.

„Социјалниот ризик“ е резултат на радикалните промени во општеството кои влијаат врз ставовите и вредностите на луѓето, кои се „принудени“ да ги прифаќаат „новите“, да ги напуштаат стекнатите позиции и да заземаат други кои секогаш не се по нивно убедување. „Ризикот“ е посредуван и детерминиран од субјектот на промените, а тоа не е човекот поединец или социјалните групи, туку пред сè, државните институции кои се поставени над луѓето и на кои луѓето или им се спротивставуваат, или без поговор ги прифаќаат. „Ризикот“ е социјален во оние случаи кога тој се претвора во „објективна“ сила и претставува сериозна пречка за промени без разлика на „добрите“ намери на државата или политичките партии.

Во постсоцијалистичкиот период, прво се извршија политичките промени, па потоа се подготвуваа промените во стопанскиот систем. Прашањето е јасно: Какви се социјалните консеквенци од така поставениот однос?

**Прво,** државата не може секогаш да ги застапува подеднакво интересите на сите. Дали една одлука, закон и слично, ќе предизвика незадоволство, кое може сериозно да ги наруши нормалните текови на животот, ќе зависи од тоа како ќе реагира мнозинството, кое е погодено (неповолно) со актот на државата.

**Второ,** станува збор за промена на насоките кои веќе еднаш се случиле во општеството, формирање на нови правила и принципи. Државата може нешто да наметне со сила, но тогаш се јавува состојба на „степенуван ризик“: волјата на државата може да биде апсолутна, но таа може да предизвика нестабилност од пошироки социјални размери. Тоа е ситуација кога народот и државата се два света. Во парламентарните системи Владата се заменува со нова и правилата на играта почнуваат да делуваат од почеток. И така, во недоглед. Тоа е нормално за оние што многу одамна изградиле таков систем.

Проблемот што овде се обидуваме да го решиме е како да се намалат ефектите на „социјалниот ризик“, како мнозинството да се увери во „нужноста“ на промените, како да се затапи „револуционерниот карактер“ најчесто креиран врз „идеолошките заблуди“, како луѓето да реагираат во рамките на институциите и да веруваат „без причина во правилноста на одлуките, како да се чувствуваат „рамноправни“ во ситуацијата, кога се свесни дека тоа објективно не е можно, како да работат и бидат убедени дека добиваат многу повеќе отколку што реално заработиле! Тоа е проект на „антикомунистичка револуција“.

Зошто процесот на трансформацијата на сопственоста се смета за еден од најважните, ако не и најважен во периодот на транзиција? Кога започна крајот на распаѓањето на социјализмот во (деведесеттите години) луѓето беа воодушевени и беа убедени дека за кратко време ќе живеат побогат живот, во побогато и подемократско општество.

Да се сложиме со тоа дека пет-шест години се малку време за да судиме за вредноста на тоа што се постигнало и врз основа на ставовите на луѓето да пресудиме“ за новото опшество“. Но, ако и натаму продолжи падот на животниот стандард и се зголеми невработеноста и се живее се полошо и полошо, тогаш губењето на вербата во

новото ќе биде, исто така, многу страшна и погубна за иднината и големо прашање е дали ќе нема некое повторно „навраќање“ кон колективизмот.

## ПРИМЕРОКОТ И ТЕКОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето беше реализирано во два наврати; во текот на мај 1993 г. и на популација од 670 испитаници-претставници на осум социјални групи и вториот во јуни 1994 г., на популација на 560 испитаници, вработени во осум претпријатија со општествен или акционерски капитал, кои се наоѓаат во процес на трансформација на сопственоста.

Првото истражување (мај 1993 г.) беше водено од идејата да ги маркира општите насоки на промената на ставовите и мислењата на луѓето во однос на „социјалниот ризик“, а второто (јуни 1994 г.) беше конкретно насочено кон попрецизно согледување на промените на ставовите на вработените кои настанувaa со примена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Она што би требало посебно да се истакне е сериозно прифаќање на анкетата од страна на испитаниците, особено од страна на вработените кои најголем дел изразуваат желба да разговараат, да ги изнесат своите погледи и размисли. Анкетата од мај 1993 г. ја извршија претежно активисти од еколошките друштва во десет градови во Македонија. Анкетирањето беше извршувано поединечно, освен во неколку случаи каде беше групно. Примерокот не е случаен.

Со анкетата од мај 1993 г. беа опфатени 680 испитаници и тоа: работници од непосредното материјално производство и услуги, рутински

службеници, стручњаци со ВСС, раководители, приватни сопственици, студенти, невработени и новинари, а со анкетата од јуни 1994 г. само вработени во претпријатија кои се наоѓаат во фаза на приватизација.

Ве текот на истражувањето беа водени и повеќе разговори (делумно насочувани) за приватизација каде вработените, по десетина во гупа ги изнесуваа своите размислувања. Еден дел од тие размислувања се во писмена форма. Сите тие согледувања најдоа свое место во анализата и успешно ги надополнуваа „безличните" процеци од статистичката обработка.

# V. СОЦИЈАЛНИТЕ РИЗИЦИ ВО РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

## ИДЕЈАТА ЗА СОЦИЈАЛИЗМОТ Е МРТВА

Емпириските истражувања на промените, кои на прв поглед сѐ подлабоко навлегуваат во општественото битие, се чини, не се најадекватни за да се допре до нивната суштина. Нашата намера, овде не е да откриеме „последни" вистини, но, не и да останеме во сферата на очигледното, на она што толку брзо се менува, така што секој исражувачки емпириски зафат го прави бесмислен за кратко време! Овде промените се третирани како „промени на субјективното мислење", и однесување на поединците и општествените групи. Тоа од друга страна претпоставува дека доволно сме расчистиле со смислата и значењето на промените, во општеството, кое до пред неколку години се наречуваше „социјалистичко".

Во оваа прилика се наметнува потреба да укажеме што сѐ се подразбира под поимот „субјективна перцепција" на промените во општеството. „Субјективна перцепција" се формира како резултат на објективните околности кои ги сочинуваат состојбите во економијата и политиката и положбата на секој поединец во тоа (вкучувајќи ги и неговите индивидуални карактеристики), како и група на фактори кои произлегуваат од улогата и значењето на сретствата за масовна комуникација. Некои се склони да го-

ворат дека промените што се случуваат последниве неколку години, пред сè, се резултат на масовните медиуми и во таа смисла говорат за „информатичка револуција“. Тоа на некој начин „субјективната перцепција“ ја прави нестабилна, променлива и тешко дофатлива за сериозна подолгорочна анализа! Но, и анализите од типот на „теорија без емпирија“ не придонесуваат многу за расветлување на она што се случува денес. Нашата цел не е „стварноста по себе“, туку стварноста низ „субјективното доживување“ и видување на поединците како претставници на конкретни социјални групи. Така, на пример, дали навистина незадоволството на една група во однос на станбените услови е објективно или не, тоа нас овде не би требало да не интересира. Нас не интересира субјективниот став за тоа, како тоа се доживува и какво значење има за испитаникот. Субјективното (не) задоволство останува единствениот критериум и „објективен“ показател.

## СФЕРИ НА СОЦИЈАЛНИОТ РИЗИК

Периодот на транзиција, глобално гледано, го карактеризираат неколку противречни елементи. Од една страна, процесот на разградување на институциите на системот на колективистичката идеологија и договорна економија е проследен со тешки проблеми од сите сфери од животот на луѓето, што за најголемиот дел предизвикува промени во насока на влошување на нивниот материјален стандард. Тоа, на некој начин, треба да биде во функција на создавање „нови институции“ на плуралистичка демократија и пазарната економија, како повисоки форми на организирање на општествениот живот. Тоа е стварноста во која се создаваат претпоставки за драматично мену-

вање на сиситемот на вредностите, политичко уредување, прашањата за животот, мотивите за работа...

Она што може да го претпоставиме како општа состојба, произлегува од една „недефинирана состојба" во економијата, правото, политиката и моралот. Основното прашање гласи: Дали во тие околности ќе можеме да издиференцираме некои тенденции во „субјективната перцепција", кои ќе бидат доволно јасни за да укажат на тоа, дали се работи за прифаќање на „некои нови вредности", односно, дали напуштањето на една вредност се надополнува со некоја друга?

Нашата основна идеја е преку „субјективната перцепција" на општествените состојби да ги идентификуваме ризиците на идниот развој. Дали таа субјективна перцепција има доволно позитивни елементи, кои се приклонуваат кон суштината на промените или, пак, настапува период на разочарување за значењето на промените, се прашања на кои треба да одговори нашата анализа.

Во таа смисла, нашето внимание ќе биде насочено кон неколку сфери на општествените промени, и тоа; Сфера на економијата, пред сè, како состојба на доживување на промените што се случуваат со почетоците-обидите за воспоставување на пазарна-економија, процесите на приватизација и сл. Потоа, сферата на квалитетот на живеење како субјективна процена на состојбите на (не) задоволство, остварена или пожелна состојба, при што основната цел е да се идентификуваат основните насоки на делување на луѓето.

Во овие релации може многу успешно да се согледа ставот за тоа кои сфери од животот се сметаат за важни, и на кои им се дава предност за акција. Во сферата на квалитетот на живеењето нашето внимание е главно насочено кон

некои компоненти, како што се еколошката, сигурносната, економската, општествената, политичката и културната.

Нашата намера е да ја определиме, во општи димензии, несогласноста меѓу она што е „значајно и она што е „остварено“, а не било значајно! Тоа во голема мера ќе ни овозможи да ја реконструираме „менталната слика“ на народот во многу подрачја од секојдневниот живот. Ако се покаже дека постои голема разлика меѓу „она што е важно“ и „она што е остварено“, тогаш полесно ќе може да одговориме на некои фундаментални прашања од минатото.

Третата област ја сместивме во сферата етничките односи. Периодот на транзиција во многу нешта ги разгоре „етничките страсти“ и создаде висок степен на етничка нетрпеливост. Нашата анализа има амбиција да ја претстави етничката дистанца на Македонците спрема другите етнички групи кои живеат во Македонија. Во рамките на општите сознанија врз кои ја базиравме нашата анализа, се обидовме да ја согледаме потребата, пожелноста и важноста од животот со други националности. „Субјективните перцепционистички индикатори“ за мерење на етничката дистанца, главно се движат во рамките на прифаќањето на другите претставници од други националности, не во правно-политичка смисла, туку, пред сè, во смисла на толерантност како неформална состојба, како соседство, пријателство и сл.

Четвртата сфера од општествениот развој е содржана во сферата на екологијата, како субјективна проценка на важноста на заштитата на природната средина, потоа, присуството на вредносни-еколошки ориентации кај луѓето и односот на човекот спрема природата и техниката во тие рамки. И најпосле, петтиот аспект е содржан во „субјективната самопроцена“ на испитаниците на сопствената позиција во политиката, во социо-економската структура, во сферата

на сопствениот доминантен ангажман и самопроцената на самите себе, на општеството во кое живеат, на смислата на животот? Колку испитаниците се убедени во она што го посакуваат, кон што се стремат, што очекуваат од животот и дали се сигурни каде тој ги води и слично.

Прашањето, дали една на ваков начин широко поставена платформа на истражување на субјективните ставови на луѓето за најразлични феномени е соодветна или не, се чини, дека има смисла да се постави. Треба да се има предвид фактот, дека станува збор за општество во кое не е толку тешко да се идентификуваат промените, отколку во која насока тие промени ќе се движат, од аспект на единките, кои играат определена улога и кои сепак, живеат во услови од кои тешко можете нешто да истргнете и го посматрате одделно само за себе. Најдобра илустрација за тоа се состојбите во економијата, заштитата на животната средина и вредносната ориентација на луѓето.

Имено, кога говориме за „ризиците" на општествениот развој, пред сè, мислиме, во овој случај, на „субјективната компонента", на човекот како носител на тие промени, набљудуван од аспект на социолошките истражувања, во нашиот случај, преку неговите ставови за повеќе феномени кои сметавме дека се важни за да се разберат состојбите на општеството во еден определен временски период.

## ДРЖАВАТА И ПРОБЛЕМИТЕ

Кои се важните сфери кои ја формираат „состојбата" на една држава, и што говори „субјективната" оценка на испитаниците за нив?

Кога зборуваме за секојдневието на човекот, сметаме дека неколку подрачја се особено

значајни за неговиот живот. Пред сè, мислиме на можноста да се најде работа, степенот на моралноста, борбата за власт, односот меѓу етничките националните групи, општите состојби во економијата и криминалитетот. Сигурно е дека не постои идеално општество во смисла на тоа дека сите луѓе целосно ќе бидат задоволни од животот, без проблеми да се вработуваат, или да постои етничка толеранција, да нема појави на криминалитет, или да постои еднаквост. Но, кога најголемиот дел се незадоволни и сметаат дека во речиси сите сфери постојат проблеми, тогаш станува збор за општество кое се соочува со нестабилност и криза.

Одговорот на прашањето: Како ја оценувате состојбата во нашата држава во овој момент /лето 1993 г./, во однос на осум сфери (можност да се најде работа, неспособност да се разликува добро од зло, борба за власт, поделеност на луѓето на богати и сиромаси, етнички односи, состојба на загадување на средината и појава на криминалитетот) ја покажуваа загриженоста и заплашеноста на луѓето од она што се случува во општеството, кај сите испитаници (вкупно 680) припадници на осум социјални категории /групи (работници во производство и услуги, администрација-рутински службеници, стручњаци со ВСС, раководители на стонанство и нестопанство, приватници, студенти, невработени и новинари).

За наведените осум сфери, повеќе од 2/3 се изјаснија дека има проблеми. Не постои голема разлика меѓу мислењето, на пример на новинарите и работниците, или студентите и невработените. Присутни се мали осцилации во смисла, дали е тоа „голем“ проблем или е само „проблем“. Само во однос на ставот: „Неспособноста на луѓето да разликуваат добро и зло“, се јавуваат разлики меѓу работниците и претставниците на други општествени групи. Нешто слично е присут-

но и во однос на ставот за поделеност на луѓето на сиромаси и богати. Кај работниците бројот на оние што сметаат дека тоа е проблем, е знатно поголем од останатите и изнесува околу 50 отсто, а кај новинарите, на пример само една четвртина.

Но, тоа со поблагата форма на сложување, „проблем е“, кај сите групи достигнува, а кај некои и надминува 2/3 од вкупниот број на одговори. Разликата од неколку проценти не ја менува општата претстава кај испитаниците, дека во поголем дел од наведените сфери од општеството се појавиле големи проблеми.

На прашањето: Кој од осумте наведени проблеми е сепак најизразен, речиси сите на прво место ги истакнале проблемите во економијата и можноста да се најде работа, што е слично, а потоа следат појавите на криминалитетот и етничките одност. На последно место е загадувањето на средината и борбата за власт.

Од одговорите на прашањата може да се заклучи, дека субјективната процена за поголем дел подрачја на општествениот живот, е крајно критичка, се смета дека се живее во општество во кое тешко се наоѓа работа, дека луѓето се неспособни да го разликуваат доброто од злото, дека се води огорчена борба за власт, дека криминалните дејства се во пораст, дека односите меѓу етничките групи се влошени, дека настапува период на остра поделба на луѓето на оние што имаат и оние што немаат, едноставно се живее во општество кое се соочува со тешка материјална и морална криза.

По само три години од „големиот спектакл“, оценката на најголемиот дел од нашите испитаници за општеството во кое се живее е крајно неповолна. Дали дошло до заострување на веќе присутните проблеми, не е тешко да се претпостави. Ако навистина е проблем вработувањето, и се живее во средина на етничка нетрпе-

ливост и криминалитет, а при тоа човек да се чувствува немоќен да направи било што во надминувањето на оваа ситуација, тогаш навистина имаме работа со општество кое длабоко западнало во криза.

## ДИНАМИКА НА ПРОМЕНИТЕ

Би било нормално да се очекува, кога веќе не постои дилема за тоа во какво општество живееме, дека најголем дел од испитаниците ќе се изјаснат за „брзи и радикални" промени, со цел да се надмине ситуацијата. Ако нешто е проблем, тој треба да се решава!

Ако ги исклучиме оние кои не се во состојба да проценат какви треба да бидат промените (во просек околу 9 проценти од сите испитаници), другите скоро подеднакво се изјасниле за „брзи и радикални" и за „постапни" промени. За првите се изјасниле 44,4 насто, а за вторите 46,5 насто, што е безначајна разлика. Ако ги погледнеме отстапувањата од просечните вредности, во зависност од припадноста кон општествените групи, тогаш најголемо отстапување е забележано кај стопанските раководители, 63,9 насто се за „постапни" и „бавни" промени, и кај административните работници со 54,7 насто кои сметаат дека промените треба да бидат „брзи и радикални". Кај другите отстапувањата се безначајни и се движат до најмногу 5 насто.

Како тоа може да се разбере во една глобална општествено-политичка ситуација во која се наоѓа нашето општество, не е тешко да се претпостави. Промените се бавни, состојбата останува status quo, само доаѓа до повремено бранување, и состојбите се влошуваат, се јавува „страв од промени", се очекуваат уште потешки

времиња, народот има чувство дека може да биде полошо! Ова е „психолошка стапица", во која западна голем дел од населението. Имено, оние кои ја оценуваа состојбата со „многу голем проблем", а сметаат дека промените треба да бидат „брзи и радикални" веројатно претпоставуваат, со голема сигурност, дека тие ќе се движат во пожелна насока, за разлика од оние кои се за „бавни и постапни", а кои тргнуваат од уверувањето дека промените ќе се движат во непожелна насока.

5°

## СИГУРНО РАБОТНО МЕСТО - ШТО БЕШЕ ТОА?

Во нашата анализа немаме намера да навлегуваме во подробности кои се карактеристични за одделни социјални групи. Само ќе настојуваме да ги истакнуваме поголемите разлики во мислењата, за кои сметаме дека се посебно важни во истакнувањето на позицијата на некоја од испитуваните групи. Уште во почетокот да истакнеме, дека, кога станува збор за незадоволство, како „субјективна проценка" на човековата позиција, се добива впечаток дека најголем дел од испитаниците, околу 50 насто, својата позиција ја лоцираат во средината, меѓу екстремните одговори.

Се чини дека за најголем дел од испитаниците „средината" е она што најмногу им одговара. Така, на пример, (станува збор за вкупниот број на испитаници) 46,9 насто сопственото задоволство од она што го работат го оцениле за „средно", меѓу „многу" и „ни малку", 1/3 од сигурноста на работното место, 40,6 насто односот на нивните претпоставени, 50 насто од односот на нивните колеги, 41,2 насто од парите со кои располагаат, 59,3 насто од животните услови, 53

насто од сопственото здравје. Тоа е „златната средина“ во која живеат луѓето. И да претпоставиме дека тоа не е точно, сепак, најчесто таа се посакува!

Ако половината од испитаниците сопствената позиција ја сместуваат на „средината“ (работа, здравје, животни услови....), ако околу 2/3 сметаат дека живеат во општество каде се присутни големи проблеми, и ако половината се за „бавни и постапни“ промени, тогаш навистина станува збор за една ситуација на драматично формирање на ставовите и сопствената позиција во општеството. Дали „средината“ е пожелна состојба и само за тоа не носи изненадување, не е оптоварена од екстремности и носи поголема „психолошка“стабилност, тешко може со сигурност да се заклучи, но не е исклучена можноста „објективноста“ да биде заменета со „пожелност“! Тоа, повеќе или помалку се провлекува во одговорите и на други прашања.

## 6° ЗАДОВОЛСТВО ОД РАБОТАТА

Повеќе од 1/5 (22,2 насто) од вкупниот број испитаници се многу задоволни од она што го работат, а двојно помал процент (11,7 насто) не се ни малку задоволни. Најмногу задоволни од она што го работат се приватниците и новинарите (со околу 1/3 од вкупниот број), а најмалку задоволни се работниците со 13 насто. Другите се движат околу просечните вредности. Нашата намера не е да навлегуваме во одговорите на прашањата од типот, зошто е толку низок процентот на оние кои не се задоволни од работата. За тоа се потребни далеку попродлабочени истражувања.

7°

## СТРАВ ОД ГУБЕЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

„Навраќањето на пазарната економија“ започна како „стратегија“ на заплашување на луѓето со губење на работното место! Речиси секој четврти испитаник (исклучени се студентите и невработените) во моментот на истражувањето, сметаше дека неговото работно место е несигурно, а само секој шести смета дека тоа е „многу сигурно“. И во однос на ова кај работниците се чувствува најголема загрозеност, односно секој трет работник во индустријата и услугите смета, дека неговото работно место не е ни „малку сигурно“. Најсигурни се чувствуваат новинарите и раководителите, со близу 1/5 од нивниот број, сметаат дека нивното работно место е „многу сигурно“. Интересно е да се истакне тоа што секој шести не е во состојба да ја процени состојбата на сопственото работно место, едноставно не знае што ќе се случи со него во иднина.

Од структурата на работите можеме да заклучиме дека се повеќе се формира една голема армија на вработени кои живеат во неизвесност (близу 2/3 од вкупниот број, вклучувајки ги и оние кои апстинирале од одговор).

Прашања од овој тип во минатото никогаш и не беа поставувани. Не навлегувајќи подлабото во анализата, само ќе претпоставиме како би бил одговорот на ова прашање, пред петнаесетина години. Сигурно е дека за еден поголем број би предизвикал чудење!

8°

## ОДНОСОТ НА ПРЕТПОСТАВЕНИТЕ

Новинарите, стручњаците и работниците се најнезадоволни од односот на нивните претпоставени, а најмногу задоволни се оние кои работат

во приватните претпријатија! И во одговорот на ова прашање, најголем дел од над 50 насто, се наоѓаат оние што својата позиција во однос на претпоставените ја оценуваат како „средна“, нешто меѓу многу „незадоволни“, и „задоволни“.

Ситуацијата на задоволството од односот на колегите од работа е знатно поповолна: 1/4 од вкупниот број од анкетираните се многу задоволни од односот на нивните колеги, а само 7,2 насто се „ни малку задоволни“. Најголемиот дел, речиси 2/3 се наоѓаат меѓу овие две крајности, а 7,3 насто не се во состојба да проценат.

Кај работниците и приватниците најбројни се оние кои не се изјасниле,ниту како „многу задоволни“, или како „воопшто незадоволни“, што може да се разбере како состојба каде се развиваат блиски пријателски односи, кои не се формализирани, каде човекот е „начисто“, кој му е пријател а кој не. Не пример, кај стручњаците со ВСС, раководителите и новинарите, скоро 2/3 состојбата ја оценуваат со „средно“ која „ништо“ и не кажува!

## 9° ПАРИТЕ НИКОГАШ НЕ СЕ ДОВОЛНИ

Ако нешто сепак е „субјективно“, тоа секако, најмногу се однесува на задоволството од парите со кои се располага. Но, и овде се држи „средната линија“со речиси 2/3 од вкупниот број на испитаници. Најнезадоволни се новинарите, со 35,6 насто, потоа следат стручњаците со 30,6 насто и работниците со 28,7 насто. Најмногу задоволни се приватниците со 25,8 насто, а кај сите други групи процентот на многу задоволни се движи под 10 насто, а кај новинарите, ниту еден не е задоволен. Кај другите, барем по некој се јавува како „многу задоволен“.

Состојбата со „животните услови“ (стан, храна и сл.) претставува уште еден важен елемент, кој учествува во формирањето на степенот на задоволство од животот воопшто. Околу 2/3 од испитаниците, повторно ја сместиле сопствената позиција на „средината“, меѓу она што самите си го замислиле „многу“ и „ни малку“. Интересно е да се истакне еднаквиот процент на „многу задоволни“, меѓу раководителите во стопанството и нестопанството и работниците. Најнезадоволни се новинарите, со 17,8 насто, што е знатно повеќе и од мануелните работници!

## ЗЛАТНА СРЕДИНА - НЕ ПОСТОИ!

Секако дека, врз основа на овие сознанија не ќе можеме со сигурност да ја лоцираме „менталната претстава“ на населението во однос на главните сфери од животот, само неколку години по „големиот спектакл“ од навраќањето на демократијата. Но, неизбежен е впечатокот, дека „крајот на социјализмот“ и почетокот на навраќањето на демократијата, пазарната економија и граѓанското општество е карактеристичен по тоа што е присутна една голема критичка оценка, кај најголемиот дел од анкетираните, или кажано на поинаков начин, општеството се проценува со многу проблеми (во економијата, етничките односи, криминалитетот и сл.), а сопствената позиција, како „незадоволство од животот“, се сместува на „средината“, не оценувајќи ја ни како „многу добра“ ни како „многу лоша“.

Оваа позиција на „субјективната перцепција“ на општеството во кое се живее и на незадоволството од животот, може да биде интересна од повеќе аспекти: Психолошки, се работи за луѓе кои на прв поглед се задоволни, затоа што

живееат со убедување дека може да се најдат во уште потешка ситуација; социолошки, се уште се убедени дека живеат во „средина“, каде што е најкраток патот до оние кои се „горе“, но и од оние кои се „долу“ на социјалната скала.

Економски: реалниот живот постепено ги сместува таму каде што им е местото, а сепак не признаваат, дека најголемиот дел веќе припаѓаат „долу“ отколку на „средината“, или „горе“. Не можат да се помират (тоа се однесува за некои од истражуваните групи) со фактот, дека во минатото нивната позиција била повеќе од „добра“, во однос на сите испитувани компоненти кои го формираат „добриот“ живот! Најпосле, кога сето тоа ќе се посматра од аспект на „иднината“, за мнозинството таа е независна. За само неколку години „стабилниот свет“ на социјализмот се урна и луѓето почнуваат да се движат како по „тенок мраз“.

## ВЛАСТ И МОЌ НАД ДРУГИТЕ

Што значи стремежот за власт и моќ? Дали то може да биде предмет на истражување на начин, како што тоа ние го направивме? Пред да се обидеме да кажеме нешто повеќе за „власта и моќта“ во новонастанатата ситуација да ја претставиме структурата на одговорите. Од вкупниот број на испитаници, секој десети „многу“ се стреми кон „власт и моќ“ над другите луѓе. Не постои поголемо отстапување од просечните вредности кај испитуваните групи. Дали овој процент е голем или не? Одговорот е неможен и поради фактот што досега прашања од овој тип не биле поставувани.

Но, висината на процентот на оние кои се стремат „малку“, со 29,3 насто, говори нешто

повеќе за тоа, и заедно со оние кои се стремат „многу“ формираат прилично голем број, од околу 40 насто, колку што изнесува и бројот на оние што тоа не ги интересира, не сметајќи ги оние кои не се во состојба да го проценат сопственото интересирање.

Од структурата на одговорите кај сите социјални категории може да се констатира следното: стручњаците со ВСС се категорија која најмалку ја интересира моќта над другите, а работниците од матријалното производство, „не знаат“ дали се стремат. На прво место, „со малку“, се определиле студентите, а оние кои најмногу се стремат кон „власт и моќ“, се наоѓаат меѓу приватниците. И тоа нешто говори за „новото општество“!

Следната значајна особина на човекот е стремежот кон пари, богатство. Речиси секој петти испитаник изјавил дека кон тоа многу се стреми, а само 11 насто се изјасниле „ни малку“. Половина од сите испитаници стремежот за пари и богатство го оцениле со „малку“, нешто помеѓу „многу“ и „ни малку“, некоја „средина“. Интересна е категоријата на не безначаен процент (12,8) кои немаат расчистено со тоа дали стремежот кон пари кај нив е присутен. Дали ги имаат доволно, или се убедени дека никогаш нема да ги имаат е тешко да се претпостави.

Дали највисокиот процент на оние кои се стремат кон пари и богатство најмногу се јавува кај невработените поради фактот што се невработени, тешко може да се претпостави за точно, но останува сомневањето за тоа, што се можат да значат одговорите на така поставените прашања! Или, највисокиот процент кај вработените во приватниот сектор со „не знам“ може да се разбере, едноставно дека парите не се најважни за нивниот живот!

Да биде сликата уште „покомплетна“, меѓу нив се регистрирани и најголем процент од оние кои изјавиле дека „ни малку“ не се стремат кон

тоа! Би било невкусно претенциозно, врз основа на само овие податоци да се извлекуваат некои поопшти заклучоци. Постсоцијалистичкиот период во многу нешта ги измеша вредностите и аспирациите на луѓето. Она што некогаш беше „споредно“, постепено се претвора во „главно“ и обратно. Моќта, на пример, го менува средиштето на своето значење, власта се стекнува врз други основи, угледот се гради врз поинакви принципи од оние кои беа присутни во минатото.

Дали ако кажете дека се стремите повеќе кон творештвото, а не кон пари, или власт, тоа нешто повеќе говори за човекот како за човек? Во нашата анкета, само мал број не се стремат кон творештвото (13,2 насто), колку што изјавиле дека „не знаат“. Сите други, или се стремат по „малку“, или по „многу“. Но, сепак постојат оние кои се стремат најмногу, а тоа се новинарите, речиси 2/3 се стремат „многу“, 1/5 „малку“, а останатите десетина проценти или „не знаат“, или тоа воопшто не „ги интересира“.

Интересот за „творештво“ кај приватниците е најмал. Кај рутинските службеници, повеќе од 1/4 „ни малку“ не се заморуваат да бидат „творечки“ расположени. За секој случај, дали, на пример, е срамно да се каже дека се стремите кон пари и богатство повеќе отколку кон „творештво“? Сигурно „не“, ако творештвото носи и пари. Но, тоа секако дека не води кон сериозна интерпретација на податоците, но, за жал други и не се правени за нашите услови. Сепак, не е глупаво ако се каже дека творештвото е она кое во меѓувреме носи и богатство!

## ПОСТОИ ЛИ СПОКОЕН ЖИВОТ?

Најпосле стигнавме до клучното прашање, кое ако не ни ги разјасни пројавените дилеми,

сигурно е дека нема да произведе нови. „Дали се стремиме кон спокоен живот“? Најголемиот број, 80,8 насто, од сите анкетирани, многу се стремат, а најмногу стручњаците со ВСС, дури 85,9 насто, а одговорот на невработените, може да го сметаме за „несериозен“, дури 90 насто се изјасниле за тоа!

Содржината на поимот „спокоен живот“ ја формира секој испитаник посебно, секој му придава некое „свое“ значење. Сигурно е дека за новинарите и студентите тоа не значи исто. Одговорот на ова прашање е близок до оние вредности на квалитет на живот, кога се смета дека најважно во животот е да се има „хармоничен семеен живот“ (највисок процент на она што е „важно“ за испитаниците, речиси 90 насто)

Станува збор за една состојба од вредности, желби, потреби аспирации, очекувања, кои паралелно егзистираат, без меѓусебно да си противречат или соработуваат, или, да се јавува доминација на едни во однос на други. Враќањето кон семејниот мир и спокојство, се само психолошка одбрана од она што ги очекува луѓето во борбата за живот, каде победуваат најсилните и најмоќните! Долго време „обичните“ луѓе беа залажувани дека имаат власт и моќ, дека сѐ што се прави се прави за нивно добро!

Секако дека оваа анализа на би била комплетна ако не биде поткрепена со одговорите на прашањето: „Кога би имале можност да избираме, што би избрале, сигурност и спокојство или, промени или ризик“. Одговорот е засташувачки: 81,6 насто би избрале сигурност и спокојство, а не промени или ризик!

Одговорот на ова прашање може да се сфати само ако го доведеме во врска со она што се случи во општеството. Во суштина, изборот за „промени или ризик“, се случи со распаѓањето на социјализмот, како свесна „одлука“ на мнозинството. По неколку години, „спокојството и си-

гурноста“ се најпотребни нешта, но врз нови основи. Кога тоа ќе го поврземе со одговорите на прашањето за карактерот на промените (брзи и радикални промени), неразбирливо е каде ќе ги сместиме оние четириесетина проценти кои се изјаснија за, „промени и ризик“. Колкав дел од нив се наоѓаат во групата на „сигурност и спокојство“!

## МИСЛЕЊЕ ЗА СЕБЕ

Во овој дел, колку тоа и да изгледа неадекватно, се обидовме да ја „доловиме“ сликата на испитаниците за самите себе! За таа цел им беа поставени десетина прашања, на кои требаше да ја „претстават“ својата личност.

Ако човек знае што може, знае кој е, знае на кого му припаѓа, знае што ќе биде, знае каде го води животот, знае на што треба да се надева, знае да си објасни се што му се допаѓа, потоа, знае во какво општество живее, и на кого да се потпре во животот, и, најпосле, знае во што треба да верува, и ако во тоа е целосно убеден, или ве лаже, или е во прашање филозоф! Се чини, дека нашите испитаници повеќето се филозофски расположени.

Да појдеме од последното: Знам во што треба да верувам? Целосно се убедени околу 1/3 од вкупниот број, што заедно со „убеден сум“, формираат мнозинство од околу 2/3. Најбројни од оние кои не се убедени се стручњаците си ВСС и студентите, близу 1/5 од анкетираните во рамките на нивните групи. Секој петнаесетти од работниците не е убеден дека знае во што треба да верува.

На следното прашање: Знам на кого треба да се потпрам, не се убедени дека знаат близу 1/3 од стручњаците, колку што изнесува и бројот на

студентите. Бројот на работниците кои „не знаат“ на кого да се потпрат во животот, и оние кои се целосно убедени во тоа (по 1/3) се наоѓаат на прво место меѓу преставниците на осумте испитувани категории.

Прашањето за тоа, какво е општеството во кое живееме, односно неубеденоста во тоа, може да се интерпретира на повеќе начини. За нас е интересна категоријата на испитаници кои одговориле со „не знам“.

Ако направиме ранг-листа на одговорите, ќе забележиме дека меѓу работниците се јавува највисок процент, со 18,2 насто со „не знам“, потоа следат приватниците со 12,1 насто и новинарите и невработените со околу 8,5 насто. Околу 1/3 од испитаниците, или не се убедени, или не знаат во какво општество живеат. Но, тоа што секој од нив смета дека треба да знае, е сосема друго прашање.

Не постои „објективен критериум“ што треба да се знае за општеството во кое се живее! Секој човек што се надева, сигурно знае дека се надева во нешто добро за него. Голем е процентот на оние кои не се убедени дека знаат во што да се надеваат, а близу 1/5 од анкетираните одговориле со „не знам“. Ако ги исклучиме невработените, кои речиси 40 насто не се убедени дека знаат во што да се надеваат, во рамките на другите социјални категории, се издвојуваат новинарите и стручњаците со ВСС, со околу 1/3, а најмал процент на „неубедени“ се наоѓаат меѓу работниците со 1/5 од нивниот број.

Кога човек е убеден каде го води животот, тоа претпоставува барем две можности: или го води кон подобра иднина или во полошо. Меѓу новинарите и невработените е забележан највисок процент, речиси 50 насто од оние кои не се убедени дека знаат каде ги води животот.

Ако на тој број им го додадеме и процентот на оние кои одговориле со „не знам“, се добива

маса од околу 2/3, за кои животот протечува по некои непознати патеки. Најмногу се убедени работниците со 18,9 насто, а нај малку студентите со само 7 насто.

Кога некој ќе ви каже дека знае што ќе биде во иднина, тогаш би требало сосема да е уверен во неговите способности и да владее со сопствената судбина. Веројатно нашето прашање буквално е разбрано, а како инаку, на пример да се разбере неубеденоста на невработените во тоа што ќе биде со нив во иднина. Увереноста на студентите со скоро 70 насто е значително повеќе од невработените.

Меѓу работниците и приватниците е забележан највисок процент на оние кои „не знаат" што ќе бидат во иднина. Одговорот на прашањето: Знам на кого му припаѓам, може да биде повеќенасочно, и секој на свој начин да го разбира. Целосно во тоа се убедени работниците во администрацијата со 50 насто, наспроти приватниците со 38,4 насто.

Кога некого ќе го прашате дали знае: Кој е, и дали е убеден во тоа, сигурно го доведувате во незгодна ситуација. Прашањето не се однесува на нешто, сосема или приближно конкретно. Се мисли на тоа кој е воопшто во животот, што не значи дека и така е сфатено од испитаниците. Така, на пример, од вкупниот број на анкетирани студенти, 1/4 не се убедени дека знаат „кои се", 55,3 насто од администрацијата наполно се убедени во тоа, потоа, секој десети од приватниот сектор апстинирал од одговор, новинарите за кои се смета дека го разбрале прашањето 52,1 насто се наполно убедени, што заедно со оние кои се „само" убедени, формираат огромно мнозинство од над 90 насто.

На крај стигнавме до последното „филозофско" прашање, кое исто како и претходните не е соодветно за „статистичка" анализа. Дали секој човек знае што може? За 1/3 од работ-

ниците, вклучително и администрацијата, дилеми за тоа не постојат, во тоа целосно се убедени, што заедно со оние кои се „само“ убедени формираат огромно мнозинство од речиси 90 насто. На некој начин, со мали остапки, тоа се однесува за безмалку сите испитувани групи, освен кај студентите и невработените. Општ впечаток е дека луѓето се убедени во тоа што се можат да направат! Некои се сигурни во себе дека не можат ништо да направат.

Се чини дека пред себе имаме испитаници кои, општо земено, знаат да си ги објаснат работите, знаат кому му припаѓаат, знаат што можат да направат, но затоа помалку знаат на кого да се потпрат, не се многу убедени во какво општество живеат и во што да се надеваат, потоа, не се многу сигурни каде ги води животот и што ќе бидат во иднина.

Ако се обидеме да формираме еден „синтетички показател“ за испитаниците, за тоа како ја оценуваат положбата во државата, во однос на главните сфери; (не) задоволството од она што го работат и поседуваат, од животните услови, како и во однос на проблемите со кои се соочуваат (конфликти), потоа во сферата на нивните стремежи (кон што се стремат), тогаш, не сме далеку од вистината, ако кажеме дека доминира еден тип на човек кој себе си се сместил во „средината“, а во однос на она што го поседува, работи, но е изразито критичен спрема општеството во кое живее.

Вториот елемент на „синтетичкот показател“, кој произлегува од субјективната процена на општеството и условите за живот и работа произлегува од присуството на висок степен на традиционализам и страв од промени. Зачудува високиот процент на оние кои не се за промени, особено за брзи и радикални. Дали е тоа потсвесна желба, дали било која промена во себе крие уште поголема неизвесност, или е нешто друго во

прашање, овде не е место да расправаме, нити имаме доволно материјал за тоа.

Пред седум-осум години, средината на осумдесетите години, во едно истражување на јавното мнение, од една реномирана научно-истражувачка институција, се разбира, со многу повеќе пари и знаење, меѓу другото, предмет на истражувањето беа условите за остварување на целите, односно, на испитаниците им беше поставено прашањето: „Дали нашето општество вам Ви дава доволно погодности, односно дали имате доволно услови да ја остварите својата цел, односно идеал.“ Речиси 2/3 /две третини/ одговориле со „да“, во целост 18,9 насто со „не“. Тогаш, така беа убедени луѓето!

## МЕЃУ СОНОТ И ЈАВЕТО

Во животот на луѓето постојат нешта кои не се остварени, но се важни за нивниот живот, но, постојат и нешта кои се остварени, но не се важни. Во нашата анализа ќе се обидеме да го претставиме расчекорот меѓу „пожелното“ и „оствареното“. Но, претходно да објасниме неколку категории кои најмногу се употребуваат и за кои не постои голема согласност за тоа што се подразбира под нив, кога се употребуваат.

„Квалитетот на животот“ е поим со кој се служат најразлични категории на истражувачи. Во рамките на посебните дисциплини, тој се употребува во едно ограничено значење и се однесува само на еден аспект од човековиот живот.

Во литературата сè повеќе преовладува мислењето дека „квалитетот на живот“ е, пред сè, психолошка категорија. Имено, не произлегува автоматски од задоволувањето на некои основно потреби, „туку од комплексната психилошка стуктура на поеденците во интеракција со физичката и социјалната околина во која се живее“.

Суштината на „квалитетот на живот“ кај поединецот ја сочинува неговото доживување на задоволство, начинот на живот и неговиот тек, условите, можностити, перспективите и ограничувањата со кои се соочува секој посебно. Секој човек својот живот го проценува само врз основа на сопственото доживување и успешност на улогите што ги игра во општеството.

Без сомнение дека објективните фактори позитивно влијаат врз оценката на квалитетот на живот. Ниското животен стандарт, недостигот на граѓански права, загрозената сигурност, лошите економски услови, објективно предизвикуваат опаѓање на „квалитетот на живот“. Но, при еднакви објективни услови едни ќе мислат дека живеат квалитетен живот, а други спротивно, ќе сметаат дека живеат целосно безвреден живот!

Во нашето истражување тргнуваме од сознанието дека еден од најдобрите начини конкретно да се анализира „квалитетот на живот“ е да се испита степенот на (не) задоволството од она што луѓето го постигнале, и, она што се смета за „важно“ во нивниот живот, што треба да се оствари во иднина. Имено, една од целите во истажувањето беше да се согледа, од една страна, она што луѓето го реализирале во изминатиот период, а кое можеби и не било толку важно за нив, и она што во иднина ќе се обидат да го постигнат, од друга страна.

Ако се покаже дека не постои разлика меѓу „реалното“ и „пожелното“, тогаш се претпоставува дека индивидуалниот живот на човекот и објективните фактори кои го детерминираат, успешно се операционализирани, како задоволство од постигнатото во животот. Но, ако се појави голема разлика меѓу „постигнатото“ и „пожелното“, односно, ако голем дел од она што се остварува е „неважно“, и, обратно, тогаш имаме работа со општество, кое во голема мера „погрешно ги насочило активностите на луѓето. Дали „реалниот социјализам“ беше такво општество?

15°

## „КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ“

Во рамките на нашито истражување, квалитетот на живот, емпириски се издвојува од субјективната процена на важноста што испитаниците-поединци им ја препишуваат на одделни подрачја во нивниот живот и, од субјективната процена од степенот на „реализираност“. „Субјективната проценка“ е нужна, и се чини, и, може да се рече, и единствена во истражувањето, на оние состојби на квалитетот на живот, кои не можат квантитативно да се мерат.

За таа цел беа формирани 24 ставови-чес-тички од кои се формирани шест концепти на квалитеттот на живот, а во кои влегуваат следните шест основни компоненти и тоа: еколошка, сигурносна, општествената, политичка и културна. Нашата цел во анализата, пред сѐ, е да ги идентификува овие концепти на ниво на „реализираност“ и „важност“, што во голема мера ќе ја разоткриеме субјективната суштина на квали-тетот на живот.

16°

## ШТО ПОВЕЌЕ ПАРИ...

Да се има што повеќе приходи, зашто само така може да се задоволат сопствените потреби. Тоа е важно за 67,1 насто од сите испитаници. Само за 20,4 насто не е важно, другите не се во состојба да проценат дали е тоа важно. Но, кога ќе видиме колку тоа е остварено, тогаш се добива сосема друга претстава. Само 23,6 насто го остваруваат, а 53,0 насто не го остваруваат, за другите 23,6 насто што е за два пати поголемо од оние што не можат да проценат колку тоа им е важно.

Овие податоци се однесуваат за целината на испитуваната популација, и јасно може да се

види дека постои голема разлика меѓу „постигнатото“ и „пожелното“. Не е тешко да се констатира дека се работи за големо незадоволство од еден важен елемент, кој го формира квалитетот на живот, а тоа се приходите со кои располага едно семејство.

Ако оваа ситуација ја доведеме во врска со припадноста на социјалните групи, тогаш, се забележуваат големи отстапувања од просечните вредности. Во нашата анализа се задржуваме са-мо на резултатите на новинарите, работниците, стручњаците и приватниците.

Така на пример, процентот кај новинарите, на кои не им е важно да се има повеќе приход се движи околу просекот за целата популација, 22,2 насто, за работниците тоа не е важно само за 6,3 насто, за стручњаците одговорот е речиси трипати поголем од просекот, 63 насто, а за приватниците е 9 насто. Ако ги исклучиме оние што не се во состојба да ја проценат важноста на овој фактор во формирањето на квалитетот на живот, излегува дека за приватниците, со 86,4 насто, стручњаците со само 13 насто, работниците со 79,7 насто и новинарите со 66,7 насто меѓу себе многу се разликуваат. Колку тоа се остварува? Најмногу го остваруваат стручњаците (80 насто) потоа, следат новинарите (62 насто), па работниците со 44,4 насто и последни приватниците со 28,8 насто. Само во однос на ова прашање може да се согледа сложеноста на квалитетот на живот и проблемите со неговото истражување!

## ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА

Вториот став кој го формира концептот на „стандардот на живот“ се однесува на значењето на парите, како услов за поголемо задоволство-

о , животот. Ако претходниот став се ограничи с ıмо на задоволување на сопствените потреби, с э ставот, „да се има повеќе пари, зашто само т ака ќе бидам задоволен од животот“, во голема мера ја одредува „филизофската“ суштина на жи-ıотот.

И во однос на овој став, се јавуваат релативно големи разлики, меѓу оние кои сметтаат дека тоа им е „важно“, и тоа што го „отстваруваат“. Од вкупниот број на испитаници, за 30,8 насто парите не им се важни за да бидат задоволни од животот.

Во однос на овој став, ги земаме за анализа стучњаците, новинарите и работниците, што по наше мислење на најадекватен начин го илустрира сфаќањето на квалитетот на живот како психолошка категорија.

Ако за работниците од индустријата и услугите, во најголем број тоа им е важно (74 отсто), за стручњаците тоа е само за 5 насто, а за новинарите 49,3 насто. Само 12,9 насто од новинарите го остваруваат тоа реално (барем така се изјасниле), стручњаците во 75 насто, а работниците во 27,3 насто. Навистина интересни сознанија кои укажуваат на „субјективната страна“ на перцепцијата на квалитетот на живот.

## УБАВА, ГОЛЕМА КУЌА...

Третиот став: „Да се има убава и голема куќа“, повеќе говори за престижот кој е присутен кај одделени категории од населението, а помалку за состојбата на стандардот. Во овој случај, поголем е процентот на оние кои тоа го оствариле (30,4 насто), од оние кои тоа не им е важно (23,1 насто).

Ако ги компарираме одговорите на четирите групи, кои овде се земени за анализа, ќе

забележиме дека за приватниците, за разлика од другите три испитувани категории, значително е поголема разликата меѓу „важноста“и „остварeноста“ (31,8 насто е важно, 22,7 насто остварено). Кај стручњаците имаме една сосема спротивна ситуација: 92 насто го оствариле, а за само 25,3 осто тоа им е важно! Кај новинарите пак, се јавува друга ситуација: 76,7 насто изјавиле дека „не им е важно“, а 65,7 насто тоа не го остваруваат.

## МОЖНОСТИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ...

Четвртиот елемент се однесува на можноста за напредување во занимањето. Кога ќе се погледне просекот за сите испитаници, речиси 90 насто сметаат дека е тоа значајно, но, само нешто повеќе од 1/3 (37,8 насто) тоа го остваруваат, колку што и не го остваруваат, а 26,9 насто не знаат дали имаат таква можност.

Далеку над просекот на остварувањето на можноста за унапредување се раководителите (со 48,6 насто) и приватниците со 54,5 насто, а другите три категории за кои говориме во анализата, се наоѓаат околу просекот за целата истражувана популација. Интересно за новинарите е тоа што речиси 30 насто изјавиле дека не знаат дали имаат можност да напредуваат во својата работа. Податоците упатуваат на заклучокот дека концептот на материјален стандард, престиж и професионален успех, согледани низ субјективната проценка на „оствареност“ и „важност“, низ понудените четири ставови-честички укажува на релативно висок процент на неусогласеност на, од една страна, она што се „остварува“, а не е „важно“, и, она што е значајно, но не се „остварува“ од друга страна. Тоа за некои групи е значително поизразено. Интересно е да се ис-

такне што категоријата стручњаци со ВСС од стопанството и нестопанството, се издвојува од другите, во смисла на тоа што смета, дека реално остварува висок материјален стандард, но тоа според нивно мислење не е важно да се биде задоволен од животот!

## ВЕРСКА И НАЦИОНАЛНА ТОЛЕРАНЦИЈА

Во рамките на концептот на хуманитарно-политичките аспекти на квалитетот на живот, се понудени четири ставови, за кои се смета дека на најадекватен начин ќе ги разоткријат степенот на етничката и религиозна толерантност. И овој случај, како и во претходните, само врз основа на неколку ставови не ќе можеме да извлечеме „целосни" заклучоци. Но, мораме да се сложиме со тоа, дека, сепак, станува збор за интересни сознанија, и од кои произлегуваат повеќе прашања отколку што сме во состојба да понудиме адекватно одговори. Тоа упатува на фактот, дека се потребни натамошни истражувања.

## НОРМАЛНИ ОДНОСИ СО ДРУГИТЕ ВЕРИ И НАРОДИ

**Првиот став гласи:** „Да имам нормални односи со претставниците од други вери и народи", не упатува на „суштината на проблемот". Просечните вредности упатуваат на сознанието дека постои голема согласност меѓу она што е „важно" и она што се „остварува".

Имено, за 75,9 насто тоа е „важно", а за 60,6 насто тоа се „остварува". Најголеми отстапки од просечните вредности во однос на важ-

носта се јавува кај новинарите, за кои тоа е „важно“ за 84,9 насто од испитаниците што е за скоро 10 насто повеќе од просекот за целата популација, но, затоа, пак, за речиси 18 насто под просекот тоа не се „остварува“.

Меѓу новинарите и работниците, две од четирите групи кои конкретно се земени за анализа, е регистриран највисок процент, 27 насто од оние кои изјавиле дека „не знаат“, дали тоа го остваруваат. Само17 насто сметаат дека тоа не го „остваруваат“, а за 11 насто тоа не е „ни важно“, а пак, 12 осто не знаат дали е тоа важно!

Ако се суди само врз основа на овие податоци, (речиси 100 насто од анкетираните се македонци), тогаш за 2/3 од испитаниците постои висок степен на верска и етничка толеранција, дури и процентот на оние кои тоа им е важно да имаат нормални односи е поголем од „остварената“ блискост. Но, како што подоцна ќе видиме, кога ќе ги презентираме резултатите во однос на социјалната дистанца, кон конкретните етнички групи, тоа не се сложува целосно.

22°

## ДРУЖЕЊЕ СО ПРИПАДНИЦИ ОД ДРУГИ НАЦИОНАЛНОСТИ

**Вториот став** - честичка веќе упатува на по непосреден однос: „Да се дружиш со припадници од други националности, иако се спротивни со уверувањето на својата средина“, просечните вредности во кои влегуваат сите испитаници, упатуваат на сознанието дека е значително поголем бројот на оние на кои тоа им е „важно“ (56,7 насто“) отколку што тоа го „остваруваат“, (39,4 насто). Потоа, зачуденост предизвикува големината на процентот на оние што „не знаат“дали тоа го остваруваат (34,0 насто), во однос на оние кои „не знаат“ дали тоа им е „важно“ (22,5 насто).

Поголеми отстапки од просечните вредности од четирите категории се забележуваат кај приватниците, кај кои речиси половина остваруваат такви контакти (дружење со припадници од други националности) и кај новинарите, кои со 43,1 насто одговориле со „не знаам“.

## ЗАКОНОТ ГИ ШТИТИ СИТЕ

**Третиот став:** „Да се живее во држава каде законот ги штити сите подеднакво,без разлика на нивната положба и место во општеството“, говори за човековите права и слободи и за правната држава, онака како што ја доживуваат нашите испитаници. Просечната вредност за „важно ми е „за сите социјални категории, изнесува 77,9 отсто, 18,3 насто „не знаат“ дали тоа им е „значајно“ во животот, а само 3,6 насто го сметаат за „неважно“. Ако овие вредности ги споредиме со одговорите за тоа колку тоа се остварува, испитаниците речиси „идеално“ се поделени на три групи: 35,5 насто не „го остваруваат“, 36 насто „не знаат“ и 28,4 насто „го остваруваат“, односно сметаат дека живеат во држава каде што законот го штити сите подеднакво, без разлика на нивната пложба и место во општеството.

Најинтересна социјална категорија се стручњаците со ВСС, кои со „незнам“ се изјасниле со 95,9 насто, а 33,3 насто во однос на тоа, дали реално го остваруваат се слични со просекот на другите испитаници. Новинарите во 88,9 насто сметаат дека тоа им е „важно“, а само 15,5 насто го „остваруваат“, односно живеат во држава каде што Законот ги штити подеднакво. Се чини дека кај испитаниците е присутно силно развиено чуство за толеранција во однос на другите националности, особено потребата да се има „нормални“ односи со претставниците на други вери и

народи. Потоа, чувството за правда и праведност, „да се живее во држава каде законот ги штити сите подеднакво", и најпосле воспоставување на непосредни контакти со припадници од други национални групи.

## РАБОТИТЕ ДА СИ ОДАТ ПО СВОЈ ПАТ

За традиционалниот концепт на квалитет на живот, најчесто, се поврзуваат семејните односи, верувањето во Бога и избегнувањето судири со околината.

Судејќи според просечните вредности, за сите испитаници, во однос на тоа, „колку е важно", да се има хармоничен семеен живот, зашто тоа е најдобро, се наоѓа на прво место со 90,6 насто од вкупниот број, а само 4,5 насто се изјасниле дека „не им е важно". Потоа, за 73,9 насто им е важно; „Да се избегнуваат судирите со околината, а за 24,6 насто „важно" им е „да веруваат во божји закони и да живеат според нив".

Пред да ги претставиме конкретните одговори на четирите групи, да видиме како тоа се остварува. Во најмал процент се отстварува животот според божјите закони (20,6 насто), потоа со 45,1 насто се живее живот кој ги избегнува судирите со околината, и најпосле, со 62,1 насто од вкупниот број испитаници сметаат дека остваруваат „хармоничен семеен живот".

Најголемо отстапување од просечните вредности во однос на „го остварувам" се јавува кај приватниците за скоро 10 насто повеќе од просекот и кај новинарите, исто така, за 10 насто, но под просекот остваруваат „хармоничен семеен живот". Кај новинарите интересно е тоа, што повеќе од 1/3 не знаат дали остваруваат „хармоничен семеен живот". Иако е од новинарите, но е претерано!. Нешто слично се јавува и во однос на

избегнувањето на судирите со околината во одговорот „не знам“.

Кога ќе ги споредуваме податоците за „важноста“ и „оствареноста“ на религијата како најважна компонента се јавува семејниот живот, а избегнувањето на судирите е некаде во средината. Традиционалните вредности на животот не се исцрпуваат со овие неколку компоненти, но, тие се сметаат за најзначајни. Интересно е во оваа прилика да се потенцира местото и улогата што го добива религијата. Секако дека процентот од 1/4 за оние кои сметаат дека таа им е важна, не е висок процент, но, зачудува големиот процент на оние кои не се во состојба да ја проценат нејзината важност, особено кај стручњаците и новинарите со околу 30 насто. За целосни одговори се потребни продлабочени истражувања.

## СВРТЕНОСТ КОН ЛУЃЕТО

Квалитетот на живот може да се анализира и од аспект на значењето што еден човек им го дава на контактите со други луѓе, било да станува збор за забава или разонода, или за воспоставување блиски соседски односи, односно во трошење на времето во дружење со пријателите, соседите или колегите.

Во овој дел ги вклучуваме и одговорите во однос на ставот „Да се работи нешто што е интересно, без разлика колку е платено, тешко и ризично“, што во голема мера ни овозможува да ја комплетираме претставата за тоа, колку испитаници се ориентирани кон другите луѓе, или, во користењето на времето, за она од што секогаш се нема материјална корист.

**Првиот став,** кој упатува на „ориетација кон луѓето“, токму се однесува на тоа: „Лично да ги познавам луѓето од моето соседство, зашто со

уживање го поминувам слободното време во дружење со нив“.

Се чини кога се има предвид целокупната популација, дека најпосле, за нешто постои идеална согласност, меѓу она што е „важно“ и она што е „остварено“, 58,1 насто им е „важно“ на испитаниците, а 56,8 насто го „остваруваат“. Најголемо отстапување од овие средни вредности се јавува кај новинарите и стручњаците, со изразито помали вредности од средните, (41,1 отсто) кај новинарите, кои изјавиле дека не им е важно, и 42 насто кај стручњаците, а нешто поголем процент се јавува кај работниците 63,6 отсто и приватниците 68,2 насто.

Но, колку тоа се остварува? За новинарите речиси 50 насто тоа не им е „важно“, а 46,5 насто не го „остваруваат“, што, да претпоставиме дека најголем дел од овие две групи сочинуваат исти испитаници. Може да биде интересна уште една хипотеза: нешто да не е важно, а да се остварува? Нашата анализа не се базира на статистичката обработка, која ги селектира одделните одговори. Но, и ова е доволно за да укажеме на сложеноста на проблемите. За стручњаците, на пример, ситуацијата со соседството е уште понеповолна. За нив тоа е важно во 42 насто, но ги остваруваат во 72 насто, што секако има големо значење во формирањето на незадоволството од отстварувањето на соседските односи.

Ситуацијата кај работниците е сосема поинаква. Кај нив постои поголема убеденост за „важноста“ на оваа компонента (соседство) отколку што таа реално се остварува.

## ВРЕМЕ ПОМИНАТО СО ПРИЈАТЕЛИ

**Вториот став** во однос на содржината е сличен со првиот, но, се однесува на пријателите.

„Да го трошиш времето во дружење и излегување со пријателите“. Ако ја споредиме „важноста“ на оваа компонента со претходната, ќе забележиме дека значително повеќе му се дава вредност на пријателството во животот на човекот и таа е нешто повеќе остварена.

## ИНТЕРЕСНА РАБОТА, БЕЗ РАЗЛИКА КОЛКУ Е ПЛАТЕНА

**Третиот став:** „Да се работи нешто интересно, без разлика колку е платено, тешко и ризично“, за 50 насто од испитаниците е „остварено“, а 64 насто го сметаат за „важно“. Од испитуваните групи, работниците со 34,2 насто се на прво место по тоа што не го „остваруваат“, новинарите се на прво место по тоа што им „е важно“, а пак приватниците по тоа што го „остваруваат“.

Навистина сложена ситуација. Уште повеќе од тоа: Кај работниците и новинарите е еднаков процентот на оние кои „не знаат“дали тоа го „остваруваат“ (речиси секој трети). Колку и какво значење во себе кријат зборовите „тешко“, „ризично“, „интересно“, веројатно нема да згрешиме ако кажеме, дека секој испитаник му придава по нешто „свое“. Но, фактот што се јавуваат значајни разлики меѓу испитуваните социјални категории, сепак, значењето на тие зборови е слично меѓу припадниците на една категорија население.

## ПОЛИТИЧКО ДОКАЖУВАЊЕ

Нашата анализа во однос на компонентите што го формираат квалитетот на живот, како субјективна оценка на степенот на остварување на одделни испитувани аспекти и како процена на важноста на одделни подрачја од животот, во

анализата на концептот на политичкото докажување ќе го илустрираме со два става-компоненти, и тоа: „Да се има можност јавно да се изнесува своето мислење“, и вториот став: „Целосно да се посветиш на дејствување во согласност со сопственото политичко убедување“. Првата компонента упатува на еден многу сложен систем на односи во политичкиот живот. Можноста јавно да се изнесува сопственото мислење, без сомнение, за најголем дел 88,5 насто, со мали разлики им е важна на нашите испитаници.

Но, во однос на сите анализирани компоненти, во сите овде наведени концепти, тоа е нешто што во најмал процент се остварува, само 33,7 насто. Всушност, во однос на тоа се формирани три еднакви групи: едни, како што претходно истакнавме, кои го остваруваат, а другите две, речиси со подеднаков процент или не знаат, или не го остваруваат.

Највисокиот процент од оние што мислат дека немаат можност јавно да го изнесат нивното мислење, се наоѓа во групата на стопански раководители (41,4 насто од вкупниот број). Најголемиот процент од оние кои не знаат се наоѓа меѓу студентите (41,9 насто), а најголем број кој тоа го остваруваат се наоѓа меѓу приватниците, со 48,5 насто! Новинарите, работниците и стручњаците се движат околу просечните вредности, со таа разлика, што кај новинарите се јавува нешто поголема група од оние кои не знаат, односно не можат да го определат и проценат своето влијание (38,9 насто), за разлика од приватниците, на пример, кај кои тој процент е само 24,2 насто!

29°

## ПОЛИТИЧКОТО УБЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ

**Вториот став:** „Целосно да се посветиш на дејствување во согласност со сопственото по-

литичко уверување", директно упатува на политичкиот активизам и докажување во политиката.

Нашата намера не е да ги потенцираме сите разлики, кои очигледно постојат меѓу испитуваните групи. И во оваа прилика се потврдува сфаќањето за „квалитетот на живот" само како психолошка категорија. Поединецот го проценува сопствениот квалитет на живот врз основа на доживувањата на успехот на своите различни животни улоги, во конкретниов случај, да игра активна политичка улога. За разлика од структурата на одговорите на претходниот став, за „важноста" на овој став се изјасниле 40,5 насто, а за тоа дека не им е „важно" 37,5 насто. Другите одговориле со „не знам", односно не се во состојба да го проценат неговото значење. Интересно е да се истакне, дека меѓу сите осум испитувани социјални категории, студентите со 48,8 насто се на прво место со одговорот „не ми е важно", а раководителите со 60,8 насто „важно ми е".

Иако студентите беа заобиколени во нашата анализа, сепак, во оваа прилика не можевме да ги избегнеме. Имено, зачудува нивниот однос спрема политичкиот ангажман. Не ми е познато ниедно истражување од поблиското минато да можеме да извршиме компарација, но, фактот што за половината "не им е важно", за скоро 1/4 да не можат да проценат, дали тоа „им е важно", а 1/3 да „не знаат" дали го „остваруваат", а само 14,9 насто да сметаат дека го остваруваат, говори нешто „суштински" за студенската популација на Скопскиот Универзитет.

Најинтересна категорија се приватниците. Имено, кај нив се јавува највисокиот процент на оние кои сметаат, дека се посветени на реализација на сопственото политичко убедување, 37,9 насто, за разлика од работниците, кај кои тој изнесува само 17,6 насто и стручњаците со 20,8 насто. Кај стручњаците се јавува и највисок процент на оние кои сметаат за „важно" да се деј-

ствува во согласност со политичкото убедување, со 44,3 насто.

## КАПЕЊЕ ВО НЕЗАГАДЕНА РЕКА

Последниот концепт, од вкупно шест колку што успеавме да идентификуваме кај нашите испитаници, се однесува на еколошката компонента на квалитетот на животот.

Еколошкиот концепт на живот го сочинуваат компоненти кои произлегуваат од оние содржини на животот кои директно, или индиректно упатуваат на живот во незагадена средина (да се поминува време во природа, да се капи во незагадена река), потоа да се консумира храна без хемикалии, и да се живее во место каде предност се дава на зелени површини, а не на изградба на паркиралишта, патишта, населби, да се живее подалеку од центарот на градот и да се избегнуваат сите штетни работи како што се пушењето, пиењето алкохол и сл.

## ВРЕМЕ ВО ПРИРОДА...

Присуството на еколошката компонента на квалитет на живот ќе го преставиме низ шест ставови-честички, кои директно упатуваат на значењето што испитаниците им го припишуваат и во исто време и ги остваруваат.

**Првиот став:** „Што почесто да поминувам во природа, зашто само на чист воздух човекот може целосно да закрепне“, подразбира една состојба во која човекот без разлика што работи и каде живее посакува незагадена природа.

Просечната вредност за сите испитаници, во однос на „важноста“ е 80 насто, а просечната вредност на степенот на „оствареност“ е само 37,6 насто. Ако е недвосмислено дека на тоа најголем дел од испитаниците му придаваат важност, загрижува малиот процент на оствареност, а што е уште поинтересно, секој петти не знае дали тоа го остварува! Најголем процент меѓу оние кои не го остваруваат се наоѓа меѓу новинарите.

„Да се капам во незагадена река“ Важноста на оваа компонента за испитаниците е голема, за речиси 2/3 од испитаниците тоа им е важно, но само 28 насто тоа го остваруваат. Големо прашање е колку во Македонија има незагадена река каде што човекот може да се искапе!

Следните две компоненти упатуваат на „квалитетот на животот“ во смисла на „здрава храна“ и „здрав живот“. Денес е навистина тешко да се претпостави колку се јаде здрава храна, но важноста што оваа компонента ја има за испитаниците е навистина голема. Повеќе од 2/3 од испитаниците сметаат дека тоа им е важно, но помалку од 1/3 тоа го остваруваат, а 50 насто не го остваруваат. Изненадува големиот процент на оние кои не знаат дали навистина се хранат „здраво“. Кај сите испитани групи не се јавуваат значајни отстапувања, освен кај новинарите кои сметаат дека тоа не го остваруваат во 70 насто случаи, а само 10 насто одговориле потврдно.

**Вториот став:** Строго да ги одбегнувам сите штетни работи (алкохол, цигари) го потенцира значењето на индивидуалните склоности за „здрав живот“.

Во структурата на компонентите кои го формираат „квалитетот на живот“, а кои се „најпсихилошки“, но во исто време и „најобјективни“, секако дека претставува пушењето и пиењето на алкохол. Од резултатите на истражувањето, мо-

же да се заклучи, дека кај оваа компонента најмногу се јавува разлика меѓу „важноста“ и „остареноста“, 67,5 насто е „важно ми е“ спрема, 43,9 насто „го остварувам“. Како и кај другите компоненти, во рамките на сите шест концепти на квалитет на живот е непознато, дали, на пример, во овој случај, од оние 18,8 насто кои изјавиле дека не им „е важно“, се наоѓа и значаен процент од оние кои тоа „не го остваруваат“ и поради тоа „не им е важно“! Сепак, процентот од 43,9 насто од оние што консумираат алкохол и пушат е релативно висок и во голема мера го урива квалитетот на живот.

**И најпосле**, оваа група на компоненти од кои обично е формиран еколошкиот концепт се однесува на субјективната процена на степенот на „оствареност“ и „важност“ за живот во место (населба) каде што првенство им се дава на зелените површини, а не на патишта, паркиралишта или градба на куќи, и, да се живее во место (населба) каде што е чист воздухот, па макар тоа и да е подалеку од центарот на градот.

И во однос на овие два става не постои голема разлика меѓу испитанците спрема „важноста“ или „оствареноста“ за 76,4 насто „е важно“ да се живее во место каде се дава првенство на зелените површини, а 70,1 насто пак „им е важно“ да се живее во крај со чист воздух, без оглед дали е тоа подалеку од центарот на градот.

## ИДЕАЛ: СЕМЕЈНА ХАРМОНИЈА И ЈАВНО КАЖАН ЗБОР

Пред да се обидеме да формулираме неколку поопшти заклучоци, би било пожелно да се укаже на некои моменти кои се во функција и ја надополнуваат направената анализа.

Пред сè, овде не станува збор за „објективни“ критериуми врз кои се базира анализата, туку,

субјективна процена на она што се смета за „важно“, „значајно“ или „пожелно“ во животот на еден човек, и, она што се смета за „остварено“ и „реализирано“ во реалниот живот.

Овде значи не се говори за тоа колку тоа соодвествува реално на просекот на животниот стандард објективно измерен, или, пак, на можноста за реално остварување, на пример, на „слободата на говорот“, или, пак, „количеството на консумирање на алкохол“.

Нашето истражување покажа дека се јавува голема разлика меѓу оствареното и посакуваното. Прашањето, што го поставивме и на кое немаме одговор произлегива од тој факт. Имено, дали од тој факт може да се констатира дека постои висок степен на незадоволство од животот. Постои висок процент на она на кое му се дава голема важност, но не се остварува, или обратно!

Од анализата на добиените резултати од анкетното истражување може да се заклучи, дека речиси сите претпоставени компоненти се сметаат за значајни во перцепцијата на квалитетот на животот, но, сепак, неколку се најзначајни, а тоа се: хармоничниот семеен живот со 90,6 насто, можноста јавно да се изнесува личното мислење без опасност за сопствената слобода, со 88,5 насто, и да се живее во земја во која луѓето од различни националности, вери и раси имаат еднаква можност, со 79,1 насто, и најпосле, почесто да се „поминува во природа“, зашто само на чист воздух човек може целосно да закрепне, со 79.9 насто.

Ако се обидеме да формираме „идеален тип на човек“, кој целосно би бил задоволен од животот, тогаш него можеме да го замислиме (односно кој произлегува од нашето истражување), како живее во хармонично семејство, политички ги ужива сите права и слободи, има сигурна работа и живее во незагадена средина. Тоа не значи дека и тогаш сите ќе бидат задоволни, затоа што,

на пример, не постои објективен критериум кој ги определува границите на слободата, или хармонијата во семејството.

## ОДНОСОТ КОН РАБОТАТА

Во социјализмот за трудот беше искажано и испеано најубавото и најдоброто што може да се каже!

Со право се смета дека работата има посебно место и значење во настанувањето на човекот. Хегел, во неговата приказна за господарот и слугата, сакал да покаже дека трудот не е каква било активност на човекот, туку основен начин на неговото постоење. Маркс говори за генеричката суштин на човекот, која или се реализира во трудот или се отуѓува. Фридман го поставува прашањето: Каде оди човековиот труд? Со трудот човекот ја освоил природата, ја покорил надворешната стварност и станал господар на земјата. Трудот е напор, мака, казна, проклетсво, занимање, задоволство, успех, навика. Во него се соединети многу особини. Тој служи како средство за богатење, го подига личното чувство на вредност, тој е активност која служи за да се избегне тегобноста, но и начин човекот да биде креативен, да го изрази својот талент, да ја ослободи енергијата, да заборави на грижите. Најголемо зло е да се биде невработен! Тоа значи да се биде граѓанин од втор ред. Помало зло е да се работи нешто што се мрази од дното на душата, но и да се ужива во монотонијата на работата.

Некои сметаат дека трудот во модерната цивилизација не ја развива личноста. За да се објасни тоа е потрошен многу труд! Најпосле да кажеме нешто и за продуктивноста на трудот. Во социјализмот беше барем неколку пати пониска од онаа во капитализмот, но тоа, се чини, денес е

застарена тема на разговор! Многу довчерашни социјалистички земји се во транзиција, и веројатно за кратко време еден меѓу првите проблеми што ќе мора да се решава, ќе биде зголемувањето на продуктивноста на трудот.

Нашата цел не е насочена кон сеопфатна анализа на сѐ она што се подразбира и припаѓа во сферата на „вредностите на трудот". За жал, кај нас такви истражувања немало, и по некоја логика на „едноумната политика", некои нешта како сами по себе да се подразбираа. Социолозите беа повеќе сеирџии, а помалку аналитичари на „светот на трудот". Говорот за отуѓувањето беше премногу идеологизиран и од него не остана практично ништо.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА ТРУДОТ

Трудот можеме да го посматраме во рамките на тн. инструментално значење што го има (тој е само средство за постигање на други цели) и во рамките на т.н. експресивно значење (како искуство кое збогатува и го развива човекот). Но, не било пожелно тој да се посматра во симплифицирана форма, или дека е едно, или е нешто друго.

Анализата што следи во натамошниот дел од нашето излагање нема амбиција ни приближно трудот да го посматра во неговата сложеност. Овде станува збор само за „субјективната процена" на „важноста" на одделни аспекти (за кои сметавме дека се суштински) поврзани со трудот (работа, организација и сл.), и степенот на „остварена".

Во анализата си поставивме за цел да ја согледаме и споредиме хиерархијата на прифатените работни вредности во целина и во рамките на истражуваните социјални категории. Во анализата ќе стане збор и за присутните разлики меѓу „оствареното " и „пожелното".

Најпосле, една од основните цели, која е поставена уште на почетокот на истражувањето е, се разбира, колку тоа го дозволуваат резултатите од истражувањето, да идентификуваме некои од елементите кои упатуваат на системот на пазарната економија (на пример, важноста на некои елементи).

## ЦЕНЕТ ТРУД

Во општеството некои професии се повеќе, а некои помалку ценети. Зошто е тоа така во оваа прилика е надвор од нашиот интерес. Нашиот интерес е насочен кон два аспекта: колку е „важно“ да се има работа, која е ценета во општеството, и колку е тоа „остварено“ во реалниот живот.

Ако судиме според просечните вредности на одговорите, присутна е изразито висока разлика меѓу „важноста“ и „остварeноста“. За речиси 2/3 од сите испитаници значајно е да се има работа која е на цена, а само 1/5 тоа го остваруваат, исто колку што не знаат дали и го остваруваат. Другите изјавиле дека тоа не го остваруваат (56,7 насто).

Се разбира, кој друг ако не новинарите се тие кои се најмногу убедени, дека работат работа која е најмногу ценета во општеството. Наспроти нив се стручњаците кои сметаат дека нивната работа е најмалку ценета, со само 17,7 насто, што е за три пати помалку од новинарите! За администрацијата тоа, можеби е и разбирливо, секој трет да смета дека тоа воопшто не му е важно, но за раководителите со речиси еднаков процент, делува малку зачудувачки! Веројатно на едните им е сеедно што работат, а вторите и така имаат работа која се цени, а тоа не им е важно! Но, ако секој десети не знае дали е тоа важно, а секој шести тоа го остварува, сепак, нешто не е

во ред со системот во кој се живее! Во некои претпријатија каде се вршеше истражувањето, навистина раководните кадри така и се чувствуваат, оставени сами на себе во тешки финансиски проблеми.

## РЕД И ДИСЦИПЛИНА

Што се подразбира под ред и дисциплина, не е тешко да се претпостави, но, тоа што е важно за речиси 90 насто од испитаниците, тоа е малку чудно. Повеќе чудење предизвикува процентот од само 1/3 од оние кои сметаат дека тоа го остваруваат, 43,3 насто не го остваруваат, а 19,6 насто едноставно не знаат.

Речиси 100 насто за раководителите е значајно, а за над 50 насто за приватниците е остварено. Новинарите се последни на ранг листата на „оствареното", но, меѓу нив има најголем процент на оние кои тоа не им е важно, или не знаат дека им е важно! Повеќе од 1/5 или не знаат, или, не им е важно, или пак не знаат дали го остваруваат? Дисциплината во новинарството асоцира на нешто непријатно!

Зошто луѓето ги посакуваат „редот и дисциплината", тешко е да се претпостави, во ситуација кога не сме начисто што е тоа, и која е неговата функција во продуктивноста на трудот. Но, дали е тешко да се воведе ред и дисциплина? Сигурно дека е, во услови кога економијата е во длабока криза.

## УСОВРШУВАЊЕ НИЗ РАБОТА

Дали има и такви кои не сакаат работа која значи усовршување? Има, но статистички тоа е без значајно, а голем процент се јавува кај оние

кои не ја практикуваат, дури 46 насто од вкупниот број анкетирани. Ако ги исклучиме оние кои не знаат дали таква работа извршуваат (1/5), останува само 1/3 кои се убедени во тоа. И во овој случај новинарите се тие кои се наоѓаат на прво место, додуша заедно со приватниците се тие кои сметаат дека работат нешто што води во усовршување(со близу 50 насто). За рутинските службеници не нѐ чуди нискиот процент на оние кои за себе сметаат дека вршат работа која усовршува, само 1/4, иако повеќе од 80 насто сметаат дека тоа им е важно!

Сигурноста на работното место беше едно од најголемите „придобивки“ на социјализмот. Ако оваа прашање било поставено само десетина години порано, би предизвикало чудење и смеа! Во нашиот случај останаа „важноста“ и „пожелноста“, но не и оствареноста на сигурноста на работното место. Повеќе од 90 насто тоа им е важно, а само за неполни 40 насто тоа е остварено. Дека околностите се изменети говори и фактот што речиси 1/4 од раководителите не се убедени во сигурноста на нивното работно место, што е помал процент од работниците (околу 1/3), но сепак е висок за луѓе кои нешто значеле и значат во фирмите каде работат. Интересни се новинарите во тој поглед. Тоа што им е важно е во ред, но тоа што по 1/3 не го остваруваат и не знаат е сепак, прашање за дискусија. Неразбирливи некои времиња!

## ГОЛЕМА ФИРМА И ПЛАТЕНА РАБОТА

Веројатно мнозинство од нашите испитаници, од оние 34,6 насто кои работат во големи организации не можат себеси да си опростат зошто имале голема желба да се вработат и се вработиле во големи фирми. Ако седумдесеттите

години ги прашавте луѓето каде со задоволство би работеле, малкумина не би ги посакале големите фирми. Но, денес за тоа се изјасниле само 27,9 насто, а за 60,8 насто тоа не е важно. За работниците тоа е некако разбирливо зашто се уште распаѓањето на големите фирми е незамисливо и веројатно ќе потрае подолго. Но, за новинарите и стручњаците ситуацијата е нешто друго. Скоро 80 насто од стручњаците тоа го сметаат за неважно, за разлика од работниците кај кои тој процент е двојно помал.

## ТРУДОТ-ПРЕДИЗВИК

Трудот може да има повеќе инструментално значење отколку експресивно и претставува еден вид предизвик за човекот. За нашите испитаници важна е пред сè, добро платената работа (безмалку 90 насто), но остварена е за само за 1/5 од испитаниците. Речиси 2/3 тоа не го остваруваат другите се воздржале од одговор, што е навистина висок процент. Едно време кога сите одеа на работа луѓето со иронија го коментираа својот однос према работата: не постои некој кој може да плати колку што може да не се работи. Денес, еден вид „иронија на иронијата" би гласела отприлика вака: сè помалку има некој кој може малку да плати колку што може многу да се работи! Секако дека иронијата не е категорија со која нешто можете да објасните, но во неа има дел од горчливата вистина.

## МИРНА И ЛЕСНА РАБОТА

Штом ќе се спомне „мирна и вообичаена работа" и згора на тоа, без напор, веднаш се помислува на администрацијата. И навистина тоа

го потврдува нашето истражување: 62,2 насто го остваруваат и нешто повеќе (67,6 насто) тоа го посакуваат со што, се наоѓаат на прво место, што е нешто спротивно од новинарите, кај кои 2/3 мирната и вообичаена работа ја сметаат за воопшто не важна, а само 24,3 насто таа реално ја остваруваат. Ако судиме според разликите на одговорите на овие две категории, можеме да констатираме, дека испитаниците „одлично" ги разбираат нашите прашања. Но, сепак останува отворено прашањето, дали кога ќе се каже „мирна и вообичаена работа" е блиску до нешто „досадно и рутинско". Итересно е прашањето дали големиот број од оние кои сметаат дека работат нешто што не бара голем напор тоа и го прават. На пример, кај администрацијата, повеќе од половина тоа го остваруваат (53,3 насто), но, затоа пак за десетина проценти помалку тоа не им е важно. Субјективната процена за тоа што претставува напор може да биде различна и во рамките на една категорија. На пример, за новинарите: 38,9 насто работат нешто што не бара голем напор а 40,3 насто работат со голем напор. Сите се новинари и работат една иста работа.

## ТВОРЕЧКИОТ ТРУД

Ако се сложиме со тоа дека секоја работа содржи по нешто творечко, тогаш ќе ни бидат поразбирливи резултатите добиени со истражувањето. За 73,7 насто од испитаниците е многу важно да се извршуна некоја творечка работа, а само за 35 насто тоа е реалност. И во овој случај новинарите и по важноста и по оствареноста се наоѓаат пред другите испитувани категории. Административните работници, со само 20,3 насто се на последно место од оние кои тоа го остваруваат. Интересен е одговорот на раководители-

те. Кај нив, само 43,1 насто сметаат дека нивната работа носи печат на творечка, 37,5 насто тоа не го остваруваат, што би било во ред, да не се оние 1/5 кои не знаат дали тоа го остваруваат! Слично е и со стручњаците. Кај нив, за разлика од раководителите, 14,1 насто не им е важно, што и не е така мал процент.

## КОЈ Е ШЕФ?

Ако постои нешто во кое „идеално" се поклонуваат „важното и оствареното" тогаш тоа се сигурно одговорите на прашањето: „Да работам во организација каде не се знае кој е шеф". За речиси половина од испитаниците, тоа не е важно, исто колку што тоа и го остваруваат. Не знаеме дали се тоа истите испитаници, или, во оние што тоа не им е важно има и по некој процент од оние кои тоа го остваруваат.

Можеби најинтересна група со оние кои „не знаат" дали работат во организација каде не се знае кој е шеф. А тие се повеќе од 1/4, а најголем процент над просекот се јавуват кај новинарите (35,3 насто) и работниците (31,1 насто). Потоа интересна е структурата на одговорите кај раководителите. Нормално е тоа за нив да не е важно, зашто тие се и шефови, но проблематичен е процентот од скоро 1/4, кои сметаат дека тоа го остваруваат или со оние 22,5 насто, кои не знаат дали работат во организација каде не се знае кој е шефот! Веројатно во самите себе си не се убедени дека се баш и некои шефови, или, пак другите така ги доживуваат, што е блиску до вистината. Работниците со 21,7 насто „остварено" и 30 отсто кои „не знаат", само го надополнуваат она што предходно веќе беше констатирано за раководителите.

## ДА СЕ БИДЕ АКЦИОНЕР, ДА СЕ ИМА СВОЈА ФИРМА...

Кога би знаеле колкав е процентот од оние 21,5 насто што им е важно да работат во приватно претпријатие, а во исто време тоа да не го остваруваат, тогаш ќе бидеме во состојба да ја одгатнеме мистеријата за приватните претпријатија, за тоа колку е важно да се има приватно претпријатие? Овде нас не нè интересира кој тоа колку го остварува, иако во текот на истражувањето се јави еден проблем, односно, една не многу голема група, која во исто време работи во општествено претпријатие и има основано или работи во приватно претпријатие.

Тоа (средината на 1993 г.) беше во мода и тоа „негативно“ се одрази во одговорите, едноставно еден дел од испитаниците одговараа како „газди“ на фирми, но каде најчесто сè се сведуваше на некоја продавничка или некој ситен бизнис кој нема ништо заедничко со „државното“, но не е нешто многу значајно ни за „приватното“. Дали 21,5 насто од вкупниот број на испитаници, за кои тоа им е важно ќе го сметаме за значаен процент или не, тоа не е тешко да се определи. Фактот што 60 насто сметаат дека не им е важно да се работи во приватно претпријатие веќе нешто „крупно“ и говори.

Имено, ако тргнеме од одговорот на приватниците, и нивниот процент од 21,2 насто од оние на кои тоа не им е важно и 68,2 насто, дека тоа им е важно, тогаш, се чини, дека некои состојби на „остварено“ и „пожелно“ во голема мера се поклопуваат. Во нашиот случај „важноста“ се приближува до „пожелноста“, со што станува јасно дека голем дел од испитуваната популација „приватното“ не го смета за „идеално“, каде што треба да се работи. Еден дел од фирмите каде што беше извршено истражувањето беа и со ме-

шовит капитал, а со тоа се објаснува и го-лемината на оние кои не знаат каде работат, дали во приватни или во државни претпријатија. Еден дел, 10 насто, се изјаснуваа и како приватници. Но, тоа не ја наруши општата претстава и многу не влијае на структурата на одговорите.

Дали 51,1 насто од вкупниот број на испитаници за кои е значајно да работат во приватно претпријатие, ќе го земеме за голем број, или не, не е толку интересно ако не ги имаме предвид одговорите на поединечните испитувани групи. За приватниците сè е јасно: за најголемиот дел тоа е значајно. Но, меѓу стручњаците, половина од испитуваните претставуваат оние на кои тоа не им е значајно, а само 30,2 насто се определиле дека им е „важно“, што претставува најмал процент меѓу сите испитаници. Новинарите идеално се поделени. Кај работниците за разлика од стручњаците, на пример, ситуацијата е обратна: за повеќе од половина тоа им е важно, а за помалку од 1/3, не.

Дали ова може да се земе кога се говори „за човечката страна на приватизацијата“, за некој сериозен показател, тешко може со сигурност потврдно да се одговори. Тоа што нешто помалку се посакува, тоа може да значи дека има помала шанса да се реализира во општеството, и покрај општите определби за тоа. Во нашиот случај, се чини, постои една доволна критична маса кај која постои желба за „приватно“.

## АКЦИОНЕР

Веројатно кога би се направила една сериозна анализа за тоа, што сè луѓето подразбираат под „акционерство“, сигурно е дека ќе се добијат многу спротивставени одговори. Кај нас, акциите започнаа како „интерни акции“ со Зако-

нот за општествениот капитал (Законот на Анте), и по една година беа стопирани. Денес е во сила Законот за трансформација на капиталот... во кој се говори само за „платени акции. Дури и меѓ у сручњаците се спори за тоа што да се прави со акциите издадени со Законот за општествен капитал (1990 г.). Но, желбата на луѓето веројатно не зависи ниту од спорот меѓу стручњаците, ниту од последиците што настанаа со примената на Законот за општествен капитал, ниту тоа што навистина се подразбира под тој поим, иако се чини, дека сето тоа остави длабоки траги. Едноставно за 44,8 насто од испитаниците тоа не им е важно, за близу 1/3 им е важно, другите или не знаат дали им е важно или не, односно апстинираат од одговор.

Најголемо отстапување од просечните вредности е забележано кај работниците, на речиси секој втор работник тоа му е важно, а кај стручњаците за секој трет. Најголем процент, пак, од оние кои изјавиле дека тоа за нив не е значајно, се наоѓа меѓу оние кои се на раководни функции. Административците се поделени, а кај новинарите доминира група што не е баш многу наклонета кон тоа.

## ПРИВАТИЗАЦИЈАТА Е ГРАБЕЖ

„Напредокот на општеството е поврзан со приватната сопственост". Од испитаниците се бараше да го степенуваат своето сложување со предходниот став. Ако ги исклучиме оние кои апстинирале од одговорот (13,7 насто) и оние кои малку се сложуваат (31,9 насто), што е прилично магловит одговор, за анализа се интересни оние кои „воопшто" не се сложуваат и „многу" се сложуваат, првите со 18,1 насто и вторите со 36,1 насто.

Во структурата на одговорите на овие два степена (на крајност) кај испитуваните групи се присутни големи разлики и отстапувања од просечните вредности. Одговорите на невработените и приватниците не се земани во анализата.

Најголемо отстапување од просечните вредности, на оние кои многу се сложуваат, забележано е кај новинарите,(20 насто на просекот) потоа следат стручњаците со 39,4 насто, нешто малку над просекот, и раководителите со најмал процент, со само 27 насто од оние кои се сложуваат. На чело на ранг-листата на оние кои не се сложуваат се наоѓаат раководителите, потоа следат стручњаците и на трето место се работниците, трите категории кои ја сочинуваат главно стуктурата на вработените во претпријатијата.

Секако дека со вака „голи“ податоци не може да се биде сигурен во формирањето на поопшти заклучоци.

Но, фактот што за скоро 2/3 е регистрирана присутна согласност со ставот, дека напредокот на општеството е поврзан со приватната сопственост говори за тоа дека, сепак, во свеста почнува нешто „значајно“ да се менува. Прашање е, колку е тоа инерција под притисок на јавните медиуми или пак разбира сè како неизбежна нужност? Но, сепак, зачудува структурата на одговорите кај раководителите, кај кои речиси секој трет не се сложува со тоа, а на тоа кога ќе се додаде и бројот на оние кои „не знаат“ се добива солиден број од над 40 насто, што навистина за оваа стуктура е неразбирливо без натамошни истражувања.

## ДЕМОКРАТИЈА

Би било нелогично и нескромно, ако врз основа на неколку податоци, добиени врз основа

на „субјективна процена“ да се извлечат некои поопшти сознанија но, би било, исто така нескромно, да не се обидеме да го коментираме степенот на сложување со следните ставови: „Приватизацијата на сопственоста е грабеж, повеќепартискиот систем нè води кон поголема демократија, и кај нас сè се послаби моралните норми и сè поистакнат егоизмот и безаконието“.

## НАПРЕДОКОТ Е ГРАБЕЖ

Дали приватизацијата е грабеж? Фројд на пример, за сопственоста сметаше дека е материјализација на нашите нагони, се разбира, потсвесни. Маркс говори за комунизмот како за „позитивно укинување на приватната сопственост“ и дека тоа е вистинското решение на судирот меѓу човекот и природата и меѓу човекот и човекот“. Укинувањето на приватната сопственост (комунизмот) е решение, „на загатката на историјата“.

Се чини, дека состојбата која се создаде со „најдоцна пронајдената форма на сопственички односи“ и форма на сопственост, како „ничија и сечија“, како општествена сопственост, денес не може да најде рационална разврска.

За „обичниот“ човек, кој до пред кратко време беше убедуван и постојано убедуван, дека сретствата за производство се во негови раце, со воспоставувањето на „новата власт“ односно со процесот на приватизацијата, се покажува дека бил „безобзирно заложуван“. Но, секое „теоретизирање“ од овој тип, сигурно е дека ќе не одведе во прегратките на некоја „непожелна идеологија“, од каде секое објективно набљудување станува невозможно!

Ако 2/3 од испитаниците се сложуваат (од кои 1/3 многу) дека напредокот во општеството

е поврзан со приватната сопственост, тогаш како да се разбере тоа што 56,2 насто сметаат дека приватизацијата кај нас е грабеж (многу се сложуваат со тоа) а 22,2 насто сметаат дека е само „грабеж", што претставува огромно мно-зинство од скоро 80 насто! Дали од тоа можеме да го извечеме заклучокот дека напредокот кај нас е поврзан со грабеж?.

Дали е тоа само игра на зборови? Но, фактот што само 11,4 насто не се сложуваат со тоа, говори дека нешто страшно се случува во општеството. Дали расплетувањето на мистеријата е кај новинарите, кои за голем дел од населението се „најголеми" експерти за приватизација! Кај нив, а тоа богами мораме да им веруваме најголем процент се изјасниле за тоа дека приватизацијата е грабеж (75,3 насто многу се сложуваат со тоа) што заедно со оние кои „малку" се сложуваат се приближуваат до 100 насто, што е најголемо сложување со било кој став од стотината ставови кои беа предложени за изјаснување на испитаниците!

Стручњаците се слични на нив, но, кај кои секој десети не знае (што е чудо), а секој седми не се сложува. Потоа следат раководителите со 50 насто кои многу се сложуваат, а 21,6 насто „малку" се сложуваат, што е слично со работниците итн. Би било, (да истакнеме уште еднаш) неразумно врз основа на овие податоци да се обидеме да извлечеме некои „цврсти" заклучоци. Самиот факт што нешто се смета и квалификува како грабеж во конкретни услови, а во исто време, се смета дека води во прогрес (апстрактно), наложува подлабоки истражувања. За жал, кај нас приватизацијата или се посматра од главата на статуата на слободата во Њу Јорк, или од гробот на Ленин, што многу придонесува како истата ќе стигне во свеста на мнозинството. Некои институции упорно ги решаваат техничките страни на приватизацијата.

Би било невкусно ако се каже дека имаме подобар Парламент и подобар повеќепартиски систем од другите земји, со никаква традиција и искуство на тој план, но, би било, исто така „неправедно“ спрема другите ако се каже дека нашиот парламентарен систем е најлош. Да претпоставиме дека секој народ се исчудува на својот парламент, особено, кога во него се „мудрува“ со националните стратешки прашања. Ако 2/3 од испитаниците (подеднакво со „многу“ и „малку“) се сложуваат со тоа, дека повеќепартискиот систем кај нас нè води кон поголема демократија, тогаш навистина со народот нешто не е во ред. Но, не е јасно зошто не би било сè во ред и со парламентот!

Но, да се вратиме на статистиката, таа мајка на заблудите и шпекулациите. Нашата намера беше сериозна, да откриеме како луѓето го доживуваат повеќепартискиот систем како шанса за поголема демократија, или нешто друго. И во овој случај, само врз основа на нивните „субјективни оценки“.

Најмалку не се сложуваат новинарите, со тоа, дека повеќепартискиот систем (парламентарната демократија) нè води во поголема демократија со 37 насто, а најмногу се сложуваат административците и стручњаците со околу 36 насто. Збирниот резултат од „многу“ и „малку“ сложување, највисок е кај стручњаците и изнесува 73 насто, а најмал е кај новинарите 56,9 насто од нивниот број.

Третиот став од оваа група на ставови преку кои се обидовме да ги испитаме „субјективните оценки“ за системот во кој живееме, се однесува на состојбите на планот на моралноста, беззаконието и егоизмот. Што се случува последниве неколку години се наоѓа сè уште во сферата на

претпоставките, но, фактот што 2/3 од вкупниот број на испитаници сметаат дека кај нас „сè се послаби моралните норми и сè се поистакнати егоизмот и безаконието“, внесува многу недоразбирање околу вредностите на системот кој надоаѓа.

Само 23,7 насто од вкупно 680 испитаници се изјасниле дека тоа не е точно, односно, не се сложуваат со тоа, 11,5 насто не знаат да одговорат, или се неопределени.

Веројатно повторно зачудува фактот што новинарите се тие што со 71,2 насто се на прво место, што заедно со оние кои малку се сложуваат формираат огромно мнозинство од преку 90 насто. Меѓу работниците е регистриран најнизок процент од оние кои „многу се сложуваат“, само 59,9 насто и највисокиот процент кои воопшто не се сложуваат.

## ПОБОГАТА ТРПЕЗА-ПОМАЛКУ ДЕМОКРАТИЈА

Дали е в ред некого да го прашате: „Дали е подобро да се живее во општество со помалку демократија, а повеќе материјални богаства“? Зависи од тоа како може тоа да биде разбрано.

За студентите, на пример, да не беше овој став немаше да знаевме дека се разликуваат од другите. Меѓу нив се среќаваат најмногу од оние кои не се сложуваат со тоа, што не значи дека тоа се однесува и за нивните татковци, па макар тие и да се новинари.

Најнапред, да ги видиме просечните вредности. Накратко: многу се сложуваат 31,4 насто, малку се сложуваат 23,5 насто, не знаат 14,4 отсто и не се сложуваат 30,8 насто. Најголемо отстапување од оние што многу се сложуваат е

забележано кај невработените, 41,8 насто, веднаш по нив следат работниците со 39,9 насто, па аминистрацијата со 32,9 насто, раководителите со 31,4 насто сè до новинарите и студентите со 19,2 насто и 16,3 насто.

Кога на ова ќе ги додадеме и оние што малку се сложуваат (сепак, малку се сложуваат) ќе добиеме, кај некои групи речиси 2/3 од нивниот вкупен број што е навистина превисоко и внесува многу недоразбирања околу надоаѓањето на демократијата!

Веројатно уште долго време ќе се преживува без доволно демократија и во голема сиромаштија. Има една клетва: Да имаш, а да немаш. Многумина тоа ги снајде по „виша сила". Можеби имавме привид на демократија, но „сепак" не се живееше лошо. Се чини, дека привидот веќе нема никакво значење, битно е што животот станува суров: Со демократијата надоаѓаат безмилосните закони на профитната економија, која за да профункционира се потребни многу жртви.

## НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ - ДИСТАНЦА КОН ДРУГИТЕ

Нашата анализа на „националната дистанца и врзаност" на Македонците спрема другите националисти или етнички групи, кои живеат на просторот на Република Македонија, ја базираме на триесетина ставови-честички, преку кои се обидовме да ги определиме основните димензии на етноцентризмот, национализмот и воопшто односот спрема сопствената и другите нации. Станува збор за испитаници-Македонци и за нерепрезентативен примерок. Тоа во многу нешта ја ограничува анализата и не дозволува голема „слобода" во донесувањето во заклучоци. Едноставно, ја испитуваме националната врзаност на ис-

питаниците, како систем на општи ставови, за нацијата и националната припадност од една, и поконкретно, однос кон неколку националности кои живеат во Македонија, од друга страна. И во овој случај ќе ги истакнеме покарактеристичните разлики меѓу испитуваните групи. Пред сè, предвид имаме еден, во голема мера, поедноставен приод во проучувањето на феномени, кои се многу сложени и кои претпоставуваат далеку поразвиен теоретски и методолошки пристап.

Пред да преминеме во „волшебниот "свет на статистиката, каде лесно се влегува, а речиси никогаш не се излегува со „јасни" сознанија, да укажеме и на некои аспекти на феноменот кој е предмет на истражувањето. Терминолошки: за нас кога велиме етнички и национално, кога станува збор за ставови, мислиме на едно исто, иако тие секогаш не покриваат исто значење.

За нацијата и за феномените на било кој на-чини поврзани со неа, е пишувано многу, таа е дефинирана од најразлични аспекти и може слободно да се каже, дека колку што постојат психолози и социолози толку постојат и дефиниции. Во нашиот случај, најадекватни се оние определби за нацијата кои ги потенцираат чувствата на луѓето, дека припаѓаат на една група, или поврзаноста со заедничка култура, вредности, стандарди, политички аспирации, или, населување на една територија и (луѓе) кои поседуваат заеднички збир на мислења и чувства, стекнати во текот на создавањето на заедничка историја или, колективна свест на другарство и чувства од посебен вид.

Нејзини битни карактеристики се искуството и емоционалната врзаност. Таа е онаа „група на луѓе кои чуствуваат дека се нација", и многу други кои овде не ги наведовме. Во нашата анализа не интересираа „личниот аспект на националната припадност и етничка дистанца", кој се јаву-

ва кај Македонците во однос на другите националности кои живеат во Република Македонија. Тоа, се разбира, дека не ја зафаќа целината на проблемот. Имено, од аспект на лично доживеано становиште, нацијата се исполнува низ свеста на луѓето за национална припадност и чувство за врзаност за сопствената национална група.

Поединецот и во однос на сопствената нација и во однос на другите исполнува најразлични односи, кои говорат за неговата национална свест. Како најзначајни форми на националната свест, најчесто се сметаат национализмот, етноцентризмот, патриотизмот и интернационализмот. Нашата цел не е за нив подетално да говориме, туку само на почетокот да укажеме на некои нивни суштински карактеристики.

Етноцентризмот, обично се смета дека е „претерана врзаност на луѓето за својот народ" или „претерана тенденција во смисла на тоа дека карактеристиките на својата група или раса се супериорни спрема другите народи и раси", или, уверувањето дека народот на кој се припаѓа „претставува" модел спрема кој се подредува, или, тенденција на групата да употребува норми на својата група во процесот на однесувањето со другите групи.

Со еден збор, етноцентризмот како систем на ставови претставува една форма на национална свест и ја изразува големата врзаност за својот народ. Како таков, тој е поврзан со предрасудите на луѓето и е во функција на национализмот и шовинизмот.

Поимот национализам се употребува во различни значења. Некогаш со тој поим се одредувал општиот однос на поединецот спрема својата нација, односно се идентификувал со националната свест. Потоа, некои го определуваат како идеологија на националната држава. Идеолошката содржина на национализмот се изразу-

ва, пред сè, во лојалноста према својата нација, која може да биде поголема отколку спрема сопственото семејство. За нас, поаѓајки од една иструментална употреба на поимот национализам, со него означуваме, пред сè, исклучува емоционална врзаност за сопствената нација и во истакнување на разликата меѓу сопствената и другите нации, сè со цел да се покаже исклучивата вредност на сопственоста.

Патриотизмот претставува љубов спрема татковината. Основен фактор на патриотизмот се земјата, луѓ ето и културата. Тој нема вредносен карактер, за што љубовта спрема сопствениот народ и земја не подразбира нивно издигање на повисок степен во однос на другите.

Поединецот може да биде поврзан со степен на исклучива врзаност само за сопствената нација, преку повеќе или помалку поделена лојалност, за сопствената и другите нации, до целосна лојалност, за сопствената и најпосле поврзаност за целото човештво. Ние ќе се обидеме да ги согледаме тој континуум од целосна врзаност, до целосно одбивање на лојалноста.

Националните, или етничките ставови, ги изразуваат односите на поединецот спрема националните или етничките групи. Социјалната дистанца означува континуум кој се движи од интимни и топли односи со другите, преку равнодушни и непријателски односи.

51

## ВРЕДНИ И ПОМАЛКУ ВРЕДНИ НАЦИИ

Пред да се препуштиме на статистичко емпирската стварност, која најчесто знае само да предизвика чудење, да укажеме уште на неколку аспекти кои и читањето на податоците го прават подостапно за оние што, сепак, не се многу нак-

лонети кон нижење на проценти, но и за оние кои во тоа гледаат „вистински“ сознанија.

**Прво**, не успеавме да пронајдеме истражување со слични содржини (се мисли за Македонија во последниве петнаесетина години), за да можеме, сепак, да направиме компарација.

**Второ,** би било пожелно степенот на сложување на испитаниците со предложените ставови да се интерпретира во смисла дека станува збор за јасно оформена или издиференцирана позиција во однос на национализмот, етноцентризмот, или националната врзаност. Степенот на „субјективно“ сложување со предложените ставови е само еден сегмент кој говори за само еден елемент којшто не е ниту компариран, ниту пак, неговото значење се доведува во врска со други ставови слични на него.

**И најпосле,** односот спрема резултатите од истражувањето, кои не се врз основа на случаен примерок, и се однесуваат само за македонската нација, што е мошне значајно за истражувањата од овој тип.

Но, да го слушнеме говорот на емпиријата низ проценти и просеци. За секој етноцентрички настроен човек, без разлика на која група припаѓа и смета дека сите нации не се еднакви, има повредни и помалку вредни нации. За нашите испитаници, околу 1/3 се сложуваат со ставот дека има повредни и помалку вредни нации, околу 50 насто не се сложуваат, другите немаат издиференцирано мислење. Најголема отстапка од просечните вредности е забележана кај приватниците, скоро 55% насто, и стручњаците со над 50 насто, кои се сложуваат и кај новинарите и студентите кои не се сложуваат (2/3). Не значи дека еден дел од оние кои се сложуваат со овој став, дека и сопствената нација не ја вбројуваат во оние „помалку вредните“. Значајно е прашањето зошто токму кај приватниците и стручњаците се јавува најголем процент на оние кои сметаат дека има помалку и повеќе вредни нации!

## ЧИСТИ НАЦИИ

Што значи да се зачува чистотата на една нација? Кога ќе ги погледнеме двата екстрема на нашата скала, од „воопшто не“ до „целосно да“, ќе забележиме идентичен број (околу 13 насто) на оние кои се за целосно зачувување на чистотата на секоја нација, и оние кои воопшто не се сложуваат со тоа. Меѓу новинарите и стручњаците, со околу 1/5, се регистрирани оние кои воопшто не се сложуваат, а исто толкав процент е регистриран меѓу работниците и невработените кои целосно се сложуваат. Кога ќе ги собереме и оние што „само“ се сложуваат или не се сложуваат, се добива поголем процент на оние што се сложуваат од оние кои не се сложуваат. Првиот со околу 1/3, а вторите со околу 50 насто. Кај студентите и работниците се јавува 1/4 што не знаат, или се воздржани од одговор. Би било интересно да знаеме колкав е процентот на оние кои се сегрегационистички расположени, а истовремено сметаат дека секоја нација треба да биде чиста, односно да нема мешање со други нации.

## СРАМ ОД ПРИПАДНОСТ НА ОДРЕДЕНА НАЦИЈА

Кога ќе се рече дека некој треба да се срами затоа што направил нешто непријатно, е сосема поинакво од тоа кога ќе кажеме дека некој треба да се срами што припаѓа на една нација. За нашите испитаници внатре меѓу припадниците на одделни категории, регистрирани се големи разлики. Така, на пример, меѓу работниците и приватниците се наоѓаат оние што целосно се сложуваат со тоа, дека некои треба да се срамат што припаѓаат на една нација, а не на некоја друга, а меѓу новинарите и студентите се наоѓа најголем број од оние кои „воопшто не се сло-

жуваат, со по 1/5, што заедно, во поблага форма на неслагање („само не се сложува“, кај новинарите се зголемува на 2/3, а кај студените надминува 50 насто од вкупниот број од овие испитувани гру-пи.

Раководителите се идеално поделени: по околу 40 насто се сложуваат, и не се сложуваат. Слична состојба е забележана и кај стручњаците. За секој случај (социјалната структура овде не е прецизно одредена), се кажува како многу битен елемент во формирањето на карактерот на националните ставови. Недостаток е што во нашиот примерок немаме претставници и од другите национални групи кои живеат во Македонија.

## СОПСТВЕНАТА НАЦИЈА - НАД ДРУГИТЕ

„Сите поединци на мојата нација би требало секогаш да ја ценат сопствената над другите нации“, е став кој покажува дел од етноцентричноста на испитаниците. Ова, на некој начин говори и за односот спрема другите, но во поблага форма, не етноцентризам како супериорност во однос на другите, ниту, пак, тоа значи јакнење на негативните ставови спрема другите групи. Едноставно покажува поблага форма на етноцентрична тенденција. Скоро 1/5 целосно се сложуваат со овој став, а 1/3 само се сложуваат, што кога ќе се спореди со оние кои одговорите со „не“ (и во поостра и во поблага форма) е значително поголем, само секој десети не се сложува!

Кога ќе ги собереме и оние кои се „сложуваат“, се добива процент од околу 50 насто, а кај оние кои не се сложуваат (и крајна и поблага форма) се добива нешто повеќе од една третина. Отстапувањата од овие просечни одговори се најголеми кај студентите и стручњаците, кај кои

секој втор негативно се изјаснил, а кај новинарите и приватниците од тројца, двајца позитивно се изјаснети. Со овој став не се покажува националистичката или етноцентричната тенденција, зашто сакањето на сопствената нација атоматски не имплицира омраза спрема другите.

55°

## ОДДАЛЕЧУВАЊЕ ОД ДРУГИТЕ НАЦИИ

Кога еден став ќе се варира на повеќе начини, се јавуваат разлики во одговорите. Ставот „Врзаноста за сопствената нација ни малку не го оддалечува поединецот од припадниците на другите нации", покажува една состојба во која свртеноста, антропоцентричноста кон својоата нација се смета дека, истовремено, не значи и нешто што на било кој начин е спротивно на другите.

Овој став повеќе го покажува патриотизмот, а помалку говори за национализмот. Сакањето на сопствениот народ, култура, симболи и слично, не мора да биде обоено со било каков вид омраза спрема другите. Се чини, дека Македонецот, во просек, е близу до оваа состојба. Се разбира, тоа се однесува на оние што ние ги испитувавме! Само неколку проценти воопшто не с сложуваат, околу една шестина малку не се сложуваат, колку што и изнесува бројот на оние кои не се изјасниле.

Но, и овде се јавуваат големи отстапувања од просечните, а најизразени се кај стручњаците со 4/5 од вкупниот број кои се сложуваат, кај работниците со 1/4 кои не се сложуваат, што заедно со оние кои апстинирале од одговор сочинуваат број од околу 50 насто. Во слична состојба се наоѓаат и студентите, 1/4 се сложуваат, но само секој десетти апстинирал од одговор. Во отсуство на неопходни компарации со другите

одговори, не сме во состојба да го разјасниме овој став.

## 56 ГОРДА И БЛАГОРОДНА ДУША

За некои социјални психолози и социолози, „афективниот однос“ го сочинува јадрото „на сликата за народот“. Имено, нациите за поединецот се објект на идентификација и задоволување на различни потреби.

Може оправдано да се претпостави дека во структурата на ставовите спрема поединците како припадници на други нации во целина, многу важна улога има емоционалната компонента.

Некои истражувачи дошле до интересни сознанија проучувајќи ја националната преференција кај децата. Имено, кај децата прво се развива националната преференција, пред да почне да се акумилира и најелемнтарното знаење за другите нации. Што значи дека националните ставови постојат во форма на емоционални ставови - преференции, без минимално присуство на сознајни содржини. Кога кај поединецот ќе се формира едно „емоционално јадро“, колку и да е тоа примитивно, ќе врши селекција кои когнитивни содржини ќе бидат асимилирани, односно ќе се прифаќаат оние содржини кои се во согласност со веќе постојниот став. Секогаш треба да се соочиме со фактот дека станува збор за сложени прашања и дека нашата намера е само да укажеме на некои кои можеби и не се секогаш најважни.

Но, да се вратиме на „голите“ проценти од анкетното истражување. Просечните вредности на „гордоста“ што ја предизвикува свеста за припадноста на некоја нација, е во прилог на оние кои целосно се сложуваат (1/5) и само се сложуваат што изнесува скоро половина од вкупниот број,

а што сè заедно е повеќе од 2/3. Свеста за припадноста на некоја нација „разбудува кај човекот гордост и ја облагородува неговата душа“; само 1/6 не се сложуваат со овој став, а најмал процент е забележан кај новинарите, неколку проценти. Највисоко отстапување од просечните вредности од оние кои не се сложуваат е забележно кај новинарите, 9/10 од вкупниот број анкетирани новинари.

## ВРЕДНОСТА НА ЕДИНКАТА НЕ ПРОИЗЛЕГУВА ОД НАЦИОНАЛНОСТА

Околу 2/3 од испитаниците се сложуваат со ставот: „Ни една битна особина на еден човек не произлегува од неговата националност“, а само 1/5 не се сложуваат со тоа; целосно се сложуваат 1/4, а неопределени се 1/6.

Со овој став, всушност, се потенцира комплементарноста меѓу поединецот и нацијата, дека автоматското припаѓање кон една нација со себе носи вредности на таа нација. За најголмиот дел од нашите испитаници нацијата е нешто што нема битно влијание врз вредноста, која со себе ја носи поединецот. Ова не значи дека кај некои групи нема големи отстапувања и од позитивните и од негативните одговори. Така,на пример, новинарите и стручњаците, со околу 1/4 не се сложуваат со тоа, а кај студентите 3/4 се сложуваат (повеќе од 1/3 целосно се сложуваат).

Највисок процент на оние кои апстинирале од одговор се наоѓа кај работниците (1/5), а најнизок кај студентите со неколку проценти. Кога ова се доведува во врска со ставот, кој говори за врзаноста за сопствената нација и оддалеченсота од другите, ќе може да се формира едно поцелосно мислење за тоа дека свртеноста кон сопствената нација нема исклучиво негативен од-

нос кон другите и со вториот, вредноста на поединецот (битните особини) не произлегуваат од неговата националност.

## ВОДЕЊЕ СМЕТКА ЗА НАЦИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ

Вториот став, кој говори повеќе за интернационализмот, уште повеќе, го зајакнува она што претходно го констатиравме. Македонците (говориме за наштие 680 испитаници) речиси 7/10 се сложуваат со ставот: „Неизбежно е сè повеќе луѓето да се зближуваат и сè помалку да водат сметка за тоа на која нација и' припаѓаат"; околу 1/5 не се сложуваат, а секој десетти се откажал од одговор.

Интересни се отстапувањата, за кои да се надеваме дека сè повеќе грешка на обработката!

## ОДНОСОТ НА ИСПИТАНИЦИ - МАКЕДОНЦИ КОН ДРУГИТЕ НАЦИОНАЛНИ ГРУПИ

Во натамошниот дел од анализата ќе се обидеме да ја согледаме подготвеноста на нашите испитаници или нивното одбивање да ги прифатат петте ситуации - односи кон припадниците на четири национални групи (Албанци, Турци, Роми, Срби) распределени во односи кои се „најдалечни" до „најблиски". Во изјаснувањата се понудени само две можности: „да" и „не".

Сигурно е дека подготвеноста за прифаќање на социјаланите односи со припадниците на другите групи подразбира емоционален однос кон нив, со што се добива значителна побогата претстава за односите воопшто.

Во голем број истражувања кои беа реализирани на просторот на бивша Југославија се дојде до сознание дека само испитаниците со исклучителна национална врзаност доследно изразуваат висока национална дистанца спрема сите други народи. Ние не сме во можност во оваа прилика директно да го докажуваме тоа. И овде остануваме доследни на нашата намера, што е можно попрецизно да ги презентираме „емпириските“ вистини кои, се разбира, не се целосни, ниту единствени, туку само покажуваат една состојба, во еден конкретен период во развојот на општеството во транзиција.

Уште на почетокот да констатираме дека меѓу општествените групи се присутни големи разлики. Веројатно кога би ги довеле и со другите белези, разликите ќе бидат поизразени, како на пример, во однос на регионалното потекло, полот, населбата, политичкото убедување и слично.

## КОЈ СМЕЕ ПОСТОЈАНО ДА ЖИВЕЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Од испитаниците, скоро сите по националност - Македонци, се бараше да се изјаснат за шест вида односи во однос на четири национални групи, и тоа од најоддалечени - постојано да живее во Македонија, до најинтимни - стапување во брак со припадник од друга националност. Во овој дел беа предложени и два типа на односи кои повеќе се однесуваат на општествената моќ, отколку на социјалнат дистанца. („Да биде претпоставен на работа“ и „Да ми има важно раководно место во мојата Република“).

Би било нормално да се очекува одбивањето да биде помалку изразено спрема пооддалечените видови на односи, а според поблиските односи да биде поголемо.

Во нашата анализа ги следиме просечните вредности за целата популација и позначајните отстапувања од нив, кои се јавуваат кај социјалните групи, но без обврска да даваме наше видување зошто е тоа така.

Но, најпосле да го сместиме феноменот во „преграткитеˮ на статистичките просеци и проценти, каде што навистина не му е местото, но за друг начин во овој момент, не би можеле да помислиме. Значи, станува збор за 680 испитанции - Македонци, не случаен примерок, кој не создава потреба од воопштување на резултатите. Само дава повод за размислување и ништо повеќе.

Од нашите испитаници се бараше да се изјаснат дали од четирите национални групи (Албанци, Турци, Срби и Роми) постојано или не да живеат во Македонија, како најоддалечен тип на односи што ги воспоставува секој испитаник. Во овој случај се избришани сите нијанси во одговорите и се определивме само за два: „даˮ и „неˮ.

Испитаниците замислуваат еден „обиченˮ претставник на националните групи и се разбира ни најдобар ни најлош, со кој би сакале да воспостават поблизок или подалечен контакт.

Светот на бројките изгледа вака: Постојано да живее во Македонија (приближно), Албанец - 50 насто да, 50 насто не; Турчин, 1/3 да, 1/3 не; Србин 7/10 да, 3/10 не; Ром, 2/3 да, 1/3 не.

„Да живее во моето соседствоˮ: Албанец, 1/5 да, 3/5 не; Турчин, 1/2 да, 1/2 не; Србин, 7/10 да, 3/10 не; Ром, 1/2 да, 1/2 не.

Да се дружам со него како со пријател: Албанец, 50 насто „даˮ, 50 насто „неˮ; Турчин, 2/3 „даˮ, 1/3 „неˮ; Србин 8/10 „даˮ, 2/10 „неˮ; Ром, 3/5 „даˮ, 2/5 „неˮ.

„Да стапам во бракˮ: Албанец, 9/10 „даˮ, 1/10 „неˮ; Турчин 9/10 „даˮ, 1/10 „неˮ; Србин, 3/5 „даˮ, 2/5 „неˮ; и Ром, 1/10 „даˮ, 9/10 „неˮ.

"Да ми биде претпоставен на работаˮ: Албанец 1/3 „даˮ, 2/3 „неˮ; Турчин, 2/5 „даˮ, 3/5 „неˮ;

Србин, 3/5 „да“, 2/5 „не“, Ром, 1/3 „да“ и 2/3 „не“. И за оној кој поседува некаков култ кон бројки ова е, се разбира, премногу, а да не зборуваме за оние кои чувствуваат одвратност кон нив, а тие се секогаш во мнозинство.

Но, и едните и другите, веројатно ќе си постават многу прашања и дилеми, на кои не е лесно да се одговори. Оставаме на секого во границите на сопственото размислување да одговара на прашања од типот зошто некои, на пример, би сакале да имаат соседи од една, а не од некоја друга национална група. Во суштина и секој за себе може да си одговори на тие прашања. Секој кој има било какво разбирање за „бројките" не е тешко да интерпретира некои од овие податоци.

Мислам дека некои од овие односи кои се добиени од нашето истражување се резултат на една во голема мера „логика на ирационалниот хаос“ каде што емоционалната компонента добива историска шанса да се изрази. Ако постои нешто што е „несериозно“ тоа е фактот што овде не станува збор за репрезентативен примерок, туку за 680 испитаници. Да веруваме дека репрезентативниот примерок би донесол некои други резултати!

Од нашата анализа ги исклучуваме невработените и новинарите поради грешка во обработката. Во анализата се земени предвид само оние кои се карактеристични и имаат највисоки отстапувања од просечните вредности, но без да навлегуваме во одговорот на неодминливите прашања од типот, зошто кај некои процентот на етничка дистанца е многу повисок во однос на други!

За работниците, етничката дистанца изгледа вака: постојано да живее во Македонија со „да“ се изјасниле за: Албанец, 2/5; за Турчин 1/2, за Србин 3/5 и за Ром 3/5. Во однос на тоа дали би сакал да живее во блиско соседство, работниците покажуваат поизразена социјална дистанца,

речиси 7/10 одговориле со „не“ за Албанец, 6/10 за Турчин, 1/3 за Србин и 6/10 за Ром.

Втората социјална група, кај која се регистрирани поголеми отстапувања од просечните, се стручњаците. Кај нив етничката дистанца во однос на националните групи изгледа вака; да живее постојано во Македонија: Албанец, 1/2 „не“; Турчин, 1/3 „не“; Србин, 1/5 „не“; Ром, 1/3 „не“. Да живее во моето соседство: Албанец, 3/5 не; Тур-чин 1/2 „не“; Србин, 1/5 „не“; Ром, 1/2 „не“. И најпосле, да се дружам со него како со пријател: Албанец 1/2 „не“; Турчин 1/3 „не“; Србин, 1/5 „не“; Ром, 1/5 „не“. Другите социјални групи се во рамките на просечните одговори.

Видлива е тенденцијата на зголемување на етничката дистанца спрема трите национални групи (Албанци, Турци, Роми), почнувајќи од пооддалечните, а завршувајќи со поблиските социјални односи. Може да се говори за едно емоционално јадро на ставови, во просек од 1/5 до 3/5, од вкупниот број на испитаници, кои одбиваат било какви социјални контакти со припадниците на трите наведени национални (етнички) групи.

Нашата анализа не зафаќа едно од клучните прашања. Имено, дали се работи за исти испитаници кои се јавуваат во сите ситуации на одбивање на какви било односи, или одбивност кон некои се покажува „помала“, а кон други поголема“.

6λ°

## ВРАЌАЊЕ НА ГОСПОД МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ

Во овој дел од нашата анализа се наметна и потребата да презентираме и дел од одговорите на прашањето за приврзаноста кон религијата и за улогата на верата во животот.

Пред десетина години, врз еден репрезентативен примерок на целиот простор на бивша Југославија (се однесува само за младите) се

покажа дека меѓу Македонците и Црногорците има најмал процент на религиозни. Низок процент беше регистриран и меѓу другите национални групи. Последниве неколку години, особено во Македонија Господ како да се враќа меѓу луѓето. Ако тогаш, пред десетина години, од секој десетти само еден испитаник се декларираше за религиозен, со нашето истражување, а тоа го потврдуваат и некои други кои во меѓувреме беа извршени, ситуацијата е многу променета. Секој втор се смета себеси за религиозен,а највисок процент е забележан меѓу работниците (56,4 насто), потоа следат приватниците со 49 насто, а веднаш по нив, со неколку проценти помалку, студентите и службениците, со околу 46 насто. Најбавно „доаѓање на Господ" е забележано кај новинарите, со околу 1/3 од испитаниците.

Тоа се одговори на прашањето: „Дали се чувствувате религиозен?" Чувството на религиозност е посебно, неповторливо и секој според сопственото видување се изјаснува за тоа. Но, одговорот на следното прашање: „Ако сте религиозен, дали прифаќате некое конкретно верско учење?" (да - 11,5 насто, не - 18 насто, не прифаќа ништо од ниедно конкретно религиозно учење, но е религиозен 22 насто, и за нерелигиозни 48,3 насто) говори попрецизно за карактерот на религиозноста.

Веројатно, во секоја ситуација постои еден не мал процент, кога ќе се најдат во ситуација или-или, не се во најзгодна ситуација правилно да ја определат својата позиција. Тоа го покажуваат одговорите на ова и на претходното прашање.

Што покажуваат податоците? Конфесионални верници, кои прифаќаат учење на некоја конкретна религија, има сè помалку, дури не се ни 1/3 од оние кои нешто прифаќаат од конкертната религија, во нашиот случај, павославната религија.

Овде, сепак, зачудува големиот број на религиозни без конкретно верско учење, како не-

прифаќање на ниедно познато верско учење, но со чувство на религиозност. Религиозни без вера. Тоа на некој начин беше присутно и во претходните истражувања. Се работи за еден процес познат во литературата како „индивидуализација на Господ“, односно процес каде што Господ нема некоја препознатлива конфесионлна карактеристика, туку едноставно се верува во Бога како во виша сила, во нешто за кое поединецот е свесен, но кое не претпоставува никакви практични постапки, дејствија, организација и слично.

Кај испитаниците, во зависност од тоа на која група припаѓаат, присутни се големи отстапувања од просечните вредноти. Најиндивидуализирани верници, верувале или не, се јавуваат кај приватниците и работниците, а пак повторно верувале или не, најубедени верници се јавуваат кај новинарите, стручњаците и работниците, со околу 1/6 од нивниот број! Најнерелигиозни се раководителите, со близу 2/3 од нивниоит број. Бог сè повеќе добива „боја“ на овие простори. Не е чудно, што во Африка е црн.

## ИДЕЈАТА ЗА БОГА

Ако прифаќањето на Господ како индивидуални чувство и потреба ја покажува состојбата на приватноста кај секој поединец, прифаќањето на идејата за Бог како апсолутна вистина, не е нешто што е различно од тоа, но асоцира на нешто многу пошироко. Од вкупниот број на испитаници, само 1/4 се сложуваат со тоа дека идејата за Бога треба да се прифати како апсолутна вистина. Речиси половина само се сложуваат со тоа, а 1/4 се нерешителни и немаат мислење, или едноставно не знаат.

И во овој случај интересна е структурата на одговорите кај новинарите, кои во најголем про-

цент од сите други социјални категории воопшто не се сложуваат (37 насто), но и во најголем број кои целосно се сложуваат (12,6 насто).

Најголем процент од оние кои се солгласуваат (тука спаѓаат и оние кои целосно се согласуваат) забележан е кај работниците (околу 1/3 од вкупниот број), а највисок процент кај оние кои не се сложуваат е регистриран кај раководителите и новинарите, за кои засега враќањето на Господ не е многу „спектакуларно“, но е забележливо.

Слични одговори се забележани и во однос на прашањето: „Религијата донесува смиреност и утеха, затоа треба да им се овозможи на што поголем бро луѓе да им донесе среќа. Скоро 1/3 се сложуваат со овој став, исто колку што се неопределени, или немаат мислење, а околу 45 насто не се сложуваат. Најголем процент на прифаќање на овој став е регистриран кај работниците и приватниците, по речиси 40 насто, а најмал кај раководителите и новинарите. Секој петти работник ја отфрла таа улога на религијата, но, и секој втор раководител, новинар и стручњак. На прво место, меѓу оние кои не знаат или се воздржуваат од одговор, се наоѓаат работниците, со речиси 40 насто и студентите со 1/3.

Во прилог на ставот дека анкетното истражување е начин кој ја регистрира појавната страна, говори и брзата промена на степенот на религиозноста.

## ЕКОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА, ЕНТРОПИЈА

Акој некоја „корист“, сепак, се почувствува од распаѓањето на социјализмот, тоа секако претставува фактот што почнавме да живееме во почиста средина. Се разбира дека тоа не е резултат на заштитата, или што сме станале посвесни од порано, едноставно голем дел од зага-

дувачите престанаа да работат, опадна стандардот на живеење, а со тоа и потрошувачката, а со неа и загадувањето и многу нешто друго во таа насока. Но, проблемот со заштитата остана и понатаму, само во услови на почетоци на создавање пазарно стопанство, каде што веројатно ќе се соочиме со нови предизвици, со нови пристапи на заштита, слично како и во стопанството со пазарна ориентација.

Ако донеодамна она што најмногу загадуваше беше „ничие и сечие“, и во прашање беа „општествени интереси“, и со крупни чекори се одеше во „комунизам“ (секој ден бевме сè подобри и подобри), денес сè почесто овие сфери за кои говориме, стануваат дел од суровите закони за зголемување на профитот на сметка на здравјето на мнозинството. Поимите мнозинство“ и „млацинство“ во себе апсорбираат поинакви идеолошки содржини од, на пример, пред пет или десет години.

Влезот во „пазарната економија“ и „граѓанското општество“, од аспект на екологијата, е исполнет со многу недоразбирања и заблуди.

Правен аспект: отсуство на целосна законска регулатива, за чија изработка е потребно искуството од развиените земји, што е најлесен дел од она што треба да се направи на тој план. Проблем се и механизмите на контрола, стручњаците, формирањето на институции.

Економски аспект: факт е дека во услови на економска криза и пад на производството, вложувањаа во заштитата на животната средина ќе бидат минимални, ако воопшто и ги има. Тоа е и најважното, сè друго што ќе се прави на тој план, е надвор од логиката на економскиот развој, а тоа што е надвор, тешко дека некаде, на некое друго место, може да се сретне!

Психолошки аспект: падот на стандардот ги присилува луѓето да заборават на заштита на животната средина. Луѓето во минатото беа дресирани да трошат и во ситуација кога со тоа не

се подобрува многу квалитетот на животот. Сега се ставени во ситуација кога се принудени да штедат, а да го подобруваат квалитетот на животот, нешто слично на „дијалектика на изгубената надеж“.

Социолошки аспект: нема критична маса во општеството која цврсто ќе застане на страната на заштитата на средината. Голем дел од човечката енергија се троши во политичките надмудрувања, а таму сè помалку има место за екологијата. Не постои еколошко движење, постои нешто налик на старите „социјалистички форми“, еден вид работа во форуми и „научни конференции“, „салонска екологија“ и дискусија на глуви и слепи!

Политички аспект: екологијата во постсоцијализмот велзе на голема врата во програмите на политичките партии, како „загриженост“ на новопечените политичари, жедни за власт, но за кратко. Никој денес и не спомнува ништо, освен некој новинар по нешто колку да се знае! Политиката и заштитата на средината сè уште не заживеале на еден модерен начин. Колку е тоа можно и како во услови на каиза, е друго прашање.

И најпосле, етички аспект: дали културата на живеење ќе доведе до заживување на некои морални норми на однесување, до еден вид етика на живтоната средина, или етика на одговорност за животната средина, во овој момент е тешко да се претпостави, но на тоа мораме да укажеме, зашто не е далеку денот кога на овие простори ќе се соочиме со тешки проблеми.

## ЗАГАДУВАЧИ И ЖРТВИ

Се чини дека последниве неколку години, како да се случува еден паралелен парадоксален процес, кога говориме за еколошката освестеност и објективната состојба на планот на загро-

зувањето на средината. Фактот што живееме во почиста средина е резултат на економската криза, на ниската искористеност на производните капацитети, на ниската потрошувачка на енергенти и слично, а фактот што се чувствуваме „еколошки поосвестени“ е резултат на масмедиумите, екокошките движења и политичките процеси. Првиот факт говори за моменталната ситуација, и не значи дека и ако се работи малку загадувачите не загадуваат многу повеќе и да работат со полн капацитет, а вториот сè уште не значи дека навистина постои повисока еколошка освестеност, во смисла на „објективен факт“.

Основното прашање на кое ќе се обидеме во овој дел од анализата да одговориме се однесува на состојбите на еколошката загрозеност како субјективна процена на испитаниците. Тука влегуваат состојбите на загаденост, причините за загадувањето, причинителите на еколошките проблеми, практичниот ангажман на испитаниците во еколошките акции, и најпосле, дали загаденоста може да се јави како главна причина, на пример, за напуштање на едно место или барање да се затвори некој индустриски капацитет кој загадува...

Втората група на проблеми се однесува нас степенот на „освестеност на луѓето“. Тука влегуваат, пред сè, ставовите на испитаниците спрема глобалните еколошки проблеми преку кои ќе се обидеме да ги дефинираме главните димензии во соци-економскиот простор на испитаниците ов однос на основните ориентации на мислење, верување, вредности и слично.

Уште на почетокот да го истакнеме тоа дека објективни анализи за еколошката загрозеност на животната средина во Македонија не постојат. Постои една молчалива согласност меѓу стручњаците, медиумите и „обичните луѓе“ за животната средина во следното: Дека водите во просек се многу загадени, дека воздухот е загаден во речиси сите поголеми градови, дека е при-

сутна загаденост во цврст отпад, дека загаденоста на средината е за многу пати поголема од развиеноста (се мисли индустриска) или едноставно речено, загаденоста одговар на една високо индустриски развиена земја! Но, тоа е повеќе став во сферата на „субјективното видување“ на стручњаците, кое е слично на ставот на нашите испитаници, кои „произволно“ ја проценуваат состојбата, што не значи дека тука нема и дел на вистина. Во нашиов случај, ние се занимаваме само со „субјективните вистини“, така како што „обичните“ луѓе ги разбираат работите.

## КАКВА Е ВАШАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА?

Степенот на загаденост на животната средина може да биде резултат на повеќе фактори: местото на живеење, близината на некој индустриски објект, уреденоста на населбата и многу друго во таа насока. Во нашиот случај, бидејќи ја анализираме „субјективната оцена“ на повеќе социјални групи, кои живеат само во градовите земени се само разликите во одговорите меѓу нив.

Во суштина, во овој дел од анализата треба да го согледаме „нивото“ на загаденост на животната средина и причините за загадувањето, што ќе ни овозможи да го споредиме со нивото на „еколошката освестеност“, односно да одго-во-риме, според наше мислење на важното прашање, кое гласи: Дали постои суштинска разлика меѓу „оценката на загрозеност“ и „степенот на освестеност”?

## „ПЕТТИОТ ЈАВАЧ“ НА АПОКАЛИПСАТА

На испитаниците им беше поставено прашањето: „Каква е вашата животна средина во

однос на загаденоста"? За што беа понудени четири можни одговори, кои го покажуваат степенот на загаденост, и тоа, многу присутен, присутен подносливо присутен и воопшто не е присутен.

Нашата анализа се задржува само на к рајните одговори (многу и воопшто не) средните два се доволно неопределени и асоцираат и на присуство и на неприсуство на загадувачи на животната средина.

Просечните вредности што се однесуваат за сите испитаници изгледаат вака: За речиси 1/4 воздухот е многу загаден, секој десетти тоа го мисли за водата, 1/3 сметаат дека населбата каде што живеат е многу загадена со цврсти отпадоци, а за 1/5 има големо присуство на бучава. Значи, најизразено е загадувањето со цврсти отпадоци, потоа следат воздухот, присуството на бучава и најпосле загаденоста на водата.

За најголем дел од нашите испитаници (3/5) загадувањето е присутно, но подносливо, за 1/5 е многу присутно, а за останатата 1/5 воопшто не е присутно. Оваа математика повеќе е резултат на една груба синтетичка класификација, која е можна кога ќе се комбинираат и заеднички ќе се разгледуваат степените на загадување. На пример, загадувањето на воздухот и бучавата, кои можат да бидат доволни да го загорчат животот, исто како и загадената вода, без присуство на други загадувачи. Наша проценка е дека една добра петтина од населението живее во навистина ненормални еколошки услови.

Но, ако структурата на одговорите во однос на „познатите“ јавачи на злото изгледа „нормална“ кога ќе се доведе во врска со припадноста на испитаниците кон одделни социјални групи, многу се менува како што беше и во претходните ситуации.

Во средина со најзагаден воздух, според нивната „субјективна оценка“ живеат стручња-

ците со 38 насто (многу присутен). Приватниците со 10 насто и раководителите со 13 насто се наоѓаат на најнизок степен од оние кои сметаат дека нивната населба е со незагаден воздух. Одговорите покажуваат дека во однос на тоа нема голема разлика, што не е случај и со степенот на загаденост на работната средина.

Кога ќе ги исклучиме оние што работат во средина каде што има загадување, но кое е подносливо, околу 2/3 од вкупниот број, останува 1/3 која е нерамномерно распоредена меѓу „многу“ и „николку“. Така, на пример, работната средина на работниците е со најзагаден воздух (32 отсто), вода 12,93 насто, бучава 33,1 насто и цврсти отпадоци 16,5 насто.

За разлика од нив, на пример, раководителтие својата средина ја оцениле како многу загадена 12,5 насто - воздух, 12,5 насто - вода, 13,7 насто - бучава и 11 насто - цврсти отпадоци.

Ако направиме еден збирен показател на квалитетот на работното место низ еколошките показатели, тогаш околу 1/6 од испитаниците сметаат дека се многу изложени на негативни влијанија што го загрозуваат нивното здравје. За најголемиот дел од нивната средина се присутни негативните фактори, околу 2/3, од кои 1/3 нивното присуство го оценуваат во блага форма, а 1/3 сметаат дека за нив тоа е подносливо. Би било добро да се знае дали овие негативни фактори дејствуваат во исто време и на едно место, односно колкав е процентот на испитаниците кои „во секое време“ и на „секое место“ се загрозени!

## КОЈ НАЈМНОГУ ЗАГАДУВА?

За нашите испитаници најголем загадувач е индустријата, која за повеќе од 2/3 од испитаниците многу загадува, потоа следи сообраќајот, нешто повеќе од 1/3 (се мисли на оние кои со-

обраќајот го сметаат за најголем загадувач), потоа следат, со неполни десетина проценти, домаќинствата и услугите. За улогата на индустријата во создавањето на еколошките проблеми кај испитаниците нема дилеми. Само 1,1 насто сметаат дека таа не создава проблеми. За речиси 1/4 создава проблеми, но не големи.

Вториот загадувач (кај многу создава проблеми) е сообраќајот. И за него само 1,1 насто од испитаниците сметаат дека не создава проблеми, а за 2/3 создава, но не големи, додека за 1/3 создава големи проблеми.

И за другите два загадувачи: домаќинствата и услугите, се смета дека значително учествуваат во создавањето на еколошките проблеми. И тие, според мислењето на околу 1/5 од испитаниците многу учествуваат во тоа, но значително е помал бројот на оние кои сметаат дека „многу учествуваат".

## ПРИЧИНИ ЗА ЕКОЛОШКИТЕ ПРОБЛЕМИ

Кога се зборува за причините врз основа на научните и стручните анализи, тогаш е сигурно дека нема да бидат рангирани главните причини, на начин како тоа го направиле нашите испитаници. Но, најпрво да ги погледнеме одговорите на целосната ранг-листа на главните причинители за еколошките проблеми. Имено, од испитаниците се бараше да дадат само еден од можните седум одговори на прашањето: „Кои се, според вас, главните причинители на еколошките проблеми?" Доколку кон предложените седум причинители, по наше видување, додадевме уште некој, сигурно дека и за него ќе се изјаснеа повеќе испитаници. Но, нашата цел не беше да ги наведуваме сите за кои сметавме дека ги предизвикуваат проблемите, туку оние најважните. На прво место, за

големо изненадување, испитаниците како главна причина ја сметаат „ниската култура на населението“ со 43,1 насто од вкупниот број на испитаници, на второ - „непостоењето на законска регулатива“ со 24,6 насто, а на трето - „немањето пари“. За другите две: „неспособни политичари“ и „застарена технологија”, се изјасниле помалку од 10 насто од вкупниот број.

Како да се објасни „немањето култура“, како една од главните причини ако другите две, „немањето пари“ или непостоењето на закони, некако се разбирливи, јасни и недвосмислени.

Прво, она од што би требало да тргнеме е фактот што „еколошките проблеми“ сè уште се доживуваат како ѓубре по улиците“, „уништување на зеленилото“, еден вид недисциплина тн. „некултурно однесување“, кое е својствено за најголем дел од жителите на градот, каде што навистина голем дел имаат рурални навики, што има големо влијание врз квалитетот на животната средина, пред сè, сфатена како импресија! Значи, еколошките проблеми се резултат на оние кои немаат „урбана култура“, за кои урбаниот ред и култура и однсување е надвор до нивниот начин на живеење. Само една кратка забелешка која не е во прилог на овој начин на размислување е тоа што еколошките проблеми се најизразени во најразвиените земји! Се работи за дефиниција на поимот „еколошки проблеми“.

Овде, во нашиов случај, „ниската култура“ се употребува во нејзиното „лажно значење“ како некултурно однесување, како фрлање ѓубре, како недисциплина. Ако ниската култура се поврзе со степенот на развој на ниво на глобалното општество, како заостанатост, неразвиеност во секој поглед, како култура на неразвиена земја, веројатно значењето на одговорите на нашите испитаници ќе бидат интерпретирани на поинаков начин.

Ако во можните причини ги воведовме и „неспроведувањето на законите“, ќе бевме многу поблиску до вистината. Неспроведувањето на законите е нешто слично како немањето на закони и немањето начини и можности за нивно спроведување.

„Немањето пари“, со 12,4 насто од испитаниците се наоѓа на трето место, но не би било ништо необично ако се најде и на прво, затоа што заштитата навистина бара многу средства, кои треба да се издвојат, а кои во овој момент ги немаат ни државата ни фирмите. Во вредноста на производот уште долго време нема да биде пресметана вредноста која произлегува од заштитата на средината, од исфрлањето на материите и отпадниците кои слободно се растураат и кои предизвикуваат големи штети врз здравјето на луѓето и живиот свет. Во суштина, кога економијата е длабоко во криза, не постои доволно „културен“ или „свесен“ и не знам каков производител, кој ако не биде присилен, од страна на државата или некој друг, дека по „своја совест“ ќе вложува во заштитата!

Кај новинарите, на пример, речиси за двапати е поголем процентот на оние кои сметаат дека немањето закони е главната причина (33,5 насто). Административните работници „ниската култура“ ја ставаат на прво место, колку што тоа го прават и студентите. За стручњаците и раководителите „немањето пари“, е нешто со повисока вредност од просечните одговори, а пак, за работниците и приватниците „неспособните политичари“ се тие кои ги предизвикуваат проблемите!

Од резултатие на истражувањето може да се констатира дека субјективната перцепција“ на причините за еколошките проблеми се движи во две насоки: едната е насока на „нематеријални“ причини (ниска култура) и втората, правнополитичка (немањето закони) „материјаланите аспек-

ти“ (вклучувајќи ја и застарената технологија) се помалу изразени, едноставно како на нив да не се смета. Оваа структура на одговори ќе се покаже повторно кога ќе зборуваме за тн. еколошки ориентации.

## ПРОМЕНА НА РАБОТАТА И НАСЕЛБАТА ПОРАДИ ЗАГАДЕНОСТ

Дали би ја промениле работата или населбата поради неповолни еколошки услови? На прв поглед просечните вредности од околу 1/3 на оние кои би ја промениле и населбата и работата и не се така занемарливи, но тоа сеуште не говори дека неповолните еколошки услови можат да бидат решавачки елемент за да се промени работата или населбата. Сепак, големината на процентот на оние кои не размислувале, ни дава за право да заклучиме дека условите што денес владеат во една изразито нестабилна економија, каде што промената на работното место практично е тешко остварлива, не може на ваков начин објективно и нормално да се истражува. Секако дека тоа претпоставува далеку постабилни општествени услови.

## ЕКОЛОШКА АКЦИЈА - САДЕЊЕ ДРВЈА, ПРОТЕСТИ

Ако секој четврти испитаник учествува во некоја акција, пошумува, затревува, е организиран во рамките на еколошките друштва, тогаш навистина се добива една бројка, која укажува на „голема активност“ на населението. Но, за жал, освен неколку „еколошки друштва“ во Македо-

нија другите немаат некоја позабележителна активност.

Сличен е одговорот и на прашањето за учество во акции за собирање на средства за заштита, а значително помало е учеството во акции против загадувачите, за нивно затворање. Со само 13 насто (најмногу новинари 26 насто) учество во некои протести, кои во себе вклучувале борба за чиста средина, а биле директни насочени против некој конкретен загадувач. Но, за 2/5 од наведените активности, според мислењето на испитаниците, тие нема да влијаат врз надминувањето на пројавените проблеми.

На прашањето: „Дали ќе ги подржите барањата да се затворат веднаш производните капацитети, кои ја загадуваат средината во која живеете", половината одговориле потврдно 14 насто не би ги поддржале, 1/5 сметаат дека живеат во средина каде што нема загадувачи. Овие податоци многу говорат за еколошкиот сензибилитет на нашите испитаници.

Што можеме да заклучиме, врз основа на овие податоци? Сигурно не многу, иако податоците говорат нешто, „само по себе". Без продлабочени теоретски сознанија, сепак, тие се „глуви" и „слепи".

Сепак, постои релативно висока согласност околу тоа колку е загадена средината, кој загадува, кои се причините за загадувањето, за карактерот на еколошката акција, главните причини за еколошките проблеми и слично.

## САМОУНИШТУВАЊЕ СО РАЃАЊЕ

Според **Олдос Хаксли** на располагање ни се две патеки: првата е смрт со глад, колера и војна и втората е ограничување на наталитетот.

Кога зборуваме за еколошките проблеми во една поширока смисла, како демографска експлозија, проблеми со храна, недостиг на суровини и енергија и најпосле, загадување на средината, тогаш мислиме на главните проблеми со кои се соочува човештвото денес. За „обичниот“ човек, се чини прашањето е премногу едноставно, а тоа гласи: „Каде води и до што ќе доведе постојниот пат”? Кога ќе се погледне дел од литературата која понепосредно се занимава со тоа, најчесто се зборува за „несигурна иднина“, „услови за преживување“, се зборува за „време за пресврт“, за „граници на порастот“, за „судбина на Земјата“, за „ограбена Земја“ и слично.

Најчесто од страна на оние кои подлабоко навлегле во проблемите се препорачува преиспитување на развојот, или се предлага негово запирање, или започнување на „нов концепт“ на пораст и развој, базирани врз сосема други начела. Настапува период на преиспитување. Нешто крупно се случува во развиените земји и за еколошките проблеми се почесто се зборува како за глобални проблеми на Земјата.

## СВЕТОТ НА РАСПАЌЕ

Излезот од „површината на проблмемите“ не се базира само врз емпириските истражувања, но е и еден од условите за да се разбере дел од она што се случува конкретно во општеството. Во анализата на значењето на прогресот може да се пристапи на различни начини и од различни страни. Во економијата, на пример, за разлика од медицината, на прогресот му се приоѓа од сосема друг аспект, што за социолозите не мора да е интересен.

За прогресот се зборува како „за прогрес во науката и технологијата“; потоа дека тој може

да биде согледуван и како степен на благостојба. Некои, пак, за прогрес го сметаат тоа што доведува до зголемување на хуманоста. Во истражувањата на модерното општество, последните дваесетина години се говори и за развојот, како една од важните компоненти. Присутни се многу концепти кои говорат за порастот како „состојба на развојот воопшто“ и тоа, како „нулти“, „експоненцијален“ пораст и „одржлив“ развој. „Експоненцијалниот“ значи неограничен, неводење сметка за негативните последици. „Нултиот пораст“ претставува запирање на развојот, ограничување на потрошувачката, а „одржливот развој“ претпоставува одредена рамнотежа меѓу човекот и техниката, се води грижа за зачувување на природната рамнотежа.

Кога се говори за односот на човекот, природата и техниката се претпоставуваат главно три концепции и тоа: антропоцентризам, каде што човекот е апсолутен господар над сѐ што постои, живо и мртво; натурализам, природата има апсолутна предност пред сите, човекот е само едно од живите суштества кое мора да се усогласува со законите на природата и најпосле, техницизам, каде што техниката е апсолутно надредена над човекот, а иднината на човештвото зависи од нејзиниот развој. Тоа се трите најважни ориентации.

Во нашето истражување ќе се обидеме да ги согледаме сите три ориентации, со убедување дека емпириските истражувања, базирани врз неопходни теоретски анализи, ни овозможуваат подлабоко да навлеземе во феномените што овде се непосредно опсервирани.

Во суштина, предмет на нашето интересирање е „субјективната перцепција“ за меѓусебниот однос на човекот, природата и техниката. Во таа смисла, ќе се обидеме да ги дефинираме основните ориентации кои понепосредно се поврзани со еколошкаа димензија.

## ЧОВЕКОТ -
## АПСОЛУТЕН ГОСПОДАР

По протерувањето од рајот, човекот е казнет од Бога, но Бог дозволува човекот да ја прошири неговата моќ над другиот свет. Сите ѕверки на Земјата, птици на небото и сè што се движи по Земјата и сите морски риби од човекот нека се плашат; сè е предадено во неговите раце. Тоа е Библиската вистина за човекот спрема другиот жив свет.

Повеќе од половина милениум оваа библиска вистина човекот се труди по секоја цена да ја докаже. Моќта која тој ја демонстрира се проширува, и се простира во науката, економијата, техниката, и тоа како духовна моќ е совладување на природата, како трансформирана моќ и како утилитарно - присвојувачка, но и како деструктивна моќ која разорувачки делува врз природната средина.

Но, да се вратиме во „субјективниот свет" на нашите испитаници и да ги соглеаме резултатите од нашто истражување, прво од ваков вид во Македонија.

Нешто повеќе од половината на вкупниот број од нашите испитаници се сложуваат со ставот дека човекот е апсолутен господар, 1/5 целосно се сложуваат, а нешто повеќе од 1/3 само се сложуваат. Воопшто не се сложуваат 11,3 насто, кои заедно со оние кои „само" се сложуваат (28,1 насто) формираат една група од околу 2/5. Останатите апстинирале од одговор.

Општо земено, имаме една поларизирана ситуација кај која нешто повеќе е нагласено позитивното прифаќање на ставот. Интересни се разликите што се јавуваат меѓу испитуваните групи. На пример, кај новинарите е регистриран највисок процент на оние што се сложуваат, скоро 4/5 од

вкупниот број, што може да се разбере како изразито антропоцентричка тенденција.

Од она што е видливо, и што не бара попрецизна анализа, е следното: дека меѓу испитуваните групи постојат големи разлики, од крајно антропоцентричка, до изразито техницистичка и натуралистичка ориентација.

Следниот став се однесува на поврзаноста на техниката и благодетите што ги ужива човекот. „Техниката на човекот му донесува благодет". Така гласи ставот. Ако во претходниот став, со-сема малку беше изразен антропоцентризмот, со овој доаѓа до израз техницизмот како доминант-на позиција во размислувањето, со повеќе од 2/3 од испитаниците (во просек), а само 12 насто не се сложуваат, и 8,8 насто немаат мислење.

Разликите меѓу групите не се толку значајни. Оваа е еднонасочна глобална ориентација. Каде ли не носи и каде ќе не однесе вербата во техниката? Затоа, во науката и филозифијата, постојат спротивставени одговори. За некои техниката „не е ни добра ни лоша, за некои таа е „автоматски причинител на промените на човечките вредности и моралните претстави", за некои други, пак,, „развојот на техниката може да стане темпирана бомба која во секој момент може да експлодира". Нашите испитаници се претежно застапници на таквите гледишта. Интересни се и други варијации на ставот за улогата на техниката.

На пример: „Дали техниката може да му осигури на човект подобра преспектива?" Само 1/4 од испитаниците не се сложуваат со тоа, речиси 2/3 се сложуваат. Значи, техниката сигурно обезбедува благодет и перспектива. Меѓу претствниците на испитуваните групи најголеми оптимисти во тој поглед се стручњаците, кои со речиси 90 насто, го заземаат првото место, за

разлика од студентите, кај кои оптимизмот е многу помал, речиси половина помалку од стручњаците.

Најголем број песимисти се јавуваат меѓу новинарите.

"Без употреба на современа техника човештвото не би преживеало". Одговорите на овој став укажуваат на една поларизација на „оптимисти" и „песимисти". Кај стручњаците повторно преовладува мислењето во прилог на техниката, речиси 4/5 позитивно се изјасниле, за разлика од новинарите и студентите кај кои тој став е присутен кај неполна 1/3.

## МОЖНА ЛИ Е КОНТРОЛА НА ТЕХНИКАТА

Ако во претходните одговори се изразува релативно висок отпимизам за улогата и значењето на техниката, одговорите на прашањето за контрола на техниката внесуваат голем степен на оптимизам. Само 1/3 од испитаниците се уверени дека човекот може да ја контролира најсовремената технологија, а повеќе од половината се сомневаат во тоа мислење. Во однос на ова прашање, стручњаците и раководителите се убедени во способноста на човекот, многу повеќе од новинарите и студентите, кај кои до израз доаѓа високиот степен на „воздржан оптимизам".

Прашањето што подолго време е присутно во филозофските расправи гласи: „Дали човекот станал жртва на сопственото создавање"? Повеќе од половиината на испитаниците се сложуваат со ставот во кој се вели дека човекот мора неговите умни способности да ги насочи во развојот на техниката. Тоа е еден меѓу средно прифатените ставови со околу половина од вкупниот

број на испитаници. Интересно е тоа што за овој став повеќе од 1/5 немаат изградено мислење, а само 4,9 насто воопшто не се сложуваат, што заедно со оние што „само“ се сложуваат изнесува скоро 1/4/

**Класус Милер**, во неговата книга „Препарирано време“, смета дека иднината никогаш не била толку неизвесна како денес. Човекот стои над бездната на целата досегашна историја... Бездната за Милер е севкупноста на разорувачките дејства на власта на научно-техничкиот свет, која е непознато како дошла и завладеала со светот. За неговиот современик, **Ралф Ласп,** „седиме во воз, кој сѐ побрзо се движи по пруга со безброј свиоци кои водат кон непознати цели“. **Тофлер** смета дека „научивме да развиваме најсилни технолигии, но не се погриживме да научиме нешто за последиците од нив“. Денес, смета Тофлер овие последици се закануваат да не уништат.

Уште едно мислење во оприлог на оние кои сметаат дека човекот мора неговите умни способности да ги потчини на техниката. **Кесерлинг,** германски научник, смета дека најпосле зошто служат знаењето, создавњето, одушевувањето и трудот, кога сите нас тоа не оттргнува подалеку од големата хармонија со природата кога донесува дегенерација, пропаст и смрт и го осиромашува нашиот живот.

За најголем дел од нашите испитаници човекот мора да се потчинува на законите на природата (повеќе од 2/3, а само 1/6 не се сложуваат со тоа. Највоздржана категорија од одговори се стручњаците со над 50 насто, а испитаниците од групата на администрацијата скоро 90 насто се сложуваат со тоа. Фактот што само неколку проценти не се сложуваат, говори за „антибиблискиот став“ на луѓето, односно дека го напуштаат она што е „подарено од Бога“.

Тоа упатува на една силна натуралистичка ориентација, на напуштање на сфаќањето дека

човекот е центар на светот и дека тој е само едно од бројните живи суштества.

Слични одговори се забележани и во однос на прифаќањето на ставот: „општествениот развој треба да биде подреден на законите на природата“. Се чини дека овој став е недоволно јасен, зашто не е јасно, на што сè може да асоцира. Подреденоста тешко може да се претпостави. Но, сфатена во смисла на развојот на општеството на сметка на природата, е сосема јасна. Скоро 2/3 се сложуваат со тоа, околу 1/5 не се сложуваат, а 1/6 немаат мислење. Најголемо отстапување од средните големини на оние кои не се сложуваат се среќава меѓу раководителите, речиси 30 насто од испитаниците на оваа група.

Натруализмот како основна ориентација е забележан и во однос на ставот: „Рамнотежата на природата е многу чувствителна и лесно се нарушува“. Речиси 80 насто од испитаниците се сложуваат со тоа (еден од најмногу прифатените ставови).

Дали навистина природата ги создава луѓето еднакви, или подоцна тоа ги прави општеството? Нашите испитаници не се плашат да се изјаснат во прилог на тоа дека општеството е виновно за нееднаквоста меѓу нив. Скоро 2/3 се сложуваат со тоа, а само 1/5 не го делат мислењето дека општеството луѓето ги прави нееднакви. Новинарите, на пример, речиси 1/3 не се сложуваат со тоа, што претставува и најголемо отстапување од средните вредности.

Се чини дека високиот степен на прифаќање на овој став повеќе упатува на егалитаризам, во смисла на тоа дека луѓето се еднакви, такви ги создава природата, но општеството е виновникот кој ги прави нееднакви. Испитаниците на ова прашање и на неколку други биле „приморани“ да даваат „филозофски“ одговори.

Дали законите на природата се посилни од човековите желби е прашање кое често се пос-

тавува во филозофијата. И во однос на овој став нашите испитаници се на страна на природата (скоро 2/3 се сложуваат со тоа) околу 1/5 не се сложуваат, но само 5,4 насто воопшто не се сложуваат. Денес сѐ повеќе човекот е застрашуван од она што може да ги направи, односно, ако оди „до крај“ во рализиација на своите потреби и желби. Самиот чин на запознавање со законите на природата е веќе „нејзино“ освојување и прв чекор кон нејзино менување и искористување.

Ако природата е во опасност од страна на човекот дали нејзината заштита има предност пред другите задачи во општеството?

Бројот на оние кои не се сложуваат со тоа е релативно мал (1/5), на оние што се сложуваат изнесува повеќе од 2/3, а меѓу нив, пак, најбројни се студентите и работниците, кои го делат тоа мислење (повеќе од 80 насто). Од испитаниците на крајот од оваа серија на ставови се бараше да се определат за една од трите главни насоки на размислување кои беа присутни во претходните ставови.

Поконкретно, сите испитаници требаше да се определат за еден од можните три ставови: „Човекот е господар на земјата и смее неограничено да ги користи нејзините богатства“; вториот „Само со развојот на техниката е можно да го осигури сопствениот опстанок“; третиот, „Човекот е едно од живите суштества на Земјата и целосно зависи од нејзините услови и од законитостите на природата на кои мора да се потчинува“.

Првиот став соодветствува на антропоцентричката ориентација, за која е карактеристично тоа што природата е само објект на искористување, односно, природата е дело на човекот. Човекот ја потчинува природата, ја подредува на неговата амбиција. Тој смета дека е нејзин гос-

подар. Не навлегувајќи во суштината на односот на природата и човекот, она што е особено видливо, тоа е што само 11 насто од испитаниците го прифатиле овој став. Вториот став упатува на техниката како решение со кое може човекот да ја осигури иднината. Се претпоставува дека новите технологии и сложените системи се најбитни за преспективите на човештвото. Општествените промени се условени од техничкиот систем. Овој пристап се нарекува техницизам. За овој став се определил секој четврти испитаник.

Најголеми отстапки од просечните вредности се јавуваат кај работниците (33,3 насто), новинарите (31,5 насто) и приватниците (28,8 отсто). За разлика од нив, раководителите и стручњаците, со само 10 насто се разликуваат од другите. Не е јасно зошто кај овие две групи имаме регистрирано најнизок степен на техницистичка ориентација?

И најпосле, третиот став, со 2/3 од вкупниот број испитаници на прифаќање е познат како натурализам. Сите услови, цели, можности и перспективи на техничкиот систем на организација на општеството и внтрешните односи ги условуваат природните закони, Природата е на прво место, можни се само насоки на промени, кои значајно ја опструираат како таква.

Во рамките на овие и на нив слични гледишта, може да се формира една основна хипотеза на тн. еколошки дефицит, која поаѓа од присутноста на загрозувањето на природата и нејзините сопособности за саморепродукција со уништување на нејзината апсорпциона способност.

Она што овој став го имплицира, се однесува на правото на природата на нејзина саморепродукција и човечка должност е да ја социјализира природата во нејзината саморепродукција и да помогне во тоа.

Што произлегува од нашето социолошко истражување? Прво, дека кај најголемиот дел од испитаниците се случила демистификација на значењето на техниката и демистификација на сфаќањето за природата. Можеби ќе се забележи дека за така „цврст став“ нема доволно докази, но факт е дека природата повеќе не се доживува како нешто кое „дава“ и ни' „простува“ за сè што правиме со неа.

Присутен е висок респект спрема природните закони, се јавува сомнение во улогата на човекот и прогресот воопшто. Кај испитаниците, ако го исклучиме последниот став, постојат сите социо-еколошки ориентации. Може да се претпостави дека антропоцентризмот е поврзан со техницизмот „антропоцентризам втемелен врз техниката“. Нашата анализа не е подлабоко фундирана на статистичката обработка на податоците и не ни дава за право со сигурност да говориме за повисок степен на поврзаност во сфаќањата за односот на природата, техниката и општеството.

## БРАЧНА ДВОЈКА СО ДВЕ ДЕЦА

Кога секоја брачна двоја би имала по две деца не би можело да се изврши ни проста репродукција. Нашите испитаници се поделени во две еднакви групи; скоро 47 насто не се сложуваат со тоа и сметаат дека тоа е малку, а скоро 40 насто се сложуваат. Другите 13,5 насто немаат мислење. Кога ќе се погледне во структурата на одговорите, во зависност од тоа на која група се припаѓа, се покажува дека најголеми отстапувања од просечните вредности се присутни кај новинарите и студентите, со околу 3/5 од нивниот број, кои се сложуваат со тоа дека секоја брачна двојка не би трбало да има повеќе од две деца.

## ДЕЦАТА И ЕКОНОМСКСИТЕ МОЖНОСТИ

Ако првите два става се во голема мера „апстрактни и неодредени“, ставот „Бројот на децата треба да зависи од економските можности на семејството“, упатува на една реална состојба. Речиси 4/5 од испитаниците се сложуваат со тоа, а меѓу оние кои целосно се сложуваат најголем дел се наоѓаат меѓу новинарите. Само 12 насто не се сложуваат, а 4 насто немаат мислење.

Зошто овој став е најприфатлив, не е тешко да се претпостави. Истражувањата покажуваат дека многудетните семејства се и најсиромашни. Но, зошто е тоа така е друго прашање. Кога на тоа ќе потсетиме дека кај некои национални групи наталитетот е значително повисок и кога тоа ќе го поврземе со економската моќ на семејството и бројот на децата, се добива комполетна претстава за тоа, зошто структурата на одговорите е таква каква што е.

Секој од нив има „своја“ популациона политика, свое убедување, свое разбирање. Во нашето истражување станува збор за речиси 100 отсто Македонци - христијани. Тоа се нивни ставови.

## КОНТРОЛА НА РАЃАЊЕТО

За нашите испитаници кога ги имаме пред себе просечните вредности, нешто повеќе од половината се сложуваат со тоа, а 1/5 од нив целосно се сложуваат. Само 10 насто целосно не се сложуваат, што заедно со оние што „само“ не се сложуваат, изнесува околу 1/3. Другите немаат

мислење за тоа. Што сѐ се подразбира под „контрола на раѓањето“, тешко може да се претпостави. За тоа не беа прашани испитаниците. Но, зачудува високиот процент на оние што се залагаат за тоа. Најголем број приврзаници за „строга“ контрола“ се наоѓа меѓу раководителите, скоро 1/3 од вкупниот број, а најмал меѓу новинарите 2/5.

И кај другите групи се јавува отстапување од просечните вредности, но не така големи. Од каде произлегува високиот степен на приврзаници, на „строгата контрола на раѓањето“, е друго прашање и многу посложено од тоа колку овде сме во состојба да расправаме.

Родителите имаат основно право слободно и одговороно да решаваат за бројот и временскиот интервал кога ќе ги раѓаат нивните деца. Тоа е цивилизациска препорака за идните родители. Во историјата се познати повеќе начин на контрола на раѓањето. Во средниот век дозволата за брак била поврзана со сопственоста на земјата. Платон и Аристотел говорат за планска политика на бројот на населението. Кај некои примитивни племиња бројот на населението е регулиран со убивање на децата. Тоа само покажува што биле подготвени да прават луѓето - не како садисти, туку затоа што ја сфаќале опасноста од пренаселеност.

Но, да се вратиме во рамките на нашето истражување. Се обидовме низ една серија на ставови - честички, да допреме до основите - сфаќањата на нашите испитаници. Главно, анализата ја насочуваме кон следните две групи прашања. Првата се однесува на проблемите што се јавуваат со населението, храната и суровините, а втората се однесува на начините за нивно решавање.

Како да се убедиме дека структурата на прифаќање на ставовите, сепак, го одразува мислењето на мнозинството? Во Македонија, пос-

ледниве неколку години е присутно „политичко пребројување" на населението, се води еден посебен вид на популациона политика, која е непозната во другите земји. Потоа, Македонија не располага со некои основни суровини (нафта, гас, јаглен) ниту сама може да се прехрани. Тоа има големо влијание врз тоа каков став ќе заземаат нашите испитаници. Потоа, во Македонија живеат десетина националности, етнички групи, се вкрстуваат светски религии, се допираат повеќе цивилизации.

## ГРАНИЦИ НА ПОРАСТ, ИЛИ ПОРАСТ НА ГРАНИЦИТЕ

Последниве триесетина години недостигот на храна и суровини се во центарот на вниманието, како на научната јавност, така и на „обичните" луѓе. Се чини дека оптимизмот оти развојот води кон среќен крај е сè помалку присутен. Конзервативецот **Херберт Грул**, мисли дека трагедијата на човекот е содржана во тоа што тој може да го прави само она што денес во моментот изгледа правилно, а не и она што е правилно и за иднината. Она што денес е добро за некоја земја, ретко се покажува добро и за некоја друга земја. Човекот, се чини, го губи инстинктот, а сè уште не стапнал во царството на разумот. **Макс Борн** вели дека обидот природата на оваа земја да создаде мисловно суштество не успеал.

Сè повеќе е присутно и убедувањето дека порастот на населението води директно во катастрофа. Проблемот веројатно на крајот ќе биде решен, но без свесно учество на човекот, со тоа, што несвесното решение ќе биде ужасно. Луѓето на крајот во создадениот хаос и недостигот на храна, или во неможноста да ги решават социјалните проблеми ќе бидат десеткувани. тоа е

несвесното, и на некој начин, е „природното“ реше- ние, заклучува еден истакнат истражувач на проблемите во модерното општество.

**Олдос Хаксли** е убеден дека со зголемувањето на притисокот на големите групи врз расположливите суровини и прехранбени арктикли истовремено ќе се зголеми и несигурноста на стопанството, а истворемено се можни авторитарни идеологии и тоталитарни системи на власт.

## ОГРАНИЧЕНИ ИЗВОРИ

Повеќе од 2/3 од испитаниците се убедени дека природните извори на Земјата се ограничени, а само околу 1/6 не се сложуваат со тоа. Тоа упатува на присуство на висок степен на песимизам дека се живее во свет каде што може безгранично да се троши.

Во однос, пак, на ограниченоста на количините на природните ресурси владее пооптимистичко расположение отколку за суровините. Скоро 1/3 не се сложуваат дека количините на богатства што ги дава природата се ограничени, а пак повеќе од половината се сложуваат со тоа. Значително е поголем бројот на оние кои апстинирале од одговорот (17,6 насто).

Кај раководителите се јавува највисок процент на оние кои не веруваат дека природните ресурси се ограничени (околу 40 насто), а кај новинарите се среќава највисок процент (речиси 70 насто), на оние кои веруваат во тоа.

И најпосле, што нашите испитаници мислат за Македонија. Дали во Македонија се ограничени изворите на енергија и суровини? Можеби не се, но дали во тоа се убедени и луѓето? Од структурата на одговорите се гледа дека 2/3 се сложуваат со тоа дека во Македонија изворите на енергија и суровини се ограничени.

Во структурата на одговорите за припадноста на основните групи, се јавуваат отстапки од просечните вредности. Најбројни се кај новинарите, кои повеќе од 85 насто се сложуваат со тоа дека Македонија е сиромашна со суровини и со енергија. Другите се во границите на просекот од 2/3. Највисоко отстапување од просекот е забележано кај стручњаците, кои со скоро 1/4 се најголеми оптимисти во однос на енергијата и суровините. Дали навистина Македонија е ограничена во изворите на енергија и суровини? Истражувањата укажуваат на една загрижувачка состојба. Но, тоа е надвор од нашата анализа.

## ПОЗАБРЗАН РАЗВОЈ

Структурата на прифаќањето на ставовите кои се однесуваат на решавањето на проблемите (штедење, развој по секоја цена, оптимизам со идната улога на технологијата во заштитата на средината) говори за една релативно сложена состојба, што се рефлектира во постоење на повеќе вредносно-еколошки ориентации. Првиот од четирите ставови се однесува на зголемувањето на сегашниот развој. Несомнено, над 2/3 сметаат дека треба да се направи сè за да се зголеми сегашниот степен на развој, скоро 1/5 немаат мислење за тоа, а неполни 10 насто не се сложуваат со тоа. Притоа, голема е воздржаноста на раководителите и процентот на оние кои се сложуваат кај стручњаците (90 насто).

Следниот став директно упатува на присуството на оптимизам кога станува збор за решавање на проблемите со недостигот на суровини и енергија. Бидејќи човештвото и досега изнаоѓало начини како да ја надмине состојбата на тој план, нема причини да не веруваме дека тоа нема да се случи и во иднина. Така, приближно мислат оние 2/3 кои се сложуваат дека и во иднина нема

да има проблеми, човекот ќе најде излез, а само околу 13 насто се песимисти и не веруваат дека тоа така ќе биде. „Стандардните“ околу 1/5 воздржани, се и во однос на овој став се присутни.

Највисок процент на „воздржани” се јавува кај новинарите и студентите, скороо 1/4. Другите не само во однос на ова, туку и во однос на останатите ставови се во границите на просекот, освен кај некои групи кои се само малку поизразени. Кај стручњаците, на пример, е нешто понагласен оптимизмот дека решавањето на проблемите ќе биде и во иднина како и досега, кај новинарите, е обратно, тие сметаат дека ќе имаме поголем ризик на „ресурсен и енергетски песимизам“, но тоа не го нарушува општиот впечаток, дека се работи за изразито високо прифаќање на ставот кој директно може да се поврзе со општото расположение на населението.

## ШТЕДИ, ШТЕДИ И САМО ШТЕДИ

Постои уверување дека само со штедење може да се решат проблемите, и да се осигури опстанокот за подолг временски период. Само секој десетти испитаник не се сложува со тоа дека со штедење ќе се решат проблемите. Огромното мнозинство, од скоро 3/4, се сложуваат, од кои 40 насто многу се сложуваат. Сепак, во тоа „претерале“ стручњаците со скоро 90 отсто од нивниот број, кои сметаат дека само со штедење човештвото може да се спаси.

Да не се помисли дека само Македонците се познати по тоа што штедат, а и се убедени во тоа, да ги наведам резултатите од едно истражување во Хрватска, каде што скоро еднаков процент се изјасниле за тоа. (Еве ги тие резултати: 1,2 насто воопшто не се сложуваат, 13 насто не се сложуваат, 16,4 насто немаат мислење, 41,4

насто се сложуваат, 27,9 насто целосно се сложуваат). Во нашето истражување комплетните резултати изгледаат вака: 1,7 насто воопшто не се сложуваат, 9,2 насто не се сложуваат, 13 отсто немаат мислење, 44,8 насто се сложуваат и 31,1 насто целосно се сложуваат). Се разбира, во однос на повеќето ставови се јавуваат разлики.

## ЗАГАДУВАЊЕТО И НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

Се смета дека еден од начините за решавање на проблемите што се јавуваат со загадувањето на животната средина се содржи во развојот на технологијата. Вербата во новите технологии е голема и за наштие испитаници. Само 4 насто не се сложуваат со тоа дека загадувањето може да се реши со развојот на новите технологии, 1/6 немаат мислење, а повеќе од 80 насто спасот од загадувањето го бараат во развојот на технологијата.

Последниве дваесетина години сè почесто се зборува за економските аспекти на заштитата на животната средина, што упатува на сознанието дека усовршувањето на технологијата може да биде во функција на заштитата.

## ДА СЕ ЗАПРЕ РАЗВОЈОТ

Кога навистина човештвото би запрело на сегашниот степен на развој тогаш разликите меѓу развиените и неразвиените, сиромашните и богатите би останале засекогаш. Во последниве десетина години, се зборува за „одржлив развој", како процес на производство на потреби и средства за живот за нивно задоволување, што нема за последица уништување или намалување на ква-

литетот на природните ресурси до границии под кои започнува загрозувањето на здравјето, обновата и опстанокот на живиот свет.

За нашите испитаници како да не постои дилемата за тоа дали човештвото треба да застане на сегашниот степен на развој или не. Повеќе од 4/5 имаат негативно мислење за тоа, а скоро 2/3 пак не сѐ убедени во тоа дека и со намалувањето на производството ќе се намали и загадувањето што упатува на сознанието дека загадувањето за голем дел од испитаниците не е нормална последица од развојот. Значи, се јавува една доминантна категорија на испитаници кои не се сложуваат со „нултиот пораст“ и не го посматраат загадувањето како нормална последица на развојот.

## ЕКОНОМИЈА НА НЕПЛАТЕНИ СМЕТКИ

Заштитата на животната средина во себе вклучува содржини, активности и механизми за нејзино одржување во затекнатата состојба или состојба која не ги загрозува другите живи суштества. Во последниве дваесетина години, врз основа на сознанијата за глобалните тенденции на еколошките кризи, се јавувија повеќе обиди за глобални решенија на проблемите. Некои (**Капра, Шаф, Абих**) сметаат дека до решение на еколошките проблеми може да дојде само со промени на вредносниот систем. Други, пак говорат за „одржлив развој“, кој подразбира развој кој води сметка за природните законитости.

Последниве десетина години темата екологија и економија е многу присутна во стручните и научните расправи. Имено, сѐ повеќе економистите се соочуваат со сознанието дека пазарната вредност на производот станува невоз-

можна доколку не се формира цена што ја покажува еколошката вистина.

Во литературата се познати повеќе модели на заштита, но се чини, сите нив можеме да ги поделиме на два традиционални модели кои заштитата ја базираат на централизираниот бирократски апарат, кој директно е задолжен да ја регулира заштитата и неокласични модели, кои практикуваат воведување на специфичен систем на компензација, преку кој потрошувачите ќе треба да ја надоместуваат направената штета.

Овој систем претпоставува, пред сè, дефинирање на сопственоста на пирдоните ресурси и богатства и одредување на цената на загадувањето. На местото на контрола, доаѓа до израз економската логика на заштитата на животната средина. Тоа е особено значајно за земјите кои се наоѓаат во транзиција и кои се на почеток на вградување на механизмот на пазарното стопанисување. Имено, воведувањето на механизмите на пазарна заштита на животната средина во услови на длабока економска криза, секако дека ќе биде спречувано од повеќе фактори. Пред сè, сосема е разбирливо дека тешката економска ситуација не дозволува „еколошки инвестиции“, односно влошување во заштита.

Потоа, непостоење на еконормативи, правила, закони, институции за посматрање, стручно оспособени кадри што секој напор во тој поглед уште на стартот го прави практично неизводлив. Ако на тоа се додаде и непостоењето на развиено еколошко движење, тогаш сликата е целосна. Претпоставките за заштита на средината треба да се изградат во услови на тешки економски проблеми и процес на транзиција, која може да значи само премин од „трагедија на заедничкото“ кон состојба на „доминација на приватното“, што никако не може да се претпостави дека само по себе ќе доведе до состојба каде што ќе се пресметува и „еколошката цена“.

Успешноста на еколошката политика може да се оценува низ повеќе критериуми: Колку е таа стабилна, сигурна и праведна, или економична, односно, колку се трајни нејзините ефекти, како се распределуваат еколошките трошоци, или каков е односот на она што се добива и се губи. Потоа, дали јавноста има позитивно мислење за неа и слично. За жал, не може да се рече дека нашата држава има каква било стратегија за еколошка заштита. Во расправите по повод Законот за трансформација на општествениот капитал, уште никој не се осмелил да каже било што во прилог на заштита на животната средина во услови на траснформација на сопственоста.

## ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Што мисли народот за какво влијание на заштита на средината има пазарната конкуренција, приватизацијата, увозот на стоки од странство и какво внимание и' посветуваат на заштитата, државата, владата, општинското раководство, раководителите на фирмите и средствата за информирање. Одговорите на овие прашања ќе овозможат полесно разбирање на ставовите на испитаниците за начините на решавање на проблемите на заштита на животната средина: Дали е тоа грижа на државата, или на оние што загадуваат, се решава ли тоа со политички средства, или низ развојот на свеста на граѓаните?

## УЛОГА НА ПАЗАРНАТА ЕКОНОМИЈА

Какво влијание има пазарната економија врз заштитата на животната средина е прашање

кое упатува и на дел од искуствата од минатото. Односно, какво било влијанието на договорната економија. Околу 1/3 од испитаниците сметаат дека тоа има лошо влијание, скоро исто толкав е процентот на оние што се изјасниле „ни лошо ни добро“, само 1/4 поволно, а другите десетина проценти не знаат какво влијание има пазарната економија.

Општ впечаток е дека за влијанието на пазарнара економија нема сериозно издиференцирано мислење, скоро 2/5 или не знаат, или сметаат дека тоа е „ни добро ни лошо“, што е скоро исто во структурата на другите 3/5, за десет проценти поголем е бројот на оние кои сметаат дека нејзиното влијание е неповолно.

Структурата на одговорите во оценката на тоа какво влијание има процесот на приватизацијата врз заштитата на животната средина е сли-чен како и одговорот на претходното прашање, со таа разлика што овде се појавуваат поголеми отстапувања кај некои социјални групи, како на пример, кај работниците за повеќе од десетина проценти. Просечна вредност е 34,1 насто, а кај работниците кои сметаат дека има негативно влијание е 40,6 насто, слично како кај раководителите и стручњаците. Кај приватниците, што е нормално и да се очекува, скоро 50 насто сметаат дека приватизацијата поволно влијае (просекот е нецелосни 30 насто за целата испитувана популација).

Значаен дел (30 насто) се изјасниле за „ни добро ни лошо“, а десетина проценти со „не знам“, меѓу кои, посебно се истакануваат новинарите со 16,4 насто за разлика од приватниците, кои со 6,1 насто не си даваат за право да судат за тоа. И во однос на ова пашање можеме да констатираме дека пстојат три групи и тоа оние кои се сложуваат, кои не се сложуваат и кои немаат мислење.

Нешто поинтересни одговори се забележани во однос на прашањето: „Како на заштитата

на средината влијае увозот на стоки од странство"? Во одговорите на ова прашање не се забележани позначајни отстапувања, односно сите се под десет проценти од просечнте вредности. Од одговорите на претходните прашања може да се заклучи дека спрема „новиот систем“ на стопанисување сѐ уште нема формирано мислење за тоа како тој влијае врз заштитата на животната средина.

## КОЈ И КАКВО ВНИМАНИЕ И ПОСВЕТУВА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

За **Бери Комонер**, човекот кој се вбројува меѓу првите кои укажаа на последиците од индустрискиот пораст за судбината на човештвото она што во нашиот живот е реално, наспроти идната логика на економијата, е хаотично и тешко може да се совлада. Оние што се на власт, често несвесно, но понекогаш и цинично, со уништувањето на природната средина се служат како со средство за постигање на уште поголема моќ. За да се воспостави врска меѓу логиката, екологијата и реалноста мораме да ги доведеме во врска со општествените и политичките сили кои го одредуваат нашето секојдневие.

Односот на одговорите на нашите испитаници, меѓу оние што сметаат дека владата им посветува „големо“ и „никакво“ внимание е 3 отсто спрема 27 насто. Другите 2/3 се наоѓаат во сферата на неопределените „не знам“, „мало“, средно“ или „недоволно“. Во нашиот случај не интересираат само екстремните одговори.

Слична структура на одговори е добиена и при оценката на општинските раководства. Само 1 насто сметаат дека нивното влијание е големо, 40 насто дека е никакво, а 33,3 насто дека е недоволно итн.

Грижата за заштитата на средината од страна на раководствата на фирмите, во просек, нашите испитаници ја оценуваат како неповолна. За новинарите на пример, 61,6 насто раководствата на фирмите не водат никаква грижа за заштита, а пак, 37,9 насто од испитаниците од редот на раководителите, исто така, за себе сметаат дека не посветуваат никакво внимание врз заштитата.

Може со сигурност да се претпостави дека кај луѓето голема улога во формирањето на еколошката ориентација има и изворот на ифномации. Некои истражувања последните неколку години покажуваат дека еколошката проблематика постепено се сместува во корпусот на политичките теми.

Од вкупниот број на испитаници, 13,2 насто сметаат дека средствата за информирање на заштитата на животната средина и' посветуваат големо внимание, што е апсолутно највисок процент во однос на Владата, или општинските раководства. Интересно е, што новинарите за себе имаат најкритичка оценка од сите испитувани социјали групи.

Административните работници имаат најпозитивно мислење за средствата за информирање на овој план, а кај студените не е регистриран ни еден кој смета дека вниманието кај средствата за информирање е големо. Нашата намера не беше попрецизно да го лоцираме изворот на информации, туку сретствата за информирање да ги доведеме во врска со оние за кои сметавме дека би требало да и' посветат внимание на заштитата на животната средина, како што се државните органи и фирмите.

Имено, се покажа дека голем дел од испитаниците сметаат оти државата и фирмите не водат никаква грижа за заштитата на средината (околу 40 насто), а другите немаат јасна претстава за тоа.

## РАСПОЛОЖЕНИЕТО НА ЈАВНОСТА

"Расположението на јавноста" претставува еден од многуте фактори за решавање на проблемите на заштита на животната средина.

Во истражувањето се обидовме низ единаесет ставови да допреме до мислењето на испитаниците за тоа на кој начин е можно решавањето на проблемите на заштитата на животната средина.

Секој став може да се анализира одделно, но и во врска со другите. Не сме убедени дека е присутна целосна кохерентност во одговорите. Впрочем, тоа не е ни можно, но постои висок „степен на соработка". Но, најнапред да ја претставиме структурата на одговорите во однос на сите единаесет ставови. Неопходен услов за да одговориме на основните прашања, е да согледаме како испитаниците ги оценуваат поединечните начини на решавање на заштитата на животната средина, а со тоа ќе ја презентираме латентната структура на мислење во однос на тоа.

## НЕ ЗНАМ, НЕМАМ МИСЛЕЊЕ

Одговорите во оваа група се третираат како воздржаност од одговор, или пак, навистина се работи за „незнаење".

Приватизацијата е навистина процес кој најмногу предизвикува дилеми за тоа. Имено, дали со претворањето на општествената сопственост во приватна може да се зголеми делотворноста на заштитата на животната средина, за 27,9 насто од испитаниците е нејасно. Во суштина, приватизацијата започна во услови на непостоење на законска регулатива и политичка стра-

тегија и нормално е да се очекува дали таа ќе значи и поголема делотворност во заштитата.

И во однос на другите два става апстиненцијата е голема. Првиот се однесува на улогата на забрзаниот технолошки развој, а вториот во однос на општиот развој.

Технолошкиот развој е неопходен за секоја земја. Развојот се базира врз модерна технологија. Интересен е ставот на испитаниците дека развојот на технологијата не е веќе оној фактор со кој се решаваат сите главни проблеми во општеството.

Каде да се бараат причините за тоа? Не би било во ред ако констатираме дека се работи за „конзервативни испитаници“. Што претставува стандардот на живеење и како се постигнува е сосема јасно за испитаниците. Но, сè повеќе станува јасно и тоа до што може да доведе неконтролираниот развој и какви последици може да има на планот на загрозувањето на животната средина?

## ПОТРЕБА ОД ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

За нашите испитаници нема дилема: постои висок степен на сложување со тоа дека има потреба од заштита. Од вкупниот број на ставови три се најмногу прифатени и тоа: Дека проблемот на заштитата може да се реши, пред сè, со политички средства; вториот, дека заштитата е исклучиво грижа на државата; третиот, дека треба да се остварува и по цена на оспорување на општиот развој.

Кога оние што не се сложуваат ќе ги доведеме во врска со припадноста кон одредени социјални групи, се покажува дека стручњаците се тие кои најмногу се сложуваат со сите три става.

Дали државата за нашите испитаници е некомпетентна да се грижи за заштитата и поради тоа се сомневаат во нејзините „искрени“ намери, тешко е да се претпостави. Дали тоа произлегува од ставот на испитаниците дека причината за загадувањето е „ниската култура“, или во прашање е нешто друго. Во секој случај, заштитата мора да се бара на некое друго место.

Ако ги погледнеме резултатите од односот кон најприфатените ставови, тогаш забележуваме неколку интересни моменти. Прво, најприфатени се оние ставови во кои се констатира дека загадувачот треба да ги плати трошоците на заштитата, што е блиску до ставот дека „оние што загадуваат треба најстрого да се казнат“ (двата става се прифатени со 80 насто).

И третиот, најприфатен став, кој не се вклопува во оваа група гласи: „Заштитата е можна само ако се потпира во развивањето на свеста на граѓаните“ (прифатен со над 80 насто од испитаниците).

Врз основа на резултатите од емпириското истражување, може да се заклучи следното: Прво, испитаниците ја поддржуваат онаа еколошка политика која претпоставува казни за загадувачите и оној кој загадува да ги подмири трошоците за заштита. Но, за да не дојде до тоа, потребна е изградба на свест на граѓаните. Тоа упатува на сознанеито, дека за заштитата се важни три елементи и тоа: свест, превенција и санкции. Најмалку се прифатени ставовите кај кои се смета дека проблемите на заштита се решаваат со помош на државата и со политички средства.

До слични резултати е дојдено и во слични истражувања во некои од бившите југослвоенски републики, како, на пример, во Хрватска и Словенија.

# VI. СОЦИЈАЛИЗМОТ Е МРТОВ ДА ЖИВЕЕ СОЦИЈАЛИЗМОТ

Неколку години по воспоставувањето на парламентарниот систем од граѓански тип, односно некоку години по „големиот бродолом“, или „мирната револуција“, како период на навраќање на демокртијата, е краток временски период за со повисок степен на веројатност да говориме за „квалитетни промени“, или за промени „кон нешто „. Нашата намера, всушност, не беше тоа. Емпиријата на начин како овде е ангажирана“, за „сепак нешто да докажеме“, има повеќе недостатоци, кои не ни даваат за право за „општи заклучоци“, во кои треба безрезервно да се верува. Најнапред не сме сигурни во какво оп-штество живееме!

Пред да се случи падот на социјализмот во воздухот лебдеше една општа вистина. Системот мора да биде променет! За тоа како да беа согласни сите и оние кои беа на власт и сите други. Само се чекаше стартот. Не беа спорни насоките на движење, воспоставувањето на повеќепартискиот систем, парламентарната демократија, пазарната економија.

Постоеше едно чудно воодушевување. Беа воодушевени и оние кои „цврсто“ ја држеа власта. Тоа подоцна кога власта се усвојуваше демократски, се покажа добродојдено за мнозинството кои продолжија да „јаваат“ и во системот на демократијата. Завладеа, по многу нешта, противречно чувство. Падот на „стариот“ и доаѓа-

њето на „новиот“ систем едни исти луѓе го прославуваа како триумф на демократијата, на победата на идејата за индивидуални слободи, наспроти на идејата на колективизмот на марксистичката идеологија. Само понекои делуваа изгубено, И денес се такви. Такви ќе останат цел живот. За нив постоеше еден систем, на кого му го подарија и срцето и душата. Зедоа, кој што можеше.

„Триумф“ без крв, одмазда, едноставно: револуција со тапани, како мирна промена на власта, еден вид „антиреволуција на револуцијата“. Никој денес не се обидува да одговори на прашањето зошто одушевувањето од промените беше карактеристика на сите.

Социјализмот создаде едно огромно мнозинство од „средни“ слоеви, кои иако беа свесни за „социјалистичките принципи во економијата, политиката и моралот“, нешта кои во некоја смисла им беа „наклонети“, сепак, секоја реакција беше надвор од здравиот разум. „Промени мора да има“. Како сето тоа со децении да беше подготвувано. Никого не изненади.

Се разбира, секоја земја е „случај за себе“, но за сите социјалистички земји беше заедничко тоа што веќе подолго време се чувствуваше голем пад на стандардот и се говореше за „човековите права“. Кога ќе се анализираат промените и ќе се бара нивната „внатрешна логика“ ќе се забележи дека недостигаат многу елементи таа да се разбере.

Не постои, пред сè, основниот елемент „внатрешните противречности“ во односите на производството и во надградбата. Некои се склони да мислат дека тоа настана како резултат на „револцуионизирањето во сферата на информациите“. Кога го истражуваме јавното мислење (секое емпириско истражување е еден вид такво истражување) тоа сознание беше присутно во нашите анализи. Некои се склони да мислат дека

се работи за „некој вирус“, кој е пуштен од некаде и кој го разори социјализмот.

Но, сепак, остана недоразбирањето околу „движечките сили“ на историјата, па макар тоа да значи и „враќање на историјата“. Во случајот со Македонија, се создаде една огромна армија на образовани луѓе, средни слоеви и младина, кои целосно беа воспитувани во социјализмот. Останува една голема празнина во нашата наука, зашто не се ни обиде да ги согледа нивните вредноти, аспирации, потреби, желби.

Во „новото општество“ најголем дел од нив се наоѓаат на крстопат. За нив основно прашање беше од каде да тргнат. Не како прашање на алтернативи, едноставно сите правци се непознати. И не само тоа. Неполни три години по големиот спектакл“ речиси сите се убедени дека живеат во општство кое западнало во тешки проблеми во економијата, етничките односи, криминалот.

Емпириската структура на ставот околу карактерот и динамиката на промените на општеството ја покажуваат апсурдноста на ситуацијата во која се наоѓа мнозинството. Имено, промените долго време се само најавувани, така што народот е интензивно заплашуван. Се случува еден вид „психолошки тренинг“ на свеста, во прегратките на информатичката револуција“. На пример, нема приватизација, но има Закон за приватизација, нема закон за национализација, има обиди за денационализација. Започнува едно вртење во круг на свеста.

Приватизацијата воопшто се доживува како прогресивен чин; само приватизацијата може да доведе до прогрес, но кога се говори за приватизацијата во наши услови ех, тоа е веќе грабеж! Значи, грабежот води во прогрес, или прогресот е грабеж, така некако. Нешто слично се случува и со сфаќањето на парламентаризмот. Кај нас Парламентот не води во прогрес, но пар-

ламентаризмот воопшто, ех тоа е веќе нешто друго. И сè така, тоа што во наши услови се случува е едно, а она што постои во светот сосема нешто друго.

Повеќепартискиот систем нужно води во повисок систем на демократија, но „нашиот“ е нешто друго, тој не води во поголема демократија. Или, голем дел од испитаниците кога би бирале меѓу демократија и побогата трпеза се определуваат за ова второво.

Дали се менува менталитетот на народот? Широчината на нашите сознанија се чини, не даваат за право за дециден одговор. Нешто е променето, но еден дел е неочекувано „променет“ во „непостојна“ насока. Основното прашање кога говориме за „менталитетот на народот“, е како луѓето да ја напуштат „идејата за егалитарност“, која произлезе од сфаќањето за сопственоста како „сечија и ничија“, како колективна сопственост.

Се формира еден затворен круг на интереси: државата го продава, но не е сигурно дека е нејзино, работниците не се чувствуваат повикани да го купат зошто сметаат дека е нивно. Се чувствува недостиг на докази. Сите се свесни дека само ако не вложат ништо можат да добијат, нема што да изгубат.

Кога промените се посматраат како „мегатрендови“, „промени на епохата“, се чини дека сепак по нешто „за обичните луѓе“ е нејасно. На луѓето им е јасно дека се родени еднакви, но општеството е тоа што ги прави нееднакви. Социјализмот се обиде таа неправда да ја исправи и пропадна. Општеството на пазарната економија, слободната конкуренција, слободното дејствување на индивидуата, претпоставува една ситуација на луѓе со разни способности кои тоа го докажуваат и тоа го потврдуваат во општеството. Општеството ја верифицира нивната позиција. Државните или парадржаваните институции

се тие кои ги заштитуваат краевите на нееднаквоста: Оние кои не се во можност да заработат средства за да се прехранат и да не умрат од глад им обезбедува неопходен минимум, а на оние кои „лудо" се богатат им зема дел од тоа. Мнозинството живее од сопствениот труд, мал дел се богати луѓе. Но, секој може да биде богат, секој има право на тоа. Ако не успее... Кога ќе го погледнете „списокот на моќните", се чини дека еден голем дел се „веќе познати", или барем имаат слични имиња. „Неправдата" во социјализмот се реализира како „правда" на новото општество.

Промените во посткомунистичкото општество можеме да ги набљудуваме од повеќе аспекти. Социолошката димензија е интересна во сферата на промените на социјалната структура. Психолошката упатува на една сложена структура на промени кои понепосредно се поврзани со вредностите, аспирациите и желбите. Етничката димензија, повеќе или помалу, се однесува на промените во сфаќањето на моралното и промени на принципите, кои понепосредно беа поврзани со еден специфичен тн. социјалистички начин на производство.

Потоа, промените во економската, производствената сфера, процесите на трансформација на сопственоста, промените на работниот морал, мотивите за работа. Не помалку значајни се промените кои настанаа со воведувањето на парламентарниот систем. Би било сосема неоправдано и погрешно на секоја од овие промени да и' се пријде парцијално, да се посматра одвоено од другите, да се смета дека во некои области се случиле „крупни" а во некои „никакви" промени, а притоа да се заборави од која позиција се тргнало во размислувањето.

Очигледно е дека во постсоцијализмот радикално се менуваат основите врз кои се формираат социјаланите групи. Нашето истражување покажува дека мнозинството од анкетираните,

без разлика на која група припаѓаат, себе си се сместуваат некаде на „средината“ во поглед на социјалниот статус, а претежно на „дното“ во однос на економската состојба. Пред почетокот на „крајот на социјализмот“, луѓето беа убеден дека состојбите во оопштството се резултат на неспособните и расипани политичари.

Дека нешто не чини во системот, тоа беше во втор план. Во суштина, промената на власта личеше на рутинска вежба. Кога говориме за тоа, а мислиме на Македонија, пред сè, се појавија многу специфичности. Дури и промените и не беа толку важни. Вниманието беше свртено кон чинот на осамостојувањето. Револуционерните промени внатре во системот постојано беа маскирани од надворешните фактори. Од една страна стравот од етнички судири однатре и заканите на непријателите однадвор, ги затапија внатрешните социјални противредности.

Поделеноста во општеството започна како „секавична поделба“ на оние кои се „многу богати“ и на оние кои се „многу сиромашни“. Она што остана меѓу овие два екстрема го сочинуваат една недефинирана маса (може да се нарече и средна класа, но не мора).

Ако за *најголемиот дел од работниците* во стопанството, ситуацијата станува „од ден на ден“ сè појасна, за не така мала маса образовани луѓе во државните или парадржавните и образовните институции, стручњаци од разни профили, сè уште стојат во празно, чекајќи ги резултатите од демократизацијата и приватизацијата.

Социјализмот, меѓу другото, создаде и многу илузии кај луѓето, ги научи да не работат (не беше доволно уверлив за оние кои сакаа да работат), а идеологијата ја доживуваа како „зло на нужноста“ во системот едноставно не постоеја механизми за разбудување на мотивите.

Тоа денес е оставено на пазарот, односно на слободната иницијатива. Во нашите услови сè

уште не се видливи резултатите на општеството на слободната иницијатива, приватната сопственост и повеќепартискиот систем. Како да завладеал страв.

Точно е дека комунистичката партија ги ангажираше најспособните умови, најчесто „од нешто да направат ништо“, ги насочуваше кон морални победи“ да се чувствуваат праведни пред себе и пред „народот и класата“. Се чини дека новите претставници на власта како да се на „привремена работа“. Погледнете го само воспоставувањето на „моделот на привилегиите“. Потоа, погледнете ја „идеолошката“ страна на процесот на приватизацијата. Работниците - кој нив ги пра-шува нешто?

Сè повеќе сме склони да веруваме дека „грабежот“ ќе ги реши историските недоразбирања. А, потоа, можеби од почеток. А дали има некој храброст да го подели општеството на „богати и сиромашни“, или „експлоатирани“ и експлоататори”? Но, се чини дека храброста од тој тип веќе не е на цена.

”Психолошката атмосфера“ на промените се однесува на новиот тип на човек. Нашето истражување, кога подлабоко ќе се погледне, не е тешко да се забележи дека во „степенот на модернизацијата на светата се случи успешно премостување“ од класното кон националното. Постсоцијализмот е заедница на „етничка диференцијација“. Кога пропадна идејата за општество засновано на „вечните принципи“ за еднаквост и праведност како дериват на „класната борба“ и пролетерската мисија, не беше тешко кај луѓето да се пробудат „заспаните“ национални чувства.

Имено, распаѓањето на социјализмот го зајакна чувството на „етничка припадност“. Идејата за еднаквост базирана на „социјалистичките принципи“ последниве петнаесетина години започна многу брзо да се троши. Социјализмот

се градеше и како заедница на национални и етнички групи. Сигурно е дека таквата рамноправност на овие простори никогаш во историјата не била постигната.

Но, повеќепартискиот систем ја потенцира само првата, а другата како и да не постои. Се јавува еден историски вакуум, каде што секој се обидува да пополни што е можно поголем простор, да заземе сè подобра позиција. Во тие околности не станува збор „за одговорност спрема историјата". Одговорноста е сместена во сферата на егоистичките национални или етнички интереси.

Политичката димензија на постсоцијалистичкото преструјување на примерот на Македонија, главно, започна како „пролет на демократијата", а продолжи како „измаглица" на политичкиот плурализам. Се покажа дека луѓето залудно биле затворани во едно „трло". Колку само жед за власт, колку само партии се појавија!

Прашањето за тоа каде се сместиле нашите испитаници себеси во политиката, од „крајно леви до крајно десни", како тоа навистина нешто за мнозинството да значи, најголемиот дел „мудро" одговараат со „не знам". „Незнаењето овде не е резултат на сложеноста или незаинтересираноста. Едноставно, „десното и левото" до тој степен го изгубиле значењето, што десното е навистина „лево" колку што „левото" е навистина „десно". Нешто повеќе се сместиле во „центарот" како навистина да постои „центар". Меѓутоа, се поставува прашањето - чиј центар, или центар на што?

# VII. РАБОТНИЧКИОТ ОДГОВОР НА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

## СОЦИЈАЛНАТА КЛИМА НА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

Пред да поминеме поконкретно на анализа на одговорите на испитаниците, во зависност од некои структурални белези (образование, раководна положба, квалификации и слично) ќе ја претставиме општата структура на одговорите, со цел да дојдеме до повеќе значајни сознанија за „општата состојба" на јавното мислење на вработените во претпријатијата кои се опфатени со истражувањето од јуни 1994 година.

Уште на почетокот да укажеме на тоа дека само врз основа на анкетното истражување не се можни посеопфатни анализи. Се разбира потребни се попродлабочени анализи за кои анкетното истражување е само еден момент во прибирањето на податоци. Тоа особено се однесува во ситуации кога е присутна динамична промена на условите на стопанисување како што се нестабилност и непредвидливост, што не принудува да истражуваме надвор од „генералната хипотеза" и само врз основа на некои сознанија кои најчесто се нецелосни и неадекватни.

Нашиот случај со истражувањето на прашањата поврзани со трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал тоа најдобро го илустрира. Не постојат речиси никакви валидни информации (освен новинарски видувања за одредени проблеми).

Денес се соочуваме со една ситуација во која зборот „криза“ практично ништо не кажува за состојбите во општеството. Процесот на распаѓањето на стариот систем на раководење и управување со претпријатијата се чини дека заврши.

Факт е дека луѓето живеат сè полошо, дека голем дел од тн. средни слоеви масовно се пресе-лува во подолните слоеви, и дека еден тенок слој се издвојува со големината на богатството со кое се стекнува последниве неколку години, наспроти огромното мнозинство сиромашно население. Социјалната клима во која се одвива процесот на приватизацијата само неколку години по „големиот спектакл“ многу брзо се комплицира: од општо воодушевување за пазарното стопанство и повеќепартискиот систем, кадешто приватизацијата е еден од главните моменти, настапува период на разочарување, дека сепак на доаѓањето на новото не е така лесно прифатливо и примамливо за сите, како што на почетокот, во деведесеттите години се мислеше.

Имено, радикалната трансформација на системот на површина исфрли неколку „нови“ социјални групи, кои иако сè уше недоволно јасно издиференцирани, сепак, ја покажуваат основната тенденција на раслојувањето, која произлегува од воспоставувањето на односите во економијата и политиката. За социолошката анализа е важен процесот на формирање на владеачките групи, на новите сопственици во процесот на трансформацијата и како тоа луѓето го доживуваат: Дали се помируваат со таа состојба и ја сметаат за „нормална“ и „природна“ или обратно, тоа го сметаат за „зло“, „неправда“, „дезинтеграција“ и слично.

Сигурно е дека ситуацијата во која „новите“ владеачки групи произлегуваат од редовите на старите влијае на еден начин врз ставовите на луѓ ето, од, на пример, кога „новите“ групи имаат

„неидентификувано“ потекло. Факт е дека не постојат скоро никакви сеириозни анализи, а само „очигледните“ поединечни примери не ни даваат за право било што да сметаме дека се случило или се случува во процесот на прелевање на претставниците од „старата“ во „новата“ владеачка група.

Периодот од последните неколку години останува голема непозната на планот на трансфомрацијата на сопственоста, односно непознато е што практично се случуваше во услови на мешовита економија.

Колку ставовите на луѓето се некаков „објективен“ показател тешко може да се претпостави, но факт што имаме формирано јавно мнение кое е неподелено во однос на приватизацијата, сепак, укажува на состојби кои траат подолго време и дека не е резултат на моментални состојби во политиката и економијата.

Во услови на општа нестабилност и непредвидливост и неочекувани промени би било погрешно само да се пренагласува значењето на економските фактори во формирањето на ставовите на луѓето.

## ЗАКОНСКА И НЕЗАКОНСКА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Во анализата за односот на вработените спрема приватизацијата се поаѓа од ставот дека голем дел од нив не се во состојба да ја поделат приватизацијата на „законска“ и „незаконска“ приватизација. Потоа дека концептот на „платена приватизација“ за мнозинството значи уште на стартот исклучување од тој процес и најпосле, веќе започнатиот процес на трасформација според Законот за општествениот капитал, кај нај-

голем дел од вработените само го зајакна чувството дека е можна приватизација за сите под еднакви услови, или да се добие нешто, а притоа да не се плати ништо.

Би било наивно и сосема погрешно да се мисли дека поместувањето во сферата на интересите е можно без поголеми потреси во општеството. На микро план (на ниво напретпријатие) состојбите се многу посложени. Прво, еден поголем дел од претпријатијата, кои започнаа со трансформација - приватизација на сопсвеноста според Законот за општествениот капитал (1990 година) треба таа „операција“ да ја завршат со новиот Закон за трансформација на претпријатијата со општствен капитал (1993 година), кој суштински се разликува од претходниот.

Всушност, Законот за општествениот капитал, особено кај големите претпријатија, приватизацијата ја реализира како „интерен чин“ и со тоа ја дозамагли и така нејасната состојба за тоа „чие е претпријатието“. Кај вработените се создаде противречно чувство за сопственоста. Отсуството на пазарни механизми на стопанисување, појава на разни малверзации од страна на раководствата, кај голем дел од вработените предизвика разочарување во процесот на приватизацијата.

Слична е ситуацијата и со претпријататa кои воопшто не го започнаа процесот на приватизација по стариот Закон.

## УСПЕШНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

За мнозинството од анкетираните, претпријатието каде што работат е успешно (61,2 насто), скоро ист е процентот (58,9 насто) на оние кои сметаат дека има сосема мал број на превработени (често изјавуваат дека нема), за

околу 1/5 од анкетираните со успех е вклопено во пазарната економија, а за половината тоа делумно го прави.

Тоа е мислењето на вработените, кои, се чини, не сака да се соочат со објективната вистина. Шест од вкупно осум prтпријатија во кои беше извршено истражуањето се судруваа со тешки проблеми во скоро сите сфери од нивната работа: непокриени загуби, принудни одмори, ниска искористеност на капацитетите, запрен извоз, изгубени пазари и многу друго во таа насока. Во некои од претпријатијата просечната плата не надминува ни сто и педесет германски марки. Во разговорите што беа водени со повеќе групи работници, едноставно ни беше ставено до знаење дека прашањата за успешноста на претпријатието се непотребни, како и за вишокот на вработените.

*„Јас воопшто не сум за приватизација, подобро е да остане државна состојба, и воопшто не размислувам понатаму ништо“ (Работник на ТЕТЕКС)*

Со поставување на прашањето: „Дали има вишок на вработени“, нашата намера не беше да ја сознаеме објективната состојба, ниту тоа дали вработените објективно можат да ја проценат конкретната состојба во сопственото претпријатие, на планот на „прекубројните“. Вработените едноставно не признаваа дека може да има превработеност! Сите беа убедени дека не може човек кој дваесет години ги поминал во фирмата да претставува вишок.

За вработените на некои претпријатијата прашањето: „Дали претпријатието се вклопува во пазарната економија“, „беше сосема непотребно поставено, зашто состојбата пред стечај, не може да се смета за пазарно преструктуирање. Но, тоа многу не влијаеше врз нашите испитаници. За нив нивното претпријатие не може да пропадне и еден ден рентабилно ќе работи. Малкумина признаваат дека претпријатието е во длабока криза.

*„Ако дојде до нагла трансформација ќе дојде до голема невработеност, а со тоа и вишокот на работници во Заводот што се водат во евиденција, ќе дојде до силна социјална политика и немири кај народот, при што многу општествени организации ќе се затворат, затоа државата треба да поведе многу сметка за настаните што ќе се случат, да изнајде модус да се отворат нови работни места, да воведе нова технологија: на работа да воведе повеќекратно работно време во смени. Државата треба да изврши анкета од каде дојде таа сума на голем капитал на поединци што се јавуваат сега како бизнисмени и сакаат да купуваат општествени дуќани, продавници и слично. Да се испита потеклото на имотот, од каде е стекнат капиталот...“*

## СЕГА ЖИВЕАМ ПОЛОШО, А ЌЕ ЖИВЕАМ УШТЕ ПОЛОШО

Дали живеете подобро или полошо од минатата година и дали ќе живеете подобро или полошо идната година“, е прашање со кое може да се согледа субјективното чувство на луѓето за тоа како живеат или мислат дека живеат, или мислат дека ќе живеат идната година.

Ако ги споредиме резултатите од истражувањето од 1993 година со истражувањето реализирано во 1994 година ќе се забележи дека значајно се зголемува бројот на оние кои се песимистички расположени. Меѓу испитаниците од 1993 година постоеше еден значаен процент на оптимистичко расположение (меѓу работниците повеќе од 1/4 сметаа дека нивниата положба ќе се подобри). Анкетното истражување од 1994 година покажа дека значително е намален про-

центот меѓу работниците кои сметаат дека ќе живеат подобро.

## МОДЕЛ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Кога скоро 90 насто од испитианиците, меѓу кои е опфатена и 1/3 од раководната структура на претпријатието не знаат за каков модел на приватизација станува збор (модел присутен во законот), веднаш станува јасно колку вработените се заинтересирани за тоа. Тоа е значаен сигнал за институциите кои понепосредно се занимаваат со приватизација. Нашата намера, со помош на една група прашања беше понепосредно да ги лоцираме активностите што претпријатијата се должни да ги ипреземат во процесот на трансформацијата на капиталот.

> *„Пред сè, мислам дека приватизацијата во нашата држава сè уште е неизводливо да се спроведе. Моето мислење за спроведување на приватизацијата е дека во овој момент нема заинтересирани надворешни фирми кои би внесле квалитетен капитал. Мислам дека за тоа многу придонесува политичката нестабилност, во и околу нашата држава. Работниците од досегашната приватизација не се задоволни, бидејќи државата сè уште нема механизам кој би го контролирал квалитетното пазарно стопанисуаање. Мислам дека во моментов имаме квази-акционерство и квазипазарна економија“. (Работник во администрација во ЕМО)*

Не навлегувајќи во тоа дали навистина претпријатијата презеле некои активности околу трансофрмацијата (најголем дел не презеле практично ништо) кај вработените во ситуација на еден информациски вакуум се јавува една чудна

ситуација, во смисла на тоа дека сепак нешто се работи. Така, на пример, иницирање постапка или контрола на извршената трансформација по стариот Закон или утврдување на целите, начините или постапката за трансфомрација, анкетираните кои некои претпријатија се прашуваат што значи тоа? На пример, за извршеното анкетирање на вработените за тоа дали го прифаќаат моделот за трансформација, речиси половина изјавиле дека таквата постапка е извршена, а ситуацијата е сосема спротивна. Во ниедно претпријатие таква постапна немаше извршено.

Она што посебно зачудува е фактот што одговорите внатре во едно претпријатие се поделени, едни сметаат дека постапките се завршени, други дека за такво нешто не станало збор, трети, пак, не знаат за што всушност се работи.

## ДОБИВКАТА НЕ СЕ ВЛОЖУВА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Прашањето кое им беше поставено на испитаниците го формулиравме на ваков начин: „Претпоставете дека сте добиле на лото една поголема сума пари. Дали дел (или целата сума) ќе ја вложите во купување на акции од вашето претпријатие, или нема да ја вложите?“ Тргнавме од една претпоставка која требаше да ја покаже „јачината“ на врзаноса за фирмата и од тоа дали навистина постои убеденост кај вработените дека претпријатието работи успешно.

Имено, ако претпријатието работи профитабилно тогаш нема причина парите да не се вложуваат во купување на акции. Но, вработените не се многу убедени во тоа, дека нивната фирма е место каде што треба да се вложуваат пари и да нема опасност неповратно да се изгубат. Само неполни 20 насто изјавиле дека парите ќе ги вло-

жат во фирмата во којашто работат, околу 1/4 не знаат што ќе прават, а малку над половината дека ќе ги вложат во нешто друго. Нешто слични одговори се добиени и на прашањето за вложувањето на сопствената заштеда (под претпоставка дека ја имаат).

> *„Јас мислам дека оваа дејност (се мисли на приватизациата) е од голема корист за сите нас, кога би се извршила како што треба, без примеси од стариот начин на работа. Мислам дека ова кај нас нема да успее, бидејќи очигледно некои сакаат да ја приватизираат фабриката без никакви вложувања“. (Работник на ТЕТЕКС)*

Секако дека само врз основа на гореизнесените податоци не можеме да заклучиме дека вработените не се заинтересирани за приватизацијата на начин како што тоа се предлага во Законот. Но, изненадува високиот процент на оние кои не се подготвени да вложуваат во развојот на претпријатието каде што работат.

## ПРЕТПРИЈАТИЕТО Е НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во правнта наука (да не говориме за социологијата) во поранешна Југославија, никој не даде одговор на прашањето „Чија е сопственоста на претпријатието“. Нашата цел кога тоа прашање им го поставивме на испитаниците не беше мотивирана да дојдеме до некоја конечна разврска, ниту, пак, теоретски да го рагледуваме прашањето. Во анализата тргнавме од сознанието дека покрај „правната страна“, во поглед на сопственоста, постои и една „психолошка“, која произлезе од долго време присутната состојба кај вработените дека претпријатието е во нивна сопственост, што секако дека има значајно влијание

во реализацијата на концептот на платена приватизација", во нашиот случај, државата продава, а вработените купуваат. Логично би било да е обратно: вработените да продаваат државата да купува. Но, и во тој случај логиката многу нема да помогне, туку напротив, во некои случаи може да биде и пречка за размислување. На пример, за вработените не е логично нешто да купуваат од самите себе, кога се убедени дека тоа е во нивна сопственост. Од понудените пет можни сопственици, најголем број одговориле дека претпријатието е сопственост на вработените, дури 43,5 насто, потоа дека е на општеството, на сите нас, 33,1 насто, а најмалку на државата, само 5,9 отсто. Останатие или не знаат или сметаат дека е на некој друг.

> *„Мислам дека приватизацијата се одвива на сосема погрешен начин. Пред сè, неа ја води гарнитура на луѓе кои до вчера се бореа против приватизацијата, а за зајакнување на општествениот капитал. Во несредени општествени услови и во време на транзиција на целото општество, многу малку се води сметка за начинот на приватизацијата. Намерно се оди кон уривање на работниот морал и дисциплина и кон разграбување на општествените богатства. Приватизацијата треба да се спроведе систематски и многу бавно. На овој начин на кој таа се прави за резултат ќе има само социјални немири и државна нестабилност". (Работник на ЕМО)*

На кој начин да се интерпретираат овие податоци во рамките на тн. модел на „платена приватизација" ? Што е она што се покажува за значајно а кое би имало свое место кога моделот се формирал? Прашањето може да се постави и на ваков начин: Каде, всушност, во една психолошка смисла, се „најде" обичниот човек, кој мора да плати ако сака нешто да поседува?

Ако вработените се убедени дека сопственоста на претпријатието е или на оние кои работат во него или на сите во општеството, дали врз тоа може да се гради некој друг модел кој ќе биде поприфатлив за оние кои немаат ништо освен својата работна сила?

Фактот дека луѓето се доживуваат како вистински сопственици, е клучна алка во промените на титуларот на сопственоста. Тешко дека може за некој кој знае кога е формирано претпријатието, кога целиот работен век го поминал во него, кога е убеден дека вложил дел од себе да се помири со фактот дека повеќе не е сопственик, дека мора да плати за да биде тоа.

## БРЗА И БАВНА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Постојат повеќе начини на „спонтана" приватизација што е друго име за разграбување на општествениот имот. Такви начини постоеле од денот кога се формирала општествената - државната сопственост, со таа разлика што последниве неколку години прелевањето од државно во приватно стана поразвиено, а „бизнисмените" се натпреваруваат во брзото богатење.

Испитаниците во 44 насто случаи се определиле за „бавна" приватизација, при што меѓу неа и „брзата" приватизација не воспоставивме некои временски граници. Фактот што 1/3 не знаат каква треба да биде приватизацијата, зборува за општоста на прашањето и дека релативно е тоа што е „брзо" а што е „бавно". На пример, некои сметаат дека приватизацијата ќе доведе до ситуација кога нема да има што да се приватизира, а некои, пак, дека приватизацијата е бавен процес, сериозно осмислен од страна на државата и дека секоја постапка треба строго да

биде контролирана. Само тоа може да доведе до очекувани резултати. За концептот на „платена приватизација“, „бавноста“ или „брзината“ практично не значат ништо. Основно прашање е дали има услови за „бавна“ приватизација и која е предноста на „брзата“ приватизациија.

„Бавната“ приватизација претпоставува солидна законска основа и институции кои ќе вршат надзор во нејзината реализација, со што ќе се исклучи и најмала можност за разните манипулации, незаконското прелевање на капиталот и слично.

> *„Со оглед на нашето досегашно искуство сметам дека приватизацијата за нашето општество претставува голема неизвесност, која што може да се заклучи од одговорите на вработените во нашата фирма, но сепак, може да се заклучи дека со оглед на ситуацијата во која се наоѓаме не можеме да расудуваме за тоа дали приватизацијата ќе донесе позитивни или негативни резултати“. (Работник на ТЕТЕКС)*

Интересно е мислењето на испитаниците за „темпото“ на приватизацијата во зависност од тоа дали и колку години се на раководна функција, потоа, од степенот на образованието и некои други структурални белези.

Во групата на раководителите се јавува разлика меѓу оние кои се подолго време на раководно место и оние кои ги „уживаат“ првите години од мандатот. Најголем процент на оние кои изјавиле дека „не знаат“ каква треба да биде приватизацијата е забележан меѓу раководителите, кои имаат стаж од 6-10 години и чиј процент изнесува повеќе од 1/3, а највисок процент пак на оние кои мислат дека приватизацијата треба да биде „бавна“ се наоѓа меѓу оние со најмал раководен стаж. Податоците од анектата повеќе говорат за неизграденост на ставовите отколку за некое познавање на ситуацијата.

Во однос на степенот на образованието забележана е една правилност: со порастот на образованието, расте и убеденоста дека приватизацијата треба да биде „брза“ Кај испитаниците со најнизок степен на образование процентот на оние кои не се изјасниле изнесува над 50 насто од нивниот број.

Табела 1

Степенот на образование и сфаќањето за темпото на приватизацијата

| Степен на образование | Темпо на приватизација | | | |
|---|---|---|---|---|
| Школска подготовка | Брзо | Бавно | Не знам | Вкупно |
| | 4 | 17 | 23 | 44 |
| 1. Основна | B.V. 3,25 | 7,00 | 13,53 | 100,00 |
| | X. 9,09 | 38,64 | 52,27. | |
| | 67 | 148 | 116 | 332 |
| 2. Средна | B.V.. 54,47 | 60,91 | 68,24 | 100,00 |
| | X. 20,18 | 44,58 | 34,94 | |
| 3. Висока | 52 | 76 | 31 | 159 |
| | B.V. 42,28 | 31,28 | 18,24 | 100,00 |
| | X. 32,70 | н.47,80 | 19,50 | |

Со брзата приватизација е можен повисок степен на „праведност“ во распределбата на сопственоста со што секој ќе стартува рамноправно со другите. Секако дека и во тој случај ќе се појават разни шпекулации. Македонското искуство е на почетокот и скоро четири години од донесувањето на Уставот и две години од Законот не може ништо поодредено да се каже. До-

минира една општа претстава дека постои „грабеж“ на општествениот капитал, но не постојат сериозни согледувања за тоа.

## ДРЖАВНОТО Е СИГУРНО

Што е тоа што сѐ уште луѓето ги привлекува кај државните-општествените претпријатија, наспроти приватните? Во истражувањето тргнавме од убедувањето дека приватните претпријатија за вработените од претпријатијата со општествена сопственост, особено оние што се наоѓаат во криза да бидат повеќе посакувани за работа и дека во нив би се чувствувале посигурно.

*„Точно е дека за приватизацијата многу се пишува и тоа дека за неа има доста и карикатури кои нешто кажуваат. Ние во нашата средина нормално дека дискутираме зашто ни создава посебни услови во работењето. По сила на настаните веќе е сторено (трговијата). Се смета дека овој процес треба да успее и затоа на големо се промовира како единствен спас за успех. Во ова се вклучени и науката, која мислам дека треба да размисли што и како анлизира. Едно е да се решаваат проблемите, а друго е да се суди отстрана. Сметаме дека во овој момент е хаос, се лови во матно, се искривува вистната, сето тоа во целина не одговара на состојбите, работничката класа осиромашува, го губи моралот за работа, а на друга страна се создава вештачки силен слој на моќни луѓе, кои занесени од брзиот лесен начин на богатење дури и се будалат, на што нема крај“ (Работник во „Тане Цалески“).*

Нашата претпоставка се покажа сосема погрешна, затоа што само 14,4 насто од испи-

таниците, под претпоставка на еднакви услови на работа во „приватното“ и „државното“ претпријатие би го избрале приватното, а дури 77,3 насто би го избрале државното - општественото. Другите немаат мислење, или едноставно им е сеедно каде ќе работат. На прв поглед, се чини дека изненадувачки делува високиот процент на оние што се определиле за државното претпријатие, но ако повнимателно ги погледнеме одговорите на другите прашања, ќе видиме дека тоа ни малку не делува изненадувачки.

За „приватното“ владее едно изразито негативно мислење. Од испитаниците се бараше да го објаснат ставот зошто се определуваат за едното, а не за другото. Од нивните одговори може да се констатира дека државното - општественото е посигурно, се прима редовна плата, нема експлоатација. Наспроти тоа кај приватното сопствениците се безобзирни, сурови, експолоатираат, човек е неисигурен, едноставно, се зависи од волјата на сопственикот, а која речиси секогаш не е на страната на работникот.

Табела 2

Времето поминато на раководна положба и изборот на претпријатието за работа

| Раководна Положба | Избор на претпријатие<br>Приватно | Државно | Не знае |
|---|---|---|---|
| 1. До 5 години | 10 | 37 | 3 |
| | 20,00 | 74,00 | 6.00 |
| 2. Од 6-10 години | 7 | 21 | 4 |
| | 21,80 | 65,63 | 12,50 |
| 3. Над 10 години | 7 | 46 | 4 |
| | 12,80 | 80,70 | 7,02 |
| 4. Не е на раководна функција | 51 | 299 | 33 |
| | 13,32 | 78,72 | 8,62 |

Дали постојат значајни разлики во одговорите во зависност од раководната позиција на испитаникот или степенот на образование? Приватното претпријатие е попожелно кај оние со помал стаж и повисоко образование. Највисок процент во прилог на државното се јавува кај оние со средно образование, а најнизок процент кај оние со основно училиште само 6,9 насто. Секој четврти од оваа група нема мислење, односно апстинира од одоговор, што е навистина висок процент.

## НЕ ЗНАМ ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ СО МЕНЕ

Дека приватизацијата на сопственоста во голема мера носи неизвесност и несигурност, тоа на некој начин го потврдува и одговорот на прашањето за тоа дали испитаникот знае што ќе се случи со него лично по завршената трансформација на претпријатието во кое што тој работи.

*„Каде јас лично ќе се најдам? Тоа како и досега не зависи од мене, туку од други фактори. Важно е врз кои показатели тие ќе се раководат, дали спрема способноста или..." (Работник на ТЕТЕКС)*

*„Јас мислам дека ќе има многу богати и многу сиромашни. Ќе се најдам во голема сиромаштија" (Работник на ТЕТЕКС)*

Ако претпоставиме дека меѓу оние што знаат што ќе се случи со нив има и такви кои очекуваат дека нема нешто добро за нив да се случи, дали на пример, принудно ќе ја напуштат работата. Останува една голема неизвесност за вработените, најголем дел се во некое исчекување, чувствуваат тегобност, не им е јасно што ќе донесе новиот сопственик.

## ПАРТИСКИ СТАВ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

Приватизацијата е честа тема на разговор меѓу вработените. Таа е присутна и во сите програми на политичките партии и се чини дека нема партија која не е за приватизација. Наша цел беше да го согледаме мислењето на вработените за тоа дали политичките партии, според нивното мислење, имаат правилен став за приватизацијата.

Повеќе од половината испитаници сметаат дека ниедна политичка партија во Македонија нема правилен став за приватизацијата, скоро 1/3 не знаат ништо за односот на партиите, а секој шести знае „со сигурност" која партија каков став има. На прашањето: „Која од партиите застапени во Парламентот најадекватно ги изразува интересите на вработените, 80,7 насто изјавиле дека ниедна од нив тоа не го прави. На прашањето за која партија би гласале, „кога утре би биле изборите" (крајот на јуни 1994 година) 39,8 насто изјавиле дека нема да гласаат за ниедна партија, речиси исто толку не сакаа да одговорат на прашањето, а само 1/5 го наведоа името на партијата.

*„Приватизација не треба воопшто да постои, зашто сето тоа е изградено од цел народ, заеднички, било фабрики, училишта, болници, автопатишта и сè друго, е од целиот народ. Приватизацијата по мое мислење не треба да постои, но туку само општествено, ќе има повеќе вработување за младите и за другите. Не може да се покаже газда на претијатие човек роден во 1970 година, зашто тој не знае како се создавало тоа богатство. Само од книгите што учел и да биде газда, и да ја намали работната сила, во никој случај" (Работник на ТЕТЕКС)*

Прво, она што можеме да го констатираме за политичкиот момент во процесот на приватизацијата на капиталот се содржи во фактот дека не постои јасно издиференциран политички став. На прв поглед се чини дека скоро сите партии имаат еднаков политички став за приватизацијата, дека таа мора да се спроведе, но ниедна не се обидела тој став јавно и јасно да го артикулира пред вработените. Од една страна ниедна нема храброст да се спротивстави на приватизацијата, но ни доволно храброст во докажување на нужноста од нејзино спроведување. Колку е тоа во стратегијата на изборите, тешко е да се претпостави.

## МНОЗИНСТВОТО Е ПРОТИВ ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

Би било неодговорно и погрешно ако одговорот на директното прашање: „Дали сте, или не сте за приватизација, се разбира, онака како што таа се спроведува или ќе се спроведува според Законот" да извлекуваме „цврсти" заклучоци за тоа што навистина мислат луѓето за приватизацијата, во нашиот случај вработените во претпријатијата со општествен капитал. Само неполни триесетина проценти од испитаниците на тоа прашање одговориле потврдно, 70 насто негативно се изјасниле.

Интересно е прашањето за тоа дали се јавуваат разлики во однос на структурните карактеристики, како на пример, раководната положба, времето поминато на раководно место, степенот на образование, или должината на работниот стаж на испитаникот.

Во однос на тоа дали испитаникот е непосредно во процесот на материјалното производство или не, се јавуваат значајни разлики во прифаќањето на приватизацијата. Вработените што се непосредно вклучени во процесот на трудот

во значително помал процент ја прифаќаат приватизацијата од оние кои се надвор од него. Разликата е речиси 15 насто, што не е за запоставување.

Нешто помала разлика се јавува кај оние кои се на раководна функција (во поголем процент ја прифаќаат приватизацијата) од оние кои тоа не сѐ. Внатре во групата, која е на раководно место „најзагреани" за приватизацијата се оние што се на раководна функција меѓу 6-10 години.

Табела 3

Должина на раководниот стаж и прифаќањето на концептот на приватизацијата

| Раководен стаж | Прифаќање на приватизацијата | | |
|---|---|---|---|
| | Да | Не | Вкупно |
| 1. До 5 г. | 19 | 31 | 50 |
| | 38,00 | 62,00 | 100,00 |
| 2. Од 6-10 г. | 14 | 15 | 29 |
| | 48,28 | 51,72 | 100,00 |
| 3. Над 10 г. | 16 | 38 | 54 |
| | 29,63 | 70,37 | 100,00 |
| 4. Нема раководна | 90 | 282 | 372 |
| функција | 24,19 | 75,81 | 100,00 |
| Вкупно: | 139 | 366 | 505 |

*„Според мене акциите во претпријатијата треба да се поделат (бесплатно) на секој вработен според придонесот во досегашното работење, а потоа да се јават на пазарот (според претпријатието и ќе се формира вредноста) каде што ќе се врши купопродажба. На овој начин не би бил обезвреднет трудот на работниците кои дел од животот го вградиле во претпријатието, а сега не се во состојба да ги купуваат пону-*

*дените акции (според моделот на Марковиќ) (Работник на Жито Битола)*

Во однос на степенот на образованието, најпозитивно мислење имаа оние со повисоко образование, односно како што се зголемува степенот на образование, така се зголемува и позитивниот став кон приватизацијата.

## МЕЃУСЕБНО ДЕЗИНФОРМИРАЊЕ

Во сферата на информирањето најадекватен е тн. „систем на меѓусебно дезинформирање". Ако, н а пример 2/3 за себе сметаат дека воопшто не го познаваат Законот и ако 50 насто сметаат дека и нивните колеги воопшто не го познаваат, што заедно со оние кои изјавиле дека само „малку" нешто знаат за приватизацијата, што е речиси 90 насто, тогаш е јасно за каква инофмираност станува збор. А, на прашањето од каде најчесто добиваат информации најчесто ги наведуваат своите колеги.

*„Верувам дека приватизацијата ќе успее ако се спроведува ефикасно и по некој веќе испробан и докажан светски модел. Ќе има недоразбирања и негодувања меѓу вработените зашто тие не се доволно запознаени со позитивноста на приватизацијата за натамошната иднина. Верувам дека ако сме поумерени ќе ја постигнеме целта и ќе ги пребродиме почетните проблеми". (Административен работник во Жито Битола)*

Информациите најчесто се добиваат од средствата за масовна комуникација кои по обичај се тенденциозни и нецелосни, а завршуваат во жешките дискусии кај вработените. Од понудените осум извори на информации, за кои сметавме дека вработените им веруваат, телевизијата

се наоѓа на прво место. Колку и како се информира за приватизацијата е важно прашање и заслужува да биде посебно анализирано. Во голема мера јавното мислење го формираат информативните медиуми, а помалку специјализираните институции или стручната литература.

Во зависност од тоа каде работат, се јавуваат значајни разлики за информираноста за Законот за трансформација. Законот најмалку го познаваат во фабриката „Тане Цалески“, а најмногу во „Автомакедонија“. Од резултатите од истражувањето се добива впечаток дека вработните не сакаат ни да се запознаат со Законот.

Табела 4

Информираност за Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал

| Име на претпријатието | Инфомрираност за законот | | |
|---|---|---|---|
| | Да | Не | Вкупно |
| 1. Тетекс | 35 | 53 | 88 |
| | 39,77 | 60,23 | 100,00 |
| 2. Тане Цалески | 24 | 54 | 78 |
| | 30,77 | 69,23 | 100,00 |
| 3. ЕМО | 37 | 40 | 77 |
| | 48,05 | 51,95 | 100,00 |
| 4. Тиквеш | 35 | 63 | 98 |
| | 35,71 | 64,29 | 100,00 |
| 5. МЗТ-ФАМ | 30 | 52 | 82 |
| | 36,59 | 63,41 | 100,00 |
| 6. Електро Метал - Скопје | 21 | 20 | 41 |
| | 51,22 | 48,78 | 100,00 |
| 7. Жито Битола | 23 | 39 | 62 |
| | 37,10 | 62,90 | 100,00 |
| 8. Автомакедонија | 10 | 8 | 18 |
| | 55,56 | 44,44 | 100,00 |
| Вкупно: | 215 | 329 | 544 |

Ако се сложиме со тоа дека за сите вработени познавањето на Законот (се мисли на солидно познавање) нема подеднакво значење, тогаш ни останува да констатираме дека за оние на раководна функција особено оние кои ќе бидат принудени да ја водат постапката за приватизација, познавањето на Законот е нужно. Но, само 54,2 насто од нив изјавиле дека го познаваат Законот, односно го читале.

## КУПУВАЧИ ОД НАДВОР НЕ СЕ ПОЖЕЛНИ

Концептот на „неплатена" приватизација претставува плаќање на реалната вредност на капиталот на претпријатието по процената од страна на овластените лица од Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествена сопственост. Одлуката за трансформација ја донесува овластениот орган на претпријатието, односно вработените и кога треба да се издадат акции во висина на вредноста на претпријатието. Тоа е убаво напишано во Законот за трансформација и другите акти кои се во функција на приватизацијата. Нашата намера во анкетата беше да ја согледаме подготвеноста на вработените да прифатат некој „однадвор" да го купи нивното претпријатие, односно купувач да биде и некој странец, кој ќе го најде сопствениот интерес.

*„Точно е дека секојдневно се добиваат најразлични информации за приватизацијата, меѓутоа, информациите се некомплетни и предлагачите за начинот на приватизацијата очигледно не се начисто како тоа треба да се одвива.*

*Законот за приватизација не им е јасен на оние кои го предлагаат и оние кои треба да го спроведат. Оттаму произлегува дека и за мене е неразбирлив.*

*Ваквиот начин на приватизација, што се спроведува сега, во никој случај не одговара на потребите на оваа држава, бидејќи, во основа, е проследен со општи грешки и тотално уништување на претпријатијата.*

*Не можам да го прифатам ваквиот систем на приватизација без да се води грижа за иднината на вработените по завршувањето на процесот на приватизација - без социјална програма за оние кои ќе останат без работа.*

*Агенцијата за приватизација треба да има предвид неколку работи од кои поважни се следните:*

*Прво, последниве неколку години целокупниот развој е на товар на вработените од ова општество, што значи дека одвојуваат од својот личен доход, а не можат да добијат бесплатни акции.*

*Напоменувам дека 10 години не се користени никакви банкарски кредити, ниту пак друг вид на задолжување од страна.*

*Сопствениот денар што го издвојувале за развој некој треба да го земе и да го предаде на оние кои го издвојувале од и онака сиромашниот џеб на вработените.*

*Второ, проценка треба да се вршат лица кои имаат чувство за стопанство. Бесплатни акции да се делат на вработените...*

*Приватизација ДА, но со точно дефинирани критериуми, без можност за какви било малверзации, што се случува во моментов, доведување на претпријатијата на питачки стап, за да можат да се распродадат за никакви пари и на моќници, гагаузи... (Административен работник од „Тане Цалески“)*

Речиси 2/3 од испитаниците не се сложуваат дека некој друг може да биде купувач на нивното претпријатие. Само на неполна 1/5 тоа не би им сметало, а другите 1/5 не размислувале за тоа. Ова уште еднаш го потврдува сознанието дека вработените претпријатието го чувствуваат како свое.

## ПРИВАТИЗАЦИЈАТА Е ИГРА НА ПОЛИТИКАТА

Нема сомнение дека луѓето живеат под големо оптоварување на политичките игри, настани, не само оние кои доаѓаат „однадвор", туку пред сѐ, и оние кои се случуваат внатре во државата. Оттаму не е за чудење тоа дека и приватизацијата ја сметаат за „игра на политиката" и дека „доаѓа однадвор", дека не е израз на волјата на народот, односно дека не е негов избор!

„Психолошката димензија" на тој став може да значи дека тоа е „нечиј интерес", дека народот е жртва и дека тоа не може да го прифати. Дури 80 насто се убедени дека приватизацијата е „политичка игра", а 75 насто дека е наметната од надвор!

> *„Приватизација, да, но што добива со тоа огромното мнозинство, конкретно во ТЕТЕКС.*
>
> *Раководството ќе стане сопственик. Со тоа добива овластувања и се дистанцира, се поларизира од вработените. Ако некој „однадвор" го купи, ама со прецизен договор и да се види што е тоа што би било подобро за нас вработените..." (Работник од ТЕТЕКС).*

Прво, за десетина проценти помалку се убедени во тоа оние кои се на раководно место. Од

вкупниот број раководители 76 насто сметаат дека таа е „игра на политиката“, а 79 насто дека е „наметната од надвор“. Од групата на раководителите најмногу се убедени во тоа оние што имаат раководен стаж меѓу 6-10 години, а во однос на образованието, најмногу оние со средно, а најмалку оние со основно, 85,2 насто, наспроти 61,3% насто.

Интересно е да се истакне дека со зголемувањето на степенот на образованието, се зголемува и процентот на оние кои се убедени дека приватизацијата е наметната од надвор! Исто се случува и со оние кои имаат подолг работен стаж и оние кои се подолго време на раководна функција. Тешко може да се одговори зошто е тоа така.

*„Ние се сложуваме за приватизација, но би сакале да ги имаме сите права и да ни бидат личните доходи поголеми за да може да се живее...“ (Работник од ТЕТЕКС).*

## ПРИВАТИЗАЦИЈАТА-ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ

Одговорот на прашањето за тоа, дали постојат разлики во погледите на раководството и другите вработени во претпријатијата, за целите кои треба да се остварат со реализација на Законот за трансформација на претпријатијата можеби ќе не доближи, посредно и до одговорот на прашањата кои претходно беа поставени, а се однесуваа на тоа, дали Законот за некои групи е поприфатлив, а за некои не! Фактот што значително во поголем број од редовите на раководството се изјасниле, дека со приватизацијата треба да се реализира поефикасно управување, говори за тоа дека оваа категорија вработени приватизацијата ја разбраа и како разработка на механизмите за поуспешно управување со претпријатијата.

Табела 5

Кои од наведените цели треба (претежно) да се реализираат со приватизацијата на претпријатијата и раководната функција на испитаникот

| Раков. Функц. | Ефикас. управув. | Праведна распред. | Цели на приватизацијата<br>Економ. ефекти | Ниедна од наведените | | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 1. ДА | 36 | 31 | 66 | 8 | 1 | 142 |
| | 25,3 | 21,8 | 46,4 | 5,6 | 0,7 | (100,0) |
| 2. НЕ | 65 | 95 | 162 | 47 | 5 | 374 |
| | 17,3 | 25,4 | 43,3 | 12,5 | 1,3 | (100,0) |
| Вкупно: | 101 | 128 | 228 | 55 | 6 | 516 (100,0) |

Од вкупниот број анкетирани раководители, 1/4 сметаат дека ефикасното управување треба да биде главна цел на трансформацијата, наспроти 17,3 насто од редовите на вработените кои немаат раководна функција во претпријатието. Интересно е да се истакне и тоа, дека и кај едните и кај другите бројот на оние што се определени за праведна распределба е речиси еднаков и изнесува околу 1/4 од анкетираните во соодветните групи. Кај тие што немаат раководно место се јавува повисок процент на оние кои не се убедени дека со приватизацијата ќе се постигне некоја цел, а најмалку оние кои се наведени во прашањето. Но, дали реално ќе се реализира некоја од наведените цели? Кај испитаниците, во тој поглед, владее значително поголем песимизам, голем број се скептични во намерите на програмата и Законот за трансформација.

Табела 6

Кои од наведените цели (претежно) ќе се реализираат?

| Раководна функција А. | Ефикасно управув. 1 | Праведна распред. 2 | Економ. ефекти 3 | Ниедна навед. 4 | Други 5 | Вкупно 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. ДА | 34 | 27 | 46 | 30 | 5 | 142 |
| | 23,9 | 19,0 | 32,3 | 21,1 | 3,5 | 100,0 |
| 2. НЕ | 65 | 55 | 110 | 128 | 15 | 373 |
| | 17,4 | 14,7 | 29,4 | 34,3 | 4,0 | 100,0 |
| Вкупно: | 100 | 82 | 156 | 159 | 20 | 517 (100) |

Кај раководителите бројот на оние кои сметаат дека ниедна од целите нема да се реализира, од неколку проценти кои сметаат дека не би требало да се реализира, се зголемува на околу 1/5, а кај другите кои не се на раководно место се зголемува на повеќе од 1/3, потоа, се намалува процентот на оние кои сметаат дека економските ефекти би требало да бидат најважни, од околу 45 насто (кај двете групи) на помалку од 1/3, а кај оние кои не се на раководна функција, се намалува и процентот на тие што сметаат дека ќе се реализира праведна распределба.

Од податоците не би можеле да извлечеме „поубедливи“ заклучоци за тоа што е она што е најмногу посакувано со Програмата и Законот, а е повеќе или помалку во интерес на една или друга група во зависност од местото на раководната положба. Се чини, дека не постои основна диференцијација на ставовите, и сè уште на целите се гледа само од аспект на тоа дека приватизацијата е непожелна за претпријатијата. Но, дали се јавуваат разлики меѓу испитаниците во зависност од другите карактеристики како што се должината на работниот стаж и степенот на школска подготовка?

Во зависност од должината на работниот стаж, значајни разлики се јавуваат само во однос на тоа дали со приватизацијата ќе се реализираат наведените цели. Имено, на прво место за оние со најмал стаж се наоѓа одговорот „ниедна од наведените( ефикасно управување, праведна распределба, економски ефекти), со повеќе од 1/3 од нивниот број, а најмалку само, 13,3 насто сметаат дека тоа ќе биде „ефикасно управување".

Со порастот на работниот стаж доаѓа до изедначување на одговорите за тоа која цел ќе биде реализирана. Кај оние со најмалку стаж се јавуваат четири групи со речиси подеднаков процент на прифаќање на наведените цели. Тоа значи дека во редовите на најстарата група вработени нема издиференцирано мислење за тоа што е целта на трансфирмацијата на сопственоста.

Во однос на степенот на образование, исто така, се забележани интересни разлики. Најнапред која цел треба да се реализира со примена на Законот за трансформација на сопственоста. Од вкупниот број на анкетирани со високо образование, речиси 2/3 сметаат дека со приватизацијата треба да се реализираат економските ефекти, што во исто време е највисок процент од сите други групи.

*„Во најголем дел ми е јасно и разбирливо што значи приватизација и што истата ќе донесе, бидејки во природата на работите учествував со повеќе постапки поврзани со приватизација во нашата фабрика. Јас лично ја прифаќам приватизацијата и мислам дека е нужност и не само нужност, туку и неопходност, единствен пат. Иако бевме воспитувани во социјализмот и самоуправувањето гледаме дека е утопија за на пример, 6.000 работници управуваат со една фабрика.*

*Секаде, од семејството, па натаму, мора да управува едно лице, или неколкумина,*

*најпаметни и најспособни, доколку се сака просперитет на целината. Во фабриките и другите стопански субјекти ќе управуваат лица кои сопствениците ќе ги определат и иститe ќе ги контролираат и менуваат, бидејќи сопствениците се најзаинтересирани за нивното добро работење, односно просперитет. Поради ваквата важна улога (на контролори и одлучувачи) што ја имаат сопствениците, неопходно е да има сопственици, односно титулари на сопственоста. Затоа општествената сопственост (до скоро и државната) беше утопија или барем предвремена за 100-200 години". (Работник на ТЕТЕКС).*

За оние со понизок степен на образование на прво место се наоѓа праведната распределба. Од оваа група за економските ефекти се изјасниле само неколку проценти.

Табела 7

Степенот на образование и реализација на целите на приватизацијата

| Степен на образование | Цел на приватизацијата<br>Ефикас. управ. | Правед. распр. | Економ. ефекти | Ниедна наведен. | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1. до VIII одд. | 10 | 15 | 6 | 9 | 3 | 43 |
| | 23,2 | 34,8 | 13,9 | 20,9 | 6,9 | 100 |
| 2. ССС | 57 | 57 | 99 | 107 | 12 | 332 |
| | 17,1 | 17,1 | 29,8 | 32,2 | 3,6 | 100 |
| 3. ВСС | 38 | 9 | 52 | 50 | 7 | 156 |
| | 24,3 | 5,7 | 33,3 | 32,0 | 4,4 | 100 |
| Вкупно: | 105 | 82 | 157 | 167 | 22 | 533 (100) |

Како што може да се констатира од претходната табела значително се зголемува бројот на оние кои се убедени дека ниедна од целите не може да биде реализирана. Кај скоро 1/3 со високо и средно образование, како и испитаници со ВСС се намалува процентот на оние што сметаат дека ќе се реализира праведна распределба, а се зголемува бројот на оние кои сметаат дека ќе се реализира ефикасно управување.

Прво, кај мнозинството од испитаниците во однос на тоа што треба и што ќе се реализира со приватизацијата, се јавуваат големи разлики, што може да нѐ наведе на заклучок дека сеуште не постојат јасно издиференцирани сознанија за целите кои би требало, или ќе бидат реализирани?. Второ, голем е бројот на оние кои не се убедени дека нешто од предвидените цели ќе се реализира.

## РАКОВОДСТВОТО– ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА; РАБОТНИЦИТЕ – ПРОТИВ

Раководителите и нераководителите речиси подеднакво се убедени дека во нивната фирма едните се против приватизацијата, а тоа се работниците, а другите се за приватизација, а тоа се раководителите. Во разговорите со поголем број вработени, се доби впечаток дека раководителите се за приватизација, а работниците против, од причина што раководителите од тоа би имале поголема корист, односно неоправдано ќе се здобијат со капитал, само како резултат на нивната позиција. Но, она што е интересно, 1/3 од раководствата на фирмите смета дека и тие и работниците се сомневаат во моделот на приватизацијата.

Табела 8

**Разлики во погледите за приватизацијата во однос на раководната позиција на вработените во претпријатието**

| Раков место | Разлики во погледите: Работн. против раковод. "за" | И едните и др. се сомневаат | Позитив. се изјасн. сите | Не може да проценi | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1. ДА | 43 | 47 | 12 | 38 | 1 | 141 |
| | 30,5 | 33,3 | 8,5 | 26,9 | 0,7 | |
| 2. НЕ | 144 | 80 | 20 | 132 | 4 | 380 |
| | 37,8 | 21,5 | 5,2 | 34,7 | 1,0 | |
| Вкупно: | 187 | 127 | 32 | 171 | 5 | 521 |

Повеќе од 1/3 кај нераководителите се јавуваат оние што не знаат или се воздржани од одговор, наспроти 1/4 воздржани од раководството. Уште еднаш да потенцираме дека само еден мал дел од неколку проценти,(нешто по изразено кај раководителите, 8,5 насто) сметаат дека во претпријатието сите заеднички имаат позитивно мислење!

Од овие, како и од претходните сознанија, сепак, не може да извлече „цврст" заклучок за тоа дека некои групи се во некоја повластена положба во процесот на приватизација, ниту, пак, од некоја група приватизацијата е безрезервно прифатена! Постојните разлики внатре во секоја група, само го зацврстуваат нашето уверување, дека сеуште нема групи и интереси кои се формирани, или ќе се формираат врз основа на сопственичкото преструктуирање.

*„Ако приватизацијата успее, работите, според моето мислење, ќе се одвиваат вака: Моментално, во фирмите каде што се поделени акции на работниците, најголем број од нив немаат свест дека тоа парче хартија нешто вреди. Со довршување на приватизацијата, би требало да отпочне со работа берзата на акции, со што нагло ќе се зголеми интересот за тоа „парче хартија", а особено кога по основа на број на акции ќе се дели дивидента. Со самата свест за вредноста на акцијата, ќе почне да се создава и зголемува чувството на припадност, поголема јасност кон фирмата (зборувам за обичнот човек, кој ќе сака акции само од фирма каде што работи) мотивираност за работа и конечен интерес за учество во управувањето и вкупната судбина на фирмата. Спонтано, или организирано, ќе почнат да се формираат групи акционери кои ќе избираат свои претставници во Собранието, Управниот одбор и сл. Овие претставници веќе нема да бидат избирани по самоуправни критериуми на лажни вредности...туку способноста за заштита на приватниот капитал, што не е формална разлика, туку еден квалитативен нов начин на управување... (Работник на ЕМО)*

Колку е сложен процесот на приватизација и колку е голема разликата во гледиштата за приватизацијата говори и фактот што се јавуваат големи разлики како во рамките на една фирма, така и меѓу одделните фирми. Секое претпријатие е „свет за себе". На пример во неколку претпријатија (Тетекс, Електро-метал, Автомакедонија) постои поделеност на мислењата за тоа кој и за што е во поглед на приватизацијата, иако според Законот за општествен капитал (1990), приватизацијата е речиси завршена.

Табела 9

## Мислењето за приватизацијата на вработените

| | Мислење за приватизацијата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на претпри-јатието | Работн. "против" раковод. "за" | Сите се сомне-неваат | Пози-тивно мис-лење | Не може да процени | Друго | Вкупно |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1. ТЕТЕКС Тетово | 48<br>52,1 | 13<br>14,1 | 12<br>13,0 | 19<br>20,6 | –<br>– | 92 |
| 2. Тане Цалески Кичево | 16<br>20,0 | 36<br>45,0 | 7<br>8.7 | 21<br>26,2 | –<br>– | 80 |
| 3. ЕМО Охрид | 34<br>42,5 | 19<br>23,7 | 4<br>5,00 | 22<br>27,5 | 1<br>1,2 | 80 |
| 4. Тиквеш Кавадарци | 21<br>22,1 | 32<br>33,6 | 5<br>5,2 | 34<br>35,7 | 3<br>3,1 | 95 |
| 5. ФАМ МЗТ Скопје | 18<br>21,6 | 21<br>25,3 | 1<br>1,2 | 42<br>50,6 | 1<br>1,2 | 83 |
| 6. Електро Метал Скопје | 19<br>47,5 | 2<br>5,0 | 4<br>10,0 | 15<br>37,5 | –<br>– | 40 |
| 7. Жито Битола | 28<br>44,4 | 6<br>9,5 | 1<br>1,5 | 27<br>42,8 | 1<br>1,5 | 63 |
| 8. Авто Мак. Скопје | 9<br>50,0 | 3<br>16,7 | 0<br>0,00 | 5<br>27,7 | 1<br>5,5 | 18 |
| Вкупно: | 193 | 132 | 34 | 185 | 7 | 549 |

Во зависност од висината на работниот стаж, исто така, се забележани значајни разлики. Најголем процент, во групата со најдолг работен стаж изјавиле, дека и работниците и раководството се сомневаат во предложениот модел. На пример, во однос на оние со стаж до 5 години (претпоставуваме дека се и најмлади по возраст) речиси за 2,5 пати повеќе. Кај најмладите, најголем дел го сочинуваат оние кои не се во состојба да проценат како е примен моделот на приватизацијата во нивната фирма.

Во однос на степенот на образование, исто така, се присутни големи разлики. Скоро секој втор испитаник со најмногу завршено основно училиште, не е во состојба да ја процени состојбата со не прифаќање на моделот на приватизација, и за разликите меѓу работниците и раководството, но, значително повеќе од оние со повисоко образование, сметаат дека, и раководството и работниците имаат позитивно мислење - 16,2 насто наспроти 3,1 насто кај испитаниците со ВСС.

## РАБОТНИОТ МОРАЛ И ПАЗАРНАТА ЕКОНОМИЈА

Во овој момент би било неблагодарно да говориме за „работниот морал“ како за нешто сосема разбирливо и прецизно определено. Уште повеќе, во услови на колапс на стопанството, ниската искористеност на капацитетите, ниските плати. Говорот за „работниот морал“ во услови на отсуство на пазарната економија е можеби само како претпоставена ситуација. Веројатно кога ќе констатираме „висок“ работен морал во претпријатието, можеби тогаш и ќе заврши процесот на транзиција, и ќе можеме да говориме за состојба на изградено општество врз принципите на пазарната економија!

Но, тоа не значи дека нема никаква смисла да се говори за „работниот морал" и во услови на радикални промени на сопственичката структура. Напротив, мотивот за работа ќе биде една од основните оски околу која ќе се гради новото општество. Прашањето, како кај луѓето да се одржува висок работен морал ќе биде едно од најтешките прашања со кое ќе се среќаваат „новите сопственици", за кои сигурно дека во прво време нема високата плата нема да биде тој импулс кон поголем профит.

Нашата анализа главно ја насочивме кон истакнување на неколку аспекти на суштината и значењето на работниот морал, или поконкретно кажано, како може да се изгради работен морал кој ќе биде примерен на пазарната економија. Со помош на седум ставови-честички, добиени се одговори на прашања кои се однесуваат на новиот „работен морал" примарен на пазарната економија.

Пред да поминеме на попрецизно разгледување на структурата на одговорите во однос на основните белези на испитаниците да ги претставиме одговорите во целина.

Табела 10

Како може да се изгради работен морал кој ќе биде примарен на пазарната економија

| | Степен на сложување | | | |
|---|---|---|---|---|
| | многу | малку | ни малку | не знам |
| 1. Со заострување на работ. дисцип. | 260<br>50,8 | 165<br>32,2 | 41<br>8,0 | 44<br>8,6 |
| 2. Со јакнење на менаџерската функ. | 240<br>48,0 | 121<br>24,2 | 59<br>11,8 | 80<br>16,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Со утврдување на тајноста на исплат. плата | 139<br>28,0 | 141<br>28,4 | 143<br>28,8 | 73<br>14,7 |
| 4. | Со прогласување на квалитет на услуги и работа за највисокки критер. на успехот | 321<br>64,0 | 99<br>19,7 | 28<br>5,5 | 53<br>10,5 |
| 5. | Со децентрализација на хиерар. структруа на претпр. | 123<br>25,5 | 137<br>28,4 | 89<br>18,4 | 133<br>27,5 |
| 6. | Со стимулирање на сопственоста на вработените во претпр. | 205<br>40,9 | 143<br>28,5 | 63<br>12,5 | 89<br>17,7 |

Што може да заклучиме од претходната табела?

Половина од вкупниот број анкетирани многу се сложуваат со ставот дека заострувањето на работната дисциплина може да придонесе во создавање на морал кој ќе одговара на пазарното стопанство. Само неколку проценти сметаат дека тоа воопшто нема да влијае.

Во анализата не се впуштивме во разгледувањето на значењето што испитаниците им го даваат на поимите „работен морал“ или „дисциплина“, или, уште повеќе, што за нив значи „малку“, или „многу“. Дали процентот на оние кои сметаат дека заострувањето на дисциплината многу ќе влијае на работниот морал е висок, или низок процент, тешко е да се каже.

*„Приватизацијата ќе успее со притисок врз работниците од страна на директорите и со помош на актуелната власт, која е вмешана и го прави хаосот во претпријатијата" (Работник на „Жито-Битола").*

Какво е значењето на менаџерската функција во формирањето на работниот морал, од одговорите на испитаниците не е тешко да се претпостави. Речиси половина многу се сложуваат со јакнењето на менаџерската функција и со чија помош ќе се формира новиот работен морал. Еден незанемарлив процент (скоро секој шести испитаник) не знаат дали со примена на менаџерското управување може нешто да се направи во подобрувањето на состојбите во претпријатието.

Кога говориме за тајноста на исплатената заработувачка како еден од начините за формирање на „работниот морал", само една целосна третина од испитаниците се сложуваат, колку што изнесува и процентот на оние кои малку се сложуваат. Во некои претпријатија каде што се врши истражувањето, применуван е таков начин на исплата. Од разговорите со работниците може да се слушнат само негативни реакции од видот „дека некој тајно зема голема плата", а „некои само стотина германски марки".

Значењето на прогласувањето на квалитетот на услугите и на работата како највисоки критериуми во утврдувањето на успехот на работата на секој вработен, доби и најголем број приврзаници меѓу вработените во претпријатијата. Дури 2/3 од нив многу се сложуваат со таа постапка, а само 5,5 насто дека тоа нема никакво значење.

> *„Јас лично се надевам дека со поголемо залагање и дисциплина ќе постигнам повеќе како работник во Тетекс, но ништо подобро не се надевам во приватизацијата" (Работник на ТЕТЕКС).*

Најпосле во нашето истражување вклучивме и два става-честички, со кои се обидовме да покажеме следното: Прво, колку значење има децентрализацијата на хиерархиската структура

на претпријатието во формирањето на новите односи. Второ, колку стимулирањето на сопственштвото кај вработените ќе влијае врз јакнењето на новиот „работен морал"?

Дали фактот што 1/3 изјавиле, дека „незнаат", дали децентрализацијата значи нешто за формирањето на новите односи, не го разбрале прашањето, или станува збор за нешто друго, тешко може подетално да се каже. Само 1/4 многу се сложуваат со тоа, 28,4 насто малку, а речиси 1/5 дека воопшто не се сложуваат. Постои една „збунетост" за тоа како треба да биде поставена хиерархиската структура во претпријатието.Стимулирањето на сопственштвото кај вработените се смета заедно со прогласувањето на квалитетот на услугите за една од најважните постапки во формирањето на работниот морал примерен на пазарната економија. Ако на едно место ги собереме оние испитаници кои изјавиле дека многу се сложуваат (40,9 насто) со оние кои малку се сложуваат (28,5 насто) се добива процент од повеќе од 2/3 од вкупниот број. Посматрано од аспект на примената на моделот на трансформација на сопственоста, тоа може да се разбере и како сигнал дека работниот морал во голема мера ќе зависи и од тоа дали вработените ќе бидат во можност да бидат сопственици или не, дали претпријатието ќе го чуствуваат како свое, или ќе работат со убедување дека нивните резултати од работата некој друг ќе ги присвојува. Ако го набљудуваме од еден психолошки аспект, се чини, дека тоа може да биде и еден од клучните моменти во процесот на приватизацијата, не само во формирањето на новиот работен морал, кој треба да биде сообразен со пазарната економија.

*„Сигурно дека се зборува за приватизација, и јас би сакал да кажам, според моето мислење, поубаво од државно не може да биде". (Работничка на ТЕТЕКС).*

Би било интересно да се согледа како за ова мислат оние кои се наоѓаат на раководно место, и дали должината на раководниот стаж делува врз карактерот на мислењето?. Од податоците може да се констатира, дека оние кои не се на раководно место, во најмал процент, се убедени дека со заострување на дисциплината е можен нов морал. Најголем процент на оние кои на дисциплината и даваат најголемо значење, се наоѓаат меѓу оние со најнизок раководен стаж, дури 61,7 насто се сложуваат за тоа!

Во однос на степенот на образованието, исто така, се регистрирани интересни одговори. Испитаниците со ВСС многу повеќе од другите сметаат дека „новиот" работен морал може да се изгради само со заострување на дисциплината, со јакнење на менаџерската функција, со прогласување на квалитетот на услугите и работата како највисоки критериуми во утврдувањето на успехот на работата и со стимулирање на сопствеништвото на вработените, а во помал процент, со децентрализација на хиерархиската структура на управувањето со претпријатието и со утврдување на тајноста на исплатената плата на вработените. Тоа значи дека од шест предложени начини, за кои сметавме дека се во духот" на новото време, четири се сметаат за најважни ако бидат применети во функционирањето на претпријатието.

Она што е важно за испитаниците од пониските образовни групи е тоа што се поделени меѓу оние што се сложуваат, кои изразуваат резерва, и кои се убедени дека меѓу предложените начини нема такви кои би имале значајно влијание. За социологијата голема непозната е „работниот морал" во постсоцијалистичките земји.

Да се согласиме со ставот дека промените во сфаќањето за улогата на менаџерската функција во формирањето на „работниот морал", е резултат на промените што се случија послед-

ниве неколку години на глобален план. Но, да веруваме дека промената на наследената структура на управувањето ќе биде едноставна и лесна работа, би било повеќе од наивност. Во суштина, во претпријатието се формира, по малку „чудна и неразбирлива“ ситуација на причински-последични односи, кои се тешко разбирливи без пошироки истражувања. Формирањето на новите односи се најмалку од формално-правна природа. Тоа е долг и тежок процес, кој мора да биде истражуван од повеќе аспекти.

*„Приватизацијата мислам дека ќе успее, иа-ко не се сложувам со тоа. Јас сум да се приватизира само по реален пат и со свои средства и голем дел да се распродаде на работниците, затоа што тоа се нивни средства“ (Работник на „Жито-Битола”).*

На пример, воведувањето на тајноста на исплатената плата, од страна на работниците во некои претпријатија е доживеано како „манипулација“ од страна на раководството, во нивна корист. Во услови кога се уште не е регулиран статусот на сопственоста и сѐ уште тече процесот на приватизација и не е познат „сопственикот“ да се спроведува тајноста во исплатата, за голем дел од вработените со пониски квалификации претставува губење на довербата во раководството.

## ПОМАЛКУ ДЕМОКРАТИЈА – ПОБОГАТА ТРПЕЗА

Со помош на десетина ставови-честички, се обидовме да допреме до некои значајни релации во мислењето на испитаниците за некои односи и состојби во нашето општество, кои се воспоставени последниве неколку години. На ша-

та намера не е само врз основа на овие сознанија, да извлекуваме „цврсти“ заклучоци, туку повеќе да ги употребуваме како илустрација на сознанието дека надоаѓањето на новиот систем не е без проблеми и едноставно, како тоа некои сакаа да го престават.

а)Колку е „морално“ исправно од некого да се бара да се определи за повеќе демократија, а за кого може да се каже дека живее во сиромаштија! Или обратно, да живее во изобилие, а да се бара да се определи за помалку демократија. Во поголем дел од бившите социјалистички земји пред надоаѓањето на „новата демократија“ се живееше добро во материјална смисла.

Прашањата кои се овде предмет на анализа не навлегуваат во „другата страна“ на стварноста, во смисла на потрага по некои „скриени“ релации кои не се лесно видливи за социолошка анализа. На пример, прашањето: Дали, сепак, кога луѓето би имале избор би се определиле за побогато општество, а помалку демократија? Или што најчесто се подразбира под поимот демократија"? Речиси половина од испитаниците многу се сложуваат со ставот дека подобро е да се живее во општество со помалку демократија, а повеќе материјални блага што заедно со оние кои малку се сложуваат сочинуваат процент од повеќе од 80 насто, а само 11,3 насто воопшто не се сложуваат и 4,5 насто малку се сложуваат, воздржани од одговор се неколку проценти. Ако ова прашање би се поставиле негде на почетокот на 90-те години, веројатно одговорите би биле во полза на поголемата демократија,иако се чини дека пои-мот демократија употребен во вакви ситуации не е доволно јасен на што се однесува.

Табела 11

| Ставови | Степен на сложување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Многу се сложува | Малку се сложува | Воопш. не се слож. | Малку не се слож. | Нема мис-лење |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. Подобро да се живее во општество со помалку демо-кратија а пове-ќе материјални блага | 256<br>48,3 | 158<br>29,8 | 60<br>11,3 | 24<br>4,5 | 31<br>5,8 |
| 2. Повеќепарт. систем кај нас не води кон поголема демократија | 135<br>26,0 | 168<br>32,3 | 146<br>26,1 | 37<br>7,1 | 33<br>6,3 |
| 3. Кај нас се се послаби морални. норми и е истак-нат егоизмот и беззаконието | 341<br>65,2 | 76<br>14,5 | 48<br>9,1 | 17<br>3,2 | 41<br>7,8 |
| 4. Напредокот на општеството се-когаш и секаде е поврзан со при-ватната сопст-веност | 120<br>23,2 | 177<br>34,2 | 125<br>24,1 | 38<br>7,3 | 57<br>11,0 |
| 5. Кај нас навистина сите луѓе се еднак-ви пред законот | 40<br>7,9 | 93<br>17,6 | 299<br>57,6 | 38<br>7,3 | 49<br>9,4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Државата треба да има поголема улога во управувањето со стопанств. | 295<br>56,0 | 126<br>23,9 | 64<br>12,1 | 16<br>3,0 | 25<br>4,7 |
| 7. | Без водач секој народ е како човек без глава | 363<br>69,0 | 91<br>17,3 | 41<br>7,7 | 11<br>2,0 | 20<br>3,8 |
| 8. | Има два вида луѓе во светот - јаки и слаби | 299<br>57,5 | 115<br>22,1 | 68<br>13,0 | 12<br>2,3 | 26<br>5,0 |
| 9. | Најважна работа на децата е да учат на послушност спрема родителите | 299<br>56,1 | 149<br>27,9 | 46<br>8,6 | 22<br>4,1 | 17<br>3,1 |
| 10. | Своите претпоставени треба да се слушаат дури кога не се во право | 44<br>8,4 | 123<br>23,4 | 298<br>56,8 | 36<br>6,8 | 23<br>4,3 |

Демократијата 90-те години се доживуваше како шанса за побогато општество, побогат живот или повисок стандард, поголеми шанси за успех. Социјализмот создаде едно огромно мнозинство, кое сметаше дека нема никакви шанси за успех, дека се потиснуваат оние способните, а безмалку сите се сметаа за такви. Системот беше прогласен за виновен, се разбира, заедно со неспособните политичари! Во милиони срца се чуствуваше „жедта“ за слобода и демократија.

Но, само неколку години потоа „обичниот“ човек ја загуби сигурноста. Демократијата се покажа како „слобода за се“, но само за едно одбрано малцинство. Прашањето кое денес се поставува гласи: Дали со воведувањето на нови институции навистина се доаѓа до повисок степен на демократија или не?

Ако судиме врз основа на она што нашите испитаници мислат, тогаш излегува дека демократијата не е резултат на повеќепартискиот систем. Така мислат речиси 2/3 од нив а само 1/3 не се сложуваат со тоа! Како ја замислувале луѓето повеќепартиската демократија, негде во почетокот на 90-те години, тешко може да се претстави, но, факт е дека само кратко време по чинот на повеќепартиските избори настанува едно разочарување, кое се манифестира и во останатите подрачја на општествениот живот.

Речиси 2/3 од испитаниците се убедени дека во нашето општество се повеќе се послаби моралните норми (кои норми!) и сè повеќе јакне егоизмот и беззаконието (кои закони!). Само мал дел не се сложуваат со тие констатации. Во ваква ситуација се врши приватизација на сопственоста.

Ако приватизацијата во нашите услови се доживува како грабеж на сопственоста што значи дека за неа објективно не постојат морални и законски норми, тоа за нашите испитаници не значи дека кога се говори за приватизација воопшто, таа не ја игра позитивната улога во прогресот на општеството. Близу 2/3 од нашите испитаници се убедени во прогресивната улога на приватната сопственост во општествениот развој, а само околу 1/3 не се воопшто убедени во тоа. Но, она што зачудува е сознанието за разликите во ставовите меѓу луѓето. Нешто се прифаќа кога е поставено во неговото апстрактно значење (приватна сопственост воопшто, повеќепартиски систем воопшто) а се одбива, негира или за него се има негативно мислење, кога ќе се постави на тлото на реалниот живот, односно кога тоа објективно егзистира во нашите услови а за кое луѓето најчесто се склони да мислат дека претставува некое нарушување, и во секој случај не води кон поголема благосостојба и демократија.

*„Јасно ми е што се говори, а разбирливо не; не ја прифаќам приватизацијата; За наредните 5-7 години не е време ниту место за приватизација; нема сознание, воспитание, култура и економска оправданост; без пошироки сознанија од вработените нема успех со приватизацијата; не се оди во приватизација и пазарно стопанство со заостанати стереотипи и сфаќања; треба да се променат сфаќањата и психата кај вработените, а за тоа треба време“ (Работник на Тиквеш-Кавадарци).*

Од вкупниот број анкетирани, 57,6 насто воопшто не се сложуваат со ставот дека во нашата држава сите луѓе се еднакви пред Законот, што значи дека се убедени дека живеат во општество на рамноправни граѓани, нешто, што на сличен начин беше постојано присутно во минатото. Веројатно поимите како што е „праведно“, „еднаквост“ го заменуваат значењето. На пример поимот „еднаквост“, во смисла на еднаквост пред Законот и „еднаквост“ на шансите за успех во една поширока смисла е сосема различно.

Табела 12

| Ставови | Истражување од 1990 | | | Истражување од 1994 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | степен на сложување | | | | | |
| | се слож. | не е одлуч. | не се слож. | се слож. | не е одлуч. | не се слож. |
| | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| 1. Државата треба да има поголема улога во стопанството | 61,3 | 13,5 | 25,2 | 79,9 | 4,7 | 15,1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Кај нас сите луѓе се еднакви пред законот | – | – | – | 25,6 | 9,4 6 | 4,9 |
| 3. | Напредокот на општеството секогаш и секаде е поврзан со приватната сопственост | 48,9 | 18,4 | 33,6 | 57,45 | 11,3 | 31,5 |
| 4. | Без водич секој народ е како човек без глава | 87,6 | 5,4 | 7,1 | 86,3 | 3,8 | 9,7 |
| 5. | Најважна работа е децата да се научат на послушност | 76,6 | 16,9 | 20,1 | 84,0 | 3,1 | 12,7 |
| 6. | Има два типа на луѓе: силни и слаби | 77,0 | 8,7 | 14,2 | 77,6 | 5,0 | 15,3 |

## УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО СТОПАНСТВОТО

Во периодот на социјалистичката изградба на општеството улогата на партијата и улогата на државата беа во голема мера помешани. Партијата која беше на власт и власта која беше „вечно" еднопартиска проблемите ги решаваа заеднички.

Навистина е тешко да се интерпретира резултатот од истражувањето од 1994 година. Скоро 80 насто од испитаниците сметаат дека државата треба да има поголема улога во стопанството од онаа што објективно ја има, се разбира

по мислењето на испитаниците. Дали се случило некое „развластување“ на државата и отстранување на нејзината „стопанска функција“, или пак тоа е резултат на општите состојби со кои се соочени претпријатијата е нејасно. Ако ги спореддиме резултатите од истражувањето од пред четири години и истражувањето оваа година (1994) ќе забележиме дека испитаниците во значително повисок процент од пред четири години се сложуваат со ставот дека присуството на државата треба да биде поголемо отколку што навистина тоа е.

## НАРОДОТ БЕЗ ВОДАЧ – ЧОВЕК БЕЗ ГЛАВА

Водачите на овие простори секогаш биле на цена а се чини дека денес во Македонија многу попотребни од било кога во историјата. Скоро 90 насто од испитаниците се сложуваат со ставот дека „народ без водач е како човек без глава“. Овој став, заедно со другите два, кои исто така беа вклучени во анкетата, го покажуваат степенот на присуство на авторитарната свест кај луѓето. Тоа се ставовите-честички: Има два вида луѓе во светот, слаби и силни, и, вториот, најважна работа за децата е да учат на послушност према родителите. Првиот став-честичка е во врска со „власта и моќта“. Поединецот се идентификува со „власта и моќта“, со што ја задоволува и својата потреба за „власт и моќ“. Некои социолози сметаат дека тоа е во врска со порастот на етноцентризмот. Вториот став: Има два типа на луѓе во светот,"слаби и силни“, повеќе се однесува на „комплексот на деструктивноста и цинизмот“, кои се карактеристични за афторитарната личност. Интересно е да се истакне и тоа што и во истражувањата од пред седум-осум

години (на примерок на младата популација) се добиени скоро еднаков процент на оние кои се сложуваат со тој став. И најпосле третиот став: Најважна работа е „децата да се учат на послушност спрема родителите", може да послужи за детектирање на особини својствени на авторитарна личност. Некои сметаат дека со овој став може да се идентификува „садистичката и етноцентричката компонента" кај луѓето. Од вкупниот број анкетирани, над 80 насто се сложуваат со тоа дека за децата најважно е да се учат на покорност. Присуството на авторитарната свест кај луѓето има големо значење во промените на општествениот систем. Какво е поконкретно нејзиното значење за промените во економијата, особено кога станува збор за промените на сопственичките односи, е навистина тешко поконкретно да се одговори. Првото прашање произлегува од карактерот на „трансформацијата на еден тип на личност, кој беше формиран во различни општествени, економски и политички услови, од системот кој нужно денес се наметнува. Дали нарасната авторитарна власт ќе биде „непријателски" насочена кон промените ќе зависи од многу други фактори. Но во принцип таа не е во функција на пазарната економија која претпоставува иницијтива и слободна личност. Последниот став-честичка од оваа група на ставови, со кои се обидовме да ја идентификуваме „општата состојба на свеста" кај вработените гласи: Своите претпоставени треба да ги слушаме дури и кога не се во право". Скоро 1/3 го прифаќаат, а над 50 насто не го прифаќаат. Иако овој став е најмалку прифатен за разлика од другите ставови, сепак процентот од скоро 1/3 е премногу висок. За овие испитаници нивните претпоставени се оставени „сами на себе" да прават што сакаат, а при тоа нивните постапки да не бидат оценувани. Ако во претходните ставови можеше да се препознае „деструктивноста и циничноста на свеста", во

овој случај, тоа може да се нарече „самосвесна и самодеструктивна циничност", состојба, во која човекот е свесен за својата позиција, свесен е за својата немоќ, за потчинетата положба и едноставно се покорува на авторитетите и во ситуација кога е убеден, дека „посилниот" од него не е во право! Но, оваа ситуација може да се разбере и на поинаков начин. Имено, кога моќта се преселува во други сфери и се формира врз други основи, на пример врз основа на сопственоста (како економска моќ) прашање дали тогаш на „послабите" не им останува ништо друго освен да се покоруваат на „посилните", и кога се убедени дека тие не се во право! Правото на посилниот ја губи идеолошката основа!

## МИСЛЕЊЕ ЗА ИДЕАЛНО ОПШТЕСТВО

Развојот на општеството се движи во нужна насока. Размислувањата на луѓето за идеално општество се нешто друго. Но, дали е таа секогаш така? Секој човек, понекогаш, замислува една можна „идеална" општествена состојба во која посакува да живее. Не е случај тоа што некои советски водачи го опрелелуваа и денот кога општеството ќе влезе во комунизмот. Тоа можеби беше и најмасовно верување дека идеалното, во овој случај „комунистичко општество" ќе биде остварено за време на еден човечки живот!

Со помош на десет ставови-честички, се обидовме да го доловиме сфаќањето за идното „идеално" општество кај испитаниците. Со тоа не сме убедени дека до крај сме ја исцрпиле претставата кај вработените за него. Напротив, доволно е ако тоа не „присили" на размислување и ни послужи за нови истражувања. Првиот став-

честичка гласи: Сите важни одлуки треба да ги донесуваат паметни и способни луѓе (се разбира во некое замислено идно „идеално" општество). Кога навистина „паметните и способните" би работеле во интерес на мнозинството, не би било воопшто проблем, но, тоа не е така. Се чини дека испитаниците како да се заситени од тоа одлуките да ги носат „глупи и неспособни", а за едно идно идеално општество, за една од неговите важни карактеристики кои треба да ги има е одлуките да ги носат „паметни и умни луѓе". Скоро 70 насто од вкупниот број на анкетирани се определиле за тоа, а само неполни 1/5 сметаат дека не би требало да ги има а 12,5 насто воопшто не би требало да ги има. Интересно е да се истакне дека најмал процент од оние кои не се сомневаат во овој став се најдува меѓу оние кои не се на раководно место (само 9 насто) а највисок, 29,0 отсто кај оние кои се најдуваат најдолго време на раководна позиција во претпријатието.

Табела 13

| Ставови за идеално општество | Степен на сложување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Воопш. не би треб. да има | Не би треб. да ги има | Не знам | Би требало да ги има | Секако би требало да ги има |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. Сите важни одлуки треба да ги носат паметни и способни луѓе | 12,5 | 5,2 | 10,2 | 19,8 | 52,2 |
| 2. Сите одлуки би се носеле во еден центар | 15,8 | 13,8 | 19,0 | 25,9 | 25,3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Би постоела силна држава | 8,4 | 11,7 | 23,5 | 28,1 | 28,5 |
| 4. | Сите средства за производство би биле во општеств. сопст. | 11,4 | 19,7 | 23,5 | 28,1 | 28,5 |
| 5. | Општеств. би било поделено на оние кои успеале и оние кои не успеале | 25,3 | 24,5 | 23,2 | 14,2 | 12,6 |
| 6. | Во општеството би владеала силна конкуренција меѓу поединците би успеале подобрите | 13,5 | 13,0 | 18,7 | 27,4 | 26,4 |
| 7. | Би постоела голема разлика меѓу платите | 15,8 | 24,6 | 14,6 | 25,9 | 18,9 |
| 8. | Најголемо влијание би имале оние кои се надарени | 9,4 | 12,8 | 18,2 | 28,3 | 31,1 |
| 9. | Најголемо влијание во општеството би имале оние кои ќе успеат да ги победат своите противници | 12,8 | 23,8 | 23,0 | 21,0 | 19,1 |
| 10. | Трудот би бил основна општествена вредност | 6,7 | 5,7 | 1 6,2 | 25,9 | 45,2 |

Вториот став-честичка гласи: „Сите одлуки би се носеле во еден центар и би важеле за сите“.

Не навлегувајќи поконкретно во тоа на што сè може да се однесува овој став, да кажеме дека околу 1/3 од испитаниците сметаат дека идеалното општество тоа не би требало да го има, а над 50 насто дека би требало да го има, а околу 1/5 не се определени. Дали би било исправно овие резултати да се интерпретираат во смисла на некои состојби кои се присутни во сегашниот момент во нашето општество. Дали луѓето се за силна и централна власт, и дали само на тој начин можат да се решат проблемите?

Значи, одлуките ги носат „паметни и способни" луѓе организирани од една силна централна власт. Говориме за она што мнозинството го мисли. Интересно е да се истакне и тоа што најголем дел од испитаниците кои не се на раководно место, се убедени дека одлуките треба да се носат во еден центар.

Третиот став-честичка е сличен со претходниот, но со прецизирана содржина и сугестивност. „Во идното општество би постоела силна држава". Во општеството, каде долго време „умираше државата", на овие простори, не би требало да не зачудува фактот ако мнозинството се изјасни за силна држава (администрација, закони и сл.). Скоро 60 насто од испитаниците се изјасниле за „силна држава" која би требало да го краси идното општество. Неразбирливо е од каде доаѓа потребата за тоа! Се добива впечаток дека најголем дел од испитаниците доволно не го разбираат „апстрактното" значење на овие прашања, како луѓето да ги прашувате што треба да се промени во реалноста за да општеството стане „идеално"! Како да се изгубени идеалите и се е некако потопено во реалниот живот. Четвртиот став-честичка; „Сите сретства за производство би биле во општествена сопственост „, директно упатува на нешто кое е сосема спротивно од она што во овој момент се случува во општеството; Трансформацијата на општествената сопстве-

ност во приватна. Скоро 50 насто од нашите испитаници сметаат дека во идното „идеално" општество треба да доминира општествената сопственост, близу 1/4 немаат мислење за тоа, а 1/4 дека не би требало да доминира таа сопственост!

Петтиот став-честичка се однесува на поделеноста на луѓето на оние кои успеале и оние кои не успеале во животот. Дали општеството треба да биде поделено на оние кои успеале и оние кои не успеале во животот? Овој став е најмалку прифатен и за него се изјасниле само околу 1/4 од вкупниот број од анкетираните. Во идеално општество луѓето не би требало да се делат на „успешни и неуспешни" сметаат близу 50 насто од вкупниот број испитаници. Прифаќањето на поделбата на луѓето на успешни и неуспешни е поголема кај оние кои се на раководно место а меѓу нив, пак, повеќе кај оние кои се со помал раководен стаж.

За ставот: Во општеството би владеела силна конкуренција меѓу поединците, и, би успеале „подобрите", се изјасниле над 50 насто, а само 1/4 сметаат дека за тоа нема место во идното идеално општество. Би било премногу амбициозно да се очекува од овие резултати некој логичен меѓусебен однос, меѓу прифаќањето и отфрлањето на ставовите кои се слични меѓу себе. Општ впечаток е дека се присутни дијаметрално спротивни одговори на релативно слични ставови! Зошто е тоа така од ова истражување на може да се понуди поцелосен одговор.

Структурата на одговорите во однос на ставовите: Би постоела голема разлика во платите, најголемо влијание би имале оние кои се надарени, и оние кои ќе успеат да ги победат своите противници, е нешто поразлична од претходните. Имено од одговорите на овие ставови немаме регистрирано доминација на ниедна гру-

па, и одговорите се поделени на приближно еднакви делови, со мал акцент на нивно поголемо прифаќање, особено во „поблага форма“, „дека треба“ а не и „секако дека треба“ да ги има идеалното општество. Ако поконкретно би ја побарале логичката структура на одговорите, ќе забележиме дека само напразно се обидуваме да бараме нешто кое објективно не постои и кое тешко ќе може да се лоцира во некоја разбирлива хипотетичка рамка.

Во поимањето на вредностите на „идеалното“ општество, се чини дека испитаниците се „изгубиле“ и едноставно се „збунети“ за тоа што е она што идеалното општество навистина го прави да биде „идеално“. Периодот на транзиција во голема мера ја „упропасти“ убавата претстава што мнозинството ја имаше за иднината. Кога ќе се загледаме подлабоко во ставовите кој луѓето идеалното општество нема многу да погрешиме ако констатираме дека постоењето на силна држава, висок степен на централизација, општествената (државна сопственост), мали разлики во платите, на некој начин тоа потсетува на нешто веќе видено и доживеано. Нешто слично како враќање во иднината!

## VIII. ЗАКЛУЧОК – ПРИВАТИЗАЦИЈАТА Е УБАВ ЗБОР ЗА ГРДИ РАБОТИ!

Во текот на истражувањето, но и подоцна, во текот на анализата на резултатите, постојано се поставуваше прашањето за тоа, што всушност се крие зад „надворешната страна“ на она што луѓето го изјавуваат во анкетата или слободните разговори! Во нашето истражување не тргнавме од некои „цврсти“ теоретски разработени гледишта (дали воопшто и ги има во моментов) а кои би биле постојано изложени на „докажување“ или „отфрлање“. Тоа на некој начин, нè ослободи од притисокот дека нешто по „секоја“ цена мораме да докажеме! Анализата на процесот на приватизацијата која овде е изложена, тоа уште еднаш да го потенцираме, се однесува на тоа како таа се „доживува“, и разбира од страна на вработените, во претпријатијата кои се најдуваат во процес на трансформација на сопственичките односи.

Ако се вратиме само неколку години назад, при крајот на 80-те и почетокот на деведесеттите години, период кога, проблемите почнаа да навлегуваат сè подлабоко во општествениот систем, тие од најголем дел од населението беа разбрани како крај на еден систем кој толку многу маки им создал што заслужува да пропадне! Нешто подоцна, кога тој систем се распадна „како никогаш и да не постоел“ започнува еден период кога во сфаќањето на луѓето дефинитивно е јасно дека „враќање назад нема“, но и тоа дека излез од таа тешка ситуација (социјална и економска) не се гледа за скоро време!

Она што е можеби и најтешко да се разбере е усвојувањето на новите вредности во сите сфери од општествениот живот во една изразито тешка економска ситуација. Во социјализмот луѓето беа сигурни во некои работи: Дека когатогаш ќе се вработат, дека ќе земат каква-таква плата, дека се на список за да добијат стан, но, и тоа дека не ќе можат да се збогатат, дека пожелно е да членуваат во една партија, да веруваат во една идеологија. Тоа е упростено до тој степен што денес изгледа многу поверојатно од пред десетина години.

Но, денес, спротивно од времето на „големиот спектакл" од пред неколку години луѓето се многу поисплашени, многу повеќе од било кога прижелкуваат силна авторитарна власт, посакуваат водач со кој ќе ги исполнуваат авторитарните страсти и ќе ги идентификуваат сопствените чувства на немоќ, страв од промени.

Што е она, за што сепак можеме со поголем степен на сигурност да претпоставиме дека е присутно кај вработените во претпријатијата со општествен капитал? Ако веќе се откажавме од тоа да „докажуваме" или „отфрламе" некои хипотези, тогаш ни останува, единствено, во вид на општи сознанија да ги презентираме резултатите од истражувањето, кои, секако дека ќе бидат од значење за процесот на трансформација на сопственоста и ќе послужат за понатамошни истражувања.

**Прво**. Вработените живеат и работат во услови каде се чуствуваат дека се најдуваат „ни на небо ни на земја". Најчесто работат за минимална (нередовна) плата, живеат во состојба на големо „исчекување", дека нешто мора да се случи! Во однос на состојбата во претпријатието најчесто живеат во „уверување" дека нивното претпријатие „добро работи", а ако случајно работи лошо тоа е резултат на надворешни фактори. Значи,

нема или има сосема мал процент на превработеност и дека не постои сила која може да им ги земе „парчето леб“ и ги остави на улица. Но, во исто време нема знаци на организирана „класна борба“. „Борбеноста“ започнува и завршува со некој замислен противник, „Тие“, и „ние“ се категории кои постојат фиктивно. „Тие“, новите сопственици сеуште ги нема, а „ние“ тоа е една неорганизирана група која ги зближува една судбина, но која е недоволна за организирана практична акција. Всушност не постои објект каде таа би била насочена. И раководствата на фирмите се наоѓаат во слична ситуација како и останатите вработени. Кај еден дел од високо стручниот кадар (оние со ВСС) постои висок степен на солидарност со работниците, најверователно затоа што и голем дел од нив ја делат истата судбина. Можност за организирана акција која ќе постави подолгорочни цели сѐ уште не постои, всушност не постојат јасно издиференцирани интереси и цели.

**Второ**. Кај вработените е присутен изразито висок степен на песимизам. Тие на веруваат дека иднината ќе донесе нешто подобро за нив. Најголем дел се убедени дека живеат полошо од минатата година и ќе живеат полошо следната година.

**Трето.** Кај најголем дел од испитаниците владее една неизвесност за тоа што ќе се случи со нив по извршената приватизација, тоа е можеби еден од најзначајните моменти кој има пресудно значење за успешноста на целокупниот процес на приватизација. Прашање е дали оној кој се плаши за својата иднина, предизвикана од трансформацијата, може неа да ја пожелува и колку многу (за нив воопшто не се дискутира) за нив нејзините перспективи да се загарантирани.

Тоа покажува дека станува збор „за социјално битие“ кое едноставно живее од „денес за

утре“, кај кое се пореметени основните вредности и кое не е во состојба да реализира еден „нормален“ живот. Луѓето се чувствуваат „изненадени“, и се однесуваат како да се погодени од некоја елементарна непогода, и сеуште ги доживуват последиците од првичните шокови и не можат да се освестат и да разберат за што всушност се работи. Таков впечаток понесовме за вработените од некои до не одамна солидни фирми, а во кои денес вработените се завиени во длабока и чудна тишина!

**Четврто.** Во еден таков социјален психолошки амбиент луѓето одговараат на прашања од типот: „Дали сте се определиле кој модел на приватизација ќе го примените за вашето претпријатие; Или, дали сте донеле одлука за приватизација“. Потоа, дали би вложиле пари (сопствени) во „вашето“ претпријатие и сл. Кога од вкупниот број од оние кои одговараа на прашањата ќе ви одговорат 90 насто со „незнам“, или 2/3 ќе ви изјават дека сеуште не ги определиле целите и политиката на приватизација, тогаш станува сосема јасно дека тоа не произлегува од фактот дека луѓето се незаинтересирани, туку пред се од една „психолошка“ ситуација, во која човекот едноставно не сака да се соочи со нешто кое не сака, да го знае и постојано себеси се присилува да не мисли на тоа! Инаку како да се разбере состојбата кога повеќе од половина од испитаниците, меѓу кои голем дел од раководството на претпријатијата изјавиле дека ништо не знаат за Законот за трансформација (во неки претпријатија го немаа набавено) а се понесе впечаток дека тоа е и не е голем пропуст!

**Петто.** Претпријатието се доживува како сопственост на вработените, или сопственост на сите луѓе, а сосема малку дека тоа е државна сопственост. Тоа е вториот клучен момент, кој расветлува некои прашања околу концептот на приватизацијата. Што значи „платена приватиза-

ција“, кога неколку децении се тврдеше дека сопственоста е општествена и дека вработените се тие кои единствено имаат право да располагаат со неа. „Концептот на платена приватизација“ на некој начин, го урна уверувањето кај мнозинството дека некогаш ќе станат сопственици.

Во услови кога сеуште не функционираат многу елементи на пазарното стопанство, голем дел од вработените не живеат со уверувањето дека тоа што се прави се прави за нивни интерес. Кога ќе почне да функционира пазарот на акции сигурно е дека кај мнозинството ќе заживее убедувањето дека навистина нешто се случува. Ако и за момент се поведеме по уверувањето на вработените дека сопственоста е малку државна, тогаш за концептот за „платена приватизација“ не би можело да се каже дека сосем одговара на македонските прилики. Сеуште е нејасно зошто државата „продава“, а вработените мораат да „купуваат“. Иако со Законот се предвидени повеќе начини да се дојде до сопственост „без да се плати“ секое спомнување дека сепак нешто треба да се плати доведува до неразбирање на целиот концепт.

**Шесто.** Сè уште, и тоа во голема мера, се пожелува работа во државно-општествено претпријатие. Претпоставивме една ситуација во која вработените имаат можност да бираат меѓу две претпријатија, во кои владеат еднакви услови, но се различни по сопственоста на капиталот.

Вработените го избираат општествено-државното претпријатие затоа што сметаат дека тоа е подобро, посигурно, има редовна плата, а приватното го доживуваат сосема спротивно. Сигурно дека треба да помине повеќе време за да се промени мислењето во корист на приватното претпријатие.

**Седмо.** Испитаниците главно имаат резервиран став за политичките партии и нивната улога

во процесот на трансформација на сопственоста. Најголем дел или нема да гласаат за ниедна партија (особено оние кои се застапени во Републичкиот парламент) или се воздржани од одговор. Тоа е мошне индикативен момент, кога ниедна партија, за нашите испитаници нема изградено претстава за себе дека може да биде водечка сила и која ќе гарантира каков-таков излез од кризата, и партија која има „најправилен" став за приватизацијата.

**Осмо.** Претставата за приватизацијата главно ја формираат јавните медиуми, и системот на меѓусебно „дезинформирање" на вработените. Еден подолг период, пред донесување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, често на насловните страни на печатот може да се прочита дека приватизацијата во Македонија значи „грабеж" на општествениот имот. Но кога се донесе Законот започна да се говори за „легален грабеж". Постои едно уверување дека приватизацијата во суштина значи грабеж, односно таа може да се изведе само како „грабеж" на општествениот имот.

Не навлегувајки во „психолошката страна" на јавното мислење, на социолозите им останува голема задача да го објаснат формирањето на „новите социјални групи". Денес сосема одсуствува „социолошката експертиза" на феномените.

**Деветто.** Кога најголем дел од испитаниците ќе изјават дека приватизацијата е игра на политиката, тоа може да се разбере и како „оправдување" за нејзиното негирање, односно нејзиното неприфаќање и отфрлање. „Политичката игра" асоцира на нешто кое е случајно, кое најчесто го водат сомнителни луѓе, дека некој го диригира, како во нашиот случај, каде приватизацијата за испитаниците е диригирана однадвор. Сето тоа наведува на помисла дека се работи за

нешто кое не е својствено за нашите услови, дека преку неа се врши „насилство“ врз стопанството. Еден долг временски период се оперираше со сфаќањето дека приватизација мора да има, и дека ако ја нема, Македонија нема да добие кредити, и дека ако се прифатат пазарните услови на стопанисување „ќе потече“ странски капитал кон Македонија, дека странците ќе се „натпреваруваат“ кој повеќе ќе вложи капитал во Македонија. Она што е изгубено и тешко дека ќе може за скоро време да се надокнади е изгубената верба кај вработените, за тоа дека ако приватизацијата ја нема подршката „одвнатре“, дека таа нема големи шанси за успех! Се чини дека е загубена подршката од оние кои ќе мора, по сила на околностите, приватизацијата да ја изведат до крај. А тоа се вработените, кои и немаат ништо повеќе од својата работна сила, кои ќе бидат принудени да ја продаваат за да преживеат. Потребна е една нова стратегија која ќе го неутрализира присутното уверување кај мнозинството дека излезот од кризата е можен само ако добиеме помош однадвор.

**Десетто.** Кај вработените е присутна изразито голема поделеност за тоа што треба и што реално ќе се реализира со приватизацијата. Не постои доминантна група која валоризира само една цел. Регистрирана е сосема мала доминација на оние кои сметаат дека економските ефекти треба да бидат главни цели на приватизацијата, но дали тоа реално ќе се оствари за тоа постои голем песимизам.

**Единаесетто.** Во претпријатијата се регистрирани големи разлики во погледите за приватизацијата, особено меѓу раководството и работниците. Само еден мал процент сметаат дека и едните и другите имаат позитивно мислење, а по околу 1/3 или се „за“ (работниците) или се „против“ (раководството) или се сомневаат. Во многубројните разговори кои беа водени со врабо-

тените, се понесе впечатокот дека приватизацијата е непромислен процес, избрзан и процес кој ги урива фирмите, ги тера под стечај, дека зад него стои некоја „невидлива“ сила и дека е во прилог на „некого”.

**Дванаесетто.** Иако деректно од истражувањето не може да се извлечат некои поконкретни заклучоци за формирање на „новиот работен морал“, сепак масовното прифаќање на неколкуте начини кои се сметаат за својствени на „работниот морал“ на пазарната економија, ни дава до знаење дека кај мнозинството од вработените постои „расположение“ за нив, што може охрабрувачки да делува во остварување на целите на новиот систем, а со тоа и успешноста на приватизацијата. Секако дека некои од предложените начини не може да дојдат до израз, затоа за нив сеуште не постојат услови за нивна реализација, но прифаќањето на менаџерската функција и прогласувањето на квалитетот на услугите и квалитетот на работа како највисоки критериуми во утврдувањето на успехот на работата на секој поединец, доволно говори дека сепак нешто се движи кон добро!

**Тринаесетто.** Промените во општеството, од страна на најголем дел од испитаниците се доживуваат како промени кои не водат кон демократија, туку како промени кои ги ослабуваат моралните норми, и го потхрануваат „егоизмот“ и „безаконието“. Тоа е свеста за општата состојба во општеството која во голема мера негативно влијае врз процесот на трансформација на сопственоста. Еден поголем дел од луѓето се сомневаат дека промените кои со себе ќе ги донесе приватизацијата можат да создадат услови за прогрес. Понатаму она што е особено значајно, е домонантното присуство на елементи на авторитарност и традиционализам во свеста на вработените. Прво, се смета дека државата е таа која треба да ги решава проблемите и второ, што

е исто така важен елемент е пренагласеното значење на улогата на централизацијата на управувачките функции како услов за решавање на проблемите! Дали тоа значи дека просторот за „демократските игри“ е премногу стеснет дека настапува време на неартикулирани и ирационални појави?

**Четиринаесетто.** Луѓето сè уште живеат во „минатото“ и се инспирирани од времето кога некој „им ги решавал проблемите“. „Човекот на самоуправувањето“ тешко ги прифаќа предизвиците на новото време.

# IX. СТОПАНСКАТА ЕЛИТА И ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

Промените кои ги предизвика системот на плуралистичка демократија постепено навлегуваат во сите сфери на човековиот живот. Воспоставувањето на парламентарна демократија процесот на приватизација, нарушуваањето на нормите на колективистичката идеологија и многу нешта поврзани со тоа, создаваат услови за појава на нови односи и вредности во општеството кои, или противречат на оние кои претходно владееле или пак егзистираат паралелно со нив.

Прашањето за вредностите е едно од најсложените за истражување, особено во ситуација на драматични и радикални промени на општествениот систем. Овде анализата е ограничена на структуралните промени на вредностите, а посредно во смисла и на „прифаќање" или „неприфаќање" на повеќе ставови кои се однесуваат по повод разни ситуации на „новиот систем", кој функционира веќе неколку години. Нашата анализа се ограничува на „појавната страна" на вербалното „прифаќање" или „одбивање" на промените кои со себе ги носи изградбата на новите општествени односи.

Истражувањето на вредностите не е можно да се изведе да директен начин. Повеќе од културните и индивидуалните вредности ретко вербално се изразуваат. До нив може да дојдеме само со помош на операционализација на ставовите кои посредно укажуваат на некој сегмент

на сфаќањата на поединците како на пример, на пожелноста или непожелноста на една ситуација, на желбата за воспоставување на некои нови односи и слично.

На пример, позитивниот став према приватната сопственост се претпоставува дека е својствен на луѓето кои не се склони кон егалитаризам и за кои трудот е основна вредност и смисла на животот.

Овде говориме за вредностите како за „релативно стабилни, општи и хиерархиски организирани карактеристики на поединците и групите", и, пред се, мислиме за нивната инструментална димензија, која се согледува во степенот на „пожелноста" на односите во општеството кои произлегуваат од воспоставувањето на „пазарната економија".

Вредностите раководат со нашето однесување и како психолошки карактеристики и како елементи на општествената свест.

Во истражувањето тргнавме од претпоставката дека кај луѓето постојат релативно независни и меѓу себе противречни вредности, и, дека живееме во општество на изразито конфликтна социјална ситуација, и каде егзистираат мноштво различни идеолошки и политички сфаќања и ориентации. Нашиот интерес е насочен кон согледување на процесот на усвојување на вредностите кои ги наметнува процесот на приватизација на сопственоста. Имено, дали почетокот на создавањето на пазарното стопанство и трансформацијата на општествениот капитал, како политички и како економски чин, е проследен со „адекватна" трансформација, или, најдува „адекватна" основа во вредносниот систем кај луѓето? Дали се „прима" некоја мотивациона вредност и слично?

Некои теоретичари сметаат дека познавањето на вредностите на некоја група или индиви-

дуа е далеку позначајно за предвидување на однесувањето, отколку да се познаваат само ставовите. На пример не мора да значи ако за најголем дел од луѓето напредокот во општеството е поврзан со приватната сопственост, дека со тоа нивната вредносна позиција е „адекватно" поставена во насока на практично делување и воспоставување на приватна сопственост во конкретна ситуација во претпријатието.

Се чини дека прашањето: Дали постои некој тип на препознатлив „вредностен систем" во услови на радикални промени, е вистинско прашање. „Вредносната матрица" поседува структура на „логичка ирационалност" каде основните вредности не предизвикуваат активности или односи кои може да бидат функционално употребени и вклучени во системот. Кога велиме „основни вредности" мислиме на оние кои се „подразбираат" или, се општо „прифатени", „нормални" за еден систем.

Промените во општеството можат да се лоцираат во неколку подрачја на општествениот живот на човекот. Имено, по „големиот спектакл" низ кој се виде „крајот на историјата на социјализмот", започна еден процес на трансформација на вредностите, сфаќањата, надежите, перспективите на секој човек. Започнува една „грандиозна трансформација" на улогите, интересите и целите на луѓето.

Нашата намера е сосема јасна и недвосмислена: Да навлеземе подлабоко во суштината на промените, и тоа како субјективно-доживеана ситуација, онака како ја сфаќаат и разбираат луѓето, значи не објективно, туку во сферата на нивните импресии, надежи, очекувања, замисли, претстави.

Можеби приодот од неколку години е прекраток за да се согледаат објективно промените кои се случиле, но, ако се земе за сериозно фак-

тот дека за многу пократко време од неколку години настанува едно „заладување“ за промените, тогаш секоја „вистина добиена врз емпириски основи“ е драгоцена за да се разбере нешто повеќе за она што реално се случува. „Човечката димензија“ на промените е погрешно разбрана ако се ограничи само во сферата на „политичките игри“, како материјал за политичките програми на оние кои се борат за власт. Присутна е една подлабока социолошка и антрополошка димензија која е релативно постабилна и која потешко се менува. Може да се рече дека полесно се прилагодува а во суштина останува непроменета за подолг временски период.

Усвојувањето на вредностите кои се базираат врз „новиот концепт на економски и политички промени“, во исто време претставува чин на длабоко субјективно доживување на секој човек. Тоа исто така се однесува и на функционирањето на новите институции кои предизвикуваат сосема различен однос на поединецот спрема нив.

Ако промените ги набљудуваме како „мега трендови“, каде повеќе партискиот систем и приватната сопственост се два столба врз кои се развива општеството, тогаш се чини на подолг временски период нема да има проблем. Повеќепартискиот систем веќе функционира, а приватизацијата е во тек, навраќањето на демократијата, кога-тогаш успешно ќе заврши. Основите на оваа „мудрост“ се најдуваат во рамките на „стрпливоста на народот“. Кога прашањето ќе го симнеме на „микро ниво“ како секојдневно освојување на демократијата и пазарната економија, каде се напушта идејата на егалитаризмот а поединецот се соочува со „борбата за опстанок“, прашањето е каде мнозинството ќе го побара „спасот“, се чини е неодминливо да се постави.

## СОЦИЈАЛНИТЕ РИЗИЦИ НА ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРАНЗИЦИОНЕН ПЕРИОД

Како и во секое емпириско истражување и овде се наметна потребата од формулација на неколку неопходни хипотези. Имено, што е она врз што најлесно ќе ги идентификуваме „социјалните ризици на постсоцијалистичкиот транзицинен период, се разбира посматрано од аспект на „субјективното доживување".

Првата реакција која се јави кај мнозинството од населението и која може да се идентификува како голем ризик кој може суштински да влијае врз освојувањето на новите вредности е резултат на економската состојба во која се најде општеството. Економската криза беше крајот на стариот но и почеток на новиот систем. Изградбата на „новото" општество започна како „отворена можност", како движење во сите правци кои водат кон „подобра иднина", но, и како состојба на хаос. Големиот спектакл се чини, не продолжи да живее кај мнозинството ни како „лажна надеж"!

Втората реакција, која е се поприсутна кај луѓето а која директно произлезе од сферата на економската состојба е навраќањето на авторитарната состојба и традиционалниот систем на вредности. Плуралистичката демократија само кратко време беше доволна да ја ублажи тешката економска состојба, во која се најде најголем дел од населението.

За време на одржувањето на семинарот во организација на Агенцијата за трансформација посветен на проблемите на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, одржан во Отешево /21 и 22 март 1994 год./ беше извршено анкетирање-интервју со учесниците, главно

од раководните стуктури на претпријатијата. Од вкупниот број на поделени прашалници /120/ само седумдесет беа уредно пополнети и вратени на анкетарите.

Во структурата на анкетираните, близу 2/3 се на возраст од 30-45 год. 1/3 се со над 45 год. а само 7 насто се до 30 год. Станува збор за една раководна структура која се најдува во своите најдобри години. Од нив, до пет години раководен стаж се 23 испитаници, колку што имаат и оние кои се на раководна позиција од пет до петнаесет години. Останатите имаат над 5 години раководна положба.

Од податоците може да се види дека најголем дел се вработени во големите (40,5 насто и средните 47,8 насто) останатите 11,5 насто се вработени во малите фирми. Во однос на застапеноста на структурата на капиталот 44,9 отсто се вработени во претпријатија само со општествен капитал, е останатите 55,1 насто во претпријатија со мешовит капитал. Она што е важно за еден примерок од ваков тип е тоа што тој е составен од единици за истражување кои презантираат една сложена структура како во однос на големината на фирмите, составот на капиталот така и во однос на времето поминато на раководна позиција и годините на старост

## ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### *Превработеност*

Од вкупниот број анкетирани стопански раководители 58,4 насто сметаат дека во нивното претпријатие до 20 насто од вработените се технолошки вишок, близу 1/3 се на мислење дека тоа

е случај од 20-40 насто. Тоа е најголем проблем со кој се соочуваат претпријатијата во процесот на транзиција.

На прашањето како ја оценуваат успешноста на претпријатието, дали станува збор за успешно или неуспешно претпријатие, испитаниците во 68,1 насто одговориле дека станува збор за успешно претпријатие, а 26,0 насто за неуспешно, односно дека претпријатието лошо стопанисува. Ако во врска со ова го доведеме одговорот на прашањето за степенот на искористеност на капацитетите, скоро 2/3 изјавиле дека искористеноста на капацитетите изнесува до 60 насто (30 насто се искористени само до 20 насто од капацитетите) може да се претпостави за каква „субјективна" процена станува збор!. Но, што сè се подразбира „под успешно" претпријатие тешко може да се претпостави.

Прашањето за тоа дали приватизацијата ќе биде реализирана во законски рок, 30,4 насто се сомневаат, а 68,8 насто сметаат дека таа ќе биде реализирана онака како предвидува законот.

Прашањето за остварување на целите на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал претставува едно од клучните прашања во целиот процес. Без разлика на целите кои си ги поставила програмата за приватизација, за најголем дел од анкетираните, близу 2/3, економските ефекти (заживување на производството) претставува најважна цел која треба да се реализира и, која ќе се реализира. Интересно е да се констатира дека целта „праведна распределба" е многу малку присутна, само 10 насто сметаат дека треба да се реализира, а 8,9 насто дека ќе се реализира. Ефикасното управување, како цел на трансформацијата е присутно кај 1/5 од испитаниците, а само 8,9 насто сметаат дека ниедна од наведените цели нема да се реализира.

*Раководството на фирмите е исплашено од приватизацијата*

Примена на Законот за трансформација на претпријатијата сигурно дека ќе предизвика промени во положбата на оние кои се на раководни места. За најголем дел од испитамините, скоро 70 насто за себе сметаат дека не знаат што ќе се случи со нив, 16,1 насто очекуваат дека нивната состојба ќе се подобри односно дека ќе добијат повисоко место, а само 2,9 насто дека ќе се влоши. Одговорот на ова прашање малку зачудува. За луѓето кои раководат со фирмите трансформацијата е пред сè неизвесност на личен план! Од нив само 15 насто изјавиле дека имаат мало влијание во управувањето со претпријатието, останатите сметаат дека имаат големо влијание!

Прашањето, дали се прифаќа моделот за приватизација кој е предложен од страна на државата, е второто клучно прашање во истражувањето на ставовите на стопанската елита. Од резултатите од анкетата се добива впечаток дека постои голема разлика во однос на прифаќањето на моделот на приватизацијата меѓу работниците од една и раководството на фирмите од друга страна. Нешто повеќе од 1/5 од анкетираните сметаат дека постои разлика меѓу работниците и раководството. Работниците се против, а раководството е за предложениот модел. Потоа, она што е можеби и најкарактеристично и неочекувано, е фактот што близу 1/3 од вкупниот број сметаат дека и раководството и работниците се сомневаат во предложениот модел. И најпосле, само 22 насто сметаат дека во нивната фирма и работниците и раководството имаат претежно позитивно мислење. Останатите 29,4 насто што претставува навистина голем процент не може да проценат за тоа дали постои разлика во гледањето, и дали вработените го прифаќаат понудениот модел или не го прифаќаат!

Не навлегувајки подлабоко во причините за разликите во мислењето меѓу работниците и раководството од структурата на одговорите можат да се извлечат неколку заклучоци кои упатуваат на состојби за кои се чини не се доволно познати. Пред се, доволно не се познава состојбата во претпријатието во еден клучен период. Секој трет испитаник не е во можност да го процени ставот на вработените во однос на приватизацијата. Тоа може да се разбере и како отсуство на информации и како состојба на незаинтересираност за приватизацијата. Повеќе од три години се говори за приватизацијата, а оние кои би требало да бидат најмногу заинтересирани за еден клучен сегмент се покажува дека не знаат ништо за тоа! Втората зачудувачка состојба произлегува од фактот што секој трет анкетиран смета оти во организацијата кадешто работи сите се сомневаат во моделот на приватизацијата.

Ставот за приватизацијата кај раководството на претпријатијата може да се согледа и од одговорот на прашањето за односот спрема иницијативата на Сојузот на синдикатите на Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Ако ги исклучиме оние кои поради непознавање на наводите на иницијативата немаат формирано мислење (1/3 од анкетираните) останува едно огромно мнозинство, од кое 1/5 целосно се сложуваат со сите наводи на иницијативата а 50,7 насто ништо не прифаќаат од неа. Од одговорот на ова и од претходните прашања кои укажуваат на проблемите со кои се соочува приватизацијата може да се извлечат неколку заклучоци кои поблиску можат да ги определат ставовите на стопанската елита за трансформацијата на сопственоста.

**Прво,** само мал дел од раководството на фирмите може да се каже дека е целосно оп-

ределен за концептот на приватизацијата како тој е проектиран во Законот за трансформација. Најголем дел од околу 2/3 сè уште се наоѓа во фаза на преиспитување, а кај еден дел од нив, до најмногу 1/3, се препознатливи знаци на отворено сомневање за тоа дека приватизацијата е можна на таков начин. Ако претпоставиме дека се работи за раководен кадар кој има големо влијание (најчесто пресудно) во донесување на одлуки, тогаш тоа може да биде сериозно предупредувачки факт кој може да има влијание на успешноста на целиот процес. Се разбира дека се потребни попродлабочени анализи за да се дојде до суштинските причини кои довеле до таа ситуација.

**Второ,** кога се говори за целите на приватизацијата, стопанската елита во најголем процент е убедена дека економските ефекти (заживување на стопанството) треба да бидат и ќе бидат реализирани. Тоа е еден позитивен сигнал кој може суштински да влијае врз успешноста на целиот зафат.

**Трето**, фактот што само мал дел од испитаниците очекуваат дека ќе ја подобрат сопствената положба, говори во прилог на „човечкиот фактор“ во процесот на приватизацијата. Ако 70 насто не знаат што ќе се случи со нив лично по извршената трансформација на претпријатието, а тие се „главни“ и кои треба да го изведат тој зафат, навистина е тешко да се проценува улогата на „субјективните фактори“ без понатамошни истражувања.

Во оваа прилика може да укажеме на тоа дека трансформацијата мора да се посматра од повеќе аспекти, дека е процес кој практично длабоко навлегува во сите сфери на човековиот живот, дека, најпосле со промена на сопственичките односи во суштина започнува процес на радикална промена на системот на колективистичката идеологија и командна економија.

## СТОПАНСКАТА ЕЛИТА И РАБОТНИОТ КАПИТАЛ

Во нашата анализа вниманието ќе го насочиме уште на неколку прашања. Првото се однесува на перцепцијата на раководната структура на „новиот работен морал" кој треба да биде примарен на пазарната економија. Второто прашање се однесува на перцепцијата на едно замислено идеално општество. Со помош на десетина ставови, се разбира, кои се непосредно поврзани со проблемите кои се овде предмет на истражување, и најпосле, мислењето на испитаниците за промените кои се случуваат на глобален план.

За тоа што се се подразбира под поимот „работен морал" во научната литература се присутни повеќе сфаќања. Во нашата анализа под „работен морал" подразбираме „збир на норми за однесувањето на човекот во работната организација". Тоа е сложена појава која во себе ги опфаќа мотивите, потребите, задоволството и ставовите, и тоа како према трудот така и према работната организација како целина. Во суштина под поимот „работен морал", се подразбира состојба на активност на поединците и членовите на групата во врска со успешноста на трудот.

Нашата намера во истражувањето нема за цел да покренува суштинска расправа за „работниот морал" во новите услови. Едноставно од анкетираните претставници на стопанската елита се бараше да одговорат на неколку прашања за кои сметавме дека се доволни да го „регистрираат" поимањето на новиот морал, кој е соодветен на пазарното стопанство.

Во однос на сите предложени ставови, кои афирмативно говорат во прилог на изградба на „новиот работен морал", најголем дел од испитаниците изјавиле дека „многу се сложуваат". Така на пример за ставот „Прогласувањето на ква-

литетот на услугите и работата како најважен критериум за способноста на секој вработен" „многу се сложуваат" скоро 90 насто од испитаниците. Потоа следат ставовите; „Со јакнење на менаџерската функција" и „заострување на работната дисциплина" кои за испитаниците имаат пресудна улога во формирањето на новиот работен морал. По нив следи „Стимулирањето на сопственииштвото на вработените, со 60 насто, а на последно место е рангирана „тајноста на исплатената плата на работниците", со 37,3 насто и „децентрализација на хиерархиската структурса{ со 26,1 насто кои многу се сложуваат, но, и 20 насто кои „ни малку не се сложуваат" дека тоа ќе придонесе во јакнење на работниот морал.

Се разбира дека овие шест елементи не се единствените за кои се смета дека ќе овозможат создавање на „нов работен морал". Она што е важно да се истакне е следното: дека стопанската елита е свесна дека радикално мора да се менуваат нормите на работниот морал, особено со заострување на дисциплината во работата и подобрување на квалитетот на производството и јакнењето на менаџерската функција.

Нормално е да се запрашаме за карактерот на врската меѓу процесот на трансформација на сопственоста и промената на состојбите на планот на работниот морал.

Без сомнение промените на сопственичките односи ќе предизвикаат и промени во мотивите за работа и структурата на нормите на работниот морал. Во сите општества каде доминираше колективната сопственост, без разлика дали се работи за државна или општествена, мотивот за работа се спушти на многу ниско ниво, продуктивноста на трудот стана неспоредливо ниска во однос на општествата со пазарна економија.

Со промената на карактерот на сопственоста ќе зајакне и мотивот за работа ќе се зго-

леми продуктивноста на трудот. Тоа ќе го постигнат способни менаџери и заинтересирани сопственици и со јакнење на дисциплината. Но, како тоа да се постигне? За заживување на стопанството се потребни и силно мотивирани работници, кои не се нити ќе бидат ни сопственици нити ќе учествуваат во поделбата на екстра профитот.

Најчесто анкетните истражувања поставуваа повеќе дилеми и прашања отколку што се во состојба да понудат одговори.

Нашата цел во истражувањата произлезе од еден факт дека за трансформација на сопственоста постои голем интерес, но кога се создадоа услови таа практично застана. Секако дека за тоа има повеќе причини. Нашиот интерес беше насочен во сферата на „човечкиот фактор", односно во сферата на вредносниот систем на раководната структура на претпријатијата.

**Прво,** најголем дел од испитаниците-претставници на стопанската елита не верува дека на глобален план промените кои се извршени водат кон поголема демократија и дека навистина се формира правна држава!. Тоа е основниот заклучок кој нужно произлегува од резултатите на анкетното истражување. Од каде доаѓа тоа, кој има најмногу влијание врз таквото мислење тешко може попрецизно да се одговори, во овој момент. Настанува процес на „заладување" за идеите на граѓанското општество, парламентарната демократија и пазарното стопанство. Тие „апстрактно" се прифаќаат, но не и нивната практична реализација! Тоа е еден „парадокс" на навраќањето на демократијата во Македонија.

**Второ,** процесот на приватизацијата, безрезервно, во сите негови конкретни димензии се прифаќа од околу 1/3 од испитаниците, дека претпријатијата ќе се приватизираат во законски предвиден рок, дека ќе се надминат проблемите околу приватизацијата, дека ќе се реализираат

основните цели на приватизацијата. Потоа, не се прифаќа иницијативата на Сојузот на синдикатите за оценување на уставноста на Законот, со еден збор, нема сомнение во предложениот модел на трансформација на сопственоста. Кај втората третина, во исто време се присутни и сомневања, но и елементи кои упатуваат на тоа дека сепак започнатиот процес на приватизацијата ќе успее, и на крај, кај последната третина, ситуацијата е спротивна на првата, владее убедување дека процесот е осуден на пропаст и ќе предизвика повеќе негативни а помалку позитивни ефекти. Синдикатот е апсолутно во право, не е јасно што ќе се случи со нив, по извршената трансформација не се сигурни дека ќе се создаде некаков „нов работен морал“ врз економски принципи и слично во таа насока. Тоа значи дека во претпријатијата постои една „рамнотежа“ на силите која најчесто создава „тишина“ пред бура, која таа е идеална и може да послужи како политички полигон за тестирање на разни политички ориентации.

# X . НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

## ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА

Периодот од пет години е многу кус за да може да се направи еден задоволителен теоретски и емпириски биланс за тоа што сè се случувало и се случува во општеството во транзиција, какво што е македонското општество. Но, сепак, за некои состојби можеме аргументирано да проговориме и да ги идентификуваме без да се плашиме дека многу сме погрешиле.

**Прво**, врз урнатините на социјализмот се создаде една конфузна состојба во која се идентификувани повеќе противречни идеолошки и вредносни ориентации, кои иако не поседуваат логички доследна внатрешна структура, сепак, се доволно препознатливи и суштински ги детерминираат ставовите, мислењата и односите на луѓето. Формирана е една мешавина од либерални, традиционални и колективистички идеолошки и вредносни ориентации, кои човекот го ориентираат кон некои одамна изживеани облици на однесување и мислење, од една, и му го отвораат хоризонтот кон нови демократски видици и повисок степен на слобода и дејствување, од друга страна.

Сознанијата добиени по пат на емпириско истражување повеќе упатуваат на заклучокот дека шансите за радикални промени се многу помали, а со тоа негативните насоки на движење повеќе се остварливи од позитивните трендови, кон едно поразвиено демократско општество.

**Второ,** човекот во услови на транзиција се чувствува исплашено, несигурно и сè повеќе чувствува страв од промените кои се случуваат или ќе мора да се случат во блиска иднина. Тоа, во голема мера, ги намалува неговите креативни способности, ги дезориентира насоките на неговата енергија и рационалото расудување и го враќа во сферата на авторитаризмот и колективната солидарност.

Човекот сè почесто сигуроноста ја бара во рамките на семејството, етничките или националните групи, бара водачи и авторитети, кои треба да ги решат неговите проблеми. Тој е сè помалку подготвен да се соочи со предизвикот на повеќепартискиот систем и пазарното стопанство и сè повеќе бара проблемите да ги решава државата. Луѓето се чувствуваат морално изгубени и сè повеќе се убедени дека живеат во општество без закони, морал и правда. Таа ситуација создава потреба од силна држава, „цврста рака", водачи кои ќе воведат ред и ќе обезбедат сигурност. Присутна е една состојба на „деморализирана човечка енергија" која е во функција на нарасната авторитарна свест, која бара свој простор за изразување во национализмот, религиозноста и групните интереси.

**Трето,** за концептот на демократијата во Македонија сè повеќе се зацврстува уверувањето дека тој претставува „збир на фрази", а сè помалку се смета дека е реален процес. Изградбата на новите институции не се доживува како чекор кон прогрес, туку како напуштање на демократските принципи воопшто. Формирани се „двојни мерила": кога се во прашање институциите на развиеното граѓанско општество, за нив, во принцип е резервиран „позитивен" став, а кога тие ќе се доведат во врска со пштеството и со државата на Република Македонија добиваат негативно значење. Луѓето не веруваат дека формирањето на новите институции го водат опш-

тeството кон прогрес. Најочигледен пример за тоа е мислењето за улогата на парламентот, повеќепартискиот систем и приватизацијата на сопственоста, како институции без кои не може да се замисли новиот систем.

На пример, на политичките партии не се гледа како на организации кои треба да ги бранат интересите на граѓаните, туку пред сѐ, на организирани групи на поединци кои се борат за власт. Или на процесот на приватизацијата не се гледа како на процес кој треба да доведе до ефикасно стопанство, туку пред сѐ како на можност за незаконско богатење на поединци кои со кражба ги задоволуваат своите егоистички пориви.

**Четврто,** кога се има предвид политичката и економската организација на општеството во Македонија, во принцип можат да се препознаат неколку сфери на интереси. Во политичката сфера, без разлика на фактот што за мнозинството не постојат јасно препознатливи политички ориентации, се издвојуваат неколку групи во однос на динамиката и суштината на промените. Околу една третина се јасно определени за бавни и постапни промени, една третина би биле задоволни да остане сѐ така како што е (status quo), а преостанатата третина се за радикални и брзи промени.

Кога интересите се посматраат во сферата на економската органиација и промените на сопственоста препознатливи, се исто така, три доминантни групи, со една напомена дека бројот на колебливците (неопределените) е значително поголем. Меѓу вработените во претпријатијата со општествен и/или со мешовит капитал јасно се издвојуваат оние кои се доследни во барањето за воведување на пазарни законитости, како и оние кои се залагаат за силна држава во која единствено веруваат дека може да ги реши проблемите. Кога интересите се посматраат во рам-

ките на една „психолошка ситуација", кај мнозинството преовладува мислењето дека најпосле, државата е таа која треба да ја обезбеди сигурноста на поединецот и да ги создаде неопходните услови за прогрес.

**Петто,** општ впечаток е дека најголем дел од луѓето не се убедени дека промените кои се случуваат во општеството, по распаѓањето на социјализмот, водат кон брз излез од кризата и до создавање на општество со повисок степен на демократија. Создадена е една ситуација во која „убавите спомени" од минатото не се доволно поттикнувачки за враќање назад, како што претставата за идното општество не е доволна за безрезервно прифаќање на она што го нуди едно поразвиено општество во секој поглед.

Најдобра илустрација на оваа ситуација е ставот на вработените кон процесот на приватизацијата. Логиката на размислувањето се формира на следниот начин: а) приватизацијата е процес кој е наметнат однадвор, и не одговара на приликите кои владеат во Македонија; б) Таа нема никаква шанса да се оствари на начин како што е предвидено со законот; в) таа е кражба на општествениот имот (за најголемиот дел од испитаниците не постои разлика меѓу законската и незаконската приватизација, сè е отприлика кражба); г) за неа не постои интерес кај вработените, затоа што од редовите на вработените сосема е мал бројот на оние кои што можат да купат акции. Уште на почетокот се исклучува мнозинството; д) трансформацијата на капиталот извршена според Законот за општествениот капитал (1991) сè уште нема никакво влијание врз промените во економското работење на претпријатијата и не се познати ефеките од тој процес; ѓ) приватизацијата започнува во услови кога сè уште останатите механизми на пазарот не функционираат; е) луѓето се „убедени" во нечесните игри во политиката и економијата кои дове-

дуваат до незаконито богатење на поединци кои се блиски до „врвовите на власта"; ж) излезот од таа ситуација, за најголем дел, е во јакнењето на државата и се бара „цврста рака"; ситуацијата на општ хаос и состојба на безаконие ги јакне солидаристичките, авторитарните и традиционалистичките вредности, кои пак, од своја страна, негативно влијаат врз започнатите процеси на демократизација.

# ПРИЛОЗИ

ТАБЕЛА БР. 1

## Дали сметате дека поделеноста на луѓето на богати и сиромашни во нашето општество е проблем или не е?

| | | Воопшто не е проблем | Не е проблем | Не знам | Проблем е | Мн. голем проблем | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Работници | 6/4,2 | 8/5.6 | 18/12,7 | 43/30,3 | 67/47,2 | 142/20,9 |
| 2 | Администрација | 3/3,95 | 9/11,8 | 7/9,2 | 23/30,3 | 34/44,7 | 76/11,2 |
| 3. | Стручњаци | 1/1,0 | 5/5,1 | 6/6,1 | 43/43,4 | 44/44,4 | 99/14,6 |
| 4 | Раководители | 6/8,2 | 7/9,6 | 10/13,7 | 29/39,7 | 21/28,8 | 73/10,7 |
| 5 | Приватници | 8/12,3 | 10/15,4 | 5/7,7 | 19/29,3 | 23/35,4 | 65/9,6 |
| 6 | Студенти | 0 | 7/8,1 | 7/8,1 | 37/43,0 | 35/40,7 | 86/12,6 |
| 7 | Невработени | 3/4,5 | 4/5,97 | 5/7,5 | 25/37,3 | 30/44,8 | 67/9,8 |
| 8 | Новинари | 6/8,3 | 11/15,3 | 3/4,2 | 35/48,6 | 17/23,6 | 72/10,5 |
| 9 | Вкупно | 33/4,85 | 61/8,97 | 61/8,97 | 254/37,35 | 271/39,85 | 680 (100,0) |

ТАБЕЛА БР. 2

## Какви треба да бидат промените во нашето општество?

| | Треба да се брзи и радикални | Постепени | Не може да процени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 63/45,0 | 58/41,4 | 19/13,6 | 140/24,52 |
| Администрација | 41/54,7 | 26/34,7 | 8/10,7 | 75/13,13 |
| Стручњаци | 33/45,8 | 34/47,2 | 5/6,9 | 72/12,61 |
| Раководители | 21/24,4 | 55/63,95 | 8/9,3 | 84/14,71 |
| Приватници | 29/44,6 | 31/47,7 | 4/6,2 | 64/11,21 |
| Студенти | – | – | – | – |
| Невработени | 36/54,6 | 27/40,9 | 2/3,03 | 65/11,38 |
| Новинари | 31/43,7 | 35/49,3 | 5/7,04 | 71/12,43 |
| Вкупно | 254/44,48 | 266/46,58 | 51/8,93 | 571 |

ТАБЕЛА БР. 3

## Како ја оценувате сопствената социјална положба?

| | Многу ниска | Ниска | Средна | Висока | Многу висока | Не знам | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Работници | 27/18,9 | 25/17,5 | 75/52,5 | 4/2,8 | 4/2,8 | 8/5,6 | 143/20,91 |
| Администрација | 2/2,6 | 16/21,05 | 50/65,8 | 4/5,3 | 1/1,32 | 3/3,95 | 76/11,11 |
| Стручњаци | 7/7 | 17/17 | 69/69 | 2/2 | 0 | 5/5 | 100/14,62 |
| Раководители | 3/4,1 | 13/17,6 | 45/60,8 | 8/10,8 | 1/1,35 | 4/5,4 | 74/10,82 |
| Приватници | 4/6,1 | 9/13,6 | 36/54,6 | 10/15,2 | 1/1,52 | 6/9,1 | 66/9,65 |
| Студенти | 3/3,5 | 13/15,1 | 55/63,95 | 8/9,3 | 1/1,2 | 6/7 | 86/12,57 |
| Невработени | 5/5,7 | 17/25,4 | 39/58,2 | 2/2,99 | 0 | 4/5,97 | 67/9,80 |
| Новинари | 7/9,7 | 11/15,3 | 50/69,4 | 1/1,39 | 0 | 3/4,17 | 72/10,53 |
| Вкупно | 58/8,48 | 121/17,69 | 419/61,26 | 39/5,70 | 8/1,17 | 39/5,70 | 684 |

ТАБЕЛА БР. 4

## Кон што се стреми испитаникот: влијание, власт, моќ над другите луѓе?

| | Многу | Малку | Не знае | Ни малку | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Работници | 14/9,9 | 37/26,24 | 33/23,4 | 57/40,7 | 141/20,8 |
| Администрација | 5/6,6 | 18/23,7 | 15/19,7 | 38/50 | 76/11,2 |
| Стручњаци | 5/5,2 | 25/25,8 | 11/11,3 | 56/57,7 | 97/14,3 |
| Раководители | 7/9,5 | 21/28,4 | 15/20,3 | 31/41,9 | 74/10,9 |
| Приватници | 9/13,6 | 18/27,3 | 6/9,1 | 33/50 | 66/9,7 |
| Студенти | 8/9,4 | 34/40 | 7/8,2 | 36/42,4 | 85/12,5 |
| Невработени | 11/16,4 | 21/31,3 | 12/17,9 | 23/34,3 | 67/9,9 |
| Новинари | 6/8,2 | 25/34,3 | 9/12,3 | 33/45,2 | 73/10,8 |
| Вкупно | 65/95,7 | 199/29,31 | 108/15,91 | 307/45,21 | 679 (100,0) |

ТАБЕЛА БР. 5

## Колку е важно и колку се остварува можноста за унапредување во занимањето?

| | А. Колку е важно | | | | Б. Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 8/5,6 | 14/9,9 | 120/84,5 | 142/20,82 | 48/33,8 | 44/31 | 50/35,2 | 142/21,01 |
| Администрација | 6/8 | 5/6,7 | 64/85,3 | 75/11,0 | 31/41,3 | 22/29,3 | 22/29,3 | 75/11,09 |
| Стручњаци | 7/7 | 7/7 | 86/86 | 100/14,66 | 47/48,5 | 20/20,6 | 30/30,9 | 97/14,35 |
| Раководители | 7/6,9 | 3/4,1 | 65/89,04 | 73/10,70 | 21/29,2 | 16/22,2 | 35/48,6 | 72/10,65 |
| Приватници | 5/7,6 | 2/3,03 | 59/89,4 | 66/9,68 | 17/25,8 | 13/19,7 | 36/54,5 | 66/9,76 |
| Студенти | 4/4,7 | 5/5,8 | 77/89,5 | 86/12,61 | 14/16,3 | 32/37,2 | 40/46,5 | 86/12,72 |
| Невработени | 2/30 | 3/4,5 | 62/92,5 | 67/9,82 | 36/53,7 | 14/20,9 | 17/25,4 | 67/9,91 |
| Новинари | 8/11,0 | 5/6,9 | 60/82,2 | 73/10,70 | 24/33,8 | 21/29,6 | 26/36,6 | 71/10,50 |
| Вкупно | 45/6,60 | 44/6,45 | 593/86,95 | 682 | 238/35,21 | 182/26,92 | 256/37,87 | 676 |

ТАБЕЛА БР. 6

## Колку е важно и колку се остварува да се работи нешто кое значи усовршување?

| | А. Колку е важно | | | | Б. Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 11/7,7 | 14/9,8 | 118/82,5 | 143/21,00 | 66/46,2 | 35/24,5 | 42/29,4 | 143/21,12 |
| Администрација | 12/15,8 | 4/5,3 | 60/98,95 | 76/11,16 | 42/56 | 15/20 | 18/24 | 75/11,08 |
| Стручњаци | 8/8,3 | 7/7,3 | 81/84,4 | 96/14,09 | 48/50,5 | 16/16,8 | 31/32,6 | 95/14,03 |
| Раководители | 4/5,4 | 4/5,4 | 66/89,2 | 74/10,86 | 32/43,2 | 9/12,2 | 33/44,6 | 74/10,93 |
| Приватници | 8/12,1 | 9/13,6 | 49/74,2 | 66/9,69 | 17/25,8 | 17/25,8 | 32/48,5 | 66/9,75 |
| Студенти | 6/7 | 3/3,5 | 77/89,5 | 86/12,62 | 35/40,7 | 19/22,1 | 32/37,2 | 86/12,70 |
| Невработени | 10/14,9 | 3/4,5 | 54/80,6 | 67/9,84 | 48/71,6 | 10/14,9 | 9/13,4 | 67/9,90 |
| Новинари | 3/4,1 | 3/4,1 | 67/91,8 | 73/10,72 | 25/35,2 | 12/16,9 | 34/47,9 | 71/10,49 |
| Вкупно | 62/9,1 | 47/6,9 | 572/83,99 | 681 | 313/46,23 | 133/19,65 | 231/34,12 | 677 |

ТАБЕЛА БР. 7

## Колку е важно и колку се остварува можноста да се изнесува своето мислење во нашето општество?

| | А. Колку е важно | | | | Б. Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 5/3,5 | 17/11,9 | 121/84,6 | 143/21,0 | 45/31,7 | 52/36,6 | 45/31,7 | 142/20,94 |
| Администрација | 7/9,2 | 4/5,3 | 65/85,5 | 76/11,16 | 29/38,2 | 25/32,9 | 22/28,9 | 76/11,21 |
| Стручњаци | 3/3,1 | 4/4,12 | 90/92,8 | 97/14,24 | 35/36,1 | 30/30,9 | 32/33 | 97/14,31 |
| Раководители | 4/5,4 | 2/2,9 | 68/91,9 | 74/10,87 | 30/41,4 | 16/21,9 | 27/37 | 73/10,77 |
| Приватници | 3/4,6 | 6/9,1 | 57/86,4 | 66/96,92 | 18/27,3 | 16/24,2 | 32/48,5 | 66/9,73 |
| Студенти | 1/1,2 | 6/7 | 79/91,9 | 86/12,63 | 26/30,2 | 36/41,9 | 24/27,9 | 86/12,68 |
| Невработени | 1/1,5 | 7/10,6 | 58/87,9 | 66/9,69 | 23/34,8 | 22/33,3 | 21/31,8 | 66/9,73 |
| Новинари | 3/4,1 | 5/6,9 | 65/89,04 | 73/10,72 | 18/25 | 28/38,9 | 26/36,1 | 72/10,62 |
| Вкупно | 27/3,96 | 51/7,49 | 603/88,55 | 681 | 224/33,04 | 225/33,19 | 229/33,76 | 678 |

ТАБЕЛА БР. 8

## Колку е важно и колку се остварува да се работи во приватно претпријатие?

| | А. Колку е важно | | | | Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | |
| Работници | 80/55,9 | 35/24,5 | 28/19,6 | 143/21,09 | 77/53,8 | 36/25,2 | 30/21,0 | |
| Администрација | 48/63,2 | 14/18,4 | 14/18,4 | 76/11,21 | 47/61,8 | 16/21,1 | 13/171, | |
| Стручњаци | 75/78,1 | 14/14,6 | 7/7,3 | 96/14,16 | 72/75 | 11/11,5 | 13/13,5 | |
| РАководители | 43/58,1 | 16/21,6 | 15/20,3 | 74/10,91 | 49/66,2 | 15/20,3 | 10/13,5 | |
| Приватници | 14/21,2 | 7/10,6 | 45/68,2 | 66/9,73 | 11/16,7 | 7/10,6 | 8/72,7 | |
| Студенти | 53/62,4 | 19/22,4 | 13/15,3 | 85/12,54 | – | – | – | |
| Невработени | 36/54,5 | 16/24,2 | 14/21,2 | 66/9,73 | – | – | – | |
| Новинари | 46/63,9 | 16/22,2 | 10/13,9 | 72/10,62 | 50/71,4 | 13/18,6 | 7/10 | |
| Вкупно | 395/58,26 | 137/20,21 | 146/21,53 | 678 | – | – | – | |

ТАБЕЛА БР. 9

## Што би избрал испитаникот?

| | Сигурност и спокојство | Промени и ризик | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Работници | 115/82,7 | 24/17,3 | 139/207 |
| Администрација | 66/86,8 | .10/13,2 | 76/11,3 |
| Стручњаци | 83/84,7 | 15/15,3 | 98/14,6 |
| Раководители | 64/889 | 8/11,1 | 72/10,7 |
| Приватници | 51/77,3 | 15/22,7 | 66/9,8 |
| Студенти | 61/70,9 | 25/29,1 | 86/12,8 |
| Невработени | 56/84,8 | 10/15,2 | 66/9,8 |
| Новинари | 52/75,4 | 16/23,2 | 68/10,1 |
| Вкупно | 548/81,67 | 123/18,33 | 671 |

ТАБЕЛА 10

## Колку е важно и колку се остварува да се работи во големо претпријатие?

| | А. Колку е важно | | | | Б. Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 68/47,6 | 23/16,1 | 52/36,4 | 143/21,00 | 59/41,3 | 28/19,6 | 56/39,2 | 143/21,15 |
| Администрација | 42/55,3 | 7/9,2 | 27/35,5 | 76/11,16 | 29/38,2 | 11/14,5 | 36/47,4 | 76/11,24 |
| Стручњаци | 76/79,2 | 4/4,2 | 16/16,7 | 96/14,09 | 44/46,3 | 14/14,7 | 37/38,9 | 95/14,05 |
| Раководители | 42/56,8 | 6/8,1 | 26/35,1 | 74/10,86 | 29/39,2 | 7/9,5 | 38/51,4 | 74/10,95 |
| Приватници | 40/60,1 | 7/10,6 | 19/28,8 | 66/9,69 | 43/65,2 | 8/12,1 | 15/22,7 | 66/9,76 |
| Студенти | 59/68,6 | 11/12,8 | 16/18,6 | 86/12,62 | 59/68,6 | 21/24,4 | 6/7 | 86/12,72 |
| Невработени | 35/52,2 | 11/16,4 | 21/31,3 | 67/9,84 | 47/71,2 | 15/22,7 | 4/6,1 | 66/9,76 |
| Новинари | 51/69,9 | 9/12,3 | 13/17,8 | 73/10,72 | 15/21,4 | 13/18,6 | 42/60 | 70/10,36 |
| Вкупно | 413/60,82 | 78/11,19 | 190/27,98 | 681 | 325/48,08 | 117/17,31 | 234/34,62 | 676 |

ТАБЕЛА БР. 11

## Колку е важно и колку се остварува да се работи во акционерско претпријатие?

| | А. Колку е важно | | | | Б. Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 43/30,1 | 29/20,3 | 71/49,7 | 143/21,03 | 79/55,2 | 30/21 | 34/23,8 | 143/21,03 |
| Администрација | 35/46,1 | 9/11,8 | 32/42,1 | 76/11,18 | 48/63,2 | 12/15,8 | 16/21,1 | 76/11,18 |
| Стручњаци | 54/56,2 | 11/11,5 | 31/32,3 | 96/14,18 | 70/72,9 | 9/9,4 | 17/17,7 | 96/14,18 |
| Раководители | 30/40,5 | 12/16,2 | 32/43,2 | 74/10,88 | 40/54,1 | 14/18,9 | 20/27 | 74/10,88 |
| Приватници | 27/41,5 | 10/15,4 | 28/43,1 | 65/9,56 | 38/57,6 | 13/19,7 | 15/22,7 | 66/9,71 |
| Студенти | 44/51,5 | 20/23,3 | 22/25,6 | 86/12,65 | 60/69,8 | 22/25,6 | 4/4,7 | 86/12,65 |
| Невработени | 33/49,3 | 18/26,9 | 16/23,9 | 67/9,86 | 48/71,6 | 17/25,4 | 2/2,99 | 67/9,86 |
| Новинари | 39/53,4 | 11/15,1 | 23/31,5 | 73/10,74 | 55/76,4 | 10/13,9 | 7/9,7 | 72/10,59 |
| Вкупно | 305/44,85 | 120/17,65 | 255/37,5 | 680 | 438/64,41 | 127/18,68 | 115/16,91 | 680 |

ТАБЕЛА БР. 12

## Колку е важно и колку се остварува да се има сопствено претпријатие (фирма, дуќан)?

| | А. Колку е важно | | | | Б. Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 38/26,6 | 28/19,6 | 77/53,8 | 143/21,03 | 88/61,5 | 31/21,7 | 24/16,8 | 143/21,06 |
| Администрација | 25/32,9 | 12/15,8 | 39/51,3 | 76/11,18 | 48/63,2 | 13/17,1 | 15/19,7 | 76/11,19 |
| Стручњаци | 51/53,1 | 16/16,7 | 29/44,6 | 96/14,12 | 77/80,2 | 8/8,3 | 11,11,5 | 96/14,14 |
| Раководители | 28/37,8 | 13/17,6 | 33/44,6 | 74/10,88 | 49/67,1 | 13/17,8 | 11/15,1 | 73/10,75 |
| Приватници | 8/12,1 | 1/1,52 | 57/86/4 | 66/9,71 | 4/6,1 | 4/6,1 | 58/87,9 | 66/9,72 |
| Студенти | 22/25,6 | 16/18,6 | 47/54,7 | 85/12,50 | 54/62,8 | 21/24,4 | 11/12,8 | 86/12,67 |
| Невработени | 24/35,8 | 8/11,9 | 35/52,2 | 67/9,85 | 49/73,1 | 15/22,4 | 3/4,5 | 67/9,87 |
| Новинари | 31/42/5 | 11/15,1 | 31/42,5 | 73/10,74 | 60/83,3 | 6/8,3 | 6/8,3 | 72/10,60 |
| Вкупно | 227/33.36 | 105/15,44 | 348/51,18 | 680 | 429/63,18 | 111/16,35 | 139/20,47 | 679 |

ТАБЕЛА БР. 13

## Напредокот на општеството секогаш и секаде е поврзан со приватната сопственост

| | Степен на сложување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Многу се сложува | Малку се сложува | Не знае | Не се сложува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Работници | 44/30,8 | 41/28,7 | 34/23,8 | 24/16,8 | 143/20,9 |
| Администрација | 26/34,2 | 26/34,2 | 13/17,1 | 11/14,5 | 76/11,1 |
| Стручњаци | 39/39,4 | 27/27,3 | 10/10,1 | 23/23,2 | 99/14,5 |
| Раководители | 20/27 | 24/32,4 | 9/12,2 | 21/28,4 | 74/10,8 |
| Приватници | 36/54,6 | 17/25,8 | 9/13,6 | – | 66/9,7 |
| Стиденти | 26/30,6 | 38/44,7 | 8/9,4 | 13/15,3 | 85/12,4 |
| Невработени | 15/22,4 | 24/35,8 | 9/13,4 | – | 67/98 |
| Новинари | 41/56,2 | 21/28,8 | 2/2,74 | 9/12,3 | 73/10,7 |
| Вкупно | 247/36,16 | 218/31,92 | 94/13,76 | 124/18,16 | 683 |

ТАБЕЛА БР. 14

## Колку е важно и колку се остваруваат нормални односи со претставници од други вери и народи

| | А. Колку е важно | | | | Б. Колку се остварува | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не е важно | Не знае | Важно е | Вкупно | Не се остварува | Не знае | Се остварува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Работници | 17/12 | 20/14,1 | 105/73,9 | 142/20,82 | 28/20 | 38/27,1 | 74/52,9 | 140/20,62 |
| Администрација | 9/12 | 8/10,7 | 58/77,3 | 75/11,0 | 11/14,9 | 21/28,4 | 42/56,8 | 74/11,0 |
| Стручњаци | 19/19 | 21/21 | 60/60 | 100/14,66 | 11/11 | 11/11 | 78/78 | 100/14,73 |
| Раководители | 8/10,96 | 6/8,2 | 59/80,8 | 73/10,70 | 20/27 | 17/23 | 37/50 | 74/11,0 |
| Приватници | 5/7,6 | 8/12,1 | 53/80,3 | 66/9,68 | 13/19,7 | 13/19,7 | 40/60,6 | 66/9,72 |
| Студенти | 6/7 | 10/11,6 | 70/81,4 | 86/12,61 | 13/15,1 | 19/22,1 | 54/62,8 | 86/12,67 |
| Невработени | 10/14,9 | 6/8,96 | 51/76,1 | 67/9,82 | 15/22,4 | 11/16,4 | 41/61,2 | 67/9,87 |
| Новинари | 4/5,5 | 7/9,6 | 62/84,9 | 73/10,70 | 6/8,3 | 20/27,8 | 46/43,9 | 72/10,60 |
| Вкупно | 78/11,44 | 86/12,61 | 518/75,95 | 682 | 117/17,23 | 150/22,09 | 412/60,68 | 679 |

ТАБЕЛА БР. 15

## Дали се сложувате и во кој степен со ставот: Очигледно е дека има повредни и помалку вредни нации!

| | Степен на сложување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се сложува | Не се сложува | Нема мислење | Се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Работници | 36/25,2 | 23/16,1 | 24/16,8 | 34/23,8 | 26/18,2 | 143/20,9 |
| Администрација | 19/25 | 16/21,1 | 7/9,2 | 27/35,5 | 7/9,2 | 76/11,1 |
| Стручњаци | 22/22 | 24/24 | 7/7 | 31/31 | 16/16 | 100/10,2 |
| Раководители | 13/17,6 | 23/31,1 | 11/14,9 | 21/28,4 | 6/8,1 | 74/10,8 |
| Приватници | 23/34,9 | 18/27,3 | 6/9,1 | 17/25,8 | 2/3,03 | 66/9,6 |
| Студенти | 34/39,5 | 24/27,9 | 8/9,3 | 12/13,9 | 8/9,3 | 86/12,6 |
| Невработени | 13/19,4 | 13/19,4 | 13/19,4 | 17/25,4 | 11/16,4 | 67/9,8 |
| Новинари | 30/41,1 | 16/21,9 | 6/8,2 | 15/20,6 | 6/8,2 | 73/10,6 |
| Вкупно | 190/27,74 | 157/22,92 | 82/11,97 | 174/25,40 | 82/11,97 | 685 |

ТАБЕЛА БР. 16

## Треба да се зачува чистотата на секоја поединa нација

| | Степенот на сложување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се сложува | Не се сложува | Не знае | Се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Работници | 12/8,5 | 19/13,4 | 35/24,6 | 49/34,5 | 27/19,0 | 142/20,8 |
| Администрација | 4/5,3 | 17/22,4 | 13/17,1 | 29/38,2 | 13/17,1 | 76/11,1 |
| Стручњаци | 20/20,2 | 27/27,3 | 13/13,1 | 24/24,2 | 15/15,2 | 99/14,5 |
| Раководители | 11/14,9 | 18/24,3 | 8/10,8 | 34/45,8 | 3/4,1 | 74/10,9 |
| Приватници | 10/15,4 | 15/23,1 | 12/18,5 | 20/30,8 | 8/12,3 | 65/9,5 |
| Студенти | 14/16,3 | 22/25,6 | 23/26,7 | 20/23,3 | 7/8,1 | 86/12,6 |
| Невработени | 4/5,97 | 13/19,4 | 10/14,9 | 25/37/3 | 15/22,4 | 67/9,8 |
| Новинари | 18/24,7 | 23/31,5 | 10/13,7 | 15/20,6 | 7/9,6 | 73/10,7 |
| Вкупно | 93/13,64 | 154/22,58 | 124/18,33 | 216/31,67 | 95/13,93 | 682 |

ТАБЕЛА БР. 17

## Свеста за припадност на некоја нација разбудува кај човекот гордост и ја облагородува неговата душа

| | Степен на сложување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се сложува | Не се сложува | Не знае | Се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Работници | 7/4,9 | 10/7 | 28/19,6 | 72/50,4 | 26/18,2 | 143/20,9 |
| Администрација | 0 | 13/17,1 | 12/15,8 | 30/39,5 | 21/27,6 | 76/11,1 |
| Стручњаци | 4/4,1 | 17/17,35 | 9/9,2 | 41/41,8 | 27/27,6 | 98/14,3 |
| Раководители | 5/6,8 | 10/13,5 | 7/9,5 | 37/50,1 | 15/20.3 | 74/10.8 |
| Приватници | 4/6,1 | 7/10,6 | 11/16,7 | 37/56,1 | 7/10,6 | 66/9,7 |
| Студенти | 3/3,5 | 9/10,5 | 19/22,1 | 42/48,8 | 13/15,1 | 86/12,6 |
| Невработени | 6/8,96 | 7/10,45 | 14/20,9 | 33/49,3 | 7/10,45 | 67/98 |
| Новинари | 0 | 5/6,9 | 3/4,1 | 42/57,5 | 23/31,5 | 73/10,7 |
| Вкупно | 29/4,25 | 78/11,42 | 103/15,08 | 334/48,90 | 139/20,35 | 683 |

ТАБЕЛА БР. 18

## Дали се сложувате и во скоj тепен со ставот дека постоjат нации чии припадници би требало повеќе да се срамат, отколку да се гордеат со своjата националност

| | Степен на сложување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се сложува | Не се сложува | Не знае | Се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Работници | 22/15,4 | 21/14,7 | 29/20,3 | 47/32,9 | 24/16,8 | 143/21,2 |
| Администрациjа | 6/7,9 | 22/28,95 | 11/14,5 | 26/34,2 | 11/14,5 | 76/11,3 |
| Стручњаци | 13/13 | 28/28 | 14/14 | 25/35 | 10/10 | 90/13,3 |
| Раководители | 12/16,2 | 19/25,7 | 13/17,6 | 24/32,4 | 6/8,1 | 74/11,0 |
| Приватници | 13/19,7 | 15/22,7 | 9/13,6 | 18/27,3 | 11/16,7 | 66/9,8 |
| Студенти | 18/20,9 | 28/32,6 | 8/9,3 | 21/24,4 | 11/12,8 | 86/12,7 |
| Невработени | 8/11,94 | 14/20,9 | 16/23,9 | 24/35,8 | 5/7,46 | 67/9,9 |
| Новинари | 15/20,6 | 33/45,2 | 8/11 | 13/17,8 | 4/5,5 | 73/10,8 |
| Вкупно | 107/15,85 | 180/26,7 | 108/16,0 | 198/29,33 | 82/12,15 | 675 |

ТАБЕЛА БР. 19

## Степен на религиозност и прифаќање на конкретно религиозно учење

| | Прифаќа верско учење и се што стои во него | Не прифаќа се од верското учење | Не прифаќа ништо од ниедно конкретно учење | Не е религиозен | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Работници | 23/16,8 | 19/13,9 | 44/32,1 | 51/37,2 | 137/21,0 |
| Администрација | 7/9,3 | 16/21,3 | 16/21,3 | 36/48 | 75/11,5 |
| Стручњеаци | 11/12,1 | 13/14,3 | 22,24,2 | 45/49,5 | 91/14,0 |
| Раководители | 7/10 | 10/14,3 | 8/11,4 | 45/64,3 | 70/10,7 |
| Приватници | 6/9,5 | 9/14,3 | 22/34,9 | 26/41,3 | 63/9,7 |
| Студенти | 5/6 | 25/29,8 | 14/16,7 | 39/46,4 | 83/12,7 |
| Невработени | 5/7,8 | 12/18,75 | 17/26,6 | 30/46,9 | 64/9,8 |
| Новинари | 11/15,9 | 14/20,3 | 1/1,45 | 43/62,3 | 69/10,6 |
| Вкупно | 75/11,50 | 118/18,10 | 144/22,09 | 315/48,31 | 652 |

ТАБЕЛА БР. 20

## Човештвото треба да запре на сегашниот степен на развој

| | Степен на сложување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се сложува | Не се сложува | Не знае | Се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Работници | 54/38,03 | 49/34,5 | 20/14,1 | 15/10,6 | 4/2,8 | 142/20,8 |
| Администрација | 25/32,9 | 36/47,4 | 7/9,2 | 5/6,6 | 3/3,95 | 76/11,1 |
| Стручњаци | 45/45 | 46/46 | 1/1 | 4/4 | 4/4 | 100/14,6 |
| Раководители | 34/46 | 28/37,8 | 5/6,8 | 3/4,1 | 4/5,4 | 74/10,8 |
| Приватници | 21/31,8 | 30/45,5 | 3/4,6 | 5/7,6 | 7/10,6 | 66/9,7 |
| Студенти | 40/47,7 | 34/39,5 | 9/10,5 | 0 | 2/2,3 | 85/12,4 |
| Невработени | 32/47,8 | 29/43,3 | 3/4,5 | 1/1,5 | 2/2,99 | 67/9,8 |
| Новинари | 33/45,2 | 28/38,4 | 3/4,1 | 4/5,5 | 5/4,9 | 73/10,7 |
| Вкупно | 284/41,58 | 280/41,00 | 51/7,47 | 37/5,42 | 31/4,54 | 683 |

ТАБЕЛА БР. 21

## Заштитата на средината треба да се спроведува по цена на забавување на општиот развој

| | Степен на сложување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се сложува | Не се сложува | Не знае | Се сложува | Потполно | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Работници | 18/12,7 | 37/26,1 | 45/31,7 | 33/23,2 | 9/6,3 | 142/20,8 |
| Администрација | 7/9,2 | 39/51,3 | 14/18,4 | 14/18,4 | 2/2,6 | 76/11,1 |
| Стручњаци | 18/18 | 47/47 | 10/10 | 20/20 | 5/5 | 100/14,6 |
| Раководители | 7/9,5 | 33/44,6 | 9/12,2 | 22/29,7 | 3/4,05 | 74/10,8 |
| Приватници | 12/18,2 | 23/34,9 | 13/19,7 | 17/25,8 | 1/1,5 | 66/9,65 |
| Студенти | 3/35 | 30/34,9 | 24/27,9 | 20/23,3 | 9/10,5 | 86/12,6 |
| Невработени | 9/13,4 | 25/37,3 | 18/26,9 | 14/20,9 | 1/1,5 | 67/9,8 |
| Новинари | 9/12,3 | 36/49,3 | 1/1,37 | 20/27,4 | 7/9,6 | 73/10,7 |
| Вкупно | 83/12,13 | 270/39,47 | 134/19,59 | 160/23,35 | 37/5,41 | 684 |

ТАБЕЛА БР. 22

## Со претворање на општествената сопственост во приватна ќе се зголеми заштитата на животната средина

| | Степен на сложување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се сложува | Не се сложува | Не знае | Се сложува | Потполно | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Работници | 25/17,6 | 31/21,8 | 50/35,2 | 30/21,1 | 6/4,2 | 142/20,8 |
| Администрација | 10/13,2 | 27/35,5 | 24/31,6 | 10/13,2 | 5/6,6 | 76/11,1 |
| Стручњаци | 14/14,1 | 36/36,4 | 12/12,1 | 35/35,4 | 2/2,02 | 99/14,5 |
| Раководители | 4/5,4 | 31/41,9 | 18/24,3 | 12/16,2 | 9/12,2 | 74/10,8 |
| Приватници | 4/6,1 | 11/16,7 | 17/25,8 | 28/42,4 | 6/91 | 66/9,7 |
| Студенти | 6/7 | 22/25,6 | 43/50 | 13/15,1 | 2/2,3 | 86/12,6 |
| Невработени | 6/8,96 | 20/29,9 | 27/40,3 | 12/17,9 | 2/2,99 | 67/9,8 |
| Новинари | 1/1,38 | 0 | 0 | 0 | 72/98,6 | 73/10,7 |
| Вкупно | 70/1025 | 178/26,06 | 191/27,96 | 140/20,5 | 104/15,23 | 683/100 |

# SUMMARY

## INSTEAD OF CONCLUSION: MAN AND SOCIETY IN TRASITION

A period of five years is too short a time for a satisfactory theoretical and empirical balance to be made concerning everything that has been happening in the society in trasition as is the Macedonian one. Yet, we can speak of some conditions with arguments and identify them without being afraid that we have made a big error.

First. Over the ruins of socialism a confusing situation was formed in which a number of contradictory ideological and values' orientations have been identified which, even though they don't have any logically consistent internal structure, they are nevertheless sufficiently recognisable and determine in essence the views, opinions and attitudes of the people. A mixture of liberal, traditional and collectivistic ideological and values' orientations has been formed which, on one hand, direct man towards some kinds of long forgotten ways of thanking and behaving, and on the other hand, open his horizons towards hew democratic views and a higher level of freedom and action.

The discoveries made by the empirical survey rather lead to the conclusion that chances for radical changes are much less, and with that the negative directions of movement are mush more realisible, than the positive trends towards a more developed democratic society.

Second. In conditions of transition man feels afraid, insecure and is increasingly frightened by the changes that are going on or will have to happen in the near future. That to a large extend decreases his creative abilities, disorients the directions of his energy and his rational judgement and takes him back to the sphere of authoritatianism and the collective solidarity. More and more often man seeks security in the family circle, ethnic and national groups, looks for leaders and authorities which are supposed to solve his problems. He is less and less prepared to face the challenge of the multi-party sistem and the market economy, and more inclined to expect the problems to be solved by the government. The people feel morally lost and they feel increasingly convinced that they live in a society without laws, morals or justice. That situation creates the need of a strong state, strong leaders who will bring order and offer security. There exists a condition of „demoralised energy of man" which serves the funciotn of the authoritarian way of thinking that has appeared, which seeks its own room for expression trough nationalism, religion and group interests.

Third. The concept of democracy in Macedonia is regarded more and more as „just words" and less and less as a real process. The establishment of new institutions is not being experienced as a step towards progress, but as an abandonment of democratic principles in general. A „double judgement" has been formed: when institutions of the developed civil society are concerned then principally a „postitive" attitude is reserved for them, but when these are connected with the society and state of the Republic of Macedonia they attain a negative meaning. The people do not believe that the formation of the new institutions is leading society towards progress. The most obvious example of this is the opinion concerning the role of parliement, the multi-party system and the privatisation of property, as institutions wityhout which one cannot imagine the new system. For instance, the political parties are not seen as organizations which should be protecting the

interests of the citizens, but abovbe all, as organised groups of individuals who are fighting for power. Similarly, the process of privatisation is not seen as a process which is meant to lead to an effective economy, but above all, as a way of illegal gaining of wealth for individuals which, trhrough theft, satisfy their own egoistical impulses.

Fourt. When we take into consideration the political and economic organisation of society in Macedonia, principally we can recognise several spheres of interest. In the political sphere, vithout regards to the fact that for the majority there are no clearly recognisable political orientations, we can define several groups eccording to the dynamics and essence of the changes. About one third are definitely in support of slow and gradual changes, one third would be happy if things remained the way they are, status quo, and the other third are in support of radical and immediate changes. When interests in the sphere of economic organization and the changes in ownership were viewed, three dominant groups were again noticed, with the reminder that the number of those that were undecided was significantly larger here. Amongst those employed in enterprises with state owned and/or muwed capital those who seek an introduction of marketing laws clearly stand apart, as do those also who are for a strong government (state) which they believe is the only one who can solve the prob lems. When the interests are viewed in the framework of a certain „psychological situation“ the majority feel that the state is, after all, the one who should offer security for the individual and create the necessary conditions for progress.

Fifth. The general impression is that the majority of people are not convinced that the changes going on in society, after the breakdown of socialism, actually lead towards a quick escape from the crisis and towards the creation of a society with a higher level of democracy. A situation has been created in which „the pleasant memories“ of the past are not motivating

enough in order to turn bac, just as the idea or conception of the future society is not sufficient for unreserved acceptance of what a more developed society, by all means, offers.

The bes illustration of this situation is the attitude of the emplojed towards the process of privatisation. The logic of the opinion has been established in the following way: a) privatisation is a process which has been imposed from outside and does not suit the conditions which are present in Macedonia: b) It has no chance at all to be realised the way in which it has been presumed by the Law; c) It is stealing of state-owned property (for the majority of people there is no difference between legal and illegal privatisation, it is all, in a way, theft); d) The workers do not show any interest in it because amongst the employed there are only a few who can buy shares. So the majority are left out at the very beginning; e) The transformation of capital carried out according to the Law for state-owned capital (1991) still has no effect on the changes in the econoic performance of the companies, nor are the effects of that process known; f) Privatisation is beginning in an environment when the rest of the mechanisms of the market are still not functioning; g) People are „convinced“ that there are dishonest games of politics and economy which lead to illegal accumulations of wealth by individuals who are close to the „top positions of power"; g) For the mahjority the only escape from this situation is the strengthening of the state and „sommeone strong“ is sought; i) the situation of general chaos and the condition of a lack of law and order, strengthens the solitaristic, authoritarian and traditionalistic values, which in turn have a negative effect on the already begun process of democratisation.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Alexis, Berelowitch et Michel Wièviorka, 1993, La Formation d' acteurs sociaux, Politiques, èconomiques, et culturel an Russie Postcommunist, Cahier internationaux de Sociologie, Vol. XCV;

2. Anderson, B., 1990, Nacija: zamišljena zajednica, školska knjiga, Zagreb;

3. Dušan Triska, 1992, Voucher Privatization in Czechkoslovakia, во Privatization in Central and Eastern Europe;

4. Джефри Сакс, Кьм пазарна икономика в Плоша, Социологически проблеми, 4/1993;

5. Економски погледи, бр. 1-2/1992 година, Скопје;

6. Zdislav, Šulc, Some Theoretical Issues on Transformation, Journal of translation, march-april, 1994;

7. Lena Kolarska-Bobinska, Social Interests and their Political Representation; Poland in Transition, B.J.S., volume No 45, march 1994;

8. Lazié, M., Mrksié, D., 1994, Razmatranje društva, Filip Višnjié;

9. Лешек Балцерович, Фундаменти и безсмислици, Социологически проблеми, 4/1993, София;

10. Popovié, M. i dr. 1987, Društvene nejednakosti, ISI, Beograd;

11. Miklos, Biro, 1994, Psihologija poskomunizma, Beogradski krug, Beograd;

12. Privatization in Central and Eastern Europe, Edited Bx. A., Böhm and M. Simoneti, CEEPN, 1991, 1993 (Кн. 1, 2, 3 и 4);

13. Прирачник за примена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Агенција на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Скопје, 1993;

14. Richard, Rose, The Russian Response to Privatization, PFE/RL Research Report, 1993;

15. Равносметка на приватизацијата в Б'лгария, Социологически проблеми, 1993;

16. Студија: Приватицацијата на општествениот капитал во Република Македонија, Правен факултет, Скопје, 1991;

17. Lajoš Csepi and Erzebet Lukacs, 1992, Privatization in Hungary, во Privatization in Central and Eastern Europe.

## НАПОМЕНА

Студијата "Општеството и човекот во транзиција" настана како резултат на скоро двегодишните емпириски и теоретски истражувања кои во рамките на проектот "Процесите на трансформација на сопственоста и заштита на животната средина во Република Македонија", финансиран од стана на Институтот Отворено општество на Македонија, авторот го реализира во текот на 1993/94 година.

Еден дел од финансиските трошоци требаше да ги покрие Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на Република Македонија, бидејки во договор со директорот на Агенцијата и претседателот на Управниот одбор, истражувањето беше проширено што претпостави зголемени материјални сретства.

Во оваа прилика уште еднаш им се заблагодарувам на сите оние кои го помогнаа истржувањето и печатењето на студијата.

мај, 1995 г. Авторот

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 5
I. Социјализмотемртов- идејата за еднаквост живее 11
II. Источно-Европскиот одговор на приватизацијата 18
III. Македонскиот одговор на приватизацијата 37
IV. Хипотези за истражување не се можни 53
V. Социјалните ризици во развојот на македонското општество 60
VI. Социјализмот е мртов - да живее социјализмот 171
VII. Работничкиот одговор на приватизацијата 179
VIII. Приватизацијата е убав збор за грди работи 233
IX. Стопанската елита и приватизацијата 242
X. Наместо заклучок: Општествеото и човекот во транзиција 256
IX. Прилози 261
SUMARY: INSTEAD OF CONSLUSION: MAN AND SOCIETY IN TRANSITION 284
ЛИТЕРАТУРА 288

**ПЕЧАТЕЊЕТО НА КНИГАТА ГО ПОМОГНАА:**

- **Министерство за наука на Република Македонија**
- **Сојуз на синдикати на Македонија**
- **Interholmak - Скопје**
- **Тетекс - Тетово**
- **Катланово турс доо Скопје**
- **Туртел доо - Штип**